# ГОЛЕМАТА ИЗМАМА



**Петре Наковски**

# ГОЛЕМАТА ИЗМАМА

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2012 by Petre Nakovski & Risto Stefov

e-book edition

Секоја сличност, посебно кај неисториските личности, е случајна.

Деловите од текстот курзивно подвлечени претставуваат документарен пласт во литературната основа на романот.

Авторот

# ГЛАВА 1

По големата битка за Грамос, опустошија селата распослани меѓу Пинд и Мали-Мади. Црниот облак на војната ги згроби. Ранетите од боиштата на Грамос оздравени се враќаат од болниците во Албанија и вестат вести за живите и здравите, за мртвите и сакатите. Во тивките и безветрени ноќи на намуртената и тажна есен, гласот на селската камбана изразито се слуша и во најоддалечените места.

Дам-дам-дам… - трипати во Имја Отца и Сина и Свјатаго Духа..

Чуден е тој глас. Надоаѓа тивко, стивнува, се губи, изникнува од тишината, ту се разлева, ту замира и одново се огласува, трепери, се засилува и како стихија удира и безмилосно молкот го дроби исполнет со болка донесена од лоша вест…

Дам-дам-дам…Истиснува воздишка, замолк, скриена желба – а можеби не е мојот, не е нашиот?...

Чуден е тој глас… не повикува на венчавки, на свадби, крштевање и славење, на свети денови и светци.

Ѕвони, само во мракот ѕвони, гласот некаде се губи и изникнат од тишината, се разлева, се шири, разбудува црни мисли, вознемирува предизвикува морници.

Дам-дам-дам и прекин и потоа во мракот лошото тропа на врата, преминува праг, надоаѓа бура…и поплатува срца и души…

Засветкуваат кандилцата, трепери пламенчето пред очите на Богородица, Свети Илија, Свети Никола, Свети Ѓорѓи. Во куќите заживуваат светците…

Дам-дам-дам… одново ѕвонењето се шири… Во одајчето пред иконата затреперува пламенчето на кандилцето и бледата светлина издолжува свиткани сенки, налегнува молк и во него прашањето – КОЈ?

И чекаат, чекаат вести за најмилите… распрашуваат дојденци и намерници…

Поп Васил со петрахилот и крстот под мишка ноќе оди во куќите каде навлезе бура -тивко отпева во затемнети одаи, каде прозорците се покриени со ќебиња и черги. Смирува поп Васил безутешни срца, со неискажлива кроткост на гласот и зборот олеснува болка, теши, советува, окуражува, охрабрува и така само ноќе од куќа во куќа…

Дам-дам-дам, ѕвони камбаната трипати во Имја Отца и Сина и Свјатаго Духа…Амин!

## ГЛАВА 2

Два дена пред Митровден, на Вичо и Мали-Мади падна првиот снег. Ѓорѓи, ступкан под стариот англиски шинел, влезе во земјанката на командантот на баталјонот и без војнички поздрав замоли:

-Команданте, пушти ме да одам до селото. Не е далеку и многу нема да се забавам. Другиден е Митровден.

-Славиш?

-Да славам не славам, туку да одам. Митре се викаше татко, Бог да го прости.  По адет, како што вели обичајот, де, да го посетам гробот и свеќа да запалам… а и да видам…

Командантот ја стави настрана чашата со чај и продорно се загледа во Ѓорѓи.

-Оди – рече тој, триејќи очи поцрвенати од несоница. -  Оди и ако сакаш, не враќај се. Стар си ти, Ѓорѓи за сето ова. Зимата ќе стегне студот и… и воопшто, ова не е за тебе. Остани си в село и греј се покрај огништето.

-Сполај ти мајоре, и остани ми со здравје.

-Сполај ти и тебе и добар пат.

Излезе од земјанката. Се поздрави со куририот кој штотуку се искачи по падинката. Појде прудолу. Го пречекори ровот и кога поминуваше покрај бункерот, некој му довикна.

-Ѓорѓи, со здравје и кога ќе се враќаш не заборавај да донесеш јастие! -  му довикна некој.

-И ракија дофрли друг.

Знаеја дека тој си оди дома, а дома за секој е мечта. А тој, пак, знае дека дома никој жив од неговите не го чека. Ама, сепак, се радува што по скоро една година, камоли да не беше изгорена неговата куќа, тогаш би го распалил огништето, би постелил веленцијња и би се оптегнал пред распалениот оган, би го запалил чибукот и загледан во таванот, би нашол блажена почивка под сопствената стреа. Барем еднаш би се изнаспал, а утрото в зори, како што тоа секогаш го правел, би  излегол на чардакот, би ги измерил боите на небото и по нив би рекол какво ќе биде времето, а потоа домаќински би разгледал се наоколу, би наместил што не е наместено во оборот и во тремот. Знае дека таму сега нема ништо од неговиот дом и добиток. – Само здравје – си вели – пак ќе прибереме. Додека човек е жив, печали, ќе ја… Само здравје…

-Немој направо да одиш! Минирано е. Слушна ли? Еј, врати се! Минирано е, реков!

Застана. Не ја забележа редицата бодликава жица. Знае дека отаде неа има мини. Вчера, кога доаѓаше нагоре со магарето товарено со вода и муниција, му рекоа по каде да помине. Сега

појде на кај гласот. Од бункерот, со две пушкарници и покриен со четири редови дебели трупци и големи камења, излезе младо момче и го праша:

-Право на мините, а? А кој ѓавол те пушти да одиш оттука? Ајде, по мене, кај командантот. Тргнувај! -му подвикна и во него го впери шмајзерот.

-Па јас од кај него само што излегов. Дома си одам…

-Ама немој! Види го ти него. Тој дома си пошол, на гости! Како тоа така?

-Така. Позборував со него и тој ме пушти.

-Ајде де! Не знаев дека е толку добар и дека ти е пријател.

Оди кај него, па ќе видиш.

-Еј, Никола! – се слушна викање. – Зошто го држиш човекот? Остави го да си оди по патот.

-Да не си го поучил ти, бре, по каде да помини?

-Реков, остани го човекот. Има дозвола.

-Имаш дозвола? – праша момчето и го помести автоматот.

-Имам, ама не на писмено.

-Ама си шегаџија нели? Си тргнал баш по ова место, а дозвола немаш. Врати се кај добриот командант и нека ти најде друго место за да поминеш. Кажи му дека тука има минско поле. Оди, ама не оттука.

Ѓорѓи сврте. Тргна покрај ровот. Тој не е некој инаетчија па да оди кај командантот и да му каже дека еден од борците му нареди да му пренесе каде има мини. И немаше зошто да му се лути на момчето. Ете, од брзина, фати друг пат. Зад себе слушна чекори.

-Еј, еј! –го слушна гласот на момчето со кое пред малку зборуваше. – Застани, почекај. Па ти, гледам, навистина се налути и право кај командантот, а? Ќе ти кажам од каде да поминеш за да не налеташ на мини. А имаш ли една да свиткаме? Еве, јас имам хартија. –Извади од џебот цел весник, откина парче, му го подаде, откина и за себе. Ѓорѓи го извади ќесето и му рече:

-Отвори ја шепата. Ајде, ајде, отвори ја.

-Доста, доста. Гледај ми ја наполни, нека остане и за тебе.

-Дадј им и на другарите.

-Како да не, ќе им дадам дело. А ти сега оди до онаа карпа, па сврти десно и право удолу. Дома велиш, а? Ех, мајката!...

-Што?

-И јас би сакал …Откако излегов од дома, еве две години ме нема…

-А од каде си?

-Од островските села…

Се поздравија. Ѓорѓи појде како што му беше речено и брзо почна да се спушта прудолу по падината. Одеше направо. Не се

држеше за патеката. По неколку часа забрзано пешачење стигна во атарот на селото. Високите дрвја му го спречуваа видикот. Појде неколку чекори и кога најде поудобно место од каде се гледаше Синадев Рид, застана. Воздивна, избриша пот. Постојa малку, мислејќи дали да оди по патот или да тргне направо. Тргна по стрништето. Брзаше, мислејќи дека ќе го фати мрак. Го заболе тоа што стрништето не беше изорано и дека никаде наоколу немаше ниту една изорана нива. Одеше напред. Под неговите нозе се кршеа суви стебленца од пченица и исплашени јата птици одлетуваа од стрништето. Секаде зрна. Набабрени, изртени. Се гледаше дека нивата беше истапчена – цели класје лежеа на земја. А околу стрништето – земјата црна. Се потсети на црните облаци чад што изникнуваа од земјата. Да, тогаш, во јули, кога под жешкото сонце зрееше зрното за леб, гореа недозреаните пченичја… Свртe и за да го скрати патот – пресече преку коријата. Кога се доближи до ритчето, се отвори видикот на селото. Во горното маало немаше ниту една куќа. Стрчеа црни и полуурнати ѕидови. - Значи го гореа селото – помисли и исплука горчина. Никакво движење. Појде задишан. Стигна до првите куќи, за миг застана, погледна наоколу, наслушкуваше. Тишина. Под неговите нозе крцкаше нешто скршено. Единствениот знак дека во селото се уште има живот беше тивкото плачливо и жално мјаукање на мачка.

-Нема никого… - гласно рече. - Дури и кучиња нема. - Тој застана на местото каде што беше портата од неговата куќа. Авлијата – урната. Во дворот се уште стои крушата, ама подгорена. Оголено ѝ е стеблото.

-Да… - изусти одолговлечено и пред него, како да излегуваше од мракот, се појави сето тоа што го доживеа под покривот на оваа куќа, во овој двор; тука се роди, заоди, замомчи и оттука, по востанието на Младотурците, заедно со Киро заминаа во Америка. Дома остави млада невеста, а кога се врати – најде мајка со машко. Оттука Ѓорѓи пак замина за Америка, ама за кратко. Не можеше без плачот на синовите. Тие – неговата Ѓорѓевица и синовите: Наум, Ване и Васил. Заедно со Киро засекогаш се вратија во 1929 година. Со парите донесени од Америка си изградија нови куќи. И, ете, ги нема. - Само да ми е жив Васил и жив и здрав да ми се врати, та ќе изградиме поголепа… - го окрили мислата. Дворот – широк и полн со урнатини. Тука се собираа роднините и селаните, а најмногу на Митровден – беше празник и слава на куќата на родот… Се береа и на Петровден и на Водици. Тука, тогаш, на тие празници, а и за други радости, виното и ракијата не се точеа од шишиња, ами бочвите стоеја среде двор и никогаш не се случило во келарите на оваа куќа да пресушило виното, да прекапела

ракијата. Се пееше и играше до бели мугри. А сега, сега се е мртво и пусто – запустено… Нема ништо од тоа што беше живот. Мртвило легна над селото и осамата царува во овој ден спроти Митровден што личи на ден мртовден…

Јато врапци прелета над неговата глава. Со погледот ги испрати до отаде брестјата. Птичјото цврцорење што го слушаше до пред малку, го снема со доаѓањето на мракот. Свирепо налегна тишината и во ушите му брмчи нешто несфатливо, некаква бучава што доаѓа од далеку, која одвај допира, се губи и одново се враќа и удира како силен бран од ветар. Мјаукањето на мачката како да го врати од пределите на спомените. Се наведна и галејќи ја, умилно почна да ѝ зборува:

-И ти остана сама… И гладна си, нели? – И подигајќи ја, дофрли: - И ти си урнатина…

Седна под старото стебло на крушата и, држејќи ја мачката во скутот, го отвори ранецот. Извади црн војнички леб и конзерва. На полата од шинелот стави парче. Мачката го надушка, се повлече и го погледна в очи.

-Одвикна, а? Или војничкиот леб не ти е сладок?

Ја отвори конзервата и со парче месо го намачка лебот. Мачката лакомо јадеше од неговата дланка. Ѓорѓи скрши уште едно парче леб, со него ја избриша кутијата и ја дохрани мачката. Малку потоа таа ја стави главата меѓу шепите и запреди во неговиот скут. Мекото и топло клопче во овој миг е единственото суштество што дава знак на живот под неговите рапави дланки. Во бледото светло на полната месечина, ги гледа четирите голи ѕидови.

Се навали на стеблото и неподвижен продолжи да седи. Нема сили да размислува и не е способен да ги оддиплува спомените. Тоа што го виде свирепо го потресе и толку беше неочекувано, што му ја одзеде и способноста за секакво расудување. Времето во ноќта одминува полека, небаре се тегне во недоглед, бавно развлечено. Од кај Мали-Мади поддувна студен ветер и ја разниша ламарината што виси на изгорениот ѕид. Стана. Во мракот почна да го крши остатокот од плетот што ја одделува шталата од дворот. Газејќи по купиштата камења, застана на местото каде се наоѓаше огништето. Во полуурнатиот оџак вие и стенка ветерот, а тоа завивање во него прераснува во липтеж, молење и очајување. Ветерот поддувна посилно и од ѕидовите изрони земја. Ламарината се посилно удира на ѕидот, а нејзиниот одзвук ветерот го пренесува, префрлува, одново го удира од ѕидовите и ехото го растура од ѕид до ѕид, од урнатина до урнатина и го губи некаде на другиот крај од селото.

Запали оган. Од горе, од кај Синадев Рид, ветерот донесе кучешко лаење. Откај гробиштата повремено се слуша морничаво клоу-клоу, тоа е ноќната птица – чуварот на гробиштата.

Утрото осамна магливо и тивко. Ѓорѓи излезе од урнатините и погледна надолу. Куќите зјаат без покрив. Камбанириjата – растурена. Стените – сповиени во сива густа магла. Отаде – Горуша и уште натака, десно, Аљавица, се уште чиниш дремат во утринската тишина. Почувствува студенило. Посака да се врати и пак да седне покрај оганот во кој се уште тлее жарта, но надолу неговиот поглед го повлече тенкиот сивкав чад што се издига во долниот дел на селото. Му дојде да викне, да се развика на сет глас, барем така да го разбуди местото од дремежот… Ранецот го префрли на рамо и тргна. Лево и десно од сокачето – урнатини. Излезе на крстопатот. Застана. Полека сврте глава и гледа ту на едниот пат кој води на кај чешмите и бавчите, ту на другиот, кој води кон лозјата. Оттука тие се шират и се губат зад ридот.

А на ридот, гол и испран од дождовите, со само три подигнати и испокасапени гранки и со стеблото изрешетано од шрапнели, стои, тој – Д’МБОТ - нем сведок на времињата… На највисоката гранка, на самоти врв – само еден лист. Се чини злато трепери таму високо, а позлата изнатурија врз него ведрите мугри, топлите пладнињa и вечерните сињаци. Есен е. Во лесните повеви на ветерот, трепери тој како шамивче во срамежлива невестинска рака. Наеднашваму-таму се наведнува и се исправува небаре е шамија развиорена во раката на старец кога го игра “Бајрачето”.

Во големата шуплина завива ветерот и се чини дека таму се одгласува осамата и болката, тајните скриени во вековите, нешто мачно и откинато дише и во тие навеви се слушаат тивки мрморења – и се присторува дека завиваат спомените и одминливоста на времето… Завива ветерот во шуплината и во неа се мешаат некакви одгласи, а најмногу се чини дека оттаму надоаѓа плач, липтеж, дури цвилеж, часкум се смирува и додека завива, таму нешто липа та липа… Трепери големата пајажина и од внатре забрзено члапа врз неа црн пајак, подзастанува, исчекува, дебне жртва…

Некогаш големата, китнеста и густа круна – сега ја нема. И заедно со неа ја снема и широката, дебела сенка под која се нижеа и почивка наоѓаа вековите. Сув е сега Д’мбот; оголен од лисјата и гранките; осакатен и замолчан стои на ридот. Само за миг кацнува гавран и дури прибере крилја, одлетува отаде рид, таму, меѓу карпите и во шумата, каде белеат веќе изглодани коски…

Ѓорѓи долго стои пред оголеното и осакатено стебло. Немо гледа во неговите гранки и во земјата над која се извишува и опстојува. До пред неколку месеци – Д’мбот – китнест и строен, а

сега… Едно стебло и три гранки… Со закован поглед гледа ту во стеблото, ту во трите гранки и чувствува остра болка зададена со нож што пробудува мачен спомен кој го потсетува на нешто стрвнички распарчено. Едно стебло и три гранки свиткани во болка и бескраен грч. Нем стои Ѓорѓи пред Д’мбот. Стојат тие двајцата – осаменици и така онемени и секој со своите натежнати години и со бремето на времето врз нив и со чемерот на небитието во нив. Ја брише Ѓорѓи солзата истисната од чемер и поместува нозе… И гребе, копа, длаби споменот… Не откинува поглед од оголеното стебло и се му се присторува дека со споменот ќе му ја врати убавината во која до пред неколку месеци беше собран гласот на дамнешните човечки грижи, радоста и тагите, очаите и чемерите. А сега го придружува само осамата, болката и безнадежта. А до неодамна во него беше радоста на илјади птичји грла, под него смеата и воздишките на младите вљубеници. Од лозје ли се враќале, од бавчи ли, од нивје, од косење, од жнеење, од пазар, од свадби и – тука, под сенката на Д’мбот навраќаа. Под него мирисаше и на покосена ливада и на мента и на младо сирење и топла погача и на топла моминска воздишка… А пред зајдисонце птици долетуваа и починка имаа во неговите гранки кои во зорите низ столетијата беа едно пеење, небаре беше вечно славење на љубовта и радоста. А сега остана во пустошот оголен од својата величина и убавина и само ветерот кој удира и фучи врз неговото стебло, и сал тој му е придружник. Трите дебели и потсвиткани гранки одолеваат на силните ветришта и бури. Дождови го мијат и го плакнат од прашината што ја навева ту северецот, ту јужњакот. Ама ништо не може да ја исплакне од него само немата болка, крикот на ранетата грлица, блесокот на сонцето, здивот на заодот, жалосното крцкање на потскршената гранка и дамнешните и сегашните чемери. Врз него како лишај е залепен молкот и болката на времињата. И знае Ѓорѓи и памти Ѓорѓи уште од своите детски и младешки дни за многуте доживувања случени под сенката на Д’мбот, за воздишките и радостите кои под неговата круна се испреплетуваа со шумолењето на ветерот и разиграноста на листот. Со првото топење на снегот, неговите набабрени пупки вестеа топла пролет и тогаш кога разлистуваше со темнозелена боја и јадар се развиваше листот, кукавица-непрокопсаница кукнеше крај село и првите ластовици пресечуваа небо, Д’мбот за орачите, косачите, градинарите, лозарите – постелуваше сенка.
Никој не му ја знае староста. И никој од најстарите не слушнал од своите најстари колку лета брои. Чиниш како птици прелетуваа годините и растеа во столетија. Дебел колку дванаесет раце во круг; кората наместа напукната како корка на пешник тукушто

изваден од селската фурна. Секој што врви покрај него, заковува поглед во него, мрда со глава вчудовиден од неговото величие и убавина. А роден е на ридот каде од сите страни го вее ветер и од каде се гледа целото Костурско Поле и синилото на езерото. А ветерот, пак, ветерот кога и најлудо ќе дувнеше, се губеше во неговиот збитолист. И тогаш тој, Д’мбот, го враќаше како тивко шумолење слично на трепет на пчелино крилце и, се чинеше, дека од неговите гранки се истураше олеснувачка воздишка и вечно пеење за небото и за земјата што го роди, го порасна и крепи. А околу него и до него, се до таму, каде се постелуваше неговата сенка и подалеку од неа, земјата не еднаш беше поганета од туѓи стапала. До него и тука до црквичето, не останаа во мир и најстарите гробишта. Лошото ги изора; умрените ја споделија судбината на живите… И тие се испадени од своите вечни почивалишта… А за нив, за гробиштата, секогаш се зборуваше тивко, како во молитва што се изустува само потајно, дека тука Самоилови воини вечно почиваат и само еднаш во годината за нив долго и испрекинато биеше селската камбана се до доаѓањето на новите господари и се до урниувањето на камбанаријата од нив, зашто се што не беше изградено под нивниот опул, беше паганско и грдо. И тогаш кога со закани и потслушнување под прозорец и пред порта, со собирање во толпа сред село за да се внесе молк и во секој миг да има чувство на загрозеност; секој да го чувствува ужасот на денот, несигурноста на зората, ноќната мора да се претвори во денско јаве од страв и се заедно во молк, кога молкот мораше да зацари кај секого одделно и кај сите заедно, а дневна и ноќна молитва на старите да биде – молчете, да стане катадневна навика за младите; молчете да се слуша само низ шепот како предупредување и тоа да биде единствениот збор или мисла. Молк. Стравот да ја помрачи свеста, а молкот да ја создаде и зацврсти покорноста; тогаш кога за еден збор изговорен не на јазикот на новите господари, се одземаше честа, скришум од туѓото око и уво, потајно, во доцнина или пред бели мугри, на задушница, сенки поминуваа и на старите надгробни камења без нишан, оставаа варена пченица, пита, млечник, погача, вино и бокалче ракија…

Ѓорѓи занемено гледа и му се чини дека под Д'мбот останаа и викаат болката и клетвите на испадените, мајчиниот болежлив и непрестаен плач и тивкиот детски липтеж и сал му се присторува ли дека допира отаде ридиштата и отаде незнајните земји!? Со погледот го гушна целото негово стебло и полека, одејќи назадечки, почна да се оддалечува. Тргна надолу. А тука, на ридот, остана Д’мбот, улуглав старец – и кој знае уште колку време тој и неговите три подигнати чолак-гранки ќе ги облеваат првичните

зраци на сонцето, во пресните зори ќе поприма боја на злато, а квечерум – боја на бронза?

И колку ли пати над земјата ќе се преврти полна месечина која во сите ведри ноќи ќе го варакосува голото стебло на Д'МБОТ?

Појде надолу. Пред него куќата на Зисовци. Застана. Растурена е. Нема трага од покривот, ѕидовите урнати до темел. – Изгледа со топ ја погодиле? – помисли, зашто не виде црнина врз камењата. Ја подаде главата низ скршената порта. Во дворот испокршена лулка. Си спомна дека откако ги одведоа децата по државите, скоро сите жени од селото, во квечерините се собираа во дворот и, седејќи на долгата греда, гладно и жедно го слушаа гугањето и смеењето на едногодишното момченце-прваче во оваа куќа. Слушаа, гледаа и плачеа повеќе загледани некаде далеку и само тие знаеја по кои ридишта и патеки, по кои трапишта и планини им скиташе мислата. Секоја сакаше да го допре, да го погали, да го земе во прегратка, да го гушне, да го почувствува врз своите гради, да вдише малку од неговиот топол здив. Само толку им требаше за да ја потсмират мислата, болката, тагата и чемерот што одвнатре им ги раскинуваше градите и потоа излегуваа на ритчето и оттаму гледаа на кај Лабаница, гледаа во врвицата која меѓу нивјето, шумите и карпите ги однесе нивните деца… Гледаа во далечината, бришеа солзи со крајчето од црните шамии, во липтежот им треперема рамената. Таму на ридот, до Д'мбот, ги исплакуваа своите живи рожби и дури потоа се враќаа дома; ги отвораа долапите, сандаците и долго ги оддиплуваа и диплеа алиштата на своите рожби, и галејќи ги, ги оросуваа со солзи…

Ѓорѓи влезе во дворот. Остатокот од лулката го однесе до фурната и ја стави внатре. – Што ли стана со детето? – му се залепи прашањето. Постоја уште малку и се сврте. Дури сега забележа дека под неговите нозе лежат извалкани партали од невестинска носија. Понатака извиткани и испокршени пафти. – Митра рече гласно – беше последната невеста во селото. Оттогаш, а тоа беше пред две години, во селото немаше свадби. И таа го донесе на свет последното дете што се роди тука. А сега е празно, запустено и кој знае дали на овие пепелишта некој ќе подигне куќа, ќе завали огниште и крај него ќе заплаче дете? – Малку понастрана, до темелите, виде голема дупка. Се доближи. Тоа е јамата на Зисовци, во која го имале скриено целиот имот. Сандаците отворени. На дното – искинати и испотапчени пљачки, испокршени чаши, чинии, стомни… Сега дури му текна да ја провери својата јама. Се сврте и дојде на кај својата куќа. И горната авлија урната. Стојат наполу урнати црните ѕидови од куќата што ја проголта пожар. Помина низ дворот, газејќи по камења и крш, влезе во шталата. Јамата – отворена и празна.

Тивко, полека и одмерено ја исплука најгнасната пцовка што ја знае и излезе. Од местото каде беше портата – долу, во една од крајните куќи на долното маало – виде синкав чад. Го префрли ранецот преку рамо. Појде. Под тешките војнички цокули крцкаат парчиња од искршени чаши и чинии, меѓу нозете се вплетуваат испокинати пљачки  расфрлени по селското сокаче, наоколу гледа остатоци од самари, вили и српови…

Застана пред куќата на Митревци. Се потсети на Лина и Крсто Митревци. – Јабана го изедоа човекот – рече. Споменот се уште е свеж и кај сите во селото остави горчина и долго време се пренесуваше во околината. Крсто, еден од најсиромашните луѓе во селото, во споменот не остана по тоа што покрај сиромаштијата, беше молчалив и болежлив. Во февруари, по кратката борба што се водеше на Стените, во селото дојдоа владини војници. Едно одделение преноќи во куќата на Крсто. Утредента војниците си отидоа, а вечерта стигна чета на ДАГ и се распореди по куќите. Пред полноќ, кај Крсто дојде четниот комесар и го одведе кај командантот кој конакуваше кај Кузе.

- Вистина ли е дека ти, сношти, си ги гостел кралските војници? – му се оџвари командантот.

-Крсто помести нозе, закрпената капа ја згмечи со коскестите прсти, погледна на комесарот и рече:

- Војниците само преспаа кај мене, а јадеа своја храна…

Јас те прашувам дали си ги гоштевал или не?

-Да ги гостам? Ами со што?

-Така ти велиш, ама другарот Кузе вели дека си ги гоштевал. Така ли е, другар Кузе или не е така?

Кузе се помести, наполу се искашла, и гледајќи во ќошот, промрмори:

- Јаска не виду дали ги гостеше, ама слушна дека аскерите се смеее, та сиреку, мајката, е штом се толку весели, сигурно Крсто ги гости…

Кузе не можеше пред командантот, а уште повеќе пред комесарот да го издржи погледот на Крсто, та стана и извика:

- Штом аскерите беа весели, сигурно си ги гостел!

- Одведете го! –нареди командантот.

Крсто го одведоа во црквата и таму го тепаа до зора. Пред да изгрее сонцето, отаде трапот одекна истрел. Попладнето селаните го погребаа кутриот Крсто. И не помина многу време кога пак плач ја наполни оваа куќа. Лина не даде нејзините сирачиња да ги одведат во државите. Неа ја разјадуваше омразата кон се што беше партизанштина. Лошото сакаше во првите денови на април децата да си играат со најдена минофрлачка граната. Пукна, пустата, и ги распарчи сирачињата!

Тој спомен го мачи и сега, го мачеше и лани таму во планините на Грамос, каде копаше ровови и градеше бункери. Се прекрсти и тргна пред себе. Еве ја и куќата на Султана. Султа ја викаа селаните. При жив маж – вдовица, со две деца. Велеа дека ѝ се мрднал човекот и дома не се прибирал. Остана Султа без домаќин и толку беше богата колку што можеше да заработи како надничарка. Кога војската го претвори селското училиште во касарна, за едно котленце манџа. Султа им ги переше валканите здолништа. Војската си отиде, дојдоа партизаните. Ја одведоа Султа во Брезница и таму, под мостот, ја стрелаа. Некој во селото му потшепна на комесарот дека била шпионка…

Воздивна и појде. По неколку изодени чекори застана. Се загледа во урнатините на куќата од која ланската година, домаќинот и двајцата синови на прагот од воденицата со ками беа заклани. Брадести мажи на поминување им одзедоа глави за да не зборуваат на јазик подруг од нивниот… Вангелија, вдови-цата, пролетта пови посмртче и со него на раце ја испратија со децата.

Лево, на ритчето – старите гробишта. До нив широка зелена полјанка. Застана. Гробиштата – изорани со кривите линии на рововите. Забележа и неколку бункери. – Значи и тука нашите се бранеле… - помисли. Горе не отиде. Нови спомени го совладаа. Се доближи до полјанката. Прекрсти раце на гради и наведна глава. Тука, на оваа зелена полјанка, на сите празници се собираа селаните и гостите од околните села. И на Велигден и на Петровден, на Голема Богородица, на Митровден. Невестите со првичињата стоеја настрана, до нив свекрвите и мајките од спротива постарите мажи со неотстапните чибуци, до нив младоженци, а малку понастрана, во одделни групи, беќарите и чупите.

Ја гледа полјанката покриена со младо мајско зелено руно и орото што го водат чупите. Лесно, кротко, бесчујно газат и од многу усти слуша еден глас:

Мори чупи костурчанки,
Раширете го орото,
Раширете го орото,
Да ви виме фустаните,
Да ви виме фустаните,
Чиј е фустан дамкалија,
Чиј е фустан дамкалија,
Да се сторy севдалија,
По фустанот на чупчето…

Дуро, ѓуптинот од Ошени, со образите подуени во топки и со раширени нозе, цврсто вбиени в земја, нагоре го подига кларинетот, небаре ја пушта свирбата да лета, потоа клекнува пред оровотката и го презема гласот на чупите. Некако жалосно го врти свирењето кое се покрива со зборовите: “да ви виме фустаните”, а многу умилно жали и завива кога се пее “да ви виме”… - И токму тука тапанот прекинува, ама гласно удира кога одекнува “чиј е”… - Тапанџијата навалува уво на тапанот, косо гледа на чупите, и удирајќи дум-дум-дум, потскнува и вели: - Така: - така – така – оф!

-Лепо беше! – тивко изусти Ѓорѓи.

Сите разговори, пофалби и префрлувања прекинуваа кога се играше “Левото” ‘или” “Невестинското”. Некаде пред пладне, мал прекин. Дуро размрдува прсти над кларинетот, син му, Кирјак, тивко удира на тапанот. Трубачот издува неколку пискливи –та-та-та – и плука настрана. Киро, држејќи го во левата рака расчадениот чибук, а во десната ќесето, му се доближува на Дуро, нешто му шепоти на уво, тој само мрда со глава како коњ пред поило, подига веѓи, што е знак другите свирачи да се подготват. Киро подига рака и – грмнува “Бајрачето”. Поведува Киро. Лесно, како да ја испробува земјата дали ќе го крепи неговиот чекор. Долг, широк поглед постелува наоколу и отаде куќи – до ридјето. Од џебот извлекува бело шамивче, лесно го развејува над глава. Знак дека по него треба на оро да се фатат и други. До него Мара, Киревица, жена му. По првите неколку чекори, Киро ѝ го подава на Мара шамивчето и се тргнува настрана. Води Мара – чекор со левата – напред, па двапати на прсти, разигрува колкови, лесно – галежливо легнува стапалото врз зеленото руно на младата трева, небаре оди по трагата на срна… Кротко подигна глава, гордо и достоинствено погледнува, чиниш сака на сите да им каже – ете, јас сум таа, погледнува пред себе, откинува десна рака од половината, ја издигнува над глава, миг ја држи неподвижна и наеднаш брзо движење во кое шамивчето се развејува во тактот на чекорот; движи рака, врти бело шамивче и напред, размрдува снага, пред себе пушта долг поглед и колкови врти. Киро му пријдува на Дуро, од внатрешниот џеб го извлекува ќесето, буричка во него развлечено, долго одбира, ваѓа голема пара, плука на неа и со замав ја залепува на челото на Дуро. А Дуро, кој не откинува око од ќесето, кога ја почувствува парата на своето чело, го подигна кларинетот и од сега свирките се слушаат до Борово и Телок, до Стените и Тумбите… Мара го прави третиот круг. Се свртува, со десната рака ја фаќа другарката за десна, а левата ѝ ја стави на рамо, но не се потпира, одвај ја допира како да сака само да ѝ шепне нешто и напред обете една до друга со ист чекор… Стишува кларинетот, се придружува трубата и тапанот удира

најгласно и оди накај последните оровотчии. Дуро се доближува до Мара и само  од два-три чекови и свири пред нозе. Мара крши веѓа, стресува колк и стапка по стапка – напред… И само за миг Дуро прекинува да свири…

Во орото влегуваат чупите. Постарите, бришејќи чела што им ги ороси пот, застануваат во круг и мрдаат со рамена и со колкови во тактот на орото. Нема врева, не се слуша збор, сите очи се вковани во чупите. А тие од себе се да дадат, зашто срамота е за чупите од Костурско ако не знаат да го играат "Бајрачето". Исто како да не знаат да одат по вода, гости да пречекаат, одаи да постелат, пита, млечник, оризник, бурек, попарник да месат и да зготват… И во "Бајрачето" тие сами за себе се огледало и сами од себе место на кое око фрлаат и нишан оставаат беќарите. И се повеќе расте орото – во него се фаќаат и најмладите. Фана, која е позната по тоа што најдобро го игра "Невестинското", секогаш кога се играше "Бајрачето", се фаќаше на крај. Крајот секогаш во Костурско го држи добар играорец. А таква беше Фана. Ама за главата на "Бајрачето", во целото село само една беше – само Мара!

Ѓорѓи се стресе. Спушти раце, отвори очи – пољанката празна и пуста. Само за миг се врати во времето кое кој знае дали некогаш пак ќе се врати?!

- Лепо, лепо, беше… - рече и со дланката на образот исуши солза…

Напладне мегданот остануваше празен. Луѓето се растураа по дома и по гости кај роднини и пријатели, а попладнето пак се собираа. Чупите беа променети во други рува и кога се фаќаа на оро, тогаш и покрај другите песни се пееше:

Два фустани Дона има  
Еден зелен, другио червен.  
Зеленио за на оро,  
Червенио за на бој…

Така се пееше и играше до ланската година. Летото ги собраа и чупите и ги пратија на Грамос. Ѓорѓи таму виде некои, ама сега подраго му е да ги гледа низ споменот тука на пољанката, отколку таму на Грамос, облечени во воени униформи, со пушки или шмајзери и најчесто гладни, вошкосани, парталави, ранети и … За срце се фаќаше кога ги гледаше така.

Таму на боиштата тој виде многу рани и многу ранети пренесе, а се млади момчиња и девојки. И секогаш си велеше: -Болат отворените рани, ама болат и раните што се невидливи, е тие, де, најмногу и најдолго болат. – Него го боли осамата на местото во

кое само низ споменот живнува вчерашниот ден, -вчерашниот чекор кој водеше до оваа пољанка…

-Лепо беше… лепо… - рече кој знае по којпат и натажен, пак го фати патот што води кон долното маало. Сврти поглед кон високите тополи што вишнеат под ридот. Таму сега виде само урнатини; го виде тоа што некогаш беше куќа на Киро. Чардаците ги снема. Таму тие седеа заедно и, пиејќи ги последните капки од кафето, си ги спомнуваа времињата поминати во Америка… Кога стигна до куќата на Лабро Поповски, застана. За него и постарите имаа незаборавни спомени. Тој некако се одделуваше од другите. Нашетан, начитан и умен. Знаеше долго и умно да расправа и да ги тера другите да мислат. Илјада деветстотини и дваесет и петтата се врати Лабро во селото. Последен пат што го имаа видено, беше илјада деветстотини и осмата. Тогаш тој му се приклучил на Сандански и тргнал да ја урива царштината во Цариград. И не му се слушнало името. Велеа дека некаде му завршил здивот. Времињата го фрлиле во Бугарија, а оттаму во Одеса, во Русија, каде го оплакувал распарчувањето на Македонија. Неговите четири ќерки, една по друга се испомажиле, а дома во црнина останала Зоја. Од Русија дојде остарен и не помина една недела кога од Костур дојде човек на новата власт и го одведе. Таму, во Костур, го распрашуваа дали е руски или бугарски шпион и дали сака од Грција да го оддели делот од Македонија. Шпиунлакот го одрече, ама потврди дека за него има само една Македонија и дека само таква ја сака. Го скапаа од тепање и пак истиот човек од власта го пратија в село да јави за да дојдат да си го земат човекот дома оти му е многу лошо. Дома го донесоа поцрнет и отечен. И сите ја чекаа камбаната на умрено да удри. Некои од бабите, негови врснички, одеа в црква и палеа свеќи, молејќи ја Богородица, Лабро да си умре дома и со своја смрт, зашто дотогаш сите мажи од оваа куќа умирале од нож, од кама, од сабја или од куршум. Палеа свеќи во надеж дека со смртта на Лабро ќе пропадне проклетството што надвисна над оваа куќа. Ама Лабро, еден од првите илинденски мустаќлии во селото, оздраве и на Водици ги покани пријателите со кои комитуваше и ги биеше грчките андарти. Куќата се наполни и се распеа. Лабро, кај кого зовреа старите времиња и се уште живите надежи, небаре пред себе ги виде барутосаните илинденски знамиња и од мртвилото воскреснатите стремежи, ја откопа манлихерката закопана во деветстотини и петта, излезе на чардакот, испука неколку куршуми, викајќи: Да живее Македонија.

Селскиот кмет го поткажа. Џандарите го одведоа во Костур. За Лабро повеќе глас не се слушна. Жените, излегувајќи од црква и

раздавајќи под црковниот трем, го спомнуваа: - Земете за душата на Лабро…

Еве ги и урнатините од куќата на поп Васил. Што е со него? Слушна дека кога разгореа бојовите, поповите си оделе во Костур и во Рупишта, дека нив со себе ги собирала владината војска за да ги спаси од комунистите. Отиде ли поп Васил со војската? Живее ли во Костур или во некој друг град го чуваат војници? Ѓорѓи зачудено мрдна со глава и на крајчето од неговите усни се појави одвај видлива насмевка. Му текна дека пред години, кога џандари од Д’мбени дојдоа во селото и по куќите ги ловеа момчињата и девојките кои учествуваа на демонстрациите во Костур, викајќи по улиците да не се врати кралот Георгиос, а потоа сретсело пееја македонски песни, поп Васил прв ги бранеше. Насилно, туркајќи го џандарот кој стоеше на стража пред вратата на црквата каде ги тепаа младинците, влезе внатре и со крстот в рака се упати кон Лимнео, висок и дебел началник на џандармериската станица во Д’мбени. Не му се обрати со добро, туку му се развика:

-Ти - му рече – паствата да ми ја оставиш на мир. Ако треба да се казнат, тогаш јас ќе ги казнам и јас ќе јавам во Костур кој прави лошо и кој не ја сака државата!

Лимнео му се насмевна во брадата, го поттурна настрана, на најблискиот младинец му врза шлаканица и му рече на поп Васил:

-Виде? И немој да заборавиш дека тука јас сум државата, па дури и твојот Бог! Разбра?! Гамо ти Панагија су ќе то Христо су! Ексо! (Да ти ја ебам Богородица и Христос! Надвор!)

Поп Васил тешко ја голтна навредата. Излезе од црквата, вјасаница отиде дома, се преслече, ја јавна маската и одјава во Костур. Таму му се пожали на владиката, се расправаше во џандармериската управа. Се врати утредента. Лазо, за кога поп Васил уште пред војната знаеше дека е комунист, го пресретна и го праша:

-Е, попе, дали измоли милост кај твојот владика и кај власта?

-Пули си ја работата, Лазо… - со изморен и навредлив глас врати поп Васил. – Колку јас што знам или како што велиш ти, келку шо ми сечи умо – прво тебе треба да те претепаат, ама досега дури и не те прашале како се викаш… И уште почудно е што досега џандарите ниту збор не ти рекоа, а камо ли клоца или шлаканица да ти врзат… И ти, а и тие двајца-тројца, како тебе, треба да сте први пред стапот на Лимнео… Ги мамите децата и чупите, ги туркате таму каде вам ви е жешко! Бери ум, Лазо! Толку од мене! – рече поп Васил и без да го погледне, фати пат за дома.

Неколку дена подоцна пак дојде Лимнео со своите луѓе. Селаните ги собраа пред црква, а тој стоејќи на високиот камен, викаше заплашуваше:

-Со оваа рака – се закануваше – на секој ќе му го искорнам јазикот, ако некој ми каже дека зборувал на тој гнасен словенски јазик или како што го велите вие, гамото Христо сас, (Да ви го ебам Христос) македонски! – Тој долго зборуваше за тоа што ли се ќе им направи на селаните, при што по секој втор збор им пцуеше Богородица, Светиот крст, татковците и мајките. Вечерта поп Васил го сретна недалеку од црквата, му направи знак да застане и го праша:

-Вие, господине, дали сте верник?

-Да, па што?

-Е, тогаш, послушајте ме што ќе ви речам: да не сте се осмелиле повеќе на мојата паства да ѝ пцуете Богородица, Бог, Светиот крст и… и да не сум ве видал да влезете во оваа црква, варварине!

Лимнео подигна рака. Се чинеше ќе го удри. Му се доближа и просаска низ заби:

-Ти, папа Васили, слушам, со луѓето си зборуваш на нивниот јазик. А за тоа ќе слушне владиката, папа Васили. Не заборавај!

Поп Васил го подигна стапот и извика:

-Сиктер, поганине! Сиктер оттука додека не сум ја испоганил раката од тебе!

Ноќта скришум влегоа луѓе во куќата на поп Васил. Во мракот се обидоа да му ја истрижат брадата. Старчето беше крепко, успеа да се одбрани и да повика помош.

Утредента се расчу за се, а Кузе му рече на поп Васил:

-Е, попе, ова ти го сторија затоа што му ојде на гости на владиката… Ако, де, шо лошо има о тоо? И да знаеш, ако не те избричеа тие, ќе те избричиме ние, комунистите, папа Васили, ха-ха-ха- хе-хе-хе!

На чија страна застана поп Васил? Се прашува Ѓорѓи.

Еве ја и куќата на Кузе на Ленка. Така го викаа: Кузе на Ленка. По тоа име го знаеја дури на пазарот во Костур. По многу работи го памтат луѓето, ама по една најмногу. Есента 1936, Кузе на Ленка се вратил од Тесалија каде четири години бил наемен работник. Облечен во црн костум со бели риги, на нозе чевли, болскливи, танко избричено мустаче, патец во средината на главата. Конте. Се носеше некако отмено, надуено, како што велеа старите, при поздравување подаваше само два прста и кога поминуваше покрај селските буништа, со дланка го покриваше носот и устата. Со заработените пари го поправи покривот од кој со години капеше, купи чифт здрави волови и железно рало со

тркалце, го повика поп Васил да го благослови и како сите домаќини и тој појде на орање. Покрај семето што го носеше во вреќа, со себе ја понесе и свеста дека властите забранија да се зборува македонски, та затоа на воловите им зборуваше само на грчки. Тие кои поминуваа покрај неговата нива слушаа како тој им викаше: - Пано Гајто, като Баљо!

(Горе Гајто, долу Баљо). А Гајто и Баљо, стојат, дрезнат, мавтаат со опашките, стрижат со ушите. Кузе вика, се инаети, ги бодина со остенот, тие клоцаат, се удираат. Стои Кузе зад нив, размислува, истрчува пред нив, покажува со раце каде е горе и долу, оди напред, се свртува и постојано нешто вреви. А Баљо и Гајто стојат, си дрезнат. Не издржа Кузе. Плукна во дланките, со десната ја фати дршката од ралото и со левата остенот. Лесно ги боцна и галежливо им викна: - Ајде Баљо, ајде Гајто, ај мили, ај, така, о - о - о! - Воловите тргнаа. - Долу Гајто, така горе, горе Баљо, не влечи долу, разбојнику! Изораа половина бразда и Кузе сврти на грчки – пано-като и секој ден станувашe подбив во селото. Кога некој од орачите или овчарите поминуваа скраја од неговата нива, застануваа за миг и го поздравуваа: -Аирлија орање даскале! И за таквиот даскалук властите го начекаа и го одведоа во полициската станица. Прво му прочитаа дека треба да плати казна за тоа што зборува на забранет јазик. Му дадоа и потврда. И кога Кузе се прибираше да си оди дома, го викнаа кај началникот. Тој незадоволен од висината на паричната казна, нареди да испие седумдесет и пет грама рицинус и да изеде три ренки. Патем во сите полициски станици рицинусот и ренката секогаш беа при рака. Кузе, ја ценеше власта и без противење направи како што му беше речено. И пред да си оди, на врат му обесија табла со натпис: “Кој нема да зборува грчки – истото го чека” – и му ги врзаа рацете. Кузе сам не стигна до дома. Го најдоа легнат ничкум надвор од селото. Сиот бербат. Така осрамотен го донесоа дома и Ленка врз него ги истури сите стомни. Оттогаш го нарекоа Кузе Гуштерот, зашто до местото каде што го најдоа тој се довлечкал. И оттогаш Кузе се зарече и се заколна дека за таквата срамота мора да врати! Амо како? На помош му дојде Лазо. Му ја наполни главата со дел од тоа што нему други му ја наполнија. По времето поминато во искушение, Кузе на Ленка го примија во партијата на комунистите. Попарталавите и попростите од него му рекоа дека во една голема земја што се вика Русија пред години е извршена пролетерска револуција и дека таму владее комунизмот во кој најслободно живеат луѓето, имаат што душа ќе им посака, малку работат и многу добиваат и сите се исти, нема богати и сиромаси и дека ако и тој се вклучи во борбата на пролетаријатот, тогаш и тука во селото и во сите села и градови ќе го нема насилството,

сиромаштијата, а што е најважно – рицинусот и ренката, а тие кои му направија лошо, строго ќе бидат казнети. На Кузе некако не му влегуваше в глава се што му велеа, ама за него најважно беше да им се одмазди на тие со рицинусот и ренката. И мечтаеше и сонуваше Кузе, и поради таа неправда што ја доживеа, во него вриеше длабока, одмаздлива, гнасна, кобна, скриена и запечена злоба и сакаше да врати само со злоба.

Одејќи од куќа-урнатина до друга урнатина, влегувајќи од еден во друг двор и преку нив во неодамнешните живеења, што како на ѓердан ги нанижа споменот, Ѓорѓи дури сега забележа дека привршува денот. Небото и планината добија боја на пурпурно кадифе. Од кај Деволското поле поддувна ветер, затреперија лисјата на старата топола. Јато гаврани, грачејќи, прелета во низок лет и се изгуби отаде ридот. Помина уште две сокачиња. И тука куќите изгорени. Почувствува мирис на чад. Тргна по мирисот. Пред него куќарка. Некој излезе пред вратичето, фрли нешто и со бавен чекор се врати. Ѓорѓи се доближи, стави дланка на чело и погледна низ прозорчето. Внатре, пред огништето, свртена со грбот, клечи старица и дува во огнот. Во ќошот икона на Богородица. Пред неа трепери малендавото пламенче на масленичето. Пламенот во огништето наеднаш порасна, се издолжи нагоре и го осветли одајчето. Старицата со прстите потпирајќи се на подот, стана и полека се сврте кон Богородица. Ѓорѓи сега ја позна. Зоја, Лабровица. Чукна на прозорчето. Таа во првиот миг не слушна, но брзо се сврте на повторното чукање. Наслушкува. Ѓорѓи пак тропна. Таа појде кон вратата, го тргна лостот и без да праша кој е, отвори.

-Ѓорѓи се исправи пред неа и тивко ја поздрави:

-Добро најдов, Лабровице…

-Добро дојде… а, а кој си ти? – таа се загледа во него.

-Ѓорѓи…

-Јорги? – праша Лабровица. – Ами кој Јорги? – повтори и се загледа во остареното лице на Ѓорѓи што одвај го осветлува бледата светлина од огништето. – Јорги… Ами, да не си ти Јорги на Петковци? – го позна повеќе по гласот отколку по изгледот.

-Тој сум, Лабровице.

-Ој, бре Јорги… - одолговлечено, напевливо и вчудовидено рече Лабровица. – Ами од де се најде ти туа, бре Јорги? Па јаска те знае за уморен, бре Јорги… Жив си? Сите велее дека си уморен… - возбудено зборува таа и се воздржува од плачот. Неколкупати се прекрсти. Сврти се, бре, да те вида… Жими Госпу златен, па ти си жив!

-Ете, ка шо ме пулиш. Жив, Лабровице, за мака.

-Влези, влези… Добро дојде. Седни таму о буџо, до огно… Застуде. Дома е топло. Седни, седни, Јорги…

Ѓорѓи го одрами ранецот и го стави настрана. Седна скрснозе, испружи дланки кон огнот.

-Ами, бре Јорги, од де се најде ти. Од ка си ојде за тебе никој лаф не шчукна. Опитвае луѓјето шо се стори со Јорги и шо се стори, ама никој не знаеше да кажи… - Лабровица се поврте околу стомната, налеа вода и му подаде: - Добро дојде, Јорги.

-Добро најду. Госпу да ти дај здравје, Лабровице. Сполајти… - тој ја испи водата и додека таа нешто преместуваше во сандакот, тој го одврза ранецот, извади конзерва и почна да ја отвора. Лабровица, кога виде што прави, го замоли:

-Жити Госпу, оставија кутијата да ти се нај. Јаска не се без леб и без заирје… Имам пченица, сирење и улишчата ми останае… Ќе вечераме шо даде Госпу, а кутијата остај си ја, ќе ти притреба… И да те опита, бре Јорги. Си дојде за везден или само на поминвање?

Ѓорѓи подигна поглед, кратко се загледа во Лабровица и рече:

-Дојду, Лабровице за да запалам свешчи на гробојте… А потоа…

-Па ќе ош таму? Не ти се годињето за по планињето, Јорги, не ти се… - таа го подигна капачето од котленцето во кое вари пченица, со лажицата зеде неколку зрна, со прсти ги згмечи. – Ушче малку нека повари пченицата. Утре ќе ојме на гробишча… Денес погача меси и вино ќе пушча – побрза да рече Лабровица. Така, на Митровден, ка шо е адето, на гробишча се носи младо вино… Лозјата, Јорги, годинаа родија чудо, ама така останае гроздојте на прачка. Нема кој да бери. Луѓјето си ојдое од ‘нде синоро и никој досега от таму не се врна. Лазо и Кузе на Ленка викае – бегајте, бегајте, луѓје, аскеро ќе не фати, ќе не коли, ќе не дери! – Избегае луѓјето о Албанија и никој до сега не се врна. Се врна само кучката на Пандовци… Дојде по кутаљчинката. Еден аскерлија му и умори. Ету, сега, кутрата, вие там на Синадев Рид. Така од жртва… ја крева таа муцката и вие, вие, како да плачи… Ами плачи, како да не… Плачи по својата рожба, по својата мака и по стопаните…

Вечераат молкома. Пешникот се уште топол, ‘ржен, со дебела и испукана корка. Лабровица го држи во скутот и го крши со растреперените раце. Во котлето клокоти пченицата. Прскаат искри во огништето. Пламенот ги лиже зелените дабови дрва, се подига, го подлижува котлето, се смалува, трепери, се кине, се врзува за жарта, меѓу неа се губи и одново од неа роден, разнишано се исправува. Пишти влагата во разгореното дрво, капе од крајчето зовриена мака, се пени над жарта и пламенот синкав, со шилест врв, се губи, се појавува блед, живнува, трепери…

Трепери и пламенчето на масленичето што гори пред исчадената икона на Богородица и на ѕидот се нишаат големите сенки на подгрбавените старци. Надвор поддувна и затропа откинатата ламарина. Ветерот се засили и во бранови удира по пеплосаните ѕидови, ги рони, стенка во шуплините. Ја измати тишината и ги испомеша сите шумови на дрвјата, пред себе собира лисја, ги врти, ги преместува и ги растура од двор во двор и низ црните ѕидови-чолаци ги развева отаде селото…

Пламенот во огништето одеднаш се подигна, го осветли одајчето и лицето на Ѓорѓи. Дури сега Лабровица забележа дека тој е остарен и посивен. Пред неа седи човек со сурово и избрчкано и коскесто лице, од грижи изорано, изморено и испечено од сонцето и планинскиот ветер.

-А људјето, Јорги – го врза Лабровица скинатиот конец – се исп 'ндие, селото изгоре… го изгореe, оган да ги изгори… се расипа дуњата… Жива душа не остана… Народо го кренае и го растурие… Мара на Киро куршум ја погоди по глава. Киро влезе дома нешчо за да земе и таму го најде лошото. Не излезе. Изгоре… Само јаска, кутрата, остана да го чувам селото и да ги бера коските шо излегое од гробојте. Аскеро помина, а по него дојдое маџирите. Удрие тие да пљачкосве. Све, све опљачкае… Се тепаа за самари, за мотики, за вили и лопати… Шо не му беше по ќеф – кинее, кршее, палее…

Молчење. Болно, тешко, длабоко и глуво. Потонаа во него. Вгледани ту во лебот, ту во распаленото огниште, вслушани се во одзвуците на деновите што останаа зад нив и копаат во векот детски и векот зрел и во времето што било раскажување за дамнешнината пренесувана од уста в уста од колено на колено. Како бисер и мониста на врвца – се нижат спомените. Излегуваат од стреата прадедова, се вртат во дворот, па низ портата и по тесното селско сокаче се постелуваат по ливадите и нивите, пољанките и кориите, се вкрстуваат на селските друмови, се пренесуваат отаде ридиштата, небаре ги бараат празниците, радоста и смеата, ората и песните во седенките во долгите зимски ноќи, и лулашките на Ѓурѓовден, зелените венци и цвеќиња на Велигден, песните жетварски и гроздоберски, свадбите и крштевките и плачот на првачето и приновата; воздишките во долгите ѕвездени ноќи, чекањата и бдеењата…

Повлекува Ѓорѓи од чибукот, испушта густ чад и со замижани очи врти глава, се ниша ту в десно, ту в лево, чиниш во скутот ги лули дамнешните мили и болни, драги и измачувачки, неизбришливи и живи спомени и болката од овој бој што донесе пустош и лудудва сега… Топло е, тивко и блажено под оваа ниска стреа во која живнаа спомените и навираат и се менат еден врз

друг како многубројни мониста нанижани на копринена врвца вденета на разбој што тука во вековите без престан ткаеше живот… И не сака да помисли дека се скина конецот, дека се скрши разбојот, дека секнаа изворите и пресушија потоците… Тогаш во ќошот место икона, пајак ќе ткае пајажина и над селото гавран со грачење ќе коби… И боли, до сржта ќе боли ако врз калдрмата на тесните селски сокачиња врз кои послана е пепел и крш од урнатини – одново не заоди и не легне човечка нога…

Ѓорѓи кога се разбуди, надвор веќе беше дење. Лабровица лесно отвори врата и влезе, држејќи стомне наполнето со младо вино. Разменија само по некој збор, колку да се знае дека се тука и дека е Митровден и треба да одат на гробишта. Излегоа. Лабровица под мишка ја носи сапетката со варена пченица, исечени парчиња леб, неколку јаболка. Ѓорѓи погледна на стомнето и праша:

-Да не ми е подречено, Лабровице, ама дали доста ќе е виното?

-Немам во шо да налеам – срамежливо рече таа.

Тој погледна наоколу. Му текна дека скраја од старите гробишта вчера забележа фрлено ѓумче. Отиде. Ѓумчето – искривено и дупнато. Понатака виде шлем. Го подигна, ја истресе земјата, погледна кон сонцето. Го стави под мишка и забрза чекор кон чешмата. Таму, со песок го истри, го исплакна.

-Лабровица, може ли тука да налееме?

-Ако … рече таа и се вратија по вино.

На гробишта одат молкома. Ѓорѓи со двете раце го држи наполнетиот шлем и полека, чекор в чекор, кротко гази покрај Лабровица и чува капка да не капне.

-Таму – рече Лабровица и покажа со глава – зад Претсело, о коријата, има непогребени деци и чупи. На жетвар, кога бегае од Грамос останае уморени и ранети… Кој можеше, влеченичкум, ојде о Лабаница, а кој не можеше – остана таму. Ноќја до туа се шчукаше ка викае и молее плачешчем… Јаска оде таму, му носе вода и леб. Дојдое од Преспата и ги собрае ранетите. Уморените и оставие така непогребени… С’лде млади чупи и деци.

Стигнаа на гробишта. Лабровица одврза црна шамија, зареди. Плаче тивко, небаре моли. Со липтеж во гласот, праша:

-Од де ќе фатиме?

-На сите по малку – изусти Ѓорѓи.

Одат од гроб до гроб и до крстовите без име и презиме палат свеќи. Лабровица става грст пченица, парче леб , а Ѓорѓи ги полива со вино.

-Туа е Јанетому гроб… -покажа Лабровица. Ѓорѓи тури вино. – Гл‘нгоса гробо на Јане и се нап’лна со жел’нди … рече Лабровица и се прекрсти.

Од кај Мали-Мади поддувна ветер. Ја развеа сивата коса на Ѓорѓи. Дабјето полека ронат желади. Ветерот во тивки бранови им ги откинува лисјата на тополите и ги растура по стрништето над кое кружат јата гаврани.

Стигнаа до гробот на Митре, таткото на Ѓорѓи. Израмнет е до земјата и покриен со треба. До него гроб во кој лежи земја што Ѓорѓи на донесол од местото каде загинал неговиот втор син Ване. Последните капки од виното ги истресе над двата гроба, шлемот го стави на подгниениот крст за да го потсетува намерникот дека човекот живее се дотогаш додека за него не угасне споменот. Се прекрсти, клекна, сокри лице во дланките и се предаде на долга молитва…

Догорува денот. Од кај селото не допира ни глас ни шум. Тишина и молк. Сал чемерот гребе и копа, та вика – зар сево ова ќе го покрие молк и овој крај ќе остане крај на молчење? Нагла, остра и нескротлива болка го фаќа за грло, го стега одвнатре, распарува гради, врти, гребе, цеди и копа под ребра, стегнува срце, искривува образ, вковува канџи в село. Неумоливо и како никогаш досега навираат солзи… Сиви облаци надвиснаа и ги покрија Стените. Откај Мали-Мади поддувна и кратко потоа во тишината се слушна тивко шумолење на потсушеното есенско лисје. Врз него паѓаат малендави нежни снегулки. Зад сушлекот се затскрија ридовите, а на усните на Ѓорѓи се залепи и засуши прашањето:

-Кој и зошто сево ова ни го стори?

## ГЛАВА 3

На полуостровот, наспроти Нивици, во разретчената шумичка и на самоти врв на ритчето – стара погранична караула. Ѕидовите, некогаш бели, сега поцрнати, распукнати во криви запчести фаши, разјадени и нагризени од времото и негрижата. При силни ветришта со дожд, се рони и раздробува. Врз разголените тули – големи зеленкаво-кафеави лишаи од мов. Само покривот е обновен и врз црвените француски ќерамиди во два-три слоја нафрлени гранки и покриени со одвај видлива рибарска мрежа. Гледано од Дреничено или уште од подалеку, од Бела Вода или од Лисец, остава привид на запустеност и се чини дека врвот на ридот е покриен со шума. Внатре се е варосано. Чисто, бело и послано со дебели разнобојни волнени рачно ткаени килими. Од Нивици до караулата се стигнува за нецели триесетина минути и се оди по тесна, каменеста патека која почнува на крајот од калдрмисаниот пат под селото. Поминува покрај матниот валкан езерски залив во кој селската стока, пиејќи вода, со копитата го разматува брегот и се до караулата пругоре веќе води магарешка патека. Само грижливото и будно око на случајниот намерник, најчесто селски овчар или говедар, одвај би успеало во карпите да види два црни отвора. Едниот под око го држи Нивици и просторот над селото, а другиот малку по југ, без престан, деноноќно бдее над патчето што до караулата доаѓа од кај Орово. Малку пред нив, во два реда, дури и за бистро око невидливи ровови за кружна одбрана. На западната страна, се до езерската вода, навален, се спушта брегот. Во него со чекан и длето изделкани скали. Од обете страни, од горе до долу, оптегната дебела ортома. На брегот рибарски чун, со синџир врзан за дебел кол вбиен во пукнатината на карпата. Во случај на нешто, не дај Боже, за кратко време и брзи веслања – се стапнува во Албанија. Се сработено, стокмено и подготвено додека траеја големите и крвави битки на Грамос.

А наоколу – тишина.

Над голите и камени врвови на Ѕвезда и вдолж Галичица небосклонот гори во пурпур. Сонцето – црвено и големо – виси над процепот што ја дели Галичица на две. Последната изеденка разлева пурпур и во него пламтат водите на Преспанското Езеро. Сал мигови го бележат прозрачниот и кадифен заод. Отаде планините невидливо се спушта црвениот диск на сонцето и над езерото Галичица постила сенка. Под неа треперат и се препелкаат питомите езерски бранови. Лесно ли поддувна верте, се разбудува водата, затреперува. Благи бранови во црвенопурпурни појаси од брег до брег ги расечуваат и варакосуваат езерските води и со

галежлив плисок умилно бакнуваат крајезерски камен. Со последната издишка на зракот, згаснува денот и полека битисува во предвечерното сивило во кое се уште топлина диши, а горе, наспроти Галичица, во последниот издив на сонцето пламтат врвовите на Пелистер и Бела Вода. Крик на осамена птица расечува воздух. Пловка, заборавена и отцепена од своето јато, удира со крилјата по водата и ја снемува во густежот на трските. Се спушта мракот и се згуствува над сивкаво-розевото огледало на езерото. Нивичките рибари, мажи во одминати години, ги извлекуваат чуновите од водата. Молкома, во големи кошови ги истресуваат рибите. Мрежите ги обесуваат за сушење. Во куќите на Нивици затреперува бледа светлина на газиени ламби. Зад малите прозорци паѓаат завесите. Селото потонува во мрак. Светлина да нема. Таква е наредбата. Тие кои ја извршуваат велат дека светлината го привлекува туѓото и непожелно око. Далеку и високо над Преспанското Езеро, над врвовите на Пелистер изгрева големиот пешник на полната месечина. Домаќинките ги поставуваат софрите. По селските тесни улички погусто затропаа цокулите на ноќните патроли.

Свежината на ведрата ноќ носи мирис на медовина, на топол леб и печена риба.

Далеку е бурата и бучи отаде Бела Вода. Татнежот на топовите и долгите рафали до тука не допираат.

***

Во доцните вечерни часови пред една од селските куќи, со висока авлија и дебела дрвена порта опкована со клинци, со потулени светла застана валкан џип. Го опкружија луѓе вооружени со автомати. Од џипот слезе човек загрнат во долг англиски шинел. Еден од придружбата со рака покажа на куќата и веднаш потоа сите тргнаа кон портата. Се слушна спуштање на лостот. Само човекот со англискиот шинел, небаре сенка, се оддели од групата. Зад него се затвори портата пред која на стража останаа тројца вооружени мажи. Во дворот, осветлен од полната месечина, од дрвената клупа, поставена под скалите, станаа двајца мажи и со брз чекор се упатија кон дојденецот. Кој беше човекот и луѓето кои станаа од клупата? Знаеја само петмината стражари од водот за обезбедување. Се поздравија. Нешто прозборија и еден од нив појде кон шталата. Оттаму доведе два оседлани коња. Дојденецот го јавна црниот и го потера кон отворената порта. Во мракот, по селската калдрма затропаа коњските потковици. Слегуваа прудолу кон езерото и по некое време се изгубија отаде заливот. Пред

коњите и зад нив поттрчуваа луѓето од обезбедувањето. Пред да стигнат до караулата, во Нивици се распеаја првите петли.

***

Голема, просторна одаја, осветлена со две газиени ламби. Од распаленото огниште се шири пријатна топлина. Присобраните фитили на газиените ламби растураат бледо-белузлава трепетлива и топла светлина. На трите прозорци, обесени ќебиња. Во левиот агол – широка дрвена маса, искована од рендани штици. На неа послано црвено платно, стаклена чаша, полна со разнобојни моливи. Скраја – клупа. До неа масичка, радио на батерии и куп весници – грчки, руски, англиски, германски. Десно – два црни телефонски полски апарата. Под западниот ѕид – широк железен кревет послан со дебело црвено веленце. Голема, бела перница со извезани цветови и птици во лет. На ѕидот, над масата, под големиот портрет на Сталин – географска карта на Грција и лево и десно од неа, две топографски воени карти на реоните Вичо и Пинд со нанесени црвени и сини иззабени криви стрелки и знаменца. Дојденецот право од вратата се упати кон ѕидот со картите. Полека, одрамувајќи го ранецот, внимателно се загледа во нив.

-Другар Захаријадис – му се обрати едниот од придружниците. – На двете топографски карти е нанесена денешната состојба на фронтовите и…

-Гледам - рече одолговлечено и со тивок глас.

Долго трае тишината. Погледот шета од карта до карта, шари по нив. Захаријадис премести нога, ранецот го спушти на подот и, свртувајќи се, рече:

-Јавете во Главниот штаб за утревечер да подготват поголема топографска карта со сите детали од реонот на Вичо – тој лесно подигна десна рака што беше знак придружниците да го оставаат сам. Погледна на часовникот. Со двете дланки го покри лицето и длабоко се проѕевна.

***

Захаријадис ја помести белата завеса исплукана од мувите и погледна на Бела Вода. Излезе. Застана на дрвеното балконче, почувствува остар студен ветер. Подигна јака, стави раце во џебовите од старата излитена виндјакна и со поглед закован пред себе, бавно зачекори по удолнинката. Кога стигна до валканиот и матен залив, сврте лево. За миг застана покрај брегот, се наведна и, полнејќи ја шепата со вода, потајно погледна зад себе. Што

знаеш? И залутан куршум погодува и убива. На одредена оддалеченост се движеа сенките на неговото обезбедување. Се исправи. Го симна качкетот, погали коса и долго се загледа во езерската шир. Отаде езерото – тишина. Погледна десно. Врвовите Цуце, Балтан, Ветерница, Голема Чука, дремат во утринската изамаглина. Спушти поглед надолу, го пронајде џадето и во себе ги изговори имињата на селата отале границата: Долно Дупени, Љубојно, Асамати. Да. Љубојно и Асамати. Особено Асамати длабоко му е врежано во споменот. Од футролата го извади двогледот. Во кругот на видикот – Висока Чука. Спушта поглед надолу, полека, уште подолу и ете го Претор. Широк, песочен појас. Оди лево, долж брегот и да, ова е Асамати. Малку го подигна двогледот, одвај видливо движење десно, оп, тука е… Да… ова е вилата што пред две години, пролетта 1947-та, му ја подари Лазо. Тој ден, доцна попладне, шетајќи покрај овоштарникот, Колишевски му рече:

-Другар Захаријадис, покрај севкупната помош што Југославија ја дава и натаму ќе му ја дава на грчкото демократско движење и на вашата оружена борба, во составот на таа помош ја приложуваме и оваа вила која целосно ќе биде на ваше располагање. До денес таа му припаѓаше на нашето политбиро, а од денес ќе биде на ваше располагање…

-А порано на кој му припаѓаше? – праша Захаријадис.

-На еден руски белогардеец, полковник, кој се стави на располагање на југословенската кралска војска. Гриценко се викаше. Бидејќи човекот се разбирал од воени бродови, бил поставен за командант на езерската воена погранична морнарица, значи, за Охрид и Преспа. Тука тој купил голем имот. Насадил овоштарници и лозја и ја изградил оваа вила…

-Многу е убава…

-Поубава нема во цела Преспа… - потврди Колишевски и продолжи: - По ослободувањето народната власт му ја конфискува…

-А тој, белагардеецот, што стана со него? – со нетрпение праша Захаријадис.

-Тоа е друга приказна…

Захаријадис повеќе не прашуваше, бидејќи добро знаеше што им се правеше на таквите во Русија и во земјите кои тргнаа по нејзиниот пат…

-Асамати… еве ја вилата… ја гледам – разнежено мрмори тој и полека почна да му се одмотува клопчето на споменот. Од денот кога Колишевски му ја предаде вилата, Захаријадис влегуваше во Југославија како што човек влегува во сопствениот двор. На располагање имаше џип, со кој се возеше од Маркова Нога од

вилата во Асамати и обратно. Возачот и телохранителите од УДБ-а – Македонци, чистачката, двете готвачки и девојките – на смени за разонода – Македонки… Многу, многу дарежлив и внимателен народ… Незаборавни му се вечерите кога Лазо му доаѓаше на гости. Посебно пролетта на таа четириесет и седмата година. Во дворот – поставена маса и на неа најчесто печено јагне или преспански крап, стари кавадаречки бели и црвени вина и неретко вина од кралската – сега народна – винарска визба крај Демир Капија. Мирис на расцутените овоцчарници и на свежо покосена трева… и оној, ах, ноќен пој на косот…

Асамати… Се до април 48-та, додека не беа изградени и опремени каливите над селото Винени, тој и неретко Маркос и нивните најблиски соработници, тука ги поминуваа ноќите, небаре тесно им беше во Герман, Граждено, Орово или Нивици. Тука, шетајќи по овоштарникот и долж тесната патека што води до езерото, тој наоѓаше мир.

Време на будење му беше пет часот наутро. Почнуваше со утринска гимнастика што му беше катадневна навика стекната во ќелиите на затворите во Акронавплија и Керкира и од логорот во Дахау. Во тоа никој не смееше да му пречи, па дури и да имаше неодложни потреби. Половина час вежбање, потоа бричење и миење со студена вода. Се бричеше сам и секогаш пред истото малечко огледалце што пред стрелање му го беше оставил за спомен другарот од истата ќелија во Акронавплија. Големите огледала не ги поднесуваше. Честопати се потсетуваше на случајот кога во затворот во Керкира, двајца другари се заклаа со парчиња од големото огледало во заедничката бања. Тој нив тогаш ги нарече плашливци и недостојни да бидат комунисти и револуционери, бидејќи подлегнаа на измачувањата и на таков низок начин си го одзедоа животот. Ама… тфу… тфу… далеку да е лошото… Кој знае која рака од големо огледало може да скрши малечко парче и… Се бричеше секој ден и секогаш сам. Пред тоа проверуваше дали е добро затворена вратата, го повлекуваше резето и ја залостуваше. Бричот го влечеше полека и кога завршуваше, го сместуваше на дното од ранецот. И ноктите сам си ги сечеше. И најчесто сам се переше. Не поднесуваше нечистотија. Откако се облекуваше, секогаш во чиста долна и горна облека и ја дотеруваше густата кадрава и црна коса, се зафаќаше за појадокот што сам го подготвуваше. Лакомџија и одбирлив не беше. Една месна или рибна конзерва, јајце, парче сирење, леб. И не значи дека се заедно. Честопати само конзерва, само парче сирење, ама и многупати само леб густо наросен со шеќер. Обожаваше планински чај. Кога беше во Преспа, му го носеа од Мали-Мади, а на Грамос, најчесто од Одрето. Неговите телохранители, а посебно

личниот курир, секогаш во ранците носеа планински чај. Кафе пиеше неброени чаши. Незасладено. Тоа го држеше бодар и буден, ама понекогаш, по повеќе испиени чаши, чувствуваше мачнина. Никогаш ништо не оставаше на случајот. Се проверуваше, за се прашуваше и не поднесуваше заборавеност, неред, непослушност, навреме неизвршена работа. Поначесто велеше и подучуваше:

-Знаењето, паметењето, редот и самодисциплината – се мајка на успехот.

Токму тоа: самодисциплината. Се придржуваше на неа како римскиот папа на утринската молитва. И неа неодложно ја изискуваше од своите соработници. Во неговата природа, и пак од времето на затворските денови и долгите престои во Русија, беше вгнездено силното чувство на претпазливост, болничавата недоверба и сомнежот. Не му веруваше никому, иако секому му велеше дека спрема него има најголема и неограничена доверба. Во неговите полузатворени очи кои кај секого оставаа силен впечаток на итрина и умност, секогаш се криеше недовербата и неброени прашања. Самотијата му беше негово второ јас. Од дете навикнат на неа, продолжи во младешките години, се зацврсти во затворските ќелии и во логорот во Дахау. Никогаш не поднесуваше околу себе поголем број луѓе и не трпеше затворен простор. Не трпеше никого зад себе и никого кој не го гледаше в очи.

Сакаше и поединецот и толпата да ја има пред себе, да им гледа в очи, да ги гледа нивните лица, раце и реакции. Не ги трпеше тие, кои стоејќи пред него, држеа раце в џеб. Што знаеш што имаат таму? Буден секогаш. Способноста да разговара со секого и во разговорот да се прилагоди кон соговорникот, кого не само што сакаше да го ислуша, ама и да го поддржи, да му признае дека тој и само тој е во право и да вети дека лично ќе се заложи неправдите да ги нема, беше добро изучен занает во партиските школи во Советскиот Сојуз и долгите разговори со својот учител и воспитувач – Сталин. Оттаму го изнесе убедувањето дека само тие кои можат да постигнат неограничена власт, неограничено се способни да владеат со маките и жалбите, со болките и страданијата, со желбите и мечтите на незаштитените и онеправданите поединци, па и цели народи, дека секогаш треба да знаат да се спуштат ниско до секого и да се дигнат високо над секого, до секој поединец одделно и до секоја толпа во целина; да знаат да владеат со чувствата на паединците и на толпите дури и тогаш, кога кај нив ќе ја стекнат довербата и највисокото почитување, и откако во нив ќе ја всадат и ќе ја наметнат својата мисла и волја, тогаш ќе бидат нивно овоплотување, душа, срце и желба. Тој до совршенство ја имаше развиено дарбата со збор и

ветување длабоко да проникнува во душите и чувствата на понижените и настраданите. Но таа негова дарба беше создавана, поддржувана и поткрепувана и од тие кои беа најблизу до него, и најмногу од тие кои беа малку поблиску до него. Тие, фалејќи го и величејќи го, придодавајќи му натприродна дарба и моќ, одлично се чувствуваа под неговата сенка и под неа самите добиваа на величина и значење и секогаш беа сити, собирајќи трошки од богатата маса. Беа негова издолжена рака, која знае најстрого да казни; негова уста која фали, ветува и повикува сите да земат оружје и се да дадат за победата и негова мисла-водителка на која слепо ѝ веруваа. И тој, Захаријадис, знаеше да им врати со пофалби…

Асамите… Мрежата што со големи ветувања се заплете во далечните големи, широки и топли кабинети, тука продолжи да се плете. Асамати… Тука, во раскошот на лозјата во кои веќе имаше почнато грозјето да добива боја и се чувствуваше мирисот на јаболката, кон крајот на септември 1947 година тој го свика Третиот пленум што траеше два дена и толку му треба за да се посомнева во Маркос. Сега си спомна дека тогаш го праша дали во 1948 година може да биде ослободена Егејска Македонија? Не му се допадна краткиот одговор на Маркос кој му рече – да, но под услов партијата да ги раздвижи партиските организации во градовите за да се мобилизираат 60-70 илјади борци. Но идејата на Захаријадис за ослободување на Егејска Македонија и Тракија со центар Солун, беше прифатена и за таа цел набргу беше изготвен планот “Лимнес” (Езера). А Маркос не отстапуваше од својата мисла, дека во градовите е најголемата резерва, таму е работничката класа и огромен број прекалени борци од времето на отпорот против Италјанците и Германците. Се додека тие не излезат в планина –велеше Маркос – ќе водиме партизанска војна. А Захаријадис малку се разбираше од партизанско движење и од водење војна, но прифати да се мобилизира се што може отворено првпат прозбори дека се што му е потребно на ДАГ – храна, облека, лекови, оружје, пред се ќе биде дадено од југословенските, а потоа и од другите источни пријатели. Рече дека така му е ветено и почна да реди илјадници пушки, автомати, митралези, топови, па дури и тенкови и авиони. Сите беа восхитени, а најмногу Маркос кој веднаш предложи Захаријадис да биде поставен за главен командант на ДАГ. Захаријадис одби, велејќи дека партијата, значи тој, треба да е надвор од сево ова за да може да врши контрола.

Асамати… Тука, по долги расправии ноќта, на 23 декември 1947 година ја формира Привремената демократска влада на Грција. И се уште не може да си прости што по негов предлог за

нејзин претседател беше поставен Маркос… Тука тие сновеа и се договараа како натаму да ја водат оружената борба и ретко наоѓаа заеднички став. Тука, додека се уште лабави, ама сносливи им беа односите и разговорите, тој за првпат на Маркос му ја изнесе идејата за формирање регуларна револуционерна армија. Маркос не прифати. Партизанската тактика во земјата нижеше успеси и во странство добиваше симпатии; од тогаш разговорите им стануваа се помачни и се разделуваа оптоварени и обременети со црвот на сомнежот и недовербата еден спрема друг…

Сврте и полека, со ситен чекор, се придвижи долж брегот. Застана. Пак впери поглед кон Асамати. И оттука, од свиокот, се гледа покривот на вилата на Гриценко. Долго не откинува поглед. И со мислата почна да го проодува патот што на зајдисонце или длабоко во ноќта го поминуваше со стариот ислужен џип, личен подарок од Тито. Од Љубојно, а најчесто од Асамати, тој со црна лимузина, придружуван од вооружена стража, патуваше до Скопје. Тука го чекаше топла хотелска соба, чисти пешкири, миризливи сапуни и када наполнета со топла вода. Никогаш немаше време за уживање. Во неговата нарав беше брзањето и принудната потреба да се прилагодува кон времето и друштвото. Секогаш сакаше да се потврдува како таков кој има манири на добро воспитан човек, кој знае да се најде и снајде во секоја прилика и друштво. По бањањето – иако доцна, во добро чуваните апартмани, пред чии врати стоеја намуртени персони со автомати скриени под кожните палта – вечера. Добрите црвени и бели стари македонски вина му ја враќаа насмевката и ја бришеа од неговите очи длабоко скриената тага. На спиење – во бели мугри. Рано наутро – бидење, набрзина бричење (сам се бричеше зашто немаше доверба своето грло да го стави во нечии раце), црно јако кафе и со истата лимузина, секогаш добро чувана и од очите и од ушите – на аеродром. Насока – Белград. Драг и мил град. Го засакал, гледајќи го од Дедиње навечер и во пресни зори. И сега, стоејќи крај езерскиот брег, гледа во замагленатa далнина и знае дека онаму зад сињакот е Асамати, каде во белата двокатна куќа наоѓаше мир, се предаваше на своите размисли замаен од топлината што зрачеше од распалениот камин и од благодатот на црвените вина во кои макаше големи парчиња топла селска погача. И над се тие блажени и благословени мигови и ноќи во топли прегратки и занесни бакнежи… Колкупати ли го има поминато тоа старо, раскопано и калливо џаде? Ги знае тие села и во секое по некој мал, ама драг спомен од разговор, од насмевка, од стисок на рака, од подигната тупаница во знак на победа од мирнотијата на луѓето…

Маркова Нога. Таа небаре му беше врата кон светот и патот најчесто почнуваше во Нивици, Винени, Граждено или Орово. И секогаш под рака му беше џипот. Оттука почнуваше патот кој задолжително преку Скопје водеше во Белград. Го сака овој град со неговите две реки во кои ноќе се огледуваше Дедиње; ги сака неговите светла и тивките широки улици кога во наедно време се возеше со својот пријател, кого го запозна во Москва, а потоа, да, тие долги разговори, во колата што ја возеше тој, маршалот. За што и што ли зборуваа, знаат само тие двајцата. Понекогаш, во осама, се прашуваше зошто маршалот некои од разговорите ги водеше во црниот мерцедес сам возејќи по празниот и полуосветлен белградски Булевар на револуцијата, близу до очите на голем број луѓе од безбедноста, а далеку од своите соработници? Добро памти што му беше ветено. Многу повеќе од другите… А од Белград во Москва. Најчесто со воз преку Прага. Три градови искрено најмногу ги сака – Москва, заради тоа што тука ја запозна жената која единствено ја засака за цел живот и заради тоа што тука научи да го сака комунизмот и можеби и затоа што тука го запозна и го засака Сталина, човекот кому бескрајно му верува и со стравопочитување го обожава; Прага – ја засака не само заради жената што ја засака во Москва кога заедно учеа на Марксовиот комунистички универзитет. Од сите градови во светот единствено највистински, до болка и со тага, со обожавање и восхит ја засака Прага, нејзината река В’лтава со Карловиот мост, музеите, кафеаните, пивниците и барокните згради, и прашката калдрма, и тивкиот напевлив говор на пражани… Скромно облечен, рака под рака шеташе со саканата жена по Вацлавски намјести, потоа по Карловиот мост се до горе до Кралската палата; болка и тага му ги раскинуваат градите кога си спомнува за Прага, градот што најмногу го сака од сите градови во светот. Секојпат кога ја посетуваше се повеќе се вљубуваше и во жената и во Прага… Москва, Белград – градови во кои учеше и Атина во која практично ги провеуваше стекнатите знаења за пролетерската и светската револуција. Ја мрази Атина, а го сака Белград. Белград – тука ги имаше првите, а можеби и најважните разговори дали да тргне во оружена борба, за чија оправданост потврда наоѓаше во Москва. И обратно, патот на Винени и Нивици водеше преку Прага и Белград и оттаму до Грамос, најчесто преку Албанија. Се враќаше во Нивици и легнат на железниот кревет што дедо Митре го имал донесено од Солун, а го имал купено со првите печелбарски пари заработени и заштедени во Америка, од џебот на англиската воена блуза ја ваѓаше сликата на жената и синчето, кои сега живеат во Прага и со натажени и желни очи, ја гледа. Воздивнува и шепоти: - Ах Прага, најубава си кога долж твоите

шероки булевари цутат багремите и дивите костени и кога јоргованите цутат во бавчите, кога цвеќињата во саксиите поставени на прозорците и балконите расцутуваат во спарните топли прашки ноќи. Ги засака и прашките боеми, кои иако опиени со пиво, мочајќи зад аголот не престануваа гласно да го менуваат светот. Оптоварен со тие драги спомени, сега му се присторува дека до него допира некакво задоцнето свирење на виолончело и ноќно пеење на кос…

Дојде до крајот на полуостровот. Се врати до првите куќи на Нивици и пак обратно, скоро тапкајќи ги своите траги.

-Животен простор – тој честопати гласно зборуваше небаре во себе наоѓаше соговорник кој внимателно слуша и кој не ги оспорува неговите мисли – сега го имаме само овој простор – Вичо. Грамос скоро е загубен. Централна и Јужна Грција за нас веќе не постои. Таму речиси сите наши одреди се уништени. Тотален пораз! Две боишта-тврдини – Вичо и Кајмакчалан. Меѓупросторот целосно е населен со славомакедонско население. И треба целосно да се искористат, да се свртат на наша страна. Да се изврши целосна мобилизација. Тоа треба што поскоро да се направи. Како? Кого да прашам за совет? Зарем има такви кои сега мене сосема би ме поддржале? Маркос? Се потврди дека тотално е неспособен. Сега најмногу би ми бил потребен оној мизеријата Велухиотис или Сарафис. Да Сарафис, единствениот образован грчки офицер од редовите на ЕЛАС… Гусјас, Вландас, Барѕотас… да, овие се ќе прифатат ако им се вети дека ќе си ги сочуваат главите… Немаат друг избор. Се ќе прифатат. Тие се прости, послушни, желни за чинови и верни како овчарски кучиња. Со нофитите? И тие бараат чинови. И да не мислат дека народот ги издигнал. Јас само да мрднам со прст и ќе ги снема. А тие си мислат дека народот ги истакна. Не! Јас и тие таму – подигна рака и покажа на север – тие таму во Скопје! Заради интересите на борбата се уште ги чувам и ги поддржувам. Инаку тие се готови за стрелање. Со нив внимателно и на растојание. Потврдено е дека се Титови агенти. Еден со друг нејќат да се видат. Дури и не се поздравуваат. Секој секого пред мене клевети… А би требало да ја стрелам и Вера и некои други – Уранија, Павле… Тие постојано на Лазо му праќаат извештаи. Нашата служба за безбедност и разузнавање тоа го знае и има сигурни докази. Ако, нека праќаат. Еден ден со тие нивни извештаи ќе ги задавам. Ќе ги натерам да ги јадат и ќе прогласам дека судот народен ги осуди. Мајките и татковците чии чеда веќе испогинаа – ќе им ги потпуштам. Народниот гнев против нив ќе го подигнам. А против Тито – меѓународното комунистичко и работничко движење…

Во главата веќе му се вртат нови намери, нови иден. Најважно е секоја негова идеја да добие поддршка. На партиски пленум. Доста со планините. Војната треба да се води во рамничарските села и во градовите. Таму се резервите. И децата кои веќе созреаја таму во државите да ги прибере во строј. Се на оружје, се за победата! Никој надвор од стројот. А потоа? Ќе објасни. И ќе му поверуваат. Така ги учи сите – да веруваат и да не прашуваат. За прашување има време. А кој ќе праша? Кој се осмели да праша да грешки? Партијата е силна и моќна кога си ги признава грешките. На грешките се учи. Важно е да имаш храброст да ја признаеш грешката. А тој имаше храброст во признавањето на грешките. Велеше – ако болшевиците имаат храброст да си ги признаваат грешките, зошто тогаш ние, нивни ученици, тоа да не го правиме? Болшевиците му беа пример за се!

Облакот што висеше над Цуце го одвеа ветерот. Отаде езерото, по џадето – колона камиони и над нив облак прашина. Знае што има во нив. Веќе две години натаму носат ранети и наваму… Да, секогаш се полни. Во овие две години македонските друмови од Маркова Нога и од Кајмакчалан до Катланово се обележани со крвта на борците на ДАГ и со солзите на долгите колони одведени малолетни деца… Камионите веќе ги снема зад свиокот што води кон Љубојно. Да, Љубојно. Го засака тоа село. Таму, во гостинската одаја на народната милиција секогаш беше сигурен и во печеното и во ракијата и во виното и во луѓето кои беа негово обезбедување. Тука се чувствуваше посигурен отколку во Нивици, Винени, Граждено или Орово. Се чувствуваше посигурен и во стражарот и во возачот и во двајцата цивили на кои под кожните палта секогаш им висеа шмајзери. Ама, да, тоа ама кај него секогаш го имаше. Да им верува? Што знаеш – си мислеше – див народ, балкански, кој само бара, само сака и уште повеќе меѓу себе се кодоши… И одеднаш си го спомна последното патување до Скопје, а оттаму во Белград и натаму во Москва и обратно. На краток здив, колку да испие едно кафе или чај, секогаш се задржуваше во караулата на Маркова Нога. Оттука не се гледа, но правливото џаде и острите свиоци, посебно на делот од Прилеп до Велес преку добро памти каде се наоѓа. И оттука, без задржување – право во Скопје. Навикна на Бабуна и на оние од Црн Врв до рамницата пред Скопје. Знаеше дека десно од патот, таму некаде во расекот што го има изрежано реката Пчиња има бања каде се лекуваат борци на ДАГ. Знае, ама не беше таму и никогаш не ги посети.

Кога еднаш, полковникот на УДБ-а кој го придружуваше на патот од Битола до Скопје, му предложи да одат таму, Захаријадис, лесно одмавнувајќи со рака, рече дека нема потреба,

бидејќи тој знае оти ранетите се наоѓаат во добри и сигурни раце и благодарение на тоа, тие брзо ќе се вратат на борбе-ните позиции. Влегувањето низ дебелата и масивна врата на ЦК на КПМ му ја враќаше сигурноста изгубена за време на патувањето, а сосема се чувствуваше олеснето во гостинската соба обложена со широки штици со изрезбани мотиви од растителниот и животинскиот свет карактеристични за македонското поднебје. Гледаше на нив, се восхитуваше на нивната убавина и уметничкиот мајсторлак на македонските копаничари и се прашуваше: - Кој ли знае што е вградено зад овие убавини? Освежителниот сок, а потоа кафето испиено во друштво на првите луѓе на македонскиот централен комунистички врв го закрепнуваше и расположуваше. Разговорот воден на едно словенско есперанто – тој на руски, а тие на македонски и српски со многу примеси на македонските народни говори, во мигови предизвикуваше вчудовиденост и смеа. Но за време на вечерата подобро се разбираа со помош на преведувач кој одлично зборуваше руски и српски јазик. Тој ги памти таквите вечери и разговори. На одење во гостинскиот апартман, тој секогаш прашуваше:

-Како е мојот голем и драг пријател Маршалот? Дали во врска со закажаната средба има некои промени?

Средбите со Тито му беа многу важни. Овие во Скопје ги сметаше за попатни, но разговорите што ги водеше во Белград беа вистинскиот печат.

Зависно од потребите и итноста Захаријадис патуваше во Белград со воз или со авион. А времето и потребите на оружената борба најмногу одлучуваа за изборот на превозното средство. Малкумина знаеја за неговите престои во Скопје и во Белград. И додека тој патуваше за Белград, од двете страни на специјалниот телефон веќе беа дигнати слушалките. И си спомнува сега дека во мај годинава во резиденцијата на Маршалот, двајца штабни генерали на Југословенската народна армија, стоејќи пред големата воена карта на Северен Пинд, го изложуваа планот што генералштабот на грчката армија го изготви под стручното око на американскиот генерал Ван Флит и купот негови советници. Захаријадис слушаше внимателно. Кога генералите го завршија излагањето, тој рече:

-И нам ни се познати деталите. Ние ги презедовме сите потребни воени мерки и од Грамос направивме несовладлива и нескршлива тврдина. Непријателот го чекаме подготвени и ќе примениме одбранбено-офанзивна тактика. Наша цел е да го искрвавиме, нанесувајќи му големи загуби во луѓе и материјал и во најсоодветниот момент ќе тргнеме во противнапад и на овој начин ќе потврдиме дека Демократската армија на Грција е

подготвена и способна да води фронтовска војна, што значи дека се откажуваме од партизанштината.

Наредниот ден, летајќи за Москва за мозокот му се залепи зборот партизанштина и се до слетувањето на московскиот аеродром Шеремјетево се каеше што го употреби. Му текна дека партизанството беше ‘рбетот на југословенското војување. Во Москва се задржа два дена и на враќање, на воениот аеродром во Батајница го пречека Ранковиќ. Молчаливо се поздравија, а разговорот се разврза дури по богатата вечера што во негова чест ја приреди Маршалот. Старото бело вино што најмногу го фалеше Маршалот повлијае Захаријадис да омекне. Дали намерно или му излета зборот, тој со видлива загриженост рече:

-Хазјаинот ме посоветува…

-Да не ти нареди? Тивко праша Ранковиќ, насмевнувајќи се со крајчето од устата.

-Хазјаинот ме посоветува – повтори Захаријадис, преправајќи се дека воопшто не го слушна прашањето на Ранковиќ – заради новосоздадената меѓународна ситуација и новата веќе зајакната позиција на СССР и на земјите со народна демократија, да ја прекинеме оружената борба. Да побараме примирје и да им дозволиме на нашите борци да го предадат оружјето и да се вратат дома, а тие кои тоа нема да сакаат да го сторат, да се повлечат во Албанија. Хазјаинот рече дека за тоа веќе разговарал со Енвер Хоџа кој ги прифатил соодветните укажувања и инструкции…

Маршалот и Ранковиќ одвај забележливо се погледнаа.

-А нас – праша Ранковиќ – не не спомна?

-Не… - излажа. Не им кажа дека за време на вечерата што за него ја приреди Сталин, по третото наздравување, Молотов му рече:

-Вие, другар Захаријадис, треба да се подготвите за борбата против ревизионизмот… ние знаеме дека одржувате добри контакти со Тито, но… на некој начин треба да ни се придружите… Ние имаме информации дека таму во Југославија работите не одат најдобро… Тито нам ни изгледа сомнителен… на човекот му се присака да биде независен кога целиот прогресивен свет под мудрото раководство на великиот Сталин се бори против империјализмот и за траен мир…

-Не – повтори Захаријадис – не ве спомна…

Пак се погледнаа. Маршалот ја допре празната чаша. Келнерот ги дополни чашите со вино и прописно се повлече.

Еден месец по оваа средба, две недели по започнувањето на големите борби за Грамос, на 28 јуни, радио Белград ја пренесуваше содржината на писмото на ЦК КПЈ, која беше одговор на писмото од Информбирото. Во седиштето на Главниот

штаб на ДАГ, Захаријадис, пиејќи планински чај, со увото залепено на батериското радио, откако го ислуша текстот на писмото, стрелката ја префрли на долгите радиобранови и внимателно слушаше вести од Москва. Се мурteше кога радиото крчеше. Се потсети на чудните погледи на Маршалот и Ранковиќ. Дури сега сфати. Тие значи, нешто знаеја, ама не ми кажаа. И по долго размислување рече:

-Не е жртва само југословенското раководство. Големата жртва ќе биде моето движење. –И веќе тој го знаеше одговорот на Атина: - Безусловно предавење или смрт! Требаше ли да го послуша Сталин? На своите најблиски од политбирото не им кажа што му рече Сталин. Беше предоцна. Приодите на Грамос веќе беа во пламен. Утредента ги повика во својата земјанка Маркос, Барѕотас, Власндас и Гусјас и откако им ја соопшти веста за осудата на Тито и неговата партија, праша:

-Каков став ќе заземе нашата партија во однос на југословенската, која се отцепи од антиимперијалистичкиот лагер?

Молкот го прекина Маркос:

-Ние, другари, си имаме наши проблеми и …

-Директно, другар Маркос. Прашањето е јасно, нели? – го пресече Захаријадис и, не чекајќи некој друг да се вклучи во разговорот, рече: - Во услови кога ние водиме отворена војна, нашиот став треба да биде неутрален. Сите знаеме што значи Југославија за нашето движење. Меѓутоа, за нашиот став ќе мораме да го известиме другарот Сталин. Не гледам дека некој е против. Состанокот е завршен.

Вечерта Захаријадис со шифрирана радиограма го извести Сталин, подвлекувајќи дека во соодветно време КПГ отворено ќе застани на страната на Информбирото.

Шетајќи долж езерскиот брег врз тие неодамнешни доживувања и спомени наткајува нови размисли. Во главата веќе му се вртат нови идеи, нови планови. Најважно е секоја идеја, секој план да добие поддршка. Барем ДАГ да добие еден град, да го задржи, па ќе го прогласат за престолнина и тогаш пријателите од Прага, Букурешт, Будимпешта, Варшава, Софија и Тирана мораат да ја признаат неговата влада и ќе дадат поголема помош… Свесен е дека идејата да се отворат битки за градовите ќе однесе многу животн, многу ранети, многу сакати, ќе ја намали борбената моќ на ДАГ; ќе падне моралот, духот, еланот. И натаму му останува да вети, уште многу да вети и со ветувања да го привлече остатокот од она што е македонско население; децата кои таму во државите веќе созреаја – да ги собере во строј. Сите на оружје – се за победата! Никој надвор од стројот! А потоа? Потоа ќе објасни. За ветувања и објаснувања тој е мајстор. Ќе му поверуваат. Така

тој цело време ги учи – да веруваат и да не прашуваат. За прашување има време. Кој ќе праша? Кој ќе се осмели да го праша?

Борбата е нужност и кога е нужност тогаш нема прашања. Партијата и движењето се јаки кога си ги признаваат грешките. Важно е да знаеш да ја признаеш грешката, но за тоа е потребно да имаш храброст. А тој имаше најмногу храброст во признавањето на грешките. Велеше: - Ако болшевиците имаат храброст да си ги признаваат грешките, тогаш зошто ние, нивните ученици, тоа да не го правиме!? Болшевиците му беа пример за се! За него болшевикот беше врв над врвовите. Самиот збор – болшевик – го изговараше со огромна почит, бидејќи тој за него беше и совршенство. И ги тераше грчките комунисти, а покрај нив и македонските лесноверници, да веруваат во тоа совршенство, што пренесено на грчки терен значеше да му веруваат нему.

Застана. Се загледа пред себе. Далнината му изгледа празна, ама затоа во неговата глава врие. Зачекори и со подзамижани очи ткае нова идеја. Како лудо надојдена река мислата прескокнува мисла. До неговите нозе плискаат мали бранови. Клекна. Испружи рака. Малите, пенливи бранови се шират, се растураат, му ја мијат шепата. Прстите ги собра во тупаница и силно стегната ја принесе пред очи. Се загледа во неа не откинува поглед. Напнува мускули, набабруваат жили и во очи навира крв. Се цеди водата првин во поројче, потоа капка по капка. Ја отвори раката и се загледа во неа. Линиите се пресечуваа и шареа по дланката. Се насмевна. Се потсети на Циганката која во далечната 1929 година во Москва, на Таганка, тогаш тој 25-годишен студент на Марксовиот работнички универзитет, лудо вљубен во Чехинката, по наговор на НКВД се мешаше меѓу московската младина, слушаше, со умот бележеше очи, коса, ликови, запаметуваше слушнати зборови и до доцна во ноќта во една од одаите на партиското општежитие ги правеше своите белешки. Тоа беше дел од учебната програма. Да, тогаш, на една од клупите каде седеше, му пријде Циганка и за два рубли му гледаше на дланка.

-Ой, ой, парень, дорога твоя плохая… дурень ты парень. Вот, смотри, миленький, линия дороги никуда не ведет. Ты красивий, умен, но характер у тебя, характер подлеца. Ты случайно не коммунист?

-Да.

-Вот – то и правда, на ладони видно…

Стигна до крајот на полуостровот. Застана, погледна на езерската шир покриена со проѕирна замаглина. Застана. Загледан во далнината, размислува. Во неговата глава веќе почнаа да се зацртуваат и средуваат првите редови на тоа што треба да го

напише, а потоа да го изнесе на претстојниот пленум на Централниот. Нагло се сврте и со забрзан чекор ја фати угорнинката што води кон караулата.

Телохранителите го испратија до дворот на караулата и не беа сигурни дали вечерва ќе ноќева тука. Беа навикнати на тоа дека тој честопати, без претходна најава, го менуваше местото на конакување, убеден дека никој не може однапред да си ја одреди судбината…

## ГЛАВА 4

Во одајата, со поглед на Галичица, по цели ноќи светеше газиената ламба. Захаријадис работеше. Пишуваше, правејќи мали прекини, колку да испие чаша јак грузиски чај. Петтата ноќ тој го заврши пишувањето на рефератот за претстојниот петти пленум. Некаде пред да зазори, го стави моливот настрана, ги собра испишаните хартии и ги среди според обележаните страници. Оддели две страници и небаре се подготвува да одржи говор, полугласно почна да чита:

-Во Северна Грција македонскиот народ… - прекина. Во движењата на неговата глава – пројава на несигурност. Посегна по моливот. Стана. Шета по одајата. Размислува. Мршти веѓи. Се доближи до прозорецот, и лесно поместувајќи ја завесата, долго се загледа во замаглената езерска шир. Се сврте. Бавно и тивко чекори од прозорецот до вратата и обратно. Во огништето фрли две-три дрвца и застана крај масата. Седна. Навали чело на левата рака и одново почна да го чита текстот:

-Во Северна Грција македонскиот народ… - прекина, долго гледа на овие два зборови, закова во нив поглед, се ниша напред-назад, под него крцка стариот стол и со моливот лесно удира на хартијата. Стана. Со бавни и тивки чекори тој шета од едниот до другиот агол. Застана среде одајата, размислува. Мршти веѓи и одново се слуша неговиот тивок чекор. Се доближи до прозорецот и, лесно поместувајќи ја завесата, долго се загледа во мракот. Надвор лудува снежна бура. Виулицата кобно завива меѓу стеблата. Го отвори прозорецот. Студениот ветер му плисна в лице бран студенило. Во одајата влетаа големи снегулки. За кусо време го остави прозорецот отворен, се сврте и одново шета, ги мери и ги средува мислите. Кога почувствува освежување, пријде до огништето. Клекна и со машата ги намести едно врз друго недогорените дрва и го потсили оганот. Се исправи, го затвори прозорецот и пријде до масата. Ја зеде испишаната хартија, го најде делот што го натера долго да размислува, одново го прочита и гласно се запраша:

-Ем македонски, ем народ? – тој го почна разговорот со себе – ако така напишам, значи признавам и име и народ. А дали вака употребени овие два збора во сегашнава политичка и воена ситуација би придонеле за доброто на нашето движење и дали би ја зајакнале позицијата на нашата партија кај ова население? Несомнено – да! А дали еден ваков став би предизвикал негодување кај некои членови на политбирото и централниот комитет? Несомнено – да! Во самото раководство ќе има бура.

Ја стави хартијата на маса, од големата чаша со моливи, зеде црвен молив и по зборот македонски, во заграда допиша: - славомакедонски. Гласно прочита:

-Во Северна Грција македонскиот (славомакедонскиот) народ – несигурен во себе, мрдна со глава и над зборот народ напиша малцинство и се запраша: - Дали народ или малцинство? Не звучи лошо и “славомакедонското малцинство.” А можеби е подобро вака: славомакедонското население? Малцинство, да… - Држејќи го в рака запишаниот лист, стана, направи неколку чекори по одајата. Оди во круг. Пак го отвори прозорецот. Студениот воздух го натера да го затвори. Пак си го постави истото прашање: - Зарем мора отворено да биде напишано македонски народ? – Се колеба дали зборот народ да го замени со зборот малцинство или во краен случај со население? Пак кругови по одајата, пак измачувачки размислувања оптоварени со сомнеж. Нагло се сврте, ја стави хартијата на маса. Со црвениот молив замавливо ги избриша зборовите малцинство и население. Сега без размислување и колебање напиша – народ. Небаре му олесна, тој се наведна над листот и почна да пишува:

Στη Βορεια Ελλαδα ο μακεδυικος (σλαβομακεδονικος) λαος ταδοσε ολα για τον αγωνα και πολεμα με μια ολοκληρωση ηροισμου και αυτοθυσιας που προκαλουν το θαυμασμο.

(Во северна Грција македонскиот (славомакедонскиот) народ даде се за борбата и се бори со сеопшт хероизам и самопожсртвуваност, со што предизвикува восхит…)

Прекина. Загледан во зопишаната мисла, рече:

-Последново е точно. Од извештаите што ми ги праќаат тие од НОФ и од АФЖ, па и од Главниот штаб населението посебно од костурските, леринските и воденските краишта, даде се од себе. А тие, селските момчиња и девојки навистина предизвикуваат исклучителна восхит. Да. Добро е кажано. Со ова им се оддава признание. Ќе ги охрабри уште подобро да се борат… А што ќе ги мотивира? За тоа подолу… Значи со зборовите македонскиот народ ги задоволуваме оние од НОФ и АФЖ и, се разбира Тито и Колишевски, бидејќи тие во сите разговори што ги имавме, постојано ова население го нарекуваат македонски народ. Ќе ги задоволиме и тие кои во Северна Грција се доселиле од југот на државата и од островите, а посебно тие, кои по размената на населението меѓу Грција и Турција, тука ги доселиле и така станале мнозинско население и по името на делот од Македонија што Грција го присвои по делбата во 1913 година, не само што велат, ами и тврдат дека се Македонци. За разлика од себе ќе прифатат дека до нив, покрај нив или заедно со нив живее словенско население кое пред петнаесетина години или порано,

ние, грчките комунисти, ги нарековме Славомакедонци. Ете, значи во овој случај двете страни ќе бидат задоволени. До тука е одлично смислено и држи… Да одиме натаму…

Задоволен од првиот дел на запишаната мисла, седна поудобно, настрана ги стави другите испишани хартии и пак го почна разговорот со себе:

-Сега да видиме што ќе го мотивира тој македонски или славомакедонски народ и натаму да дава се од себе, а посебно, што ќе ги мотивира неговите синови и ќерки и натаму херојски и самопожртвувано да се борат? Прво треба да им се каже на оние од НОФ-АФЖ и групата отпадници во Скопје дека не треба да се сомневаат во тоа дека во нова демократска Грција ќе им бидат ограничени правата. Второ, дека во таквата нова Грција ќе се здобијат со национална возобнова. За да се здобијат со тоа, тој македонски (славомакедонски) народ и натаму треба самопожртвувано да се бори за да победи Демократската армија на Грција. Да. Тоа се условите за неговото возобновување. Да. Ова е основата…

Во себе уште еднаш ја преповтори мислата. Од чашата со моливи зеде наострен црвен молив и без да брза, меѓу редовите на претходно напишаниот текст, почна да пишува, гласно изговарајќи го секој збор:

Δεν πρεπει να υπαρχει καμια αμφιβολια οτι σαν αποτελεσμα της νικησ του ΔΣΕ και της λαικης επαναστασης ο μακεδονικος λαος θα βρει την πληρη εθνικη αποκαταστασηη του ετσι οπως τη θελει ο ιδιος, προσφεροντας σημερα το αεμα του για να την αποκτησει.

(Не треба да постои никакво сомнение дека како резултат на победата на Демократската армија на Грција и на народната револуција, македонскиот народ целосно ќе се здобие со национално возобновување така, како што самиот тоа го сака и за да го добие, денес ја жртвува својата крв…

-Ова е добро – рече. И откако го прочита целиот текст, со истиот црвен молив двапати ги подвлече зборовите национално возобновување и гласно се запраша: -Дали тие прости и полуписмени раководители и активисти на НОФ ќе го разберат зборот αποκασταση и како ќе го преведат на нивниот јазик што значи национално возобновување во случајот на македонскиот (славомакедонскиот) народ, кој во Грција е непризнато малцинство? Нашата партија го призна како национално малцинство и во текот на оружената борба тоа малцинство ги доби сите права што му припаѓаат. Во новата фаза на оружената борба и народната револуција ние му даваме нова надеж…

За миг прекина и, удирајќи со прстот на хартијата, рече:

-Па, да. Овие зборови – национално возобновување – треба да ги сфатат како целосно национално самоопределување. На Скопјани, па преку нив и најмногу на Тито, а уште повеќе на опонентите во однос на решавањето на националното прашање и самоопределбата на народите во духот на резолуцијата на Обединетите нации да им се докаже дека токму во нашата револуција и единствено преку неа македонскиот народ со својот хероизам и придонес со крв се избори национално да се определи така како што тој самиот сака и како што ќе посака. Теоретски е одлично. Камо ли ова да можеме пропагандно да го искористиме меѓу народот во Вардарска Македонија за да посака и тој да се определи и во тој дух да побара отцепување од Југославија , а и поради тоа да покаже солидарност со нивните браќа кои денес гинат, крвават во оваа борба да им се приклучи, сфаќајќи ја таквата своја определба како чекор за остварување на стремежот за нивно национално обединување во една држава. Да. Да сфатат дека во нова демократска Грција можат да имаат најдобар свој сојузник. – И одново го прочита делот од реченицата: македонскиот народ ќе се здобие со целосно национално самоопределување така, како што тоа самиот го сака.

-Е, токму во ова е клучот! – извика задоволно. – Ако тие ова така го сфатат, тогаш отиде по ѓаволите таа нивна Народна Република Македонија. На овие простори нема место за македонска држава. Не може да има држава со име Македонија зашто ова име е историско наследство само на Грците.

Дописа и гласно прочита:

-Македонските комунисти секогаш стојат на чело на борбата на својот народ. Ова за сега не е добро. И можеби воопшто не е добро. Па  македонските комунисти дејствуваат од редовите и во име на Комунистичката партија на Грција. Значи КПГ е на чело на нивната борба. Ако имаат НОФ и АФЖ, а знаеме каде се формирани и кои им се туторите, тогаш треба да имаат своја комунистичка организација. НОФ во тој случај не можеме сосема да го бришеме, нека вегетира и во тоа вегетирање нивните раководители меѓу себе ќе се изедат. Македонските комунисти ќе му ги спротивставиме, а тие од Комунистичката партија на Македонија во Скопје да престанат да мислат дека токму тие стојат на чело на македонскиот народ. Да, ама се разбира – тој скоро викна од задоволство – ќе формираме партиска организација. Комунистичка, нивна комунистичка организација која, се разбира, директно ќе биде раководена од КПГ. Тие отаде езерото имаат КПМ, а овие, да овие, да имаат своја, но не слична на КПМ. Ако заговараме нивна возобнова во Грција, тогаш нека имаат и политичка авангарда, своја комунистичка организација.

Еве го и вториот клуч со кој ќе се отвора иста врата: КОЕМ- Комунистичка организација на Егејска Македонија. Нека се јадат КПМ и КОЕМ. За КОЕМ  ќе најдеме неколку прости, полуписмени, ама лакоми за функции и слава селано-работници – претпладне рудари во рудниците на леринско и кајларско, а попладне орачи, овчари, говедари, кои ќе се нафатат да бидат карогоз , да ја водат КОЕМ, а конците ќе се наоѓаат во овие раце – тој рашири шепи, размрда прсти. И рече: - Тие нека си имаат свој македонски народ и ние ќе си имаме наш славомакедонски народ… меѓусебно скарани да не се трпат, да се гризат, да се глодаат… Еднаш поделениот мора да остане поделен. Барем на овие простори. И да биде жртва. Тие, Македонците, немаат дарба да бидат обединети. Нека си останат такви какви што се –кротки и меѓу себе скарани, баш скроени да бидат робови. На такви фрли им коска и остави ги, прај сеир, гледај како се глодат. Затоа владеењето со нив е лесно.

Захаријадис се почувствува уморен. Непреспиената ноќ и вложениот напор да го напише рефератот и да ја среди мислата во врска со новиот став за македонското прашање што треба да биде една од најважните одлуки на претстојниот петти пленум на Централниот комитет, на неговото лице оставија траги на исцрпеност. Испишаните листови средени според броевите на страниците ги стави во голем кафеав плик, го залепи и на горниот десен агол напиша со црвениот молив: "Строго доверливо! Да се пречука на машина во два примерока!" Го викна дежурниот офицер од обезбедувањето и , подавајќи му го пликот, со тон на наредба му рече:

-Носи го веднаш во седиштето на Централниот комитет! Лично на рака на Вландас!

Надвор се слушнаа тивки довикувања и кратко потоа пригушено тропање на коњски копита. Триејќи го вратот и челото, Захаријадис со бавен чекор пријде до масата, неколкупати ја заврте рачката на полскиот телефон и ја подигна слушалката. Му се чини дека долго чека. Ја спушти слушалката и одново ја врти рачката на апаратот. Чека загледан во огништето во кое малендаво пламенче трепери, се превиткува и гасне. Најпосле. Во слушалката – прво нешто како шлапање во блато, потоа поспан, кркорлив и засипнат глас:

-Напред!

-Димитри! – Вландас го позна гласот на Захаријадис и небаре облеан со студена вода, одеднаш се рассони, брзо стана и, стоејќи бос и но гаќи молежливо се огласи:

-Да, другар Никос, да, лично јас…

-Димитри – сега со тон на прекор шушка слушалката. – Ме слушаш ли?

-Да, другар Никос, одлично слушам… Повели…

-Пред малку по куририот ти го испратив ракописот.

-Кој? Кого испрати?

-Ракописот, велам. Проучи го и денес во петнаесет часот да се видиме кај мене. Да! Јас сум тука. Горе… Со тебе да дојде и Барѕотас!

-Аха… Разбрав… - Слушалката замолкна.

Владас почека уште малку, полека ја спушти слушалката и откако провери дали добро лежи на вилушките, погледна на часовникот и, гласно пцуејќи ги Богородица и Христос, рече:

-Четири по полноќ!

Захаријадис ја залости вратата и откако провери дали капаците и прозорците добро се затворени, ги собра хартиите што беа растурени на подот. Накрши суварки и го распали пампурот. Во чајникот врие водата. Во цинкуваната чаша со дршки отстрана, фрли три лажички грузиски чај и го попари со зовриена вода. Пие големи голтки и чувствува топлина во градите и мевот. Пие полека, се насладува и занесно ги оддиплува мислите што од вчерашното попладне и до пред малку ги нанесе на хартија. Топлината од пампурот и јакиот грузиски чај го тераат на дремка.

Фитилите од газиените ламби полека ги прибра и без да се соблече легна, покривајќи се со својата неразделна вреќа за спиење.

## ГЛАВА 5

Една недела подоцна, попладнето, во договореното време, Вландас, Гусјас и Барѕотас јавнати на коњи и во придружба на еден вод кој пред нив го газеше снегот, стигнаа во седиштето на Централниот комитет. Квечерината им се придружи и Јоанидис. Во топлата одаја која мирисаше на изгорена забовина, погача, печено јаре и греено вино, тие го внесоа планинското студенило и езерската свежина. Вообичаен стисок на рацете, клепање по рамо, неколку прашања за здравјето и времето. Со широк замав на раката Захаријадис покажа на поставената маса и прв седна на челното место.

Јадеа молкома. Повремено паѓаше по некој збор посветен на студеното време, високите снежни намети и тешко проодните патеки што ги поврзуваа седиштата на Централниот комитет и Главниот штаб. Богатата вечера заврши со пиење чај, омиленото питие на генералниот.

-Грузиски е чајот - потврди Захаријадис по привата испиена голтка. – Од татковината на великиот Сталин.

Гусјас, горејќи си ги дебелите бузи и јазикот, пропелтечи низ солзи:

-Ако е така, другар Никос, јас би замолил уште една чаша. Голема е честа за нас, другари, тука во овие диви македонски планини да пиеме и да се насладуваме со чај од татковината на великиот Сталин … - тој ја подигна чашата кон светилката чија светлина трепереше од нерамномерното работење на стариот агрегат и гледајќи на жешката течност со боја на килибар, чекаше да се олади.

По втората испиена чаша грузиски чај, на десетарите кои послужуваа, Захаријадис им даде знак да излезат и рече:

-Другари, да почнеме со работа. Текстот на рефератот за претстојниот петти пленум ви е поделен и денес ни преостанува да го поделиме на соодветни тематски делови. Се разбира дека секој од нас ќе си добие дел што ќе го изнесе на пленумот. Јас, како што ви најавив, дополнително напишав уште еден дел, што според моето мислење, во сегашнава актуелна воено-политичка ситуација на нашата партија и нашето ревелуционерно движење е од голема важност. Предлагам да биде составен дел на рефератот, но како посебна резолуција. Тој дел гласи:

Во Северна Грција македонскиот (славомакедонскиот) народ даде се за борбата и се бори со сеопшт хероизам и самопожртвуваност, со што предизвикува восхит. Не треба да постои никакво сомнение дека како резултат на победата на Демократската армија на Грција и на народната револуција,

македонскиот народ целосно ќе се здобие со национално возобновување така, како што самиот тоа го сака и за да го добие, денес ја жртвува својата крв…

Захаријадис прекина да чита во мигот кога го слушна тивкото кашлање на Барѕотас. Со подзамижани очи и згасната насмевка на усните тој ги мерка присутните. Барѕотас со навелена глава на стегнатите тупаници и со закован поглед во ќошот, се ниша лево-десно. Владас се помести назад и со лактите се потпре на масата, Гусјас потпре брада на левата рака и со десната го трие испотеното чело. Јоанидис има стегнати усни и пишува. Тој прв го прекина молкот.

-Другар Никос, ова што го слушнавме пред малку, морам да кажам, дека за мене е нешто невообичаено ново и изненадувачки неочекувано. Се разбира тоа ме натера веднаш да си поставам многу пршања и мислам дека, барем мене, ми е потребно повеќе време за да го дадам моето конечно мислење…

-Кој друг сака да се произнесе? - Захаријадис го пресече размислувањето на Јоанидис.

-Ќе дозволиш да продолжам? – смирено праша Јоанидис. – Искрено речено, јас би замолил да направиме еден мал прекин. Во меѓувреме текстот да ни се подели. Според мене има разлика меѓу слушнат и прочитан текст…

-Нема потреба да направиме прекин – остро прозвучи гласот на Захаријадис. - Сакате текстот да ви е на хартија, еве го. – Од жолтиот плик што лежеше пред него, тој извади неколку хартии и ги фрли на масата. – Повелете! – подвикна. – Читајте! Еве, сега текстот ви е поделен.

Секој зеде по еден лист и покрај тоа што пред малку го слушнаа од Захаријадис, во продолжение читаа:

Македонските комунисти секогаш се на чело на борбата на својот народ. Истовремено македонските комунисти треба да внимаваат на разбивачките и разединувачките активности што ги правам туѓоземни шовинистички и реакционерни елементи за да го разбијам единството меѓу македонскиот (славомакедонскиот) и грчкиот народ што е само од корист на заедничкиот непријател, на монархофашизмот и на англоамериканскиот империјализам. Истовремено КПГ од своите редови треба од корен да ги отстрани сите пречки, да ги осуди сите големогрчки шовинистички појави и постапки кои предизвикуваат незадоволство и вознемиреност кај македонскиот народ и на овој начин им помагаат на разбивачите во нивната предавничка активност, го поддржуваат делото на реакцијата. Славомакедонскиот и грчкиот народ само обединети можат да победат. Затоа единството меѓу двата народа треба да се

чува како зеницата во окото и постојано и секојдневно да се поддржува и зајакнува.

Јоанидис, кратковид, го доближи листот до дебелите стакла на очилата и, читајќи, истовремено бележеше. Кога на другите им се пристори дека заврши со читањето, тој само за миг го стави листот настрана, погледна кон прозорецот и низ него, се чини, му полета погледот некаде далеку. Нешто запиша, со моливот удри на стаклената чаша и откако виде дека го привлече вниманието на останатите рече:

-Другари јас внимателно го прочитав целиот текст, но не доволно внимателно, се разбира поради краткоста на времето, за да можам да се произнесам за секој дел одделно. Да, се разбира, според мене понудениот текст, може да се подели на неколку делови. Еден дел од текстот мене најмногу ми го привлече вниманието.

Како прво да го земеме делот од текстот што ни го прочита другарот Никос. Го делам на две реченици. Несомнено во првата реченица е содржана, кажана и потврдена целата вистина. Убеден сум дека ниту еден од нас не би можел да даде поумна и помудра оценка од таа што ја даде другарот Никос за придонесот на Македонците или Славо-македонците. Но тоа што кај мене предизвика одредено изненадување и, признавам, тешко недоумение, е втората реченица од која ги изделувам зборовите – “Не треба да постои никакво сомнение дека како резултат на победата на Демократската армија на Грција и на народната револуција, македонскиот народ целосно ќе се здобие со национално возобновување така, како што самиот тоа го сака”. Така, како што е формулирана оваа мисла, предизвикува многу прашања, а едно е најважно. Имено, кај мене недоумение, па дури и сомнеж предизвикуваат зборовите – ќе се здобие со национално возобновување така, како што самиот тоа го сака… Другари, ова е сериозен проблем. Затоа го поставувам прашањето: - дали оваа реченица треба да значи нивно отцепување од Грција? Ако е така, тогаш за да не должам, сакам да ве потсетам на дел од заклетвата на борците на ДАГ која гласи:

“Εγω παιδι του Λαου της Ελλαδας και μαχητης του ΔΣΕ ορκιζομε να πολεμησω με το οπλο στο χερι να χυσω το αιμα μου και να δωσω και την ιδια μου τη ζωη … για να εξασφαλισω και να υπερασπισω την εθνικη ανεξαρτισια και εδαφικη ακεραιοτητα της Πατριδας μου…”

(„Јас син на народот на Грција и борец на ДАГ се колнам дека ќе се борам со пушката в рака, да ја пролеам можата крв и да го дадам и можот живот… за да ја обезбедам и да ја бранам националната слобода и територијалната целовитост на мојата татковина…”)

Јоанидис ги прибра белешките и откако на сите им погледна в очи, праша:

-Дали нашиот борец, нашите воени и политички кадри ќе прифатат еден ваков став? Не е случајно што сум прочитал дел од заклетвата на борецот на ДАГ. Да потсетам – нашите борци и воени кадри се заколнаа дека ќе ја бранат територијалната целовитост на Грција. Другари, кога ова го имаме пред очи – тој со дланката удри на листот – на ум треба да ги имаме и секој вид последници што ќе произлезат во иднина. Другари, јас со најдобри намери само се обидов да поттикнам едно размислување, па оттука би предложил да најдеме некоја поблага формулација што би била поприфатлива. Останатото е одлечно напишано и треба без никакво сомневање да го прифатиме. Се разбира јас воопшто не се сомневам дека другарот Захаријадис предлагајќи еден ваков текст што би бил прогласен на претстојниот пленум и како посебна резолуција за решавање на македонското прашање, не ги согледал сиве овие прашања. Сигурно ги согледал и добро е да веруваме во неговите не погрешни намери. Од мене толку за конкретното прашање…

Захаријадис не предложи друг да се јави за збор. Веднаш почна со излагањето:

-Прашањето е од стратешка, политичка и тактичка цел. За нас најбитно е да ги постигнеме првите две цели. Тоа е најважно. Политичката цел е само парола. Кога ќе ја постигнеме стратешката и тактичката цел, тогаш политичката цел лесно ќе ја замениме со друга парола. Јас за тоа размислував и резултат на тоа мое размислување е текстот што го имате пред вас.

Захаријадис прекина за миг, испи половина чаша вода и продолжи:

-Велам ова е потреба на времето и претставува само парола која утре, несомнено, ќе ја замениме со друга парола. Имено зборот возобновување, во поширока смисла би требало нофитите да го сфатат како право за национално ослободување. А што, пак, треба да значи ова? Дали право на автономија? Но, ако подолу велиме "така, како што самиот тоа го сака", значи и право на самоопределување… на отцепување… Да, ова е суштината на целото размислување. Голем предизвик за нашата партија и уште поголем удар за титоизмот и за македонските националисти и предавници. И во зависност од ситуацијата, пред се политичката ситуација, зборовите што вам не ви се допаѓаат, ќе ги замениме со зборот рамноправност… Лесно, нели? Во таа смисла ќе ги инструираме македонските активисти, пред се партиските, значи членовите на нашата партија, а потоа и нофитските активисти, да не зборуваат за отцепување, туку за создавање своја македонска

држава во составот на една балканска федерација, а грчките активисти ќе ги инструираме премолчено да се однесуваат. Така, другари, во моментот кога ќе ја промениме паролата, целата одговорност ќе ја префрлиме врз грбот на Тито и Колишевски и на тие кои пребегнаа во Скопје… А НОФ, за него ќе проговориме подоцна…

Захаријадис за миг прекина, испи половина чаша вода и продолжи:

-Да не заборавиме дека цели сто и триесет години грчкиот народ е воспитуван во духот на национализмот што најмногу го предизвика, го разви и од него направија национална и државна политика протагонистите на мегали-идеата. Оттука и малоазиската катастрофа.

-Да, но… - се огласи Јоанидис - мегали-идејата баш во тоа време водеше кон ослободување на Тесалија, на Крит и на Епир… Со отфрлањето на вековното ропство кај Грците се ослободија сите сили кои водеа кон ослободување и присоединување на сите територии кои биле населени со Грци. Сега, се разбира, кога ние грчките комунисти го признаваме правото за самоопределување на народите и за рамноправност на малцинствата, таквата ориентација е погрешна и ја отфрламе. Но, тогаш…

Захаријадис со дланката удри на масата и со остар тон рече:

-Имам впечаток дека тука некој сака да ни потврди дека се уште не е ослободен од мрачното наследство на минатото…

-Можеби, другар Захаријадис, е така - промрмори Јоанидис – но како ќе му објасниш на обичниот Грк, кој дома, во црква, во школо и во војска постојано слуша за големото минато на Грција и…

-Што би била Грција без Македонија? – праша Владндас и додаде: - Еден камењар од три страни облеан со море…

-Ако смеам да прашам – прозборе Барѕотас – како треба во поширока смисла да се објасни зборот апокастаси? Разбирам дека може да значи возобновување и обнова. Но што ќе обноват Македонците во грчка Македонија? Тоа за мене значи да … - тој прекина, размислува, се плаши случајно да не употреби погрешен збор и откако ја избриша потта од челото, продолжи: - … ако смеам да прашам дали тоа треба да значи отцепување на Македонија од Грција? Ако тоа е така, јас мислам дека тогаш нашите борци, а најмногу кадрите ќе бидат против… Тоа можеби нема да го изразат отворено, но молчеливо – сигурно…

-Отворено и сигурно и со ангажирање на целиот државен и црковен апарат тоа ќе го изразат нашите непријатели – го прекина Захаријадис. – Речено е – така како што сакаат самите. Јас ќе ви

кажам што сакаат. Ќе сакаат така, како што ние ќе им кажеме. Кадрите на НОФ-АФЖ, кои ќе ги здружиме во една за нив нова организација – Комунистичката организација на Егејска Македонија, која ќе биде раководена исклучиво од нашата партија, не само што ќе ги инструираме, туку и ќе ги задолжиме, во името на партиската дисциплина, да се однесуваат и да размислуваат така како што ќе се однесуваме и ќе размислуваме ние… Ќе го сакаат тоа што ние ќе им го понудиме, тоа што ние ќе им го дадеме. А тој кој нуди, не значи дека и ќе даде, а тој кој дава, не значи дека и нема да одземе… Ако би го зеле предвид - продолжи Захаријадис – сегашното ниво на развојот на националното чувство на секој Грк, независно на која политичка партија, па и идеологија припаѓа, дали е лево или десно ориентиран, мислите ли дека би се согласил барем еден мал дел од сегашната грчка територија да биде одземен? Ние Грците, во основа меѓу себе сме многу кавгаџиски народ. Но, кога се работи за Грција, тогаш ние сме една тупаница. Знаеме меѓу себе многу да се караме, но исто така знаеме брзо да ги заборавиме сите навреди кога се работи за судбината на Грција. Не познавам друг таков народ… Ете, тебе да те прашам, Гусјас, би се согласил ли нашата Македонија да биде отцепена од Грција?

-Па… јас Никос, целосно го поддржувам твојот став. Значи ја поддржувам логиката на твоето размислување…

-А ти, Барsотас?

-Јас, Никос, што и да речам, тоа ќе биде само цитирање на твоите зборови…

-Се наоѓаме во идеолошка битка, повеќе би рекол во конфронтација. Биеме на два фронта: тука пред нас со оган, а зад нас со идеологијата. Која е пожестока? Таа што ќе остави подлабоки траги и подалекусежни последици. Втората е беспоштедна, бие со сите средства, не жали, жртвува се и не брои. Не лекува рани, ами ги проширува, крвават сега и ќе крвават утре и без престан ќе водат во пораз. Никогаш не дава ниту можност ниту време за мир, за договор, за дијалог, ами беспоштедно уништува се пред себе. Мислата со мислата се бие и никој крајот не им го знае. Тој кој ќе победи веднаш ќе создаде диктатура и тогаш тешко на поразениот… Во свеста на секој кој и најмалку се бави со политика, преовладува убедувањето: - ако сакаш да владееш – тогаш скарај! Вие готови сте да ме обвините дека премногу права им се дадени? Да. Тоа е точно. Меѓутоа, вие воопшто не ги гледате резултатите. Прво – со тоа доведов до тоа, што таканареченото НОФ-итско раководство го разбив. А знаете како? Многу лесно. Би рекол ништо полесно. Ми дојде еден од нив и ми вели:

-Другар Захаријадис, знаете тој и тој така и така прави. А јас го слушам внимателно, се правам дека сум многу загрижен, му признавам дека е во право, го пофалувам и на крај му велам:

-Знаеш, другар, со тоа што ги изнесуваш овие многу важни прашања, ти си покажал голема партиска и револуционерна свест и храброст и потврдуваш дека целосно си предаден на идеалите на нашата борба. - Човекот просто се топи. И довршувам со овие зборови: - Добро би било тоа што ми го кажа да го напишеш. Еве ти хартија, седни и напиши го тоа што ми го кажа. Потоа јас го повикувам набелениот и му велам: - Знаеш, другар, тој и тој за тебе рече така и така. А тој ми вели: - Другар Захаријадис тоа е лага. А јас му го подавам листот и му велам – читај. А тој: -Ама ова е лага, ова е клевета, не е вистина, другар Захаријадис. – А јас му велам: - Ако држиш до тоа дека не е вистина, демантирај. Еве ти хартија и напиши. И така, другари, еден со друг се клеветат, се плукаат… Така се прават тие работи. Учете. Ќе знаете. Сега тие не се трпат ниту со тие кои останаа внатре, значи во Југославија. Гоче-Керамиџиев, заминаа и не се вратија и од тоа не правам трагедија. А знаете зошто? Прво, затоа што јас се согласив да одат, а се согласив затоа што тие тука не ми требаа. Многу се мешаа во војската. Второ, затоа што тие како политички и воени активисти јас сакам да се скарани со овие што ги имаме тука. Практично од нив сега нашата борба нема никаква корист. Тие за нашето движење се мртви. Само штета ни носеа и пред тоа и сега, се разбира. Од нивното присуство тука можеме да имаме само штета. Вие знаете дека тие со своите активности направија голема штета. Некој ќе праша зошто не ги апсевме, не им судевме. Не го направивме тоа затоа што тукашното население, ендопјите, ним тогаш им веруваа. А тие, Гоче и Керамитчиев тоа добро го знаеја и го користеа. Значи ние би направиле уште поголема штета. Така, нека си седат таму во Скопје и знаемно нека се јадат и клеветат. Утре уште повеќе ќе се клеветат. Целиот славомакедонски народ е во планина.

Му ги собраме децата и ги испративме таму каде што ги испративме. Сега овој народ се бори само за гол живот – просто да остане жив. Малку е жалосно, ама тоа е вистината и стварноста. И знае што го чека, ако не се бори. Оттука и големите дезертерства. Знае дека ако ја изгубиме борбата, тогаш се ќе изгуби. Буквално се. Затоа се свесни и затоа така жилаво се борат. Морам да признаам дека со правата што им ги дадовме, им помогнавме да ја разбијат својата национална свест и чувството кон слободата. За жал, колку повеќе национално се освестуваат, толку повеќе се шири јазот меѓу нив и Грција. А Грција е и овој дел кој тие го нарекуваат Егејска Македонија. Сакаат да го одделат? Да го

приклучат кон Тито? Ке изгубат. Грција никогаш не се предава, никогаш не умира! А цената е нивниот живот, нивните деца, нивните имоти. И најпосле тие веќе и немаат што да бранат. Погледнете: наоколу се е уништено. Илјадници испогинаа, ги собравме и ги сместивме во логори во Албанија, децата им ги одлачивме и кој знае кога и во какви услови ќе се сретнат. Можеби така ќе ги воспитаме да се срамат од своите родители, од својот род. И треба да ви кажам дека и покрај се, треба да им се признае дека покажаа нечуени примери на хероизам, им се восхитувам и на старите и на младите. И ако некој е голема жртва на оваа војна и на оваа борба, тоа навистина и единствено се тие. Погледнете со какви пароли оди непријателот во напад: напред против славокомунизмот! Досега не слушнав да се тргнало со парола – напред против грккомунизмот. Зарем тоа не ви зборува нешто? Од чисто човечка гледна точка, другари, тоа што сега им се случува и не само сега, тоа навистина е нивна голема човечка и национална трагедија и треба длабоко, искрено и човечки да жалиме сите ние што се најдовме лице в лице со нив во еден ров, во една земјанка, во една болница…Тоа е поединечна и колективна трагедија. Без нив нашето движење не би можело не само да се развие, ами и не би можело ниту еден ден да опстане. Нашата партија во оваа смисла одлично работеше и секој партиски активист чесно си ја изврши својата задача. Сите материјални и живи сили и теренот и што ли уште не, овој народ ги стави во олтарот на нашата борба. Ете, другари, зошто се согласив да постои НОФ и најодговорно велам дека НОФ и сите други беа нужно зло. Кој тоа не го разбира, тој не ја разбира и нашата борба и иднината на Грција…

Прекина. Барѕотас со целата шепа покри уста и почна да му шепоти на Влhistoriandас:

-Никос е во право. Точно е тоа што го вели. Јас ги запознав тие луѓе… Кротки, мирни, стрпливи, издржливи во најтешките маршеви, во жега и студ, глад и жед и послушни и верни. Одлични борци. Способни за се. Ако имаат некакви далечни корени со старите Македонци, за што многу се сомневам, тогаш не е чудно што се такви… Да беа под оружје многу, да речеме едно стотина илјади во нашите редови, би можело да се тргне во освојување на Атина…

-Ајде, де … - Влandас наместо да му одговори на Барѕотас, му упати на Захаријадис.

-Ако е така, тогаш понатаму што ќе го мобилизира славомакедонскиот народ?

-Како што? Ветувањето дека ќе има слобода, национална слобода, рамноправност… Кога сме при ова, сакам да подвлечам

дека тоа малцинство се уште целосно не е вклучено во оружената борба и народната револуција. Голем број во рамничарските села на Леринско и Воденско се наоѓаат надвор од редовите на ДАГ. За да ги привлечеме, а уште повеќе да го ангажираме НОФ-АФЖ во нивната мобилизација, е потребно да ја фрлиме оваа нова парола со која ќе го прогласиме патот за нивното национално возобновување. Што значи ова? Со ова Славомакедонците ќе ги мотивираме понастојчиво да се борат, да престанат дезертерствата, а на националистичките и шовинистичките отцепници и дезертери кои се сокрија во Скопје и ја имаат поддршката на тамошните органи, ќе им затвориме усти…

-Дали тие таму, во Скопје ќе престанат да ни се мешаат во нашите работи и да го поддржуваат НОФ за кој сте се согласиле да се формира?... –дофрли Гусјас.

Захаријадис одвај видливо се насмевна и тивко рече:

-Фактите зборуваат поинаку. Јас не се согласив да се формира НОФ, туку го признав и за тоа имаше многу причини. НОФ беше формиран додека траеше окупацијата. Тие се бореа во редовите на ЕЛАС, но имаа и свои организации, па дури и свои единици. Тогаш каде беше партијата за да ги спречи? Другари, ќе дојди време кога пошироко ќе го објаснам и ставот за НОФ, а посебно моето мислење за раководството на НОФ. Тоа е една од најголемите грешки на нашата партија, грешки кои врз решавањето на националното прашање фрлија или наметнаа подруга сенка. Состојбите, вчерашните и денешните, не натераа да прифатиме еден таков приод каков што прифативме. Лично сум убеден дека без НОФ и АФЖ, без нивната работа меѓу македонсите маси, без нивното целосно ангажирање во мобилизацијата на македонската младина во редовите на ДАГ и македонското население, кое претставува голема логистичка сила, не би можеле да продолжиме со нашето движење. Благодарение на НОФ успеавме да ја подигнеме целата младина и целокупното цивилно население. Дадоа од себе се, макаршто ние, како партија, цениме дека НОФ е грешка. Што можевме? Фронтот, слободната територија се наоѓа на територија населена со славомакедонско население и токму таа претставува стратешка точка заедно со Грамос што делумно е изгубен.

Славомакедонците се трудољубиви, кротки, љубезни, идолопоклонички ропски… Не знаев па дури и не претпоставував дека можат да бидат достоинствени и храбри до лудило. Не се жалат на наметнатата судбина. И види, бога ти, овој народ даде се, голем број борци од неговите редови покажаа беспримерен хероизам. Си мислев, овие прости, кротки, тивки, сиромашни, истоштени од работа и од терор мали луѓе, се создадени само за да

бидат робови. Се излажав. И можеби величината на нашата партија е во тоа што ги открива таквите народи и ги поттикнува за да го најдат патот кон својата слобода и достоинство. Ама што зборувам јас. Па тие кои сега се во редовите на ДАГ, тие се внуци на се уште живите илинденци. Замислете каква иронија! Нивните родители, кога избувна илинденското востание биле деца. Да. Деца. Некои помали, некои поголеми, а некои родени во пламенот и чадот на востанието. Исти како децата што ги испративме во земјите со народна демократија. Убеден сум дека тие длабоко се задоени и од своите дедовци и од своите родители од кои некои живо го памтат Илинденското востание, а други го знаат од своите дедовци и баби директни учесници. Би можел да речам дека среќни се тие деца кои растат во пазувите на бабите и дедовците. Јас немав среќа да растам со дедо и баба. Татко ми трговец, немал постојано место на живеење. Јас растев во џагорот на градовите, на дуќаните и ќепенците, во трговските комори и во постојано движење по светот. Видов и слушнав многу и многу избирав во мојата определба. И за овој народ мислев дека е скроен да биде роб…

Се излажав, мислев дека луѓето се прости, неписмени, лековерни, а еден дел од нив ме изненади со неговата преданост кон партијата и нашето дело. И да не го заборавиме и најважното – ние сме во нивните куќи, го јадеме нивниот леб и дури не знаеме тие женички да ги тешиме, да им кажеме еден топол збор за загинатите мажи и чеда освен ветувањата што им ги даваме и паролите за некаква нивна национална слобода. И уште нешто. Моравме да им ветиме и на тие во Белград, ама и на тие во Скопје. Што си мислите дека Лазо нема ум? Тој најдобро знае што сака. Тој ја сака цела Македонија, ама не на начин како што тоа го посака Ченто, кого Тито и него и генералот, како ли му е името, аха, Апостолски ли? Ете, замисли си, ако Тито не би ги натерал да одат на Сремскиот фронт, тогаш што би било?

Паролата на Солун беше веќе фрлена и со неа не живееле само тие таму во Вардарска Македонија, ами и тука, во нашата Македонија и не требаше некоја кој знае колку голема сила, колку голема војска. Во таа состојба во која Грција беше зафатена со сопствените проблеми, а најмногу со британската интервенција, тие сигурно ќе стигнеле до Солун. Кој тогаш го бранеше? Маркос? Ама немојте да се шегувате. Обичен поручник и тоа уште тутуноберач! Тие ќе го дигнеа целиот славомакедонски народ и тоа многу побрзо отколку што ние го сторивме со нашите ветувања. За обеди-нување на Македонија и за Солун никој немаше потреба да ги убедува и да им ветува. Тоа е нивна надеж оставена во аманет од постарите генерации… Солун можеби

немаше да го заземат, ама Лерин, Воден, Костур, Кукуш можеби би ги зазеле, а ако не, тогаш околните планини. Каква морална поддршка, каква историска порака за идните генерации!... А вас би сакал тогаш да ве видам како би размислувале. Тие би ја натерале Грција на преговори. А од преговори секогаш нешто се добива…

-Да, ама тоа за Тито би значело војна на два фронта, а покрај тоа тој ѝ бил послушен на Москва. Тоа не би било по ќефот на Сталин – дофрли Јоанидис.

-Војната и без Тито беше при крај. На Тито му требаше Трст. Словенците притискаа, имаа умни луѓе, јак кадар одреди команданти… -убедуваше Захаријадис.

-Среќа – се вмеша Владас – среќа за Грција што Словенците го побараа

Трст. Тито се фати на јадицата на Кардељ, та затоа Лазо остана со празни раце и бос. Скопјаните да беа малку поумни, понастојчиви и побрзи, Солун ќе ни беше под прашање…

-И ќе ја натераа Атина на преговори… - Захаријадис прекина само за миг, колку за да испие чаша вода и продолжи: - Јас, се разбира, се согласив НОФ и АФЖ да дејствуваат, па дури и со нивни одреди и нивни команданти. Само така можевме од нив да направиме сојузници и целосно да ги мобилизираме. Тоа беше и е нужно зло. Тоа е тактика од делот на нашата стратегија. Мислите дека јас сакам нивната скопска република да е силна? Тоа е спротивно на грчката логика. А која е грчката логика? Тоа што е завладеано да се задржи по секоја цена… Силна македонска република или држава значи слаб грчки север. Јас сум убеден дека Атина и Солун никогаш нема да најдат заеднички збор. Затоа што Атина живее на сметка на Солун. Тоа одамна го разбрав. Ако ние сега би имале сили да го заземеме Солун, Атина веднаш би не молела на колена. Македонското прашање мора еднаш да биде решено, ама така што Грција да ја има најголемата корист. Само така…

Прекина. Стана. Ја отвори вратата од балконот. Излезе. Студен ветер му ја развеа кадравата коса. Се сврте и, покажувајќи на север рече:

-Оттаму најдобро не ни се мисли. И токму затоа јас барам текстот што го имате пред вас да го претвориме во резолуција на петиот пленум за македонското прашање…

Од рацете на Барѕотас тој го зеде испишаниот лист, го дигна над нивните глави и со театрално движење на раката, извика:

-Ова ќе ги натера да размислат тие таму во Скопје. Ете, што им даваме ние на нашите славомакедонци! Зарем тие, Скопјаните тоа не го сакаат? Ние, нашата партија, другари, сега ја почнува реализацијата на единствено правилната парола – рамноправност

на малцинствата со право на отцепување. Никоја друга партија ова не го има направено. Ние ќе бидеме први. Тоа ни личи… И со ова, другари, на Тито ќе му ја спуштам зашто на овој начин ќе ги натерам Скопјаните да мислат и да се замислат дали за нив не е подобро да бидат самостојни, да имаат своја независна држава? Тоа што тие го имаат во Југославија, за нив е малку. Треба да имаат повеќе и тоа треба да им се каже… јаболко ќе фрлам меѓу Скопје и Белград… Сега кога се заострени односите меѓу Тито и Сталин, кога илјадинци гнијат во затворите на УДБА, зарем нема да се најдат такви кои ќе ја прифатат нашата идеја? Ќе се најдат, сигурно ќе се најдат. Знаете ли зошто го затворија Ченто и многу други? Затоа што сакаа обединета Македонија, па макар и во составот на Југославија, ама со многу поголеми права Тие поголеми права, заклучно со правото на самоопределување, па дури и до отцепување, така ќе објавиме, денес со оваа резолуција ние им ги даваме, им ги гарантираме на нашите Славомакедонци. Затоа, велам, дека тие таму во Скопје ќе почнат да размислуваат. Така да знаете…

-Умно, море не, остроумно – рече Владас.

-Убаво смислено , ама…

-Зарем во нашата идеја за самоопределување – ги прекина Захаријадис – тие од Скопје нема да гледаат начин за обединување и самостојност? Па утре можеби и ним ќе им речеме: - Сакате самостојна Македонија? Придружете ни се. А тоа значи ние да ја разбиеме Југославија. А таа тоа го заслужува, бидејќи е вештачка дружава и мора да ја снема. Тоа мене ми го рече Молотов. И да знаете. Тоа што Грција досега не ја изгуби Македонија се должи на фактот што Грција беше сојузник против фашизмот. Ако би се борела на страната на Германија, како што тоа си го присакувале некои мегало-идеалисти, тогаш ќе мораше да плати. А цената ќе беше губење на нашата Македонија.

Не забележаа кога се свечери. Захаријадис погледна на џебниот часовник.

-Другари, за денес е доста. Утре уште еднаш ќе го проанализираме текстот и потоа ќе го закажеме петтиот пленум на нашата партија. Тоа ќе биде важен, би рекол, историски, судбински пленум…

Владас дофрли:

-Содржината на рефератот е одлична, а текстот на резолуцијата за македонското прашање – фантастичен…, а петтиот пленум ќе биле најдобриот воен собир од кој веќе зрачи огромната надеж и ентузијазмот.

На излегување, Владас пред себе го препушти Јоанидис и од полузатворената врата тивко праша:

-Никос, ти навистина сакаш овој текст да го претвориш во резолуција за решавање на славомакедонското прашање? Си размислил ли за евентуалните ризици и последици?

Захаријадис долго го погледна в очи и со сигурен тон во гласот рече:

-Јас сум сигурен дека поради оваа парола многу наши другари кои денес се затворени во логорите и затворите – ќе настрадаат. Таму нив ќе ги прашуваат дали се согласни со резолуцијата и тие кои ќе потврдат, сигурно ќе бидат мачени, можеби и стрелани. Во име на идеалот тие ќе ја прифатат својата жртва и со тоа ќе ја потврдат својата верност кон партијата. А тие кои ќе потклекнат, кои ќе признаат, кои ќе се откажат, по победата на нашето движење, нема да мораат да се оправдуваат. И ние за тоа нема да губиме време. Нив ќе ги стигне судот на партијата. А ти немој да се грижиш… За се сум размислил. Ниту еден ден оваа резолуција ќе нема никакво практично значење. Таа е само тактички чекор во борбата против титоизмот… Ќе видиш дека животот ќе ги потврди овие мои зборови…

# ГЛАВА 6

-Успесите на бојното поле – продолжи Захаријадис откако од тавата зеде големо парче печен преспански крап – посебно битката за Мали-Мади и заземањето на гратчиња во централна Грција, го потврдија нашиот правилен став за создавање регуларна армија. Меѓутоа, и во самиот ЦК на нашата партија се уште постојат сили кои се противат…

Гусјас, со ножот лесно удри на чашата и, откако виде дека сите свртија глави кон него, рече:

-Никос, јас се извинувам што те прекинувам, но, мислам дека твојот став и грижа, кои се став и грижа на нашата партија, се правилни и треба да ги спроведеме до крај. Нам ни треба монолитен ЦК. Ако го сакаме таков, тогаш е време да го прочистиме од сите кои се противат…

-На што? - праша Захаријадис.

- На идејата за создавање регуларна армија и … и отворање фронт…

-Да, токму тоа! – со одобрување подвикна Захаријадис. – Оттука се налага итноста за свикување пленум на ЦК. Јас размислував за тоа и во општи црти ги поставив тезите. Прва теза треба да биде тоа дека основниот непријател и опасност во редовите на КПГ е опортунизмот. Еве, како пример да ги земеме размислувањата на Маркос што тој ги изнесе во неговото писмо. Тој, меѓу другото, пишува дека ако и натаму ќе се придржуваме на идејата за создавање регуларна армија, тогаш ќе бидеме принудени да се браниме и да се залепиме за одредени непријателски позиции, а тоа ќе не натера да се откажеме од енергичната партизанска активност…
Но, другари, нашето досегашно политичко, а пред се борбено искуство, како што истакнав погоре, го докажува спротивното. Маркос не е способен да ја сфати новата улога на ДАГ и со своите размислувања, би рекол, антипартиски ставови, води кон назадување на нашата оружена борба…

Захаријадис прекина и во долгата пауза во која завладеа штама, на сите редум им гледаше в очи. Подигна рака и, покажувајќи со показалецот на неодредена точка, праша:

-Што значи ова?

Полека стана и со одмерени чекори оди околу масата. Тој чекори и молчи. Тоа му е начин соговорниците да ги натера да внимаваат, да слушаат и да одобруваат.

-Другари тоа значи непризнавање на тоа што сме го постигнале на Грамос. Секако, се разбира дека борбите беа тешки и, за жал, го скршија духот на Маркос. Јас го посетив во Тирана. И што видов?

Скелет…Од него остана само скелет. Тотално е скршен. И духовно и физички. Тој е болен. И отворено морам да ви кажам дека тој со своето писмо сака да ни докаже дека од политичка гледна точка драматичните настани поврзани со борбите на Грамос не се резултат на надмоќноста на непријателот и на големите тешкотии, туку се должат на некоја си политичка криза со длабоки корени. Ваквиот став, другари, го задолжува Политичкото биро да изврши анализа на поранешниот борбен пат на Маркос со цел да ги открие корените што го доведоа до ваквиот став. Морам да признаам дека Маркос секогаш беше оптоварен со болното чувство дека партијата го омаловажува и го прогонува. Мислам дека голема  и основна грешка на партијата е што го истакна Маркос за главен командант на ДАГ. Оттука неопходно е да расчистиме со наследството од ЕЛАС, со тоа лошо наследство со кое е оптоварен и Маркос.

Тој човек покрај многуте грешки кои сега излегуваат на јаве и кои треба да бидат осудени, во себе постојано ја носеше партизанштината и со тоа целосно ја расипа партиската линија. На нашето движење Маркос му нанесе голема штета… За овие работи треба отворено да се прозбори, бидејќи само така ќе можеме да ги исчистиме нашите редови од носителите на опортунизмот каков што е Парцалидис и најостро да се поставиме против предавниците и агентите каков што е Маркос и Караѓоргис… Прекина. Не чекаше некој да побара збор, туку само сакаше да види како изгледаат нивните лица, да им погледне в очи, да слушне како дишат. Беше свесен дека зборува за многу важно прашање – го осудува ЕЛАС во чии борби тој не учествуваше. Не е најсигурен дека ваквата негова пресуда тие ќе ја прифатат без приговор, но со тонот на својот глас и изборот на речникот, тој целеше кон тоа неговата пресуда тие да ја прифатат без приговор. И за да не им даде време за размислување, тој продолжи:

-Втора теза треба да биде ова: ослободувањето на Грција и покрај целосната и голема надворешна помош што ја добива режимот во Атина, исклучиво треба да биде дело на ДАГ. Ваквата задача ДАГ ќе може да ја изврши само тогаш, кога ќе биде организиран како силна, регуларна, народна и револуционерна армија. Ова е основна задача и дело на КПГ. Тоа се општите црти. На претстојниот пленум треба да му одредиме конкретна рамка, што значи дека треба да настапиме со реферат во кој содржински мора да бидат опфатени следниви проблеми: прво – состојбата во монархофашистичка Грција, второ – народно-демократскиот лагер и ДАГ, трето – денешната ситуција и нашите задачи, а потоа евентуално како четврто, актуелните политички обврски. Сето заедно со еден општ наслов: Грција на патот кон победата и

решителниот бој. Мислам дека на сите ни е јасно што треба да се каже, нели. Меѓутоа, во делот кој би се однесувал на политичките обврски јас имам една идеја што се уште не ми е разработена, но по некој ден и таа ќе биде ставена на хартија. Јас си земам обврска во текот на наредните десетина дена да го напишам рефератот. Ваша обврска е да го прочитате внимателно и да ги изнесете вашите забелешки и евентуални дополнувања, што значи дека ќе биде прифатен од сите членови на Политбирото, значи од сите нас петмината. Јас си земам обврска да го напишам рефератот. На идната средба рефератот ќе го поделиме меѓу нас. И да не заборавиме. На претстојниот пленум треба да сме единствени и тогаш кога ќе се изнесат различни или спротивни мислења што треба да се очекува од некои членови на Централниот комитет. Само ако ние, мислам на нас петтемина членови на Политичкото биро, бидеме единствени, тогаш ќе имаме монолитен ЦК. И размислете како на најдобар начин да ги исчистиме нашите редови од опортунистите, кои се разбира треба да ги кажеме по име.

Вечерата што почна некаде околу дваесет часот, приврши во доцните мугри.

## ГЛАВА 7

Во полумрачната, студена и влажна земјанка, покриена со три редици дабови трупци и камења, исполегнати на мувлосан папрат, одмораат две одделенија од 103 бригада. Формирани се на вчерашен ден, веднаш по враќањето од изгубената битка.

-Да не се тргнеше маглата немаше да останат обесени на бодликавите жици Јана, Сократис и Панајотис – плачливо и шепоти Циљка на Мита. –Видов како ги фрлија крстовите со динамитот, ама митралески рафал ги врза за жиците, а нас не закова за земја. Јана викаше, молеше за помош, —ама кој да дигне глава? Дожд и лапавица од куршуми…

-А Кире столчен на шинел го носевме и во него остави душа…Уф, што ми е жал… Тука – таа се удри по градите – тука, како грутка ми легна болката… - залипа Мита. –Ете, таму каде што седиш сега ти, вчера седеше тој. Тивок, скоро невидлив, повеќе му се гледаше сенката залепена на ѕидот. Стуткан, со прибрана, речиси стегната брада врз колената, загледан во огнот, си ги грееше вкочанетите прсти. Никој не го забележуваше. Во стројот беше број што го изговараше со потушен глас. Офтика или кој знае каква друга болест, се чинеше, му го имаше испиено гласот. Ете, како што сега спласнува пламенот, во мракот се смалуваше неговата сенка.. Човек седеше наспроти и не гледаш човек, ами сенка. Пламенот го снемува, се нафрла мрак и само жарче болска во него. И го снема. Под земја. Барем длабоко да го снемаше во неа. Студено се слушна кога некој од стројот викна – убиен! Онаму лежи… Командантот ја откопча чантата, извади тефтер, плукна на врвот од моливот и нешто запиша. Не. Повеќе ми се чинеше дека од едниот до другиот крај повлече со моливот. Човекот го немаше во стројот, го снема и во тефтерот на командантот, кој враќајќи го тефтерот во чантата, како да не беше ништо, ладнокрвно рече – закопајте го.

Копавме не по мерка. Копавме за да го закопаме што побргу. Набрзина, двајца за нозе и еден под мишки го подигнавме и го спуштивме. Само лицето му го покривме со парче од полуизгорениот шинел што беше фрлен во трњето и го покривме со земја. Белег не ставивме. И тој како и многу други ќе биде незнаен… Ако останеме живи, некогаш, белки, ќе посакаме да дојдеме на овие места, онака како што се оди на гробишта, да дојдеме за да се потсетиме на другарите од земјанката, од ровот, од болничката постела, да си поприкажеме, како што сега ние си прикажуваме… -Мита прекина.

Циљка тивко замоли:

-Зборувај… Зборувај, вели нешто… Зборувај… помалку мрак ќе има во земјанката и во нашите души и мисли. Зборувај нешто.

-Ако комесарот - продолжи Мита – одржа говор. Убаво зборуваше, а јас додека го слушав, се прашував – зошто на човекот не му се кажува каков е, што е и колку вреди додека е жив? Зарем треба да погинеш за да те откријат другарите, старешините, да ги откријат сите добри особености. Никој не зборува за слабости, кога некој си оди… Фрливме врз него две-три педи земја и таа ги покри сите негови слабости, сите негови кривовштини. Човекот треба да го снема за да биде очистен од сите зла и пороци. Само тогаш е чист. И си мислам – зарем треба и е потребно да се застане крај гробот за да се слушне и дознае кој и каков е тој, кој лежи во него? Зарем е толку тешко, додека е жив, да му се рече – ти си тој и тој, таков и ваков… Зарем ова не докажува дека додека сме живи не се почитуваме, одбегнуваме од нас да зрачи топлина? И сега, ете, седејќи покрај огнот во оваа влажна земјанка, се ми се чини дека тој седи таму во ќошот и дека, иако секогаш му студеше и прв седнуваше за да се стопли, од него зрачеше топлина. Еднаш, кога му реков дека неговите дланки се најтопли, тој тажно се насмевна и небаре засрамен, ми рече – мене секогаш, мене секогаш ми студи… Неговите дланки ги прибрав во моите и колку што можев, долго ги топлев, дувајќи во нив. Во еден миг ми се пристори дека спие… Навалив усни до неговото уво и тивко го прашав – спиеш? – Не – рече – гледам во огнот… -И што гледаш? – Гледам леб, многу, многу леб гледам…

-Смири се – моли Циљка. Таа со половината од својот шинел го покри голото рамено на Мита и, дувајќи во нејзините замрзнати дланки, рече: - Од нашиот вод останавме седум… Извлековме само двајца ранети. Другите сигурно таму ги скамени студот…

Мита и Циљка веќе десетина дена пак се заедно. Од болницата во Елбасан Циљка се врати во стројот пред две недили, а Мита осмиот ден по враќањето од болницата во Корча, влезе во бој. Циљка се превиткува од болки во плеќите и десниот колк. Ја болат и потсечените прсти. Во болницата и рекоа дека ќе има болки кога ќе надоаѓа лошо време. Сега таа ги трпи и болките и лошото време. Од левата веѓа долж образот па се до брадата Мита има вдлабната посекотина покриена со кафеав струп. Од двете страни – зацрвенети дамки. Тоа се белези од конците. Тие и другите во земјанката лежат стуткани тело до тело. До Мита, навалена е Маре. Се тресе, заб удира на заб. Во единицата е веќе два месеца. Од ланската до оваа есен таа со стотици постари мажи и жени и недораснати девојки и момчиња (оние до дваесет и нешто години веќе беа на прва линија), во смени пренесуваше оружје и храна. Наутро, во Преспа ги преземаа товарените коњи и мазги и во долга

колона наредното утро стигнуваа отаде Аљавица. Кога таму завршија борбите, Маре наполни шеснаесет години и некој месец. Полна и височка. Тие од НОФ-от и од АФЖ-ето рекоа дека не и личи да се држи за коњски опаш, туку време и е да прави нешто подруго. Ја собраа и ја пратија во партизанската болница во Граждено. Таму три месеци негуваше ранети, научи да запира крв, да преврзува и да пренесува ранети. Со нарамена торба со знакот на црвениот крст ја распоредија во борбена единица. Сега Маре навалена до рамото на Мита, трие натечени нозе и излижани петици од тешките војнички цокули. До неа Трајанка и натаму Илија, Митре, Крсте, Кољо и уште седум момчиња и три девојки од костурските, леринските, епирските и тесалските села. Меѓу нив и Јанакис, триесетгодишен зборлест и весел маж, кој за себе вели и повторува дека во цивил бил пристанишен и бродски работник-пролетер и убеден морнар-комунист. Сака да раскажува и покрај тоа што неговото зборување честопати го расечува избувлива, долга, сува и задушувачка кашлица. Заедно со неговите зборови од споевите на дебелите дабови трупци рамномерно капат големи капки матна вода и на дното на земјанката создаваат мали вирчиња.

Тој е последниот од оние триесетина пристанишни и бродски работници кои ги донесоа во бригадата по завршувањето на големите борби за Грамос. Специјално обучени емисари ги ловеа во евтините француски и италијански пристанишни кафеани и хотели, на пристаништата во Одеса и Гдањск, во Констанца и во Варна, во Риека и Сплит, ветувајќи им дека ќе бидат пратени во Советскиот Сојуз и во земјите со народна демократија каде ќе завршат воено-морнарички академии и дека во нова демократска и социјалистичка Грција – им велеа – нема да има место за капиталистичките капетани и адмирали, за децата на богаташите; дека нивните места ќе ги заземат тие – децата на доковите и на сиромашите и валкани предградија. По канали, што тие не ги знаеја, ги носеа во Преспа и по двонеделна воена обука ги распоредуваа по единиците во македоските планини. Тука, во Македонија ги донесоа и им рекоа да се борат против империјализмот и домашните слуги, чиниш таму во Румели, Пелопонез и Крит и други делови на Грција, слав бил противникот, та срамота било такви јунаци таму да се бијат. Ги донесоа во Македонија за да бидат пример за тукашните непрокопсани селски момчиња и вресливите – чупрес – така ги викаа македонските моми под оружје и на прва линија, посебно тие, кои беа дојдени од Булкес, тие поранешните водници, потпоручници и поручници на кралската војска, тие наречените капетањос на ЕЛАС. Сега тие, со мали исклучоци, се команданти

и комесари на ДАГ и нема нешто што не знаат. Нив, бродските и пристанишни работници, ги влечеа од единица до единица, однапред најавувајќи:

-Аврио сто тмима сас та ертун и нафтергатес. (Утре во вашата единица ќе дојдат пристанишни и бродски работници).

Им создадоа големо име, уште невлезени во бој, ги направија херои и така одејќи од единица до единица, од команда до команда, тие со себе носеа големо име, та затоа со големо нетрпение ги чекаа тие, прекалените борци, да ги видат и да им се изначудат на тие јунаци и херои на работничката класа кои толкав истоштувачки пат поминаа за да стигнат во планините на Македонија.

Оние триесетмина кои ги распоредија во 103 бригада, оставаа впечаток дека се уште мирисаат на морска сол и далечни краишта; мирисаа на море, на бакалар сапун и женсковина од евтин бордел. Беа се, освен – борци. Брзо губеа здив и при најкраток марш остануваа на половина пат, се плашеа од шумите и од мракот во нив, за време на кратките одмори си ги триеја отечените нозе, дуваа на петиците излижани до коска и пцуеја на многу јазици. Први беа во раскажување и фалење. Морињата кафеаните, таверните и борделите беа само нивни. Рововите, бункерите, минските полиња – на селските деца од Костурско, Леринско, Воденско, Кожанско, Гревенско, Тесалиско, Епирско… Устите полни ласкави зборови со што ги придобиваа погледите и насмевките на девојките наспроти грубите и непрокопсани селанчиња, на кои одлика им е јунаштината и храброста во бојот, издржливоста во маршот, студенилото, дождот и гладот. А беа најфалени од високата команда, високите комесари и тоа по примерот на водачот кој ги нарекол: протопори стон агона, протопори тис ергатикис таксис ќе тис пролетаријакис епена-стасис – првенци во борбата и првенци на работничката класа и на пролетерската револуција, која допрва треба да ја почне откако овие селски чеда ќе го совладаат англоамериканскиот импиријализам и монархофашизмот. Така проповедаа тие, комесарите, извршувајќи ја наредбата на водачот. Во име на водачот им донесоа мандолини, бузуки и гитари и секогаш на кратките починки – свиреа. По наредба се играше и пееше до умор. Задолжително сите на оро за да им биде весело и да не им останува време за да мислат. А тие, работничките првенци, убаво свиреа и тоа во времето додека беа во единиците им беше борбена задача. Со најголемо задоволство свиреа ребетико, сиртаки, а најмногу тажни песни за мачната морнарска судбина разнебитена по морињата и белиот свет. Свиреа и, тивко потпевнувајќи, скоро плачеа од мака. Тоа лошо влијаеше на борбеното расположение, та

некој од горе дојде, им се изнавика на помалите комесари и забрани да свират песни кафеански и меански, туку само борбени и револуционерни.

-Ма ден та ксеруме! – се жалеа. (Не ги знаеме)

Комесарот на водот, дваесетгодишно момче од Преспа, кое одвај го знаеше грчкиот јазик, со преспански изговор и акцент им викаше со заканувачки тон:

-Кератадес – викаше – та та матете. (Рогоносци –ќе ги научите). За него не беше важно каде паѓа акцентот во грчкиот збор. Тој тераше по свое, на преспански.

Се чувствуваа навредени. Кога слушаа македонски говор, меѓу себе се прашуваа:

-Ма едо ден ине Елада (Зарем тука не е Грција?)

А кога ги слушаа македонските песни, лесно удирајќи на струните, велеа:

-Оморфа поли оморфа трагудја. (Убави, многу убави песни).

Четниот комесар-воспитаник на Булкес, а пред тоа коњоводен на некој капетањос, подбивно загледан во Преспанецот, прашуваше:

-Од каде се донесени струните? Од Битола или од Скопје?

Комесарот – Преспанец намуртено, под нос:

-Од на мајка ти руното… - И по кратка пауза рапортираше: -Се разбира, другар четни комесар, од Русија…

И свиреа “Елоно моме”, “Млада партизанка”, “На Вичо планина”, ,,Во борба, во борба”. И одново навраќаа на оние таговни морнарски песни. Тие, пловејќи по морињата и сретнувајќи се со илјадит народ, научија да не прават разлика меѓу луѓето. Брзо ги засакаа овие момчиња и девојки, се зближија со нив и не им беше тешко да научат и по некој збор од нивниот јазик. Не правеа разлика се додека комесарите не почнаа да ги подучуваат дека треба да се зачленат во партијата. Ги обработуваа со денови и ним им се чинеше дека некој сака да им ја помрачи ведрината што во себе ја носеа од морињата и од туѓите поднебја, да им ја помати смеата, мирисот на морето и топлината на жените од секаде. Се чувствуваа како орли во кафез. Органичувањата, на кои не беа навикнати, им личеа на затвор, на кафез во брод. Знаеја да готват, да перат, да крпат, часовник да поправат, шеги по цели денови да раскажуваат, да пеат и да пцујат на многу јазици, казаните до усвитеност да ги измијат, ама кога се одеше во борба, стануваа тажни, овенуваше нивната насмевка, личеа на изнаводенети и осамени мачори; во нив се губеше целата морнарска храброст, се губеше човекот. Не ја сакаа војната. Го сакаа и го ценеа трудот, искреноста, смеата, песната, ведрината. Правеа се, работеа се што ги научи бродот, пристаништето,

морето, светот. Го засакаа планинскиот воздух и росата врз тревата планинското цвеќе, планинските изгреви и заоди на сонцето, ама се чувствуваа како во кафез, бидејќи планините им го стеснуваа светот, се плашеа од шумите и од мракот во нив, тагуваа по морската шир, по велеградскиот џагор, по кафеаните и таверните, по жените кои ги чекаа во светските пристаништа. Во студените ноќи и утра им недостасуваше румот и вискито и ударот на солениот морски ветер. Зборуваа за банани, ананаси, урми, портокали, авокадо, за животот на бродовите и по морињата – животот горчлив, мачен, чемерен и осаменички. Сакаа се да земат од животот и го сакаа таков, каков што го знаеја по морињата и пристаништата освен да одат во бој. Беа навикнати на обврски, одговорност, трудољубивост, на слобода, но не и подготвени да гинат во планина. Знаеја колку и за колку да работат. И сакаа да имаат време за себе, да го поминат онака белосветски, без наредби и органичувања. А тука се е поинаку. Стани, строј се, легни, напред, јуриш, чисти, пеј, играј, извршувај, слушај и не мисли. Како што другите сонуваа леб, топли алишта и мирен сон, така тие го сонуваа морето, пристаништата, доковите, бродовите, кафеаните, борделите. Од големата тага кон тоа што за нив беше живот, а сега веќе остана само мечтаење, се роди и болката за дома. На бродот – велеа – многу се тагува, ама тука во планините, уште повеќе и тоа е што најмногу боли. Најмногу тагуваа ноќе. Ноќе се жалеа - студено и несито – и еден по еден ги снемуваше во позадината. Се снаоѓаа така, како што ги беше научило морето, пристанишниот град, кафеаната, таверната и животот на копно со сите негови пороци. На почеток пуштаа рака и по девојките, ама откако некои поради тоа беа изведени пред воен суд и стрелани, дури тогаш и високото началство виде колку е часот. Срамотата побрза да ја сокрие во позадината, ѓомити таму беа потребни образовани, искусни кадри. Зборлестите, дрдорковците и пробисветите – брзо успеаја да се испикаат во интендантурите, печатниците, кујните, магацините. И таму, во топлите земјанки, чисти и сити, некои други комесари, кои повеќе мирисаа на колонска вода, отколку на барут, ги воведуваа во тајните на пролетерската диктатура. Далеку од влажните земјанки и ровови беа весели и бучни до ниедно време во ноќта. Се смируваа заедно со штурците кои заспиваа во потсушената и подгорената трева и на разден се будеа заедно со славеите распеани во збитолистот. Од болка беа скршени кога на носилки ги гледаа ранетите момчиња, а најмногу ги болеше кога гледаа ранети моми. Скришум липаа и гласно пцуеја. Во кругот во кој се движеа во пцуење им немаше рамни.

Во четата остана само Јанакис. Тивок, прибран, замислен, честопати повлечен. На неговото лице секогаш има разиграна, ведра, блага, питома и добродушна насмевка, која одвај видливо цути и топло се разлева и легнува врз неговите образи и крајчињата од устата; растреперена надвиснува на усните и кај секого предизвикува доверба. Во неговите очи неретко тоне безбрежна, безутешна, неизмерливо голема тага која навејува болка и уште повеќе расте кога тивко, колку за себе, потпевнува за мајката и љубената мома.

Во овој грд и валкан свет само неа, мајката, тој само неа ја има и му се чини дека само со песната може да ја преболи својата безутешна тага. И овие, кои сега во земјанката лежат покрај него и тие, во другите земјанки, го засакаа. Не еднаш му додаваа од своето парче леб, го ставаа поблиску до огнот, го преземаа неговиот ред при чување стража, му го носеа ранецот наполнет со муниција. Неговите раскажувања за далечните земји и луѓето во нив, беа полнење на празнините во нивните скудни знаења за светот.

-А виде ли некој од вас море? – Јанакис продолжи да раскажува. – Ах, море, море… Беспределно е, сеопфатно и во него, се чини, човекот е ништожен, ама и покрај тоа тој владее со него. Кога небото го покриваат облаци тогаш е црно, кога небото е ведро, тоа е лазурно, сино, има боја на челик, на сафир. Облаче ли ќе се појави, во водата се огледува, со неа се движи. А кога ветришта поддувнуваат, тогаш е гневно, грозно, незауздано, разјарено, разбечето… Баш тогаш е да си на море. Токму тогаш се потврдуваш себе, се бориш со него, му пркосиш, му се смееш в лице, го држиш во стегите на својата волја. Ех море, море, знае да е диво, да рика како ранет ѕвер, да бучи и кога полека се смирува, тоа се спитомува и мислиш нешто ти шепоти. А ветришта нови штом поддувнат, знае да дигне бран бистар и модар, сребрен, бел како волна, зарикнат и грмежлив, долг и висок… Ех, море, море… Кога се смируваат ветриштата, тогаш се смирува и бранот, се напластува еден врз друг, са развлекува, едниот гори друг и лесно се разбива од брегот… Распенет се враќа во пазувите на бранот што надоаѓа и смирено се тркала кон брегот, раскажува нешто недораскажано, шепоти, шумоли тивко…

Јанакис прекина за миг. Држејќи се за градите, тој долго и непрекинато кашла. Брише пот од челото. Некој излезе од земјанката и не го спушти ќебето. Низ тесниот отвор се гледа замаглениот рог на месечината. Далеку, за миг, на небото се обеси црвена ракета и, гаснејќи, го врати мракот. Во очите на вслушаните светка и одблеснува пламенчето од огништето и на

ѕидовите разнишува сенки. Јанакис се навали на влажниот ѕид, длабоко воздивна и продолжи:

-А ноќе, кога небото е ведро, тогаш морето везеница – бисерница од ѕвезди. Се движат тие, се напластуваат, ту болснуваат, ту се губат и само за миг се смируваат, а потоа трепераат во благиот морски бран… Горе ќе погледнеш – ѕвезди, долу ќе погледнеш – ѕвезди, на дофат на раката – ѕвезди… Горе ѕвезди, долу ѕвезди, а ти меѓу нив… Мижуркаат тие, ѕвездите де, трепераат. Понекогаш некоја ќе се откине од небото и ти се чини дека излегува од морето и лета кон небото… А кајчето рибарско, плови, го расечува небото, ги разделува ѕвездите, ја преполовува полната месечина. А водата позлатена од месечината, ако ја допреш ќе ти се пристори дека ти бакнува рака. А на брегот, слушаш, некој свири на мандолина…

Јанакис прекина. Неговиот глас се изгуби во долгата кашлица. Во мракот не ги гледа очите на другарите кои се вперени во него. Ја исплука кашлицата и по сегна по мандолината потпрена на ѕидот заедно со автоматот. Лесно и нежно ја пригушна, ја потпре на левото колено. Прстите галежливо и трепетливо ги допираат струните, кротко легнуваат врз нив. Затреперија и во земјанката разлеаја тажновина и песна без зборови, која жалосливо реве, разнежува и најтврди срца, кај едни истиснува тивка и длабоко скриена момина и момчешка издишка, а кај други врз образите стежнува солза на болка, горчина, возбуда и тага…

Јанакис тивко удри на струните и прекина. Во земјанката висат звуците на мандолината. Некој испушти длабок издив, на неговото рамо се навали нечија глава. Испрекинато момино дишење. Почувствува како на неговата рака капна нешто топло и полека се оладува. Подигна десна рака и врз струните се разиграа прстите. Развлечено, па раскинливо и потоа собрано во едно долго и гласно треперење, кое за миг се раскинува и превиткува, се стресува, грмнува и полека некаде се губи. Се чини дека сите ја почувствуваа бурата во морето што го немаа видено и бурата во своите души… За миг прекина и кога одново почна да свири, залиптија звуците. И наеднаш замолкна мандолината, небаре со остар нож некој го пресече звукот и место него, гласот на Јанакис:

-А кога шеташ по брегот, под нозете шушти песокот, крцкаат бели и измиени камчиња, а водата мирна, толку е мирна и кротка што те тера да ја погалиш… А ја погали ли, ќе почувствуваш како дланка нежно ти лижи… Да… - рече тивко. Неговиот глас потона во глув, потиштен и кобен молк…

***

Четниот комесар го подигна крпеното ќебе обесено над влезот на земјанката и, светејќи со батериската ламба, го прекина молкот. Од офицерската чанта извади дебела измастена тетратка, преврти неколку листови и рече:

-Од командата на бригадата се забележани некои слабости и тоа најмногу тогаш кога маршираме во колона. Се разбира нас не чекаат уште многу маршеви било дење или ноќе, та затоа командата изготви одредени правила. Но за да не должам, подобро е јас да ви ги прочитам, а потоа мојот курир ќе подели по едно ливче на секое одделение. Вие заедно со вашиот старешина убаво ќе ги проучите и, се разбира, да ги запаметите. Слушајте внимателно. – Со батериската ламба ја осветли хартијата и почна да чита:

-Ако секој борец помогне добро да се одвива маршот, тогаш и тој многу нема да се измори и нашата цел ќе успее. Второ: кога се движиш во колона, не треба да оставаш празен простор, бидејќи колоната се отвора и се прекинува. Трето: ако мракот е многу густ и пред себе не гледаш, тогаш на плеќите на тој кој е пред тебе закачи парче бела крпа или фати се за неговиот шинел. Четврто: за време на маршот не разговарај дури и не шепоти, немој да пушиш, немој да ја запалиш батериската ламба, бидејќи можеш да направиш голема штета. Петто: не излегувај надвор од колоната без дозвола на старешината или на политичкиот комесар, не оди по вода или по нужда или малку да одмориш, бидејќи ја прекинуваш колоната и тогаш и себе си и соборците ги изложувам на опасност. Шесто: добро товари го добитокот. Пред да тргне колоната, провери дали добро лежи товарот. Ако добитокот наиде на тешкотии, помогни му да ги совлада. Ако тој падне, тогаш ти најмногу ќе се измориш, ќе го измориш и него и ќе ја пресечеш колоната. Седмо: добитокот не го оставај да пие вода, бидејќи колоната ќе се пресече. Ако некој добиток падне, тогаш веднаш тргни го настрана, за да може да помине колоната. Потоа одново товари го и залепи се за колоната. Добитокот терај го да оди со иста брзина како и колоната. Осмо: спрема тие кои ќе се изморат и ќе заслабнат во маршот, покажи голема солидарност, помогни им, окуражи ги. Деветто: за време на маршот рацете треба да ти се слободни за да можеш во секое време да го употребиш оружјето. Десетто: пред да тргнеш добро стегни ги цокулите, во ранецот добро смести ги другите работи. На овој начин рацете ќе ти се слободни, полесно ќе чекориш. Единаесетто: кога на пат ќе ти се најди некоја пречка, не застанувај да ја гледаш. Прескокни ја без колебање за да не ја забавиш колоната. Дванаесетто: ако во текот на маршот слушнеш истрели, продолжи да одиш без страв. Командата на колоната ги има преземено сите мерки. Но ако од

командата добиеш наредба да се спротивставиш на противникот, тогаш тргни брзо и одлучно.

-Ете, другари борци, тоа е се што сакав денес да ви кажам. – Комесарот ја стави тетратката во офицерската чанта и ја напушти земјанката со поздравот - Сите на оружје – се за победата.

Земјанката молчи. Долгата, длабока, мачна и злокобна тишина ја прекина Мита:

-Па, од тоа што ни отпеа политичкиот, треба да разбереме дека нешто се готви… Така ми сечи умот. Што ден сме денес?

-Шеснаесетти декември. Се уште сме во 1948 и осум дена пред Божик – рече Кољо.

Мита го облече се уште водениот шинел и, наведнувајќи глава за да не удри на нискиот таван на земјанката, излезе. Со дланката засенчи лице. Од полузамижаните очи снежната белина и исцеди солзи. Се до каде и фаќаше око беше покриено со снег. Очекори и ногата до колено ѝ потона во снегот.

-Излегувај! Строј се! – кратка и остра наредба изречена со одлучен глас се разлеа пред земјанките и бункерите.

- Строј се! – наредуваа командантите на четите и водовите.

- Строј се! –одекнуваа наредбите.

Мита во два скокови се врати во земјанката и викна:

-Станувајте! Зарем не слушате?!

-Што е?

Мита не стигна да одговори. Нагло, со силен замав командантот на четата го оттргна крпеното ќебе што место врата беше обесено на влезот во земјанката. Викна:

-Излегувај надвор! Строј се!

Построениот вод, заедно со командантот, осумнаесет души на број од кои седум девојки, тргна кон рамнинката каде се постројуваа четите. Цијљка одеднаш застана, се сврти и брзо се стрча кон земјанката. Фрленото ќебе го зграпчи и, виткајќи го во ролна, го префрли преку рамо.

-Што ќе ти е тој партал? - праша Мита.

-Молчи! Ќе притреба…

-Нели реков јас, дека од тоа што ни отпеа политичкиот треба да разбереме дека се готви нешто големо?

-Прекини! Не разговарај во стројот! – викна водникот.

Рамнинката ја исполнија водовите, веќе построени во чети.

Исправен и во исчекување стои баталјонот. Од остриот зимски ветер – поцрвенуваат образите, студенилото штипи уши, под око замрзнува исцедена солза, во цокулите, под стапалата – лазат мравки.

-Другари борци и боркинки! Здраво! Слободно! Застанете во полукруг. – Тоа е гласот на командантот на баталјонот. – Денес ќе

одиме на долг марш. Патот по кој ќе одиме е тежок, но за вас, кои сте прекалени во борби и долги маршеви и овојпат пречките нема да бидат несовладливи. Ќе биде тешко. Маршот ќе трае долго и по тежок терен и многу лошо време, но затоа по извојуваната победа – радоста ќе биде голема! Напред во нови победи!

Четните команданти, на кои на таен состанок им беше речено дека задачата се состои во борби за заземање градови, но не им беше речено каде ќе води патот, им објаснија на своите подредени дека секој ќе добие сува храна за три дена и да понесе колку што може повеќе муниција. Во маглата што падна и под чиј превез се одвиваа подготовките за големиот марш, не забележаа кога заврши денот.

Се уште мракот не ги беше покрил ридовите и трапиштата, кога се постави колоната. Луѓе и товарени коњи и мазги тргнаа пругоре. Ситниот снег што почна да паѓа, не го спречува маршот. Луѓето и добитокот се одморени и лесно се држат за патеката пробиена во длабокот снег што ја покри земјата претходниот ден. Без тешкотии и во голема тишина ја преминаа линијата на фронтот меѓу ридовите Кула и Плати, западно од Вичо превалија и во длабоко мугра влегоа во селата Лаген, Долно и Горно Котори и се распоредија по куќите. И додека се соземаа од уморот и на огништата сушеа водени алишта, засилени стражи ги чуваа сите приоди, а најмногу тие што водеа од Лерин. Утрото, за да избегнат налет на авиони, ги напуштија куќите и легнати во снегот во поблиските кории, добија наредба да не се движат, оган да не запалат и гласно да не зборуваат. Под ниско надвиснатите снежни облаци траеше целосна тишина и во неа полека згаснуваше денот. Во куќата во која конакуваше командантот на бригадата беа повикани сите старешини на единиците. Началникот на бригадата застанат пред оперативната карта, со врвот на прачката влечеше линија со која го обележуваше патот што води кон целта и што во текот на ноќта мора да го изоди бригадата.

-Во целосна тишина – завршуваше тој – единиците, подвлекувам во најголема тишина и со сите мерки на претпазливост и добро странично обезбедување, мораат да го прегазат Леринското Поле и во мугрите да заземат позиции во пошумените ридови близу селата Крушоради и Сетина. Маршот долг околу 40 километри ќе води по нерамен и ридски пат и ќе се одвива во многу тешки змиски услов. Оценка на командата е дека вчерашниот марш помина примерно и борците го завршија со одлична физичка истрајност. Командантите на единиците покажаа примерно однесување и ја користам приликата во име на командата на бригадата да изразам благодарност. Вратете се кај

своите единици и подгответе ги за тргнување. Часот на тргнувањето ќе ви го соопштат куририте.

И на овој состанок никој од старешините на четите и водовите не ја дозна целта на маршот.

Циљка, легната до Мита и до неа Јанакис, праша:

-Кој ден сме денес?

-Осумнаесетти декември.

-А зошто?

-Така. Да не се изгубиме во времето? Забележавте ли дека долго го нема командантот?

-Се чуло дека сите старешини ги викнал командантот на бригадата.

-Никој ништо не кажа каде и зошто одиме. Порано ни кажуваа, нели? – праша Циљка.

-Порано да, ама сега ништо. Мајорот рече дека одиме на долг марш и толку – прошепоти Мита.

-Не, тој ништо не рече. Зарем еднаш се случило некој да пребегне и да јави? И што? Паѓавме во стапица.

Неврзаниот разговор го прекина гласот на четниот командант:

-Строј се! - командантот изврши преглед. Едни пофали, други укори. Застана пред стројот и праша: - Има ли болни?

Молк во стројот.

-По некое време ќе го продолжиме маршот кон целта што ја одреди Главниот штаб. Од нас командата на бригадата бара маршот да го продолжиме со иста истрајност, дисциплина и заемно помагање како сношти за што командата сите не пофали и… - не доврши.

-Мирно! – допре гласот на командантот на соседната чета.

-Мирно! На лево… - бран од силен и бучен ветер ја однесе командата.

Тргнаа. Пред колоната, петмина на растојание, газејќи во длабокиот снег, со оружјето на готово, прават пат. Тоа е мртвата стража. Зад нив синџир од вооружени луѓе и коњи и мазги натоварени со муниција. Во средината чекорат Мита, зад неа Јанакис, по него Циљка, Трајанка, Митре, Крсте, Илија, Коле и Маре на која многу ѝ тежи ранецот и торбата со знакот на црвениот крст. Снегот што пред малку ситно почна да паѓа, преминува во лапавица и носен од ветерот бие во очите и лицата. Пред нив темнина. Тесната патека пробиена во дебелиот снег, брани скршнување. Мита, држејќи се за опашот на коњот што члапа пред неа, цврсто држи чекор Јанакис фатен за нејзиниот појас тешко издишува, губи чекор. Циљка го бодри, го поддржува кога му се преплетува ногата и подзастанува за да прибере издишка. Во густиот мрак го превалија трапот, прегазија блага

угорнина и загазија на рамно. Од кај планината силно поддувна и ветерот во бранови се спушта прудолу кон полето, носејќи пред себе облаци од снег. Злокобно виејќи се растура по полето, снегот го мете и го претура, го префрлува, го вее и го залепува врз лицата и очите. Смрзнуваат образите, челата, ушите. Со вкочанети прсти Јанакис трие образи, чело, од стежнатите рамена го истресува снегот. Забавува чекорот. Згрбавен и помодрен од студенилето, тој се подава напред, тешко откинува здрвени стапала, одвај помрднува вилици и чувствува како студот го прошива, му влегува под кожа, му ги здрвува прстите. Истоштен е и неговиот чекор е разлабавен, побавен и треперлив.  Одвај ги издржува силните и ледени навеви на ветерот што спуштајќи се од горе, од планината, одново и одново бие в очи, в лици, удира како камшик и секое допрено голо место го спружува и вкочанува. Забавува колоната. Старешините бодрат, слабите ги поддржуваат за рамена, ги молат да издржат, ветуваат дека бргу ќе стигнат до целта.

-Одмор! Петнаесет минути одмор! – се раздаде гласот на четниот и колоната спласна во снегот. Вие и завива снежната бура. Во наглите и кратки завивања на ветерот се губат гласовите, довикувањата личат на шепот. Само за миг свирежот на ветерот се губи во ширното поле и нов бран, со уште посилни свирежи долетува и снегот го подигнува и превртува, го собира во намети.

Циљка одрами ќебе и го посла пред себе.

-Ножот – му рече на Коле. – Дај ми го ножот. Мито, ти држи оттука, повлечи.

Со остриот нож Циљка го исече ќебето во долги фаши. Рече:

-Завиткајте глава, нозе, врат, лице…

Мита виткајќи ја фашата околу вратот, изусти:

-Сега знам зошто си го носела ова валкано ќебе.

-Поаѓај! – одвај се слушна наредбата.

Мрзеливо се исправи колоната и фати да се искачува по стрмната угорнина. Се лизгаат и назадечки паѓаат еден врз друг.

-Појасите! – викна четниот. Тој го откопча војничкиот појас, се исправи пред својот дел од колоната и крајот му го подаде на најблискиот. Коњоводците силно ги стегнаа уздите и со сета сила зад себе ги влечат коњите.

В мугри стигнаа и застанаа во пошумените ридови надвор од селото Сетина. Истоштени од денонокното одење, наводенети до коска, во длабокот снег бараат место да седнат. Старешините не им дозволуваат да легнат зашто сон ќе ги совлада и студот ќе ги вкочани. Се собираат околу стеблата, ги обгрнуваат и така стуткани и притегнати во клопче еден до друг си дишат во вратовите, грбовите, плеќите и спијат простум и така заспани ги споплати густиот шумски самрак.

-Поаѓај! – Во шумата остро одекнуваат наредбите и испресечени се растурија меѓу стеблата. Се одлепуваат клопчињата и се врзуваат за долгата колона.

И тргнаа во мракот и цела ноќ одеа шибани од снежната бура и лутите ветришта. Четвртиот ден, на разден, со душите во шепите, влегоа во селото Кронцелево.

Мита, Циљка, Илија, Маре, Трајанка и Коле збрани и гушнати во купче, си дишат во лицата и низ солзи шепотат:

-Живи, живи сме…

Мита наеднаш се оттргна и викна на грчки:

-Јанакис! Јанакис! Дојди, дојди кај нас!

-Не викај … - прошепоти Маре и со очите покажа на ридот.

Циљка на ридот закова поглед и ѝ се пристори деда таму гаврани ги колваат смрзнатите очи на Јанакис.

***

Вечерта, на 22 декември во една од куќите во селото Кронцелево, на состанок беа повикани командантите на 14-та и 103-та бригада и на единиците кои дејствуваа во реонот на Кајмакчалан. Претседава претставникот на Главниот штаб, генералот Гусјас, кој два дена порано тука беше стигнал преку Југославија.

-Другари команданти - продолжи Гусјас со свечен тон – вечерва одиме да го удриме Воден. Повторувам – тргнуваме вечерва. Пристигнувањето на толку голем број наши единици во реонот на Кајмакчалан може да биде откриено од противникот што за нас би имало трагични последици. Токму поради ова не можеме да дозволиме на единиците да им се остави време за одмор.

Тишината што завладеа ја прекина генералот Георгијадис, командант на 14-та бригада.

-Борците се крајно истоштени од долгото и макотрпно марширање во многу тешки зимски услови што беа совладани со натчовечки напори. Предлагам нападот на градот Воден да се одложи за дваесет и четири часови што на борците ќе им овозможи да се соземат, да се нахранат и да одморат.

Гласот на Георгијадис беше единствен. Никој не го поддржа.

-Нема да има никакво одлагање на операцијата - викна Гусјас. – Наредбата на Главниот штаб гласи: на 22 декември 1948 година во 3 часот по полноќ со сите расположиви средства да се изврши синхронизиран напад на градот Воден.

***

Со сила ги разбудија и задремани ги извлекоа од куќите. Стојат во полукруг. Студенило ги стресува, заб на заб чука, нога од нога удира, во водените цокули отрпнуваат прстите, остро штипење во ушите, под окото смрзнува солза, поцрвенуваат образите, помодруваат усните. Во предвечерниот студен повев стврднуваат влажните алишта. Кочан се прстите врз цевката и дршката на автоматот.

Четниот командант им објаснуваше:

-Вечерва ќе го продолжиме маршот. И овојпат ќе биде долг и измачувачки. Издржавме четири ноќи, ќе издржиме и овој пат. Денес одиме во напад на градот Воден.

Нема изблици на радост и извикување борбени пароли. Надоаѓа и згустува самракот и одвај видливо се прелева во мрак.

-Поаѓај! – падна команда.

Под цокулите се дроби снегот. Маглата смрзна. Иње ги обеле дрвјата. Колеблив е чекорот. Чекорат и чекорејќи дремат, одат и одејќи спијат и сопнати паѓаат, ја раскинуваат колоната. На удолнина се лизна натоварен коњ. Сандаците се откачија и прудолу се тркалаат мини и рачни гранати.

-Стој! - нареди четниот. – Соблекувајте ги шинелите и постелете ги за да поминат коњите. Брзо!

Превалија уште еден рид и пред нив, не знаат колку далеку болснаа светлата на Воден.

-Напред! – бодрат старешините.

Четниот погледна на часовникот. Помина три по полноќ. Далеку е градот. Доцнат. Забрзуваат од и по изминат половина час застануваат пред реката Воден. Налудничаво бучи надојдената вода. Со оружјето на готово, стојат до брегот. Нема ниту мост, ниту јаже. Од јужната страна допреа долги митралески рафали и веднаш потоа небото го осветлија небројни бели ракети.

-Напред! – нареди четниот и прв се фрли во надојдените води.

Циљка и Мита, држејќи се една до друга вчекоруваат во реката. Студената вода до половина ги пресечува, им одзема здив.

-Држи се! Фати ме посилно! - вика Мита.

Циљка одрамува ранец, го поседе во водата. Се фаќа за појасот на Мита. Излегоа на брегот. Панталоните – коска.

-Јури – и – иш! – се разлеа гласот на командантот.

Се кршат смрзнатите пачовици и мразот сечи и чекорот е пресечен. Одвај се одделува нога од нога. Ледот ги врза.

-Напред! Јуриш!

Над нив избувнаа светлосни ракети, побеле брегот, околните ридови и во исто време целиот простор го покрија долги

митралески рафали од спротивната страна. Мита и Циљка погодени во нозете, останаа да крвават крај брегот.

Противникот не беше изненаден од трите илјади и петстотини истоштени борци на ДАГ, кои во некоординираниот напад на градот Воден претрпеа пораз и осакатени и во неред, гонети од авионите, се повлекуваа кон пошумените падини на Кајмакчалан.

***

Тој ден, таа ноќ и наредниот ден и ноќ мобилизираните жени и девојки од подкајмакчаланските лерински и воденски села ги собираа ранетите и на носилки ги пренесуваа во пунктовите за прва помош во селата Долно и Горно Пожарско…

Тука, преврзани, стоплени и нахранети, тие чекаа да заврши денот. Вечерта колоната од ранети носени на носилки ја фати тесната и кривулеста патека што по стрмната угорнина води кон врвот на Кајмакчалан. На чело двајца вооружени мажи и зад нив десетина лесно ранети пробиваат пат во високиот снег. По некое изминато време падна наредба колоната да застане и да се тргне од патеката. Набргу покрај носилките, поминаа петмина вооружени мажи. Некој од ранетите меѓу нив го препозна Гусјас. Тој по изгубената битка, преку Југославија, се враќаше во Преспа.

Во утринските часови челото на колоната застана на граничната линија. Предводникот се упати кон југословенската караула. Оттаму излезе подофицер. Преведувачот, мешајќи по некој српски збор во воденскиот народен говор, му пренесе дека имаат голем ранети и молат да бидат префрлени во болниците.

-Сега и веднаш не може - врати подофицерот и покажа на небото отаде границата. – Гледате? Авион. Снима.

-Барем дајте леб и вода. Ранетите се гладни и жедни.

-Одете и чекајте. Ќе добиете. Чекајте да се врати командирот на караулата. Одете. Не стојте тука.

И додека се водеше разговорот, ранетите еден преку друг негодуваа.

Маж со окрвавен завој на главата и целото рамо, плукајќи настрана, тврдеше:

-Тука ќе умреме. Тито премина на страната на Американците. Верувајте ми дека е така. Јас тоа ви го велам. Од студ и од глад тука ќе умреме. Така Тито ќе им помогне на Американците. Јас тоа ви го велам.

Доцна попладне предводникот беше повикан во караулата. Офицер со чин капетан, му рече:

-Камионите не можат да се пробијат поради високите снежни намети. Селаните од околните села се мобилизирани да го

расчистат патот. И додека тие таму работат, вие ќе добиете топла храна и вода. На стемнување сите ранети пренесете ги во оние колиби.

# ГЛАВА 8

Пред болничката двокрилна порта опкована со бодликава жица, застана валкан камион. Стражарот погледна низ замагленото стакло на стражарската бутка и, криејќи глава во широката јака на кожувот од овча кожа, излезе и со млак глас нареди:

-Документите!

Возачот му подаде картонче на кое беше втиснат број – шифра на болницата. Стражарот го зеде картончето, се врати во бутката. Не се слушаше со кого и што зборуваше по телефон. На неговите усни возачот го прочита зборот – добро – и убеден дека има дозвола за влегување, го вклучи моторот. Стражарот се врати, и давајќи му го карточето, праша:

-А овие – со брадата покажа на двајцата мажи кои седеа до него – овие, кои ти си овие?

-Лекари.

-Што?

-Лекари се – одговори возачот.

Стражарот се загледа во нивните изморени лица и во очите поцрвенети од неспиење.

-Здраво, како сте? – ги поздрави. Не доби одговор. – Што, неми се?

-Не. Не знаат македонски. Тие се Грци.

-И што мајка бараат тука?

-Доаѓаат на преглед. Ранетите да ги прегледаат.

-Чекај!

- Стражарот влезе во бутката, подигна слушалка, нешто зборуваше, брзо се врати и, отворајќи ја портата викна:

-Влегувај!

Пред главниот влез на болницата – наредени колички и до нив болничарки. Од камионот ги симнаа пристигнатите ранети и додека ги пренесуваа во приемните простории, во бањата се чистеа дојдените лекари. Откако завршија, една од сестрите ги одведе во кабинетот на главниот лекар.

-Повелете, седнете. Главниот е на вообичаена утринска визита. Јавено му е за вашето пристигнување.

-Простете, ние не знаеме српски – рече оној кој беше поблизу до неа.

Не добија одговор.

-Спик инглиш?

-Не. Не спикувам…

-Парле ву франсе?

-Не, не парлирам…

-Говорите по русски?

-Не. Говорам, македонски – врати сестрата.

-Што рече? – на грчки праша другиот.

-Колку што разбрав, рече дека македонски зборува…

-Значи те разбра. Па прашај ја на руски дали може да не послужи со чај?

-Сестра, пожалуйста, можете нас угостить чаем?

-Чај сакате? Со задоволство. Каков чај?

-Што рече?

-Вели дека со задоволство и прашува каков чај.

-Па оној што го пие Сталин.

-Што! Сталин! – го прекина сестрата. – Него го сакате?! Нема Сталин! Долу Сталин! – се вцрвени и тргна да излезе.

Двајцата се вџашија. Тој што зборуваше руски веднаш сфати во што е работата и брзо тргна да се извинува.

-Простите, сестра. Не уходите, подождите, подождите пожалуйста. Нам нужен…

-Во нужник со него… - таа сакаше да каже уште нешто, но во тој миг пред неа застана главниот лекар.

-Што ти е, сестро, та викаш и се расправаш со гостите? Здравствуйте товарищи. Добро пожелавали! – се поздрави на руски и со широк замав на рацете ги замоли да седнат и, покажувајќи со главата на сестрата, праша: - В чём дело,  о чём шла ссора?

-Да нет, доктор. Она не ссорилась… Всё в порядке…

Главниот благо се насмевна и ѝ се обрати на сестрата која вкочанета стоеше до вратата.

-Сестро, те молам, донеси од онаа на дедо ти, лутата. Да се стоплат гостите. Само побрзај.

-А чај? – праша со растреперен глас.

-Товарищи, чай пить будете?

-С удовольствием – рекоа и удрија да се смеат.

Кога му ја објаснија причината за своето гласно смеење, главниот лекар, лесно намршти веѓи, ја подигна штотуку донесената чашка со лутата ракија и, длабоко воздивнувајќи, рече:

-За жал, поматено е времето. На здравје…

-Ис игија!

Миг молчење. Разговорот го продолжија на руски. Главниот праша:

-Слушам, имате тешки денови…

-Се потешко. Многу големи загуби, посебно по неуспешната битка за Воден и С’ботско.

-Да, скоро сите ранети кои ги имаме тука, оттаму се донесени.

-Со тешки повреди?

-Да. Најмногу прострелни рани од пешадиско оружје во пределот на градите, мевот и нозете… и тоа од блиско растојание.

-Сега колку имате?

-Двесте и шеесет во сите одделенија. Некои утре или задутре ќе ги префрлиме во Белград. Тешки операции тука не вршиме.

-Докторе, кажете ми, ве молам колку наши ранети досега сте примиле?

-Мислите колку сме излекувале?

-Да.

Главниот ја отвори фиоката. Извади дебел тефтер, прелиста неколку страници.

-Вкупно примени шест илјади.

-Смртноста колку изнесува?

-Голема е. Десет до петнаесет отсто. Ранетите тука пристигнуваат со големо задоцнување. Имаме ранети кои се примени десет, па дури и дваесет дена по ранувањето. Раните најчесто се инфицирани, екстремитетите зафатени од гангрена, првата помош во најголем број случаи нестручна… Ние тука правиме напори некои од ранетите девојки да ги научиме да даваат стручна медицинска права помош. Тие брзо учат, но…

-Да, наместо медицинска торба, тие одново ќе добијат автомат…

Завладеа молк. Го прекина главниот.

-Може ли уште по една?

-Нема да наштите, ако биде само уште по една. Туку, докторе, да преминеме на суштината на нашето доаѓање.

-Па, јас претпоставувам. Вршете си ја должноста. Кога сакате да почнете?

-Денес малку да одмориме и би почнале утре по лекарската визита.

* * *

-Име, презиме, година на раѓање, чин, единица? – се редат прашањата.

-Ранет – кога и каде?

-Соблечи се … Клекни трипати!

-Способен!

-Следниот!

-Затвори очи! Со прстот фати го носот!

-Способен!

-Следниот!

-Претрчај до вратата и обратно!

-Способен!

-Следниот!

-Легни ничкум! Трипати преврти се!

-Способен!

-Следниот!

-Клекни! Левата нога напред! Сега десната!

-Способен!

-Следниот!

-Наведни се напред! Рацете пред себе! Крени ја левата! Сега десната!

-Способен!

-Следниот!

-Неспособен! Врати се в кревет!

-Следниот!

-Способен!

-Има ли уште?

-Има.

-Нека влезат, само еден по еден!

Прегледот заврши доцна попладнето. Наредниот ден на способните им ги вратија испраните и закрпени униформи и ранците полни со сува храна за два дена. Со зборови на поздрав и зборување, се качуваа во петте стари "џемсови" паркирани во болничкиот двор. Сестра Севда им пријде на Циљка и Мита, силно ги прегрна, им бакна образи и очи, од под престилката извади две пешничиња 'ржен леб и, подавајќи им ги, рече:

-За таму, да ви се најдат и… мили, чувајте се… девојчиња… чувајте се…

На стемнување, камионите со вклучени сирени и долги светла, ја напуштија болницата.

* * *

Џадето на Бабуна под снег. На острата кривина пред високиот намет, заглави челниот "џемс". Возачот слезе и, гласно пцуејќи, викна:

-Слегувај! Чисти!

Има само една лопата.

-Што стоиш! Ајде, чисти, фрлај со раце, со муцка! Брзо, ако не сакаш тука да ноќеваш! – се дереше возачот небаре тие триесетина луѓе нему му скривиле. Во долгите светла на камионот тие со раце го исфрлуваат снегот, го гнетат со нозе, го рамнат патот.

-Добро! Качувај се! – зарипнат е гласот на возачот.

Завива моторот, камионот се тресе и, јачејќи, полека се откинува од местото и влече. Ја превалија планината Бабуна и во очите им болснаа светлата на Прилеп. Возејќи прудолу, возачот не

откинува нога од сопирачката. Лево, високо над планината виси полна месечина. Синкаво одблеснува тесното, калдрмисано џаде покриено со дебел слој снег, натегнат и излижан од камионски гуми. Пред влезот во градот – маж со автомат в раце. Покрај него високо подигнатата батериска светилка наредува – стоп!

-Милиција! Документите!

Шифрата им е позната. Имаат наредба таквите да ги пропуштаат без проверка. Знаат каде одат, што и кого носат во камионите.

-Добар пат и со среќа… - рекоа милиционерите и поздравија стоејќи во став мирно.

-Сполајти – рече возачот.

В зори, пред влезот во Битола, ги преспетна воена патрола. Од џипот излезе офицер и откако ги погледа документите, му рече на возачот:

-Низ градот, се до излезот ќе возите зад нас со соборени светла.

Со намалена брзина возат низ празните градски улици. На излез од градот џипот пушти долги светла и зголеми брзина. Пред селото Кажани, сврти лево и застана во разретчената шумичка. Снегот избришан од силниот и студен ветер. Истиот офицер, слезе и, криејќи го лицето во широката јака на шинелот, ги повика возачите. Остечно, кратко, војнички, со тон како да го броеше секој збор, им отчука:

- Тука ќе останете цел ден. Од камионите можете да излегувате само поединечно по потреба. Забрането е да запалите оган. Во текот на денот ќе ви донесеме топло јадење.

Војнички отпоздрави, влезе во џипот и, фаќајќи го патот за Битола, се изгуби во снежната виулица. Цел ден снегот не престана да паѓа. Силен ветер налудничаво и во бранови косо дуваше од кај полето и со секој навев, снегот во облаци го носеше и префрлуваше, ту го одвеваше и постелуваше. Во снежните облаци се изгуби небото.

На смени, по пет, по шестмина, слегуваа од камионите и влегуваа во топлите кабини. Таму ги топлеа вкочанетите нозе и раце, со стоплените дланки ги триеја образите, носовите и пребледените уши. Трчаница се враќаа под студените церади и на нивно место седнуваа други. Така цел ден и до првиот мрак.

* * *

По смрзнатиот слег, камионите тешко ја фатија угорнината на Ѓавото. Повремено застануваа, гумите вртеа и се лизгаа на стаклениот снег. Тогаш сите слегуваа. Напнато туркаа, а потоа трчаа и задишани и испотени се пикаа под церадата и таму одново

ги фаќаше остро студенило. Лицата, грбот и половината им ги поплатуваа студени морници, а по стапалата и прстите им лазеа безбројни мравки.

Ресенското Поле ги дочека со ведро небо и полна месечина. И низ секое село низ кое поминуваа, сурии одврзани кучиња, растрчани лево и десно од камионите, со лаеж ги придружуваа се до излез од селото. И тогаш, разбудените селани знаеја какви камиони поминуваат, каде одат, што и кога носат.

Пред полноќ камионите застанаа пред караулата на Маркова Нога. Чекаа само толку колку што беше потребно да се подигни граничната рампа. Отаде сите слегоа. Во стројот се преброија и во колона тргнаа во мракот. Пеш до Медово каде на конакување ги распоредија во селските куќи. Таму го преспаа делот од ноќта и ги разбудија во рана зора.

* * *

Не ги пратија во матичните единици. Од нив и други, кои пристигнаа од болниците во Албанија, формираа нова единица – саботерска. Три дена трчаа, клечеа, паѓаа и се криеја по калливите и тесни сокачиња на преспанските села  Медово и Штрково. Вежбаа улични борби. Потоа им дадоа германски панцерфаусти и со нив нишанеа на замислени бункери. Една недела беше доволна за да ги совладаат вештините на уличните борби и да уништуваат силно утврдени  пунктови на непријателската одбрана.

Осми февруари осамна под дебела покривка од снег. Утрото ги построија и од говорниците што се редеа на тесното балконче, дознаа дека сега, денес, ќе тргнат на долг марш. Цел – напад, заземање и ослободување на Лерин.

-Во Лерин – на сет глас викаше говорникот-жена – со еден силен удар на нескршливата и моќна тупаница на нашата армија ќе го здробиме непријателот и потоа ослободениот град ќе го прогласиме за престолнина на слободна Грција во која своето достојно место ќе го заземе привремена демократска влада. Штом тоа ќе се стори, тогаш веднаш многу влади и држави ќе не признаат и ќе ни пратат голема помош. Тенкови, авиони, големи топови. Во Лерин и леринските рамничарски села ќе ни се придружат петнаесет илјади нови борци и заедно со нив ќе одиме на Солун. Заедно со вас денес на Лерин ќе тргнат шест илјади борци на Демократската армија на Грција. Вие, саботерите, ќе ја имате честа да им го отворите патот, уништувајќи ги непријателските бункери и пречките од бодликава жица.

Циљка го истресе снегот што се насобра на нејзините рамена и со шепот ја праша Мита:

-Не ти се чини дека е таа – покажа со глава на балконот – која не собра и не одведе на Грамос, велејќи ни дека таму ќе влачиме волна, ќе предиме и ќе плетиме фанели и ракавици?

Мита смурти веѓи и впери поглед на балконот.

-Да, таа е… таа е, ама не ми текнува како се викаше…

-Вера, зарем не?! - рече Циљка.

-Така е, Вера… Вера е, да дај Господ повеќе да не ѝ се чуе името… -проколна Мита.

Митингот заврши и со извикување пароли и со борбени песни и извици "На Лерин", "На Лерин". Колоната загази во длабокиот снег и тргна. Накиснати и папсани од умор попладнето стигнаа во Желево. Меѓу нив ја немаше Вера.

* * *

-Многу аскер врви по патот и нагоре, кон Псодери појде – рече баба Јана, откинувајќи лице од тесното прозорче.

-Кој дојде? – праша дедо Киро со поспан глас.

-Никој - подвикна Јана и се наведна над увото на Киро – никој не дојде, туку појде, појде, реков.

-Е, добро… А каде тоа?

-Нагоре, кон Псодери.

-Зарем по ваков снег и студ! – зачудено рече Киро и откако се искашла и плукна во огништето, ги прибра нозете и ги покри со дебелото велеше. – Одат, велиш?

-Одат…

-А каде по овој голем снег и студ?

-Од некни се слуша дека одат Лерин да го удрат… Лерин, велам Лерин, одат да го удрат!

-Што да му прават?

- Да го удрат, бре, Лерин велам одат да го удрат!

-Е, добро… - промрмори Киро, повлече од чибукот и, нишајќи глава, загрижено промрмори: - Е… така ќе да е. Ми оглуве старана… Штета… - Велиш дека по овој студ и снег одат во Лерин? А што ќе прават таму, не рекоа?

-Цела недела велат дека го ослободуваат!

-Што ќе му прават?

-Ќе го ослободуваат! Тоа ќе му прават!

-Господ да чува и да брани! Зарем по овој студ и снег!?... – трипати се прекрсти Киро и подвикна: - Тие нека го ослободуваат, ама ти не ми се дери. Не сум глув, ебате…

* * *

Цела ноќ, со песни и извици на одушевеност низ Желево врвеше војска, мазги и коњи товарени со муниција. Зад нив и 380 жени од корештанските и преспанските села – мобилизирани за да носат ранети. Тие се последни во стројот.

Деветти сечко ги осамна во Псодери и во околните ливади и шуми. Ведрина се спушти и широк видик отвори и Лерин небаре им легна на дланка. Отаде, под чистото небо бел Кајмакчалан се виши. Под нозете крцка замрзнатиот снег, штипи остриот зимски ветар.

-Појадок! Командантите на чети на собир! – пренесуваат куририте.

Стегнати во шинелите, со главите прибрани во рамениците, се редат пред казанот. Удираат нога од нога и вдишуваат вкусен мирис на тарана. Готвачот до горе им ги полни порциите. Топлејќи си ги рацете од жешката лимена порција, бараат место да седнат, да се потпрат на стебло. Од ранците вадат сув леб, го дробат, прават попара. Скраат, си ги горат усните, во грлата и градите чувствуваат топлина. Се враќаат командантите. Кај борците внесуваат сигурност. Тие пренесуваат дека во повисоката команда велат оти борбата за Лерин ќе трае само неколку часови, но не рекоа кога ќе почне нападот. Убедени во победата, ноќта ја дочекаа вкочанети од студ.

Осамна десетти февруари и во исчекување расте напнатоста. Никој не верува дека дење ќе тргнат во напад. Остануваат собрани и стегнати околу стеблата на буките и гушнати во клопче, се топлат со сопствената издишка. Пред стемнување падна команда единиците да се подготват за тргнување, но се уште нема команда за напад. Во долгото чекање, расте немирот. Паѓа команда – нападот се одложува за дваесет и четири часови. Сите подготовки, надежта, борбениот дух, сигурноста во победата и вербата во успехот, почнаа да се оладуваат во студениот снег. Некои рекоа дека единиците кои треба да го нападнат градот од север и југ, се уште не стигнале на своето одредиште. Разочараност, недоверба и пцости. Помина уште една ноќ и уште еден и неколку часови од ноќта што дојде и стигна наредба: на јуриш!

Први саботерите. Тие со панцерфаусти треба да ги отворат портите на градот. Пред нив осветлен е Лерин. Во мракот слегуваат прудолу по заснежените патеки, долови и трапови, газејќи во високиот снег. И одеднаш светлосни ракети го обелија небото, долги митралески рафали, страшен и заглушувачки грмеж и мрак…

Цињка и Мита не ја послушаа сестра Севда…

* * *

Осамена жена, облечена во црно, со расплетена коса прашува:

-Мили, мили мои, да не сте ја виделе ќерка ми Зоја? Ми рекоа дека ја донесоа ранета. Ја видовте ли?

Жената моли, трча, подзастанува и одново вјасаница, оди од носилка до носилка. Чекори скраја од патот, се сопнува и паѓа во снегот и не престанува да прашува:

- Ќерка ми Зоја, ја видовте? Има долга плетенка – со долга плетенка ја испрати тогаш, кога ги собираа девојките и така секогаш и се чини дека Зоја и натаму ја има долгата црна плетенка. Не знае дека лани, таму на Горуша, кога авионите фрлаа буриња што гореа над дрвјата и запалуваат се на земјата, дека тогаш изгоре и плетенката на Зоја.

Некој ѝ викна:

-Дојди, дојди, помогни. Рамото ми капна. Фати оттука, фати ја носилката.

На разден стигнаа во Желево. На мостот чека камион, го полнат со ранети. Маж во одминати години, тој е лекар, кратко фрла поглед и кажува кој да биде внесен во камионот. Стигна на ред и носилката што ја носи жената во црно. Лекарот го тргна ќебето и рече:

-Оваа не. Ставете ја настрана.

Во тој миг се јави распарлив глас на очај.

- Зоја, чедо! - ѝ се потсекоа колената. Таа клекна, ја прегрна, навали образ врз нејзиниот образ и нишајќи се, тивко го лулее згаснатото чедо… Липа тивко и тоа нејзино одвај чујно липање е исполнето со болка и жал и неизмерлив, неутешлив очај… Скршена од болка сака да викне, да колни. Место глас, од нејзината уста се откинува само плачливо, молежливо и сподавено липање… Тука, покрај попатното поточе, над кое висат скршени мразулци, обесени за ниските гранки на врбатаплачка – се скрши нејзиниот живот, се растури во ништожноста, се што беше мило го снема… истече од овој веќе не еднаш скршен живот исполнет со безнадеж и празнина…

Лутиот и студен приквечерен ветар ги одвеа по трапот прудолу нејзините надежи и чувствува како се празни нејзиното срце и дека се што досега во неа живееше – ја напушта, дека се за што си мислеше и сонуваше – отиде и се истури и разлеа во длабока и глува празнина… Се што имаме – денес и го снема.

Синкаво-бледа светлина фрла полната месечина врз смирените и бледи образи на Зоја. Тивките шепотења на мајка и се само повторување на молежите кои врз неа се дробат како звуци без одглас и заедно со нив сите значења се губат во ништожноста.

Врват, врват, врват носилките, шлапаат жените во калта измешана со снег, а скраја од патот – седната таа – жената во црно, за чие име никој не прашува и во чиј скут лежи смиреното лице на Зоја. Дури пред зајдинсонце отаде патот, на рамнинката ископаа гроб и врз него легна жалта, очајот, мракот, мртвилото, несреќата, скршениот живот и целата празнина – се што врз своите плеќи, мисли, душа и срце го понесе таа, жената во црно.

Врват, врват покрај неа носилките, шлапаат жените во калта и во снегот измешан со кал и крв. Врви, врви врволицата и на жените кои носат носилки им се присторува дека жената што клечи покрај патот, приседна само за миг, колку за да фати издишка…

Поддувна ветер, растресе снег од гранките и замолкна меѓу стеблата отаде друмот… Се зајде и се отиде ценем… И што ли ќе ја смири болката и утеха ќе и влее во неискажливата, изгорна и неизмерлива болка? Што ли ќе ги задржи солзите, што ли ќе смири срце што крвави и се кине и со што ќе го замени неизмерниот очај со надеж, кога болката е толку многу голема? Молчаливо, глуво, тивко липа… Чемерот и болката треперат во нејзиниот глас и болката се сподави во дното на нејзиното срце… Крај неа бездна и во неа бездна…

Крцка замрзнатиот снег. Под тешкиот удар на казмите, офнува замрзнатата земја. Две лопати ја исфрлуваат во куп. Редум еден до друг – пет момчиња и две моми заедно кротко ги легнаа на дното. Ѓорѓи и другите пет мажи се прекрстија, плукнаа на смрзнатите дланки и, длабоко дишејќи и испотени од напор, фрлаат врз нив земја измешана со снег. Местото го израмнија, го изгнетија со валканите цокули и појдоа и собираа, симнуваа од носилките и скраја од друмот, лево и десно копаа и закопуваа…

Над планините покриени со снег, високо виси полната месечина и ја издолжува сенката на жената во црно. Покрај неа врват, врват, врват носилки со осакатени и разофкани момчиња и моми…

* * *

Во Псодери камионите тешко наоѓаат место за да свртат. Одат до горе, над селото, до пред ширинката од која се гледа Лерин. Оттаму допираат истрели и до тука ги довлекуваат ранетите. Главниот лекар седна до возачот, ја извади тетратката и во неа запиша гласно изговарајќи ја бројката:

-Илјада и петстотини ранети…

-Колку?! – вчудовидено праша возачот. – Зарем толку многу, докторе?

-Толку прифатиме… Сите добија прва помош. Потешко ранетите ги испративме со камиони, а тие за кои немаше место во нов, прудолу, по друмот на носилки ги носат жени, товарени на коњи и мазги. Белки ќе издржат и на овој студ…

Друмот од Псодери до Смрдеш – синџир во кој се нанижани камиони, жени кои носат ранети на носилки, коњи имазги и многу, многу лесно ранети. Од куќите во Желево, Ошчима, Трнаа, Руља, Брезница, Смрдеш и од куќите во цела Преспа се истура река мажи и жени. Плач и лелекање. Громогласни, силни, гневни и разбунети се пцостите, колнењата и анатемите… Голем плач се растури и лелеци се дигнаа до небо…

-Леле, децата, децата ни погинаа во Лерин!

А во Лерин мртвите воини во делба. Попови викнаа за владините и секој во свој гроб и со војнички почести го погребаа со напишано име и презиме на крстот.

Другите, бандитите, така ги нарекоа, осумстотини на број, со булдожери, на нива напуштена, јама голема ископаа и велеа леринчани дека во неа заедно со мртвите и живи ранети закопаа.

# ГЛАВА 9

-За да можеме да го оствариме планот ни требаат најмалку пет до седум илјади борци. Од каде? Од бегалските маси. На Албанија не можеме да сметаме. Таму имаме само луѓе во години и сакати. Би можеле да обезбедиме едно три до три и половина илјади борци од редовите на децата што ги испративме внатре, то ест во народните републики, а останатиот дел, оној најголемиот, од Југославија. Тука ни е отежната работата поради предавството наТито. Во краен случај би можеле со него да разговараме и преговараме, ама ако дознае другарот Сталин, тогаш лошо. Јас своевремено се согласив таму да одат Михали, Вангели и оној угурсузот Гоце, ама досега немам никакви посакувани резултати. Пред да ги испратам требаше да ги стреламе и да ги прогласиме за шпиони и предавници на нашето движење и на партијата. Бидна. Има време. Сакам, Милтијадис – кога Захаријадис некому од своите блиски соработници сакаше да му довери многу важна работа, тогаш му се обраќаше по име – сакам Милтијадис тебе да ти доверам многу важна задача. Сакам ти да одиш во Скопје, ама не сам. Со тебе ќе дојдат Пасхалис Митропулос, Мангос и Марика Елкова. Таму ќе ти се придружи Никос Дафнис, кој во Скопје раководи со нашата јавка.

-Јасно – тивко се одгласи Порфирогенис. – Кои се моите задачи таму?

-Ќе раководиш со целата група. На почеток само ќе слушаш што ќе речат тие, Славомакедонците, и се ќе бележиш. На крај ќе постапиш остро. Како? Ќе се договориме. Тие, кои ќе те придружуваат, секој ќе има свој дел од задачата и свој збор. Јас со секој од нив одделно разговарав и си ја знаат улогата. Цел на престојот и разговорите во Скопје: мобилизација на четири до пет илјади борци, па дури и повеќе.

-А децата? Мислам на повозрасните?

-Со нив ќе биде лесно. Таа работа пак тебе ќе ти биде доверена. Ќе одбереш неколку добри говорници-пропагандисти и како што знаеш самиот, ќе го распалите во нив борбениот дух, а потоа отворете ги тефтерите и запишувајте доброволци. Останатото ќе го направат други… За твоето одење во Скопје е известена нашата јавка која веќе ги договори состаноците со луѓето со кои треба да разговараш. Внимавај на Керамитчиев. Тој е итар и лесно не губи нерви. Знае да сослуша и има талент да убедува други. Зборувај во име на партијата и постави се остро…

* * *

Доцна ноќе, на 8 февруари, Порфирогенис, со шифрограма испратена од јавката во Скопје, му јави на Захаријадис дека наишол на тешкотии и во врска со тоа бара да се врати заради консултации. По еден час шифрантот од јавката му подаде лист во кој пишуваше: “Веднаш враќај се.”

Пред зори Порфирогенис ја помина границата кај Маркова Нога и вечерта му реферираше на Захаријадис.

-Ми оставија впечаток дека воопшто не ни веруваат и дека не игнорираат. Подолго време им го објаснував ставот на нашиот ЦК и значењето на петтиот пленум. А знаеш што ми рече Оче? Тој вака ми рече:

-Со таа одлука на вашиот петти пленум им ја потпишавте смртната пресуда на илјади македонски и грчки комунисти кои денес се во затворите и логорите. Бидете
сигурни, рече, дека сите тие ќе мораат да потпишат изјави дали се согласни со таквиот став.

Захаријадис подзастана да шета по одајата и рече:

-За сите важи партиската дисциплина. А тој, Оче, за кого знаев дека е соработник на ОЗНА и УДБА, уште лани требаше да го стреламе.

Захаријадис се доближи до прозорецот и го отвори. Се загледа далеку во планините. Секогаш лошо се чувствува во затворена просторија. Не ги трпи малите прозорци и темните тесни одаи. Се чувствува како во кафез. На своите соработници честопати им велеше дека неговата ќелија во затворот во Акронавплија беше поголема од најголемата одаја во оваа селска куќа. Повеќе од еден или два дена никогаш не остануваше во истата куќа. Во неговата нарав длабоко беше вгнездено чувството на недоверба. Никому не му веруваше. Се сврте и рече:

-Да излеземе на прошетка. Одиме да вдишиме малку свеж планински воздух…

Излегоа. В лице им удри студен ветер. Под нозете крцка замрзнатиот снег. Лаеж на куче. Одат еден до друг. Патот ги води кон крајната куќа, на излез од селото, најблизу до шумата. Влегуваат. Голема просторна одаја. Во ќошот баботи распалениот пампур. Ги соблекуваат шинелите. Захаријадис застана до печката и подаде раце, трие дланки. Се топли. Свртен со грбот кон Порфирогенис, појде до прозорецот, го отвори и погледна надвор. Високо, над пелистерските врвови, полна месечина. Нејзин отсјај во белината на снегот и во одвај разбранетите води на малото Преспанско Езеро. Далеку на север, бледо мижуркаат светлата на Ресен и над него Големата Мечка. Секогаш кога ќе ја најдеше, со мислата се преселува во Прага. Го затвори прозорецот, се сврте и појде на кај газиената ламба. Го подигна фитилот. Бледа светлина

ја осветли одајата. Виде како Порфирогенис ја спушти на маса офицерската чанта и како од неа извади дебела тетратка. Тој ја отвори и, стоејќи, чека. Во големиот чајник врие водата. Захаријадис извади од долапчето две стаклени чаши, ги доближи до ламбата и една по една ги избриша со бел пешкир. Ги стави во сребрени држачи (подарок од Сталин) и во нив стави по една лажичка чај, а потоа чашите ги наполни со жешка вода, која полека почна да добива боја на топол килибар.

-Повели – му се обрати на Порфирогенис - грузиски чај засладен со шумски мед. Крепок. Од татковината на другарот Сталин. Се пие додека е жежок. Ја освежува мислата и го смирува духот. Пиј…

Во одајата молк. Тишината ја прекинува тивкото чекорење на стражарите пред куќата. Под нивните нозе крцка замрзнатиот февруарски снег.

Захаријадис го испи чајот и, посегнувајќи по чајникот, рече:

-Докладивай…

Во кругот на своите најблиски соработници, тој имаше обичај разговорот да го почнува и да го завршува со руските зборови докладивай и понятно.

Порфирогенис ја отвори тетратката и откако кашлицата ја исплука во шепата, го почна извештајот:

-Согласно твоите директиви, во нашата јавка во Скопје ги повикавме Гоче, Керамитчиев, Ајановски, наречен Оче и Славјанка. Се договоривме прв да зборува Ставрос Мангос (тие го викаат Крсте Мангов) кој одлично ја познава целата четворка која се засолна во Скопје. Тој почна со информацијата за одржаниот пленум на НОФ на кој е донесена одлука за свикување на вториот конгрес, подвлекувајќи дека таму пред се ќе стане збор за решавањето на македонското национално прашање и засилувањето на борбата на македонскиот народ, дека ќе биде променета програмата и статусот. Не му беше врзано зборувањето. Прескокнуваше од тема на тема. Час зборуваше за дезертерства, час за славости, за успеси. Буквално тој рече:

-Македонскиот народ по ослободувањето на Грција ќе има можност да се самоопредели, самоотцепи, со право до формирање и постоење на самостојна македонска држава и при тоа тој подвлече дека македонскиот народ ќе биде слободен и рамноправен во рамките на балканската федерација.

Порфирогенис го сврте листот и продолжи:

-Мангос подвлече дека од редовите на Македонците има многу дезертерства кои народот ги осудува како кукавичлук и за да им биде простена постапката, тие треба да се вратат. Рече дека во новата влада ќе има еден министер Македонец, а и во Главниот

штаб исто така еден член Македонец и дека ќе се формира одделна македонска комунистичка организација која ќе биде составен дел на КПГ од која и ќе се раководи и дека 11-тата дивизија на ДАГ ќе го носи името македонска дивизија. Тој во повеќе наврати те цитираше. Меѓу другото рече дека според оценката на Захаријадис доколку ДАГ би располагала со повеќе војска, тогаш би го држела Олимп, па оттука е потребно да се изврши мобилизација на егејските Македонци кои пребегнаа во Југославија. Меѓу нив се разврза остра дискусија, која повеќе личеше на караница и заемно обвинување. Нашите, условно така да ги наречам, настапија остро. Еве некои искажувања. "Јас не сум согласен со тоа што вие останувате тука. По мое мислење воопшто земено вашето држење не е правилно. Можеби затоа што не сте задоволни. Тоа е едно. Еве и друго. "Другари јас би сакала да знам кои се причините поради кои вие седите во Југославија. Барам да ми објасните. Што ве држи вас тука? Треба да се вратите долу. Не го помогнавте раководството на НОФ. Потребно е што побрзо да се вратите во овие критички моменти кога народот денеска се бори, стари и млади сите се на фронт. Ако не се вратите народот ќе ве осуди. Ако не го спечаливме тоа што сакавме да го спечалиме, за тоа сте криви и вие. Захаријадис отворено ни рече нека дојдат со една или две дивизии и нека организираат и едно нивно раководство, на ако сакат нека водат и титовска политика… И уште и ова - "вашето останување тука претставува центар кој влијае на сите незадоволници и плашливи елементи и се создава и натаму расцеп. Или сакате или не сакате – вие сте одговорни за целата ваква состојба и поради тоа ќе бидете карактеризирани како предавници. Таму денеска нашето НОФ-итско движење се спротивставува на многу тешкотии, таму се води борба на живот и смрт и во една ваква состојба вашето останување тука нанесува големо зло на нашето движење. Ако се вратите, можно е тоа зло да го снема, а и од друга страна и вие ќе си ги поправите грешките, ама пред да се вратите добро ќе биде да се разберете со тукашните власти, барајќи од нив да ги затворат вратите и да не примаат ниту еден дезертер…" Никос, овие неколку искажувања потврдуваат дека во НОФ-итското раководство постојат…

-Скрати – му забележа Захаријадис. – Добро е што не се единствени… Тоа го знам. Кажи ми што рекоа тие во врска со твојата мисија, тоа е важно.Продолжи.

-Тие, Никос, најбезобразно ја подложија на остра критика целокупната политика на нашата партија во врска со македонското прашање, подвлекувајќи дека за тоа лично ти си одговорен. Сосема кратко речено: тврдат дека тие се измамени и дека не се во состојба да ги мобилизираат измамените Македонци. Тој, Гоче

главно, со подигнат тон, буквално рече, само момент, имам запишано. Да Го имам. Тој рече: - “Прашањето за создавање македонски единици е лага. Тоа е ваша демагогија и ние тука врз основа на вашите измами го лажеме нашиот народ. Дека сето тоа е лага ни зборуваат и фактите што од ваша страна се расформирани македонските партизански единици што беа формирани во Преспа и дека не е спроведена во дело спогодбата што во 1946 година ја потпишаа НОФ и КПГ…”

Порфирогенис прекина за миг, па рече:

-На ова реагираше Паскалис.

-Што рече тој?

-Паскалис во основа ги повтори зборовите на Мангос за тоа дека македонскиот народ во Егејска Македонија доби право на самоопределување и формирање на самостојна македонска држава и дека…

-Скрати!

- Добро. Во продолжение што се однесува на спогодбата меѓу НОФ и КПГод 1946 година, Паскалис буквално рече: ”Јас тврдам дека таа е спроведена во дело. Ние тогаш како раководство тргнавме да оствариме единство и согласно со оваа спогодба, ги растуривме постојните македонски единици.” Така рече Паскалис, а малку подоцна го рече и ова: “Јас лично не се согласувам со постапката и оцената на другарот Оче дека македонскиот народ во Егејска Македонија нема желба и доверба во демократското раководство да се бори и понатаму. Вистина е дека постојат некои ситници околу неправдата и потценувањето на македонските кадри од страна на грчките партиски и воени функционери. Вистина е дека ништо не е остварено во практиката од спогодбата меѓу НОФ и КПГод 1946 година. Ние не треба да се фаќаме за такви ситници, туку треба да гледаме со доверба во намерите на другарот Захаријадис, дека прави се за нас Македонците. На пример, да ве потсетам што рече другарот Захаријадис на вториот пленум на Централниот совет на НОФ. Тој таму рече дека на конгресот на НОФ треба да се изјасни националното прашање на македонскиот народ, кој со своето учество во денешната борба, врви кон создавање независна македонска држава… Зарем малку е ова”

-А ти, Милтијадис, што им рече?

-Јас, како што се договоривме, слушав и бележев. Ги оставив тие меѓусебно да се караат и да се убедуваат, меѓутоа сфатив дека, условно да ги наречам – нашите, настапија несигурно и без аргументи. Имам впечаток дека единствен аргумент им беше честото повикување на твоето презиме, веројатно убедени дека самото негово спомнување е доволно за да бидат убедени. Што

реков јас? Само момент… - Тој префрли неколку листови од тетратката, долго се искашла, пивна од веќе оладениот грузиски чај. – Еве, најдов. Тука се имам запишано. Еве што им реков. Јас, другари, по налог на другарот Захаријадис тука ги донесов другарите Паскалис, Мангос и Марика Елкова со цел да направат се што е можно да пронајдат и пратат долу нови македонски борбени сили – резерви. Исто така и јас како и вие треба да им помогнеме на другарите да се постигне успех. По мое мислење тука, во Југославија, треба да пронајдеме и испратиме во Егејска Македонија пет илјади Македонци што значи исполнување на педесет отсто од планот на Главниот штаб. Пронаоѓањето на овие пет илјади Македонци и нивното испраќање долу може да биде доброволно или со сила, што значи и со насилна мобилизација. Во продолжение пошироко им ја објаснив резолуцијата на петтиот пленум на нашиот Централен комитет, укажувајќи на тоа дека од нашите редови исфрливме неколку опортунисти заради нивната неспособност на воен план, како на пример Маркос, кој се покажа некадарен да сфати дека демократската армија на Грција е способна да води фронтална војна и настојувал да опстанеме на партизанштината. Понатаму подвлеков дека евентуалните недоразбирања меѓу КПГ и НОФ се од безначаен, а не од принципиелен карактер. На крај им реков писмено да се изјаснат дека веднаш ќе почнат со мобилизацијата на македонските егејци и нивно испраќање на фронт. Тие не рекоа дека нема да дојдат и дека нема да мобилизираат борци, тоа ќе го направат, но под одредени услови.

-Што бараат?

-Бараат да признаеме дека не сме го решиле правилно македонското прашање; во составот на ДАГ да се формираат одделни македонски единици со свој штаб и командувани од македонски команден кадар; да дејствуваат на македонските простори; да се отстранат од раководството на НОФ Којчев, Коцопулос и Гусопулос; на сите болни, неспособни за работа и носење оружје, како и на сите стари мажи, жени и деца да им се дозволи да преминат во Југославија; да не се мобилизираат деца на возраст од 14 и 15 години и жени постари од 36 години македонските деца кои се испратени во државите да се воспитуваат во духот на македонскиот патриотизам; да се воспоставаат слободни контакти меѓу Македонците од двата дела на Македонија; да му се дозволи на НОФ слободно да зборува за тоа дека македонското прашање најправилно го решиле југословенските комунисти и да се спречи пропагандата против Тито; Комунистичката партија на Грција на овие дезертери да им се извини и јавно да признае дека направила многу грешки во

однос на Македонците; да не се бара одговорност од Македонците кои пребегнаа во Југославија и да не се нарекуваат дезертери и предавници и за се што бараат да се потпише договор, а доколку не се согласиме, тогаш тие целата одговорност за настанатите последици ќе ја фрлат врз нас. На крајот тие рекоа дека сите свои забелешки и барања кои ќе бидат нивен официјален став, наскоро ќе ги достават во форма на писмо.

-Понятно… - одолговлечено рече Захаријадис. Тој стана. Направи еден круг околу масата. Застана до прозорецот. Надвор зазорува. Врвовите на Пелистер и Бела Вода ги снема во облаците. Над езерото легна магла. Го отвори прозорецот. Одајата се наполни со студенило. Северецот навева ситен студен снег. Захаријадис се сврте, се доближи до масата, ја наполни чашата со чај. Топлејќи си ги дланките, рече одвај чујно: - Шикли се разбравте. Признавам, згрешив. Не дека им поверував на Гоче и на Керамитчиев. Не! Ним никогаш не им верував. Како што не му верувам ниту на Паскалис и на целиот НОФ. Туку, кажи ми, какви ни се шансите да ги приберeме тука тие пет илјади?

-Според мене, Никос, никакви. Тито е на нивна страна. Да не беше резолуцијата на Информбирото… Туку јас, Никос, мислам дека не треба да ја оставиме тукутака работата. Тие што се засолнија во Југославија се наши државјани и ние имаме право, согласно грчките закони и прописи, дури и насилно да ги мобилизираме. Ако Тито не ни дозволи, тогаш ние нему и на неговата комунистичка партија можеме да му објавиме идеолошка војна…

Захаријадис ја остави чашата на маса и се загледа во очите на Порфирогенис. Долго го гледа, а тој спушти очи и наведна глава.

-Да му објавиме идеолошка војна, велиш?

-Е, не баш така, ама…

-И ти, како и другите, брзаш. Не брзај. Имаме време. Се во свое време. Тито се уште е на наша страна. Границата е отворена, материјалот редовно пристигнува, стотици наши борци се лекуваат во југословенските болници. Таму се нашите бази со оружје и храна. И се додека е така, јавно ниту еден лош збор за Тито и за неговата партија. И додека е така, а да се молиме така да биде, ниту еден лош збор за Тито. Ние навремено заседовме став и за тоа го известивме другарот Сталин дека во соодветно време ќе си ја извршиме обврската спрема Информбирото. Кога ќе дојде време, тогаш Тито и неговата партија и најпогрдно ќе ја наклеветиме, значи, ќе ја нападнеме…

-Да, се разбира, другар Захаријадис, ти си во право, така е, се разбира. И јас можеби брзам, по некогаш не внимавам што

зборувам. Големите тешкоти што ги имаме, за жал, водат и кон неконтролирани мисли. Простете…

-А Колишевски?

-Колишевски? Па мислам дека тој ја бурбати работата. Разговаравме повеќе од еден час. Му ги изнесов сите наши потреби и најмногу се задржав на нашето барање за мобилизација на нашите Славомакедонци.

-И што ти рече?

-Ми рече дека нивната страна ќе си остане на тоа што го ветија во 1946 година, значи нема да го сопрат опремувањето со оружје и храна и дека и натаму нивните болници ќе бидат отворени за нашите ранети борци. Но, кога му спомнав за мобилизацијата на нашите славомакедонци, подвлекувајќи дека тие се наши државјани кои според нашите закони и насилно можеме да ги мобилизираме, тој најостро ми рече дека тоа право го немаме. Ние сме први, рече, кои сестрано го поддржавме вашето движење и први сме кои ви излеговме во пресрет со сета помош и покрај нашите големи тешкотии, но, рече, никој не ја призна вашата влада, па според тоа вашите закони немаат правно дејство. Во текот на разговорот го запознав и со одлуката на нашата партија донесена на петтиот пленум, подвлекувајќи дека Македонците во Северна Грција ќе имаат право да се самоопределат и да создадат своја држава, дека ќе имаат своја комунистичка организација, еден член во привремената влада и во Главниот штаб и дека е одлучено единаесеттата дивизија на ДАГ да се преименува во македонска дивизија…

-И што рече Колишевски?

-Ете што рече тој: - Македонците - отсечно рече тој – веќе имаат своја држава, која ја извојуваа со борба и големи жртви, а не им ја создаде некоја пленумска одлука. –Така ми рече. Добив впечаток дека тој ги штити тие неранимајковци и дезертери. Тој им дава засолниште. На излегување од неговиот кабинет тој им дофрли: - Вие ги помценувате македонците организации НОФ и АФЖ. Без нив, во тој дел на Македонија, вие сте ништо. Зарем се уште не сфативте дека тие се подвижната сила? Без нив во вашите единици не би имале ниту еден Македонец освен оние неколку верни на вашата партија. Не заборавајте дека со помош на НОФ и нашата поддршка успеавме да ги мобилизирате Македонците…

Захаријадис направи круг по одајата и исцеди:

-Да не беше тоа проклето Информбиро, јас преку Тито ќе му ја сварев пченицата на Колишевски. Ако тој така се однесува, тогаш сигурно ја има поддршката на Тито. Ова е уште една потврда за Титовото предавство… Велиш дека немаме шанси да ги собереме Македонците?

-Искрено, Никос, никакви… Сакам да знаеш дека нашите дезертери целосно ги поддржува Колишевски. Така ми рекоа тие од нашата јавка во Скопје.

Захаријадис молкома го прегази просторот до вратата и полека свртувајќи се, рече:

-Можеби некои од нашите нофити, а и тие таму во Скопје ќе ги потсмири нашата одлука за промените што ги извршивме во раководството на НОФ…

-А јас, Никос, мислам – му ја прекина мислата Порфирогенис…

-Што мислиш?

-Мислам дека тие во услови на војна многу бараат.

-Па тоа што го бараат, веќе го добија. Доста воени кадри унапредивме во повисоки чинови, имаат свој претставник во владата и во воениот совет… децата таму во државите учат македонски, а и во единиците во кои има голем број борци од македонско потекло се организираат часови за учење на македонскиот јазик… Наскоро ќе им формираме и комунистичка организација… Неочекувана за нив е одлуката на нашиот петти пленум и во тој дух треба да се одржи и претстојниот втор конгрес на НОФ. Свесни сме дека се што направивме е штетно за чисто грчкиот карактер на нашето движење, па оттука имаме негативно реагирање и од некои членови на нашиот Централен комитет, а да не зборувам за реакциите на нашите непријатели… Јасно е дека мораме да одиме на задоволување на нивните барања, зашто така како што НОФ успеа да го мобилизира тој народ, така може и да го одврати од нас… И за да не ни се случи тоа, потребно е да не дозволиме раководството на НОФ да е обединето. Меѓу нив одамна е фрлен црвот на меѓусебната нетрпеливост и сомнеж и таквата состојба и натаму треба внимателно и грижливо да ја одржуваме…

Остро заѕвони полскиот телефон. Захаријадис брзо, неколкупати ја заврти рачката и ја подигна слушалката.

-Единиците тргнаа… операцијата почна… - јави глас од другата страна на жицата.

-Добро… пожелувам успех… - со растреперен глас рече Захаријадис и полека ја спушти слушалката.

# ГЛАВА 10

Во полуосветлената одаја, седнат покрај масата поставена до прозорчето со поглед на Бела Вода, Захаријадис пишуваше. Направи мал прекин колку за да испие две-три голтки чај и во тој миг се слушна тивко тропање на вратата. Ја стави чашата настрана, испишаните хартии ги присобра и врз нив фрли весник. Го отвори бележникот и провери дали во дневниот распоред некој е најавен. По повторното чукање, тој стана, се упати кон вратата и го повлече резето. Дежурниот офицер од водот за обезбедување на генералниот секретар, застана во став мирно и рапортира:

-Другарот Барѕотас бара да влезе! – Тој стои и чека одговор. – Како ќе наредите, другар Захаријадис?

-Нека влезе… - незадоволен рече генералниот и се упати кон масата.

Во широко отворената врата се појави Барѕотас и, пречекорувајќи го прагот, снемирено рече:

-Прости, Никос, што толку рано те вознемирувам… - и гледајќи со крајчето од окото на масата на која лежи недопишана хартија, праша: - Не те прекинав во работата?

-Не, воопшто не. Весникот – тој покажа на весникот фрлен врз купот хартии и книги – од немајкаде го прелистував, пиејќи чај – рече развлечено и се проѕевна.

-Чај, ќе се напиеш чај? Грузиски е. Наутро и другарот Сталин пие чај. Ќе се напиеш?

Сите свои посетители, соговорници и најблиски соработници наутро и навечер Захаријадис ги гостеше со грузиски чај. Тие пиеја се додека тој не престануваше да пие. Тоа го сметаа за посебна чест и, пиејќи, иако притоа си ги гореа бузите, гласно шмркаа само за да докажат дека тоа им прави големо задоволство. Потоа честопати во својот круг патем ќе речеа:

-Знаете, јас вчера со другарот Захаријадис пиев чај… - небаре сакаа да предупредат: - Внимавајте со кого си имате работа!

Кога го немаше грузискиот чај, тогаш во големиот чајник задолжително мораше да врие планински чај од Грамос, од Одрето или од В’мбелската планина – Врба. Луѓето од водот за обезбедување ја знаеја таа негова слабост и секогаш во ранците носеа планински чај.

-Грузиски чај?! Со неизразлива и занеслива наслада во гласот праша Барѕотас. – Голем грев е да не се напијам чај од татковината на великиот Сталин. Се разбира, ќе се напијам… молам… - Тој знае дека ако одбие, тогаш ќе го навреди Сталин и него - Захаријадис. - Ќе се напијам како да не, дури и две чаши! Утрото е

студеникаво и добро ќе ми дојде… - со молежлива насмевка рече Барsотас.

И додека Захаријадис ги полнеше чашите и ги впушташе во дршките од чисто сребро, Барsотас го оправдуваше своето ненајавено доаѓање:

-А јас, Никос, рано дојдов кај тебе, бидејќи добив многу интересно писмо од Паскали.

Барsотас го извади пликот од кожената офицерска чанта, го отвори и, ставајќи го на масата праша:

-Ќе го прочиташ или јас да ти го читам?

Захаријадис му ја подаде чашата, погледна на писмото и со рамнодушен глас, рече:

-Читај!

Во тонот на неговиот глас Барsотас почувствува незадоволство, но, повеќе му заличи на нетрпеливост. Посегна по писмото, со надворешната страна на дланката удри на испишаниот лист хартија, небаре од него истресува прашина и почна да чита:

Драги Василис,

Размислуваме за конгресот. Сметаме дека треба да има и свечен дел, со некоја празнична манифестација, едно обојување и свеченост што ќе го зголеми интересот и ќе ја зајакне борбеноста. За тоа многу ќе помогне подготовката и нашата појава со пароли, слики, симболични приредби итн.

За таа цел сметаме дека е потребно да направиме и да изнесеме неколку илустрирани прикази.

Прво. Една публикација со илустрации, која ќе го симболизира единството. Тоа да се претстави со еден Славомакедонец и една Славомакедонка со еден Грк и со една Гркина, борци на ДАГ, кои во едната рака ќе држат пушка, а другата братски ќе си ја подават, што ќе претставува борбен повик во заедничката борба. Зад нив ќе стојат други борци, мажи и жени.

На илустрацијата да биде напишана паролата:

БРАТСТВО
ЕДИНСТВО
НЕЗАВИСНОСТ
НАРОДНА РЕПУБЛИКА

Барsотас за миг прекина да чита и, подавајќи му го писмото на Захаријадис, покажа со прст:

-Погледни, Никос, паролата Паскалис ја напиша на нивниот јазик.

-Со словенско писмо е напишана, а подолу, еве тука, гледаш? Тука е напишана во превод на грчки јазик.

Захаријадис го прочита грчкиот текст и, мрдајќи со глава рече:

-Ова што е напишано на нивниот јазик ми изгледа како да е напишано на лош руски јазик. Продолжи, Василис.

Барѕотас пак ја истресе хартијата и продолжи:

Второ. Друг приказ да ги симболизира борбените народно-ослободителните и националните стремежи на македонскиот народ.

Захаријадис подигна рака, повторувајќи: борбените народно-ослободителните и националните стремежи на македонскиот народ… - многу зборови, многу зборови, Василис, нели? Многу… Ако – промрмори тој и му даде знак да продолжи со читањето.

-Во продолжение Паскалис пишува:

Да се претстави со еден Македонец и со една Македонка…

Барѕотас прекина, кратко се загледа во лицето на Захаријадис, сакајќи да го слушни неговото мислење, ама самиот побрза да праша:

-Погоре Паскалис пишува за еден Славомакедонец и за една Славомакедонка, а тука, како да го менува ставот, па пишува за еден Македонец и за една Македонка! Забележа, Никос?

-Да, Василис, забележав и жалосно е ова. Човекот, туку не само тој, како да е изгубен или се прави дека е изгубен. Ту Славомакедонец, ту Македонец. Се уште не расчистил, кутриот… со поимите. Читај!

-Продолжувам. Еве што пишува тој натаму:

… во народни носии и со синцири на нозете, фрлени и скршени. Во средината и малку понапред еден партизан со шмајзер што ќе ја претставува борбената авангарда…

-Што?! – налутено викна Захаријадис.

-Што, што?

-Што му е тоа партизан со шмајзер кој ќе ја претставува борбената авангарда? Зарем нему не му влезе в глава нашиот петти пленум на кој дефинитивно е решено дека веќе сме армија? Ние постојано зборуваме за армија, за народна, револуционерна, демократска армија, а тука тој пишува за некои партизани! Добро што не напиша комити! Лично да му ги објасниш решенијата на пленумот. Читај! – рече налутено и почна да шета по одајата.

-Добро. Продолжувам… Ете како тој пишува подолу:

…а зад него други партизани и други лица, како доказ за масовното учество на нашиот народ во борбата и неговата обединетост во борбениот сојуз на работниците и селаните, како и на прогресивната интелигенција…

-Пак се испомешал, кутриот – потсмешливо дофрли Захаријадис. - Па тој навистина се испомешал. Вистинска бучкуруш салата. На едно пано, замисли, Василис, Славомакедонци, Македонци, борци на ДАГ, партизани, селани, работници, прогресивни интелигенти и заборавил за тоа што е најважно! Партијата, Василис, тој партијата ја заборавил! Заборавил дека на чело на таа маса стои партијата! Партијата, ја заборавил партијата која е срцето и мозокот! Тоа да му го објасниш кога ќе го видиш! Читај!

-Добро. Ќе му објаснам. Читам подолу:

Најнапред и горе, на едната страна да има оган, што ќе покажува воена тревога и на другата страна сонце кое ќе изгрева, како израз на народното и националното ослободување што доаѓа.

-Фантазер изобразительного исскуства – рече на руски Захаријадис и тивко се потсмевна. Читај!

-Читам:

На предната страна на илустрацијата да се напише паролата:

БОРБА
ПОБЕДА
НАЦИОНАЛНО
ОСЛОБОДУВАЊЕ

-Дај да видам! – Захаријадис го прекина читањето и испружи рака. – Па ова е сосема на руски! Само последните два збора ако би биле напишани национальное освобождение, тогаш целата парола би била на руски и некој од страна би рекол дека со нив, со НОФ-итите, раководат Русите, а не нашата партија. Голема сличност. Скоро исто! Што можеш, словенски јазици! И убаво наместено – скалесто и редум, се разбира, прво во борба, преку неа до победа, а по победата до националното ослободување. Василис, читај!

Трето. Да се изработат значки, почесни и како спомен од конгресот. На горната страна да стои НОФ, а на долната II конгрес. Илустрираните прикази да излезат во 500 примероци секоја илустрација. Исто така и значките. Ние тука немаме средства и можности да ги направиме тие работи. Поради тоа ве молиме да ги прифатите нашите предлози и да се погрижите предложените прикази да се изработат во странство. Можеме да испратиме и човек кој има некаква идеја и разбирање за сликарство и може да помогне. Треба да имате предвид дека 25 март го определивме за одржување на конгресот. Исто така добро е на денот на одржувањето на конгресот да им дадеме по една кутија цигари на мажите и по една чоколада на жените-делегати…

Барѕотас прекина со читањето.

-Толку? - праша Захаријадис.

-Во врска со конгресот толку, но има нешто друго.

Барѕотас го отвори вториот плик.

-Никос, имам уште едно писмо од Паскалис…

-Пак ли бара нешто?

-Така нешто, ама повеќе информира…

-За што?

-За некои неправилности, според него…

-Читај…

-Еве што пишува тој…

Едно друго прашање што треба да го имате предвид и што го подвлекувам и поставувам пред вас. Имено економската ситуација на населението во подрачјето на Пополето и Костенаријата, во Костурскиот округ, е очајна, особено по последните масовни обездомувања. Многу семејства, заедно со тоа што можеле да го понесат, жито и добиток, минале на слободните територии. Житото им го зела нашата армија, со тоа што им е речено дека таа ќе ја преземе врз себе нивната исхрана. Исто така, земени им се и овците под услов армијата да им ги врати кога семејствата ќе се населат во слободните села. Многу од овците се исклани и потрошени за потребите на армијата. Другите се измешани со овците на нашата армија (14 бригада) што се од трофеј. Луѓето сега се населени во слободните села и си ги бараат преостанатите овци што до овој момент бригадата не им ги вратила. Ве молам да го разгледате прашањето и да видите што може да се направи. Ќе забележам дека од економски аспект нивниот живот е многу тежок и тие негодуваат. Исто така, кадрите кои работат во Костурско Поле не известуваат дека во тие села оделе интендантите и им го земале сето жито на селаните и не им оставале ништо за исхрана на семејствата. Тоа е сторено во селата Тиквени, Жупаништа, Изглеби и Желин.

Повеќе словеномакедонски кадри во ДАГ се потценети… - Барѕотас прекина, го преврти листот и продолжи: … се поставени како обични борци, додека грчките кадри од Булкес веднаш се поставуваат за помошници на политички комесари на бригади, одговорни за безбедноста на баталјон, интенданти…

-Во продолжение Паскалис пишува…

-Не раскажувај, туку читај! - подвикна Захаријадис.

-Добро. Паскалис натаму пишува:

Не е правилен односот на некои грчки кадри, како на пример Пацурас или Аријанос, кои ги слушав како викаа пред народот: “Убивајте секого кој не слуша.” Тоа беше на почетокот од започнувањето на работите за утврдување на теренот кога народот

неорганизирано го влечкаа од едно место на друго без да му дадат конкретна работа. Таков однос постои и во однос на пренесувачките на ранетите, како и во работилниците, а сето тоа создава неблагопријатна состојба и резултат на тоа е дезертирањето на повеќе жени… Нешто за самоволието и антинародните постапки на интендантурата и на некои партизани од 107 бригада во Арменско и во Буф. Во Арменско еден стар партизан го тероризирал населението и грабал што сакал. На населението му го земал дури и лебот. Тој беше пријавен но наместо да му суди воениот суд, тој и сега продолжува да оди во селото. Во селото Буф се украдени јаболка и тутун. Интенданти на XI дивизија слегоа во селото Арменско и од некои куќи зеле сено и жито. Од Ставровица Куртева зеле 320 оки жито, од Илија Цуцов, партизан, зеле 5 товари сено и 40 оки жито, од Ильов, партизан, го зеле целиот тутун што го имал дома, од Јован Јованов, партизан, 8 товари сено, на Ристовица Ильовска ѝ зеле 20 товари сено, а на Коста Маркулов му го зеле целото сено. Еден интендант од 107 бригада, по име Спирос од Пиреј, на девојките од Буф им велел: "Земете пушки и потоа дезертирајте кај бурандарите." Еден началник на бригада им велел на носачките "ќе умрете тука ", а потоа цели дваесет и четири часови ги држел под дожд изолирани во шумата. Некои од нив без покривка ги ставиле да спијам во црквата во село Кономлади. Од работните бригади дезертира Атина Гелемисинова. Таа сега заедно со мајка ѝ се наоѓа во затворот на народната милиција во село Желево. Таа има двајца браќа борци на ДАГ, едниот е загинат, а другиот е инвалид од борбите на Грамос. Народната милиција многу лошо и сурово се однесува спрема народот…"

Барѕотас прекина. Писмото го врати во чантата и по кратко размислување оттаму извади жолт плик.

-А ова, Никос, е адресирано до тебе…

-Од кого е?

-Од Паскалис…

-Отвори го и читај…

-Само момент… - тој го скрши восочниот печат и со растреперени прсти, го отвори пликот. Од обете страни листот испишан со молив. Барѕотас го измери со погледот, го сврти, та рече: - Убав, читлив ракопис…

-Па образован е… Адвокат… Читај!

-Читам…

"Другар Никос,

Прашањето за самоволијата што се случија во селата Горно и Долно Дреновени, Кономлади, Поздивишта и Габреш, за што завчера ви јавив, се состои во следното. Лицето кое ме извести се

вика Димитриос Сукарис од село Црновишта. Тој е одговорен за бегалците во Ошчима. Жената која била малтретирана се вика Ламбрина Петропулу од Горно Дреновени. Партизаните кои ја малтретирале биле од 14 бригада. Имињата тој не им ги знае, бидејќи отишле ноќе. Во истото време тие ја заклале и ја однеле свињата. Исто така го отвориле бурето со вино, источиле околу 50 оки, а останатото го оставиле да истече. Истовремено измалтретирале и други две жени од  истото село и трите заедно со Лабровица Петропулу ги натерале да го играат орото “Елено моме”. Лабровица Петропулу има тројца партизани во ДАГ од кои едниот е убиен, а другите двајца се ранети. Исто така, таа има и ќерка партизанка, а втората нејзина ќерка е неговaтелка на група деца кои заминале во народните републики. Истиот Димитрис Сукарис го изнесе и долунаведениот настан. Имено борецот Диме Попадин од село Горно  Дреновени, кој служел во 14 бригада отишол во селото по некоја работа. Кога влегол во куќата, видел како мајка му и жена му борци на ДАГ од 14 бригада ги тепале. Другиот ден тој си ја зел жената и му се предал на непријателот кај месноста Биковик. Спомнатиот борец бил партизан од мај 1947 година и ранет во минатогодишните борби на Грамос. Истиот ми го изнесе и овој настан. Петрос Панопулос од село Црновишта, татко на тројца партизани. Сите ранети. Една вечер некој борци на ДАГ од 14 бригада  влегле во неговата куќа и сакале да земат некои работи. Жена му се спротивставила, а тие ја тепале и ја газеле по мевот. А Петропулос му рекол на Сукарис дека по овој случај тој секоја вечер ќе стои пред куќата и со секира ќе убие секого кој ќе дојде и дека ако продолжи ова натаму, тој ќе си ја запали куќата и ќе избега во Костур и таму ќе објави во весниците… Луѓето, ми велеше Сукарис, ноќе кога поминуваат партизаните и чукаат на портите, не отвораат и се кријат по таваните зашто се плашат…”

-Толку, другар Никос…

-Предлага ли нешто, тој Паскалис?

-Да… предлага да се преземат соодветни мерки и да се казнат сторителите на таквите антинародни постапки…

-А ти, Барѕотас, како политички комесар на Главниот штаб, имаш ли сознанија што вели народот?

-Народот? Народот, Никос, колни. Колни народот.

-Лошо, многу лошо… Кога народот колни, значи не е задоволен и губи доверба… Да… Треба да му ја вратиме довербата, нели?

-Да, се разбира - потврди Барѕотас, додавајќи: - Паскалис го пишува и ова:

Ви доставуваме една изјава од три жени од село Вишени, Костурско. Тие се жалат во врска со нивните деца кои пред извесно време ги донесовме од народните републики и ги мобилизиравме во армијата. Тврдат дека децата се на 15-годишна возраст. Сега служат во 8-та чета, трети батаљон. За ова прашање се дискутира во поширок круг луѓе и има коментари, негодувања и полемика. Други мајки, кои имаат деца во народните републики и кои се на иста возраст, доаѓаат и плачат, создаваат расправии дека ќе ги мобилизиравме и нивните деца и во продолжение бараат да им ги вратиме малолетните деца кои се наоѓаат во народните републики. Таквите гласови и работи ќе се искористат од непријателските елементи и ќе се создаде негативна, лоша атмосфера. Се фрлаат пароли дека мобилизираните мали деца повеќето загинале или биле ранети, а некои заробени во борбите со непријателот. Ние од наша страна поставивме задача прашањето организационо да се согледа и да се разгледа. Добро е и вие да го разгледате прашањето, се разбира, во рамките што ги дозволуваат и определуваат воените потреби.

Захаријадис прекина со шетањето по одајата. Стоејќи со грбот кон Барѕотас, замислено и со строг глас рече:

-Ни протече една од строго чуваните тајни. Ова не е прашање на НОФ,  туку на Главниот штаб, а пред се на Второто биро! Веднаш, уште денес, сега, да се почне со истрагата. Откриените виновници најстрого да се казнат!

-И не е само ова, Никос. Паскалис пишува…

-Со убави вести си ми дошол, Василис!

-Еве, што уште пишува Паскалис:

Друго прашање по кое се дискутира, е прашањето дека Славомакедончињата во народните републики не се школуваат на македонски јазик. Се разбира тоа е славост на организацијата што досега не го решила прашањето. По тоа прашање ќе ни помогнете ако некои ранети-инвалиди, кои служат во ДАГ, а кои се учители, ни ги дадете да ги употребиме за таа работа.

Захаријадис наеднаш се исправи пред Барѕотас, строго му се загледа в очи и со тивок, одмерен и шушталив глас, во кој се чувствува закана, праша:

-Кажи ми дали од декември 1947 до февруари ланската година на слободните и полуслободните територии работеа македонски училишта? Да или не?!

Барѕотас се поднамести, ги поправи очилата.

-Јас, Никос, како што знаеш, задолжен сум за воени прашања, а не за просветата…

-Ама си член на Политбирото на ЦК – налутено викна генералниот – и твоја должност е исто така да се интересираш и за

овие работи! Нели си политички комесар на Главниот штаб? Ако не ти, тогаш кој друг ќе ја согледа политичката штета, а?! И што мислиш, зошто Паскалис токму тебе ти го прати писмото, а не на некој друг? Ако во воени услови децата учеа мајчин јазик, тогаш зошто таму каде имаат услови, тоа им е скратено, а? Ќе ми објасниш ли? Захаријадис направи неколку нервозни чекори по одајата и, стоејќи со грбот кон Барѕотас, викна: - Јас ќе ти објаснам! Затоа што таму некој ја минира целата наша политичка работа меѓу Славомакедонците. Што им велиме? Што им ветуваме Што бараме од нив? Веднаш да се почне со истрага и виновниците да се пратат на фронт! Јави му на Паскалис дека неговото писмо ние во Политбирото многу внимателно го прочитавме и го анализиравме, дека извлековме заклучоци и одлучивме да преземеме најстроги мерки за да ги откриеме виновниците. И уште ова. Тој нека ги собере своите НОФ-ити и АФЖ-итки и нека им каже дека во врска со прашањето за учење на мајчин јазик се обратил до највисокото политичко раководство на нашата партија и ги изнел тие и тие проблеми и дека веќе се преземени сите неопходни мерки состојбите да се подобрат.Тие поради ова ќе го пофалат, а тој кај нив ќе си ја подобри и онака својата расколебана позиција. И поздрави го од мене и кажи му дека и јас лично ќе се заложам сите негативни појави брзо да бидат отстранети. Не стој, оди и веднаш побарај да дојди кај тебе. Барај го пред да дознаат тие во Скопје. Оди! Дознаа ли тие во Скопје, веднаш ќе направат проблем! Оди, слободен си!

# ГЛАВА 11

На состанокот на Главниот одбор на НОФ на кој се разгледуваше списокот и редоследот на лицата кои треба да говорат и да го поздрават конгресот, по долги расправии, беше одлучено конгресот да го поздрави и претставник на жените кои во реонот на Вичо копаат ровови и носат трупци и камења за градење бункери. Но, и покрај тоа, се појавија спротивни гласови.

-Ами, шо можи да речи една неписмена жена? –прва се јави АФЖ-итската секретарка за Костурско. – Ка ќе излеј таа пред телку људје? Јаска разбервам дека тие жени геројски носе горе гулеми и дибели дрва за бункерте, ама да зборве пред многу људје и уште пред Захаријади, тоо не го разбервам. Зошчо, ве опитвам јаска вас?

-Па знаете - со помирувачки тон се огласи Паскал - ова може да е вистина, ама тие жени таму на теренот претставуваат еден многу важен дел од општите напори за да го спречиме непријателот и мислам добро е некоја од нив барем да го поздрави конгресот.

-Јаска се сагласна со мишљењето на другаро Паскал. Тој ести о право и никој друг. Одлучиме ка шо одлучиме и зашчо се врнваме сега на саштото? – со тон на протест прозборе Вера. - Јаска уз целото поштение – таа милува да употребува некои туѓи зборови, бидејќи ѝ се чини дека со таквото богатство на својот речник е над сите други – спрјамо другарката, јаска нејќум да причам за тоо дали требит иљ не треба да му се дај лаф на ена жена, така да реча, скоро од первата линија на фронто. Така ести иљ не ести вака?

-Во ред, другари, да не се расправаме повеќе. Ние одлучивме што одлучивме, но проблемот останува. Точно е тоа дека жените таму се обични и неписмени селанки. Но, јас мислам дека би можеле меѓу нив да најдеме некоја поумна, поитра, па да речам и поинтелигентна жена – помирувачки убедуваше Паскал - и да ја подготвиме, значи да ја научиме и доучиме што треба да каже и како да каже, нели? Затоа предлагам другарката Вера која е одлечен говорник, да ја задолжиме да најде таква жена. Сите сме согласни, нели?

* * *

Дел од жените кои беа мобилизирани за да пренесуваат ранети од битката за Лерин беа задржани и сместени во земјанки ископани во големата и осојна букова шума меѓу Желево и Псодери. Во одделни земјанки беа мажите од околните преспански и корештански села. Сите нив ги викаа работна бригада, која

работеше во две смени денска и ноќна. Во мугрите им беше будењето и појадокот, најчесто овчо сирење и бајат леб, и со изгревот тргнуваа на работа. Цел ден, се до времето кога врз шумата се распостелуваше сенката на отадешната планина, се слушаше удирање на секири, кркорливо стружење на пили и повремено гласно викање, преду-предување - чувај! Под секирите и пилите паѓаа буките. Очистени од гранките и по мерка од четири до пет и шест метри должина, потешките трупци, пругоре ги влечеа впрегнати волови, а другите врз своите рамена и потсвиени плеќи – ги носеа жени. Со бавен и растреперен чекор одеа до последните сенки на разретчената букова шума. Тука ги фрлаа трупците и по краток одмор, колку да избришат пот и да наберат сила, по истата патека, слегуваа прудолу, по нови трупци. Ноќната смена, во која имаше најмногу жени, пак на рамо, истите трупци ги префрлуваа на голите ридови каде со други жени и мажи и со борци на ДАГ ги префрлуваа преку ископаните дупки. Ред трупци, ред камење и земја и се така накрсно до петтиот, шестиот, седмиот и осмиот ред.

Тука дојде Вера за да побара погодна жена за да го поздрави конгресот на НОФ. Најпрвин се сретна со командантот на секторот и политичкиот секретар на кои им ја објасни целта на својата – како што им рече борбено-политичка задача – и замоли да и биде дозволено да се сретне со жените, а тие ја упатија кај раководителот на работната бригада.

Висок, строен и набиен маж, чиј голем мустаќ кај Вера предизвика отворено восхитување, тргна пред неа да ја одведе кај жените од ноќната смена.

-Дење - објаснуваше мустаќлијата - тука на голо не се работи. Жените си почиваат.

-А зошто да не се работи?

-Затоа што тука е борбена линија која постојано е набљудувана од непријателот. Затоа само ноќе копаме ровови и пренесуваме трупци за да ги градиме бункерите…

-А каде се бункерите? Јас не гледам бункери – го прекна Вера.

-Па не гледаш затоа што тие се покриени со гранки. Значи бункерите се камуфлирани. Така се вели на војнички јазик.

-А можам ли еден да видам?

-Па штом ти си од високото раководство, мислам дека командантот на секторот нема да брани… Воена тајна, знаеш… Оди по мене. Ене, ова што е под гранките, е бункер. Оддалеку се гледа како да е малечко пошумено ритче.

Вера влезе од западната страна. Низ двете митралески пушкарници се разлева сончевина. Се доближи до едната пушкарница, погледна низ неа и праша:

-А како се вика овој рид на кој сме сега?
-Јоргова Глава.
-Висок ли е?
-Висок.
-А колку е висок?
-Висок е 1858 метри.
-Многу е висок… И до тука ги носите трупците?
-Аха… До тука и до потаму…
-А како се викаат тие планини лево и десно и пред нас?
-Па лево, онаа голата, е Бела Вода… Десно Чука, во продолжение Моро и Лисец и отаде е Мали-Мади…
-Зарем оттука се гледа Мали-Мади? Ја знам јас добро таа планина… А пред нас?
-Пред нас е Лунѕер. Оттаму како на дланка се гледа Лерин, целото Леринско поле, Кајмакчалан, па дури и Вичо… Десно од Лунѕер е Голината, па Кулкутурја, понадесно онаа издолжената е Полената… и зад Полената се Баро, Рото, Главата, Кресто, Плати…
-Многу убави планини имаме… Сите се наши? Мислам дали сите се под наша контрола?
-Сите.
Вера се тргна од пушкарницата. Погледна на таванот и праша:
-Колку редови трупци има над нашите глави?
-Пет и толку редови камење…
-Многу. Ако такви бункери ќе изградиме по сите овие планини, тогаш навистина, како што рече другарот Захаријадис, непријателот на Вичо нема да помини. А кој ги донесе до тука овие долги и дебели трупци?
-Жените… и … и впрегнатите волови…
-Како бре жените!
-Па жените на рамо…
-Жените велиш? Па ние сме имале многу силни жени, нели?
Излегоа од бункерот. Вера се сврте на исток и дури сега пред неа ширум се отвори просторот. Занесено мрдна со глава и рече со издишка на восхит:
-Оттука никој нема да не извади! Да одиме кај жените.

* * *

-Јас, жени, доаѓам од Централниот совет на НОФ за да ви ги донесам топлите поздрави и благодарноста за тоа што го правите тука. Поздрав и благодарност ви праќа и другарот Захаријадис, нашиот омилен и умен водач. Дојдов и да ви кажам дека наскоро ќе се одржи Вториот конгрес на нашиот НОФ на кој ќе бидат

донесени важни одлуки за нашата натамошна борба и за целосно учество на нашиот народ во таа борба во која учествувате и вие. Затоа е потребно и вие да го поздравите конгресот и на сите да му кажете што и колку сте дале за борбата и да му се заблагодарите на другарот Захаријадис за тоа што не води од борба во борба и од победа. Јаска не знам дали ме разбирате, ама од сега ќе ви зборвам на попрост јазик. На конгресот ќе кажиме све што сторивме досега и што треба да сториме од сега за да ја добиеме победата. Така ести или не ести така? Се разберва дека така ести. Јаска добро знам дека сакате таму на конгресот на нашите раководители, а пред се на другарот Захаријадис да му кажите што направивте и што правите и колку многу верувате во победата. Ама тоа не можите да го сторите сите. Само една од вас која денес ќе ја изберите, таа во ваше име таму на конгресот ќе му кажи како вие работите тука, да речам на вториот фронт. Вие ќе си ја изберите и таа таму лепо на Захаријадис и на свите друзи ќе му раскажи како вие туа работите, како вие туа верувате во победата, а знам дека верувате, бидејќи му верувате на партијата и на Захаријадис…

Вера втурната во занесот на својот говор, дури сега забележа дека многу од жените спиеја или дремеа налактени. Истоштени од умор и ненаспиеност, топлиот марговски ден ги спови во дремка. Жената која беше најблиску ја повлече за рака и ја искара.

-Што зарем ти спиеш? Јаска тука за конгресот, за победата, за Захаријадис ви зборвам, а ти, ете, и други спиете. Срам да ви е…

-А мори, чупо – тивко замоли жената – остај не малку да дремнеме, да прибереме душа… Ти зборвај, зборвај си колку што ти е мерак. Све шо велиш нека е така, ама остај не да дремнеме малку. Те слушам. Ние знаеме да спиеме и со отворени очи… одиме со трупците на рамо и спиеме и само тогаш, кога некоја ќе се сопне или ќе падне, тогаш се будиме и сме на нога и одиме пругоре, пругоре, пругоре… а ти, чупо, зборвај си – таа широко зевна и попадна во сон.

Вера не издржа. Стана, удри со камшикот на валканата чизма и подвикна:

-Сите, сите слушајте и внимавајте што ви зборувам. Ако така правите, вие немате верба во победата! Е па што велите? Која ќе ја изберете?

-Земи ја Евгенија. Таа е подолго време по овие работи и позборлеста е од сите нас… Земи ја неа.

-Добро, жени, го решивме и ова прашање. Која е таа Евгенија? Ти ли си? Добро. Уште денес ти заедно со мене ќе одиш и таму каде што треба.

Вера јавната на коњ и зад неа, пеш, нејзиниот курир и Евгенија, пред стемнување стигнаа во Желево. Селскиот одбор на

НОФ на конакување ги смести кај Ставровица. Таму, наизменично со една дрвена лажица сркајќи посна леќа и кршејќи го потсушениот ‘ржен леб без сол, со потсмешлив и наврелив глас, Вера праша:

-Ставровице мори, зарем некнежната леќа ни ја даде?

-Ами денес тоа даде Господ златен – врати Ставровица и, ставајќи го на софрата стомнето со потскршена уста, дорече: - Погача, Веро, нема зашто ланската пченица ја дадовме за борбата. И печено нема зашто и овците и козите со твоја помош ги изезе борбата. И лажиците и вилушките и чиниите, пак со твоја помош, Веро, отидоа за борбата. И сега за борбата, Веро, некни ни ги собраа воловите заедно со јаремот и жеглите… Со што ќе ораме?

-Ајде, ајде де, не туку се жали. Нашите пријатели од демократските држави веќе почнаа на вагони да ги товараат тракторите и другите машини. Само прашање е кој ќе ги тера…- потврдно и самоуверено дофрли Вера.

Ставровица трипати се прекрсти и откако со дланките покри лице, уста и очи за да не ѝ се види вчудовидението, стана и отиде во соседната одаја. Низ отворената врата довикна:

-Тука ќе ви постелам за спиење…

Вера прекина да срка и, береќи ги трошките од софрата, упорно гледаше во лицето на Евгенија и во главата и се роеја десетици прашања и се околу тоа дали оваа проста селанка ќе успее да одржи говор? Запамти дека жените ја фалеа, велејќи дека е позборлеста од нив, дека за разлика од нив е посигурна, посамоуверена, поборбена, похрабра… И на мигови се каеше и се осудуваше себе си затоа што прифати токму таа да најде жена за да го поздрави конгресот. “Лесно им е на тие кои ќе читаат напишани говори и напишани пароли – си зборуваше со умот – а јас ќе морам оваа збор по збор да ја научам не само да го одржи говорот, туку и како да го одржи… Најдобро е да ѝ го напишам” – и потсмирена од оваа мисла ѝ се обрати на Евгенија:

-Знаеш ли ти да читаш?

-Не знам, а зошто?

Вера го премолча одговорот.

* * *

До Нивици пешачеа цел ден. Пред влезот во селото, при проверката на пропусниците, ја задржаа Евгенија. Објаснувањата и уверувањата за луѓето од обезбедувањето не беа доволни иако Вера им се закани дека поради таквата нивна постапка уште денес ќе оди да се пожали во Главниот штаб, па дури и кај Захаријадис. Не помогна ниту нејзиното уверение во кое со големи букви, на

грчки јазик, беше напишана нејзината функција. Командирот на патролата, враќајќи ѝ го на Вера уверението нареди:

-Оваа – покажа со пиштолот на Евгенија – носете ја во командата, а вие, другарко, продолжете…

Вера го бодна коњот и се упати кон куќата во која е командата.

-Тргни ми се од патот! – му се развика на стражарот и откако го врза коњот за оградата, со поткованата чизма удри на вратата и влезе внатре. – Каде ти е, бре, командирот!

-Јас сум…

-Ти ли си?! – со вчудовиден глас праша Вера, бидејќи не очекуваше дека толку млад човек може да биде командир. – А знаеш ли која сум јас? – таа му го пикна пред очи уверението за нејзината функција и, не чекајќи одговор, подигна глас: - Ти таков седиш тука и дремиш, а таму твоите пандури ми ги апсат моите луѓе!

Командирот додека се созеде од ненадејниот напад, двајца милиционери ја доведоа Евгенија.

-Еве - рече Вера – оваа е жената што треба да соработува со мене. Евгенијо, дојди тука и не се плаши. А ти веднаш да ѝ издадеш пропусница и двапати на неа да удриш печат! Напиши дека е делегатка на конгресот на НОФ.

Командирот ја отвори папката што лежеше на масата и, влечејќи го прстот долж списокот, рече:

-Делегатка со такво име и презиме на списокот нема…

-Ако ја нема, тогаш запиши ја на моја одговорност. Јас го правев списокот и дај ми го да ти се потпишам! И немој да ми го заборавиш името, разбра? Евгенијо, одиме. А ти немој да се плашиш, нема да му кажам на твојот претпоставен кој ми е многу добар пријател. Здраво и збогум…

* * *

Во текот на вечерата Вера непрекинато избираше зборови кои треба да бидат вткаени во содржината на говорот што треба да го одржи Евгенија. Како што мониста се избираат и нижат на врвца, така таа ги избираше и ги редеше зборовите по значење и моќ на одраз и влијание кај оние кои требаше да ја слушаат.

- Евгенијо – се огласи откако го извади рибиниот трн што и се зари меѓу забите – на секој збор треба да му дадеш моќ, боја, значење, топлина, ведрина и од сите зборови треба да зрачи вера и верба кон нашиот водач и кон партијата и НОФ, сигурност во победата и надеж во нејзиното брзо доаѓање… Доврши си ја вечерата и легни си. Јас ќе појдам до бирото да се видам со другарите и другарките од советот.

Утредента Вера и Евгенија прво отидоа да ја разгледаат селската црква Света Богородица каде по два дена треба да се одржи конгресот. По селските калдрмисани сокачиња вриеж од луѓе, меѓу кои и многу во воени униформи. Обесени на огради, балкони и прозорци, се ветреа покривачи, веленцињa, шинели, стари војнички ќебиња, најмногу со италијански и грчки ознаки, а во дворовите, распалени огнови над кои во големи казани врија најразновидни алишта.

Пред црковната врата – стража. И тука проверка на пропусниците. Евгенија очекори праг и се скамени од чудо. Свртe вџашено лице кон Вера и со засркнат глас ја праша:

-Ами што сториле од ова свето место? Зошто со бели чаршафи ги покриле сите ѕидови, та ниту еден светец не се гледа? Ами види што направиле од олтарот!... Пред што да се прекрстам?

Вера се потсмевна и ја праша:

-Пулиш што има таму?

-Каде?

-Таму каде што беше олтарот. Пулиш?

-Да, ама нема светци… А кои се тие на голмите кадра? – со изненадување во гласот, праша Евгенија.

-Тој со мустаќите е Сталин, најголемиот водач, а тој до него е Захаријадис.

Во очите на Евгенија – одраз на вчудовиденост… Не изусти ниту збор. Излегоа. Евгенија се загледа во ведрото претпладневно мартовско небо и без да откине поглед, тивко прозборе:

-Тука, надвор, полесно се дише, нели?

* * *

-Ех, мори Евгенијо, побрзо би те научила да читаш и да пишуваш отколку говор да држиш… - ја кореше Вера. Веќе втор ден ја учи како да зборува. – Гласот да тие одлучен, борбен и смел, напаѓачки и остар и кога ќе зборуваш за англоамериканскиот империјализам – да зборуваш потсмешливо. А погледот, погледот Евгенијо, кога ќе зборуваш за непријателите, да ти е безмилосен, молскавичен, искри да летаат од твоите очи. Глава гордо да крениш и пред себе да погледеш убиствено, одмазднички, огнено, луто, орловско и презриво… А кога ќе погледеш на првиот ред каде што ќе седи другарот Захаријадис, ќе гледаш со устрем ама умилено, благо, срдечно како од уста мед и млеко од пиле да ти течи… Немој да заборавиш. Значи рековме за гласот и за погледот. А сега за движењата. Тие, движењата на главата, а најмногу на рацете, Евгенијо, да се достоинствени, одлучни, избувливи, гневни. На пример кога ќе зборуваш за борбата, тогаш високо ќе ја

кренеш левата рака, запамти, левата, а не десната, прсти во тупаница ќе стегнеш, на исток ќе се свртиш, на исток реков, зашто таму е Вичо и силно заканувачки ќе ја тресеш тупаницата…

-Чекај, чекај – тивко замоли Евгенија. – Ами во црквата на исток е олтарот, Богородица… Зарем ним да им се заканам? Тоа е грев, голем грев е на Богородица да и се заканувaш…

-Добро, немој на исток…

-А на запад?

-Господ да чува! Таму е Албанија. Ќе го навредиме Енвер Хоџа.

-Па тогаш на север?

-И таму не може… Ќе им се заканувaш на нашите македонски браќа?

- А на југ?

-Чекај да помислам. Што имаме на југ? На југ оттука го имаме седиштето на Главниот штаб и на Централниот комитет. Знаеш, најдобро ќе биде многу високо ти да не ја дигнеш тупаницата. Така малку над главата. Така ќе биде најдобро… Аха, добро запамти! Да не заборавиш повремено да прекинеш и да извикаш по некоја парола за другарот Захаријадис, за борбата, за ДАГ, за борците. Прво и прво да извикаш парола за другарот Захаријадис, него прво да го поздравиш со топол и сладок глас… да кажиш за него дека тој е најголемио и најсаканио син на славомакедонцкио народ…

-А зошто, мори Веро, да не реча на македонцкио народ, та нели ние сме си Македонци?

Вера налутено ѝ одговори:

-Ти да велиш како што ти велам јас. Тоа што сме, тоа сме, ама сега политиката на партијата е таква и сака и таа и Захаријадис да сме Славомакедонци. Штом така вели Захаријадис, така треба да ести. Тој најдобро знае што е добро…

-Можи да е така – по подолго молчење се одгласи Евгенија – ама ние по дома, во селата и таму горе во планињето само така си се викаме – Македонци… А сега ти ми велиш дека сме некои…

-И немој, клета, проклета, да го спомниш Тито или Лазо. Ги спомна ли, ни отидоа главите во калта. Ќе памтиш?!

-За мојата ќе памтам, ама за твојата не сум сигурна… - Евгенија се насмевна гласно.

-Да памтиш… - замоли Вера.

И наредниот ден, од самото утро, па до пладне и попладне, тие двете, една до друга, тргнуваа по тесните калдрмисани сокачиња, преминуваа отаде буништата, слегуваа долу и, одејќи покрај поилото разматено од говедата и полно лепешки, го фаќаа езеркиот брег. Тука беа подалеку и од ушите и од очите на тие кои

на секој чекор и на секој ќош –чуваа и слушаа, а потоа кажуваа и поткажуваа, а жените кои носеа маси, столови, распалуваа фурни, месеа и готвеа, растресуваа покривачи, веленциња, рогозини и перници, погледнуваа скришум и, шепотејќи, се распашуваа, та се чудеа, што ли толку скришни работи зборуваат Вера – неа тука во Нивици сите ја познаваа – и таа непозната жена? И терајќи си ја својата работа, умот не им бегаше од Вера и непознатата, кои сега седнаа крај брегот, ги собуја чорапите и ги пикнаа нозете во студената езерска вода.

-Ама Веро – свртувајќи глава настрана, се огласи Евгенија - и нозете и чорапите ти смрдат како на пцовисано… Фрли ги во водата зашто орли ќе не попладат, жими Богородица…

-Ајде, ајде де, не туку се жали. На борците им личи и такви да се… Знаеш ли ти од кога не сум влезена во вода? Толку сум миена и перена, колку што ќе ме наврне дожд…

-А езерото, малку ли ти е езерото?

-Не ми е малку езерото, ама времето ми е малку. Ете за пример, јас наместо убаво да се измијам и подмијам со топла вода, тебе толку многу време те учам, а уште не сум те доучила… А знаеш ли ти колку време е потребно за да го научиш овој наш народец? Таква е нашата борба…

-Да не сакаш да речеш валкана?

-Ова, Евгенијо, што го рече, мене ми личи на контра… Чувај се што зборуваш, зашто за такви работи се оди во Дреново, под ѕид… - се закани Вера.

А Евгенија како да не слушна ништо, триејќи ги нозете со песок и, фрлајќи врз нив вода, продолжи:

-Ние, Веро, таму во трапиштата и во коријата од каде носиме трупци, кога само ни останува малку временце, фрас вода по лице, на чело, врат, под мишки, меѓу нозе. Толку сме чисти, што дури и мува не прелетува покрај нас. А околу тебе и оние другите горе, на!.. –Евгенија покажа на големиот нокт – олкави муви се вртат… Ете, прашај го Ристо…

-Кој Ристо?

- Ристо, тој што ни е командир. Тој секогаш ни вели – да се миете за да не смрдите. Срамота е, вели, жена да смрди…

-А тој, како го рече, Ристо, тој мустаќлијата ли, да не е тој малку женкар? Да не потфаќа некоја таму во коријата, во доловите, во трапиштата, та бара од вас да сте чисти и да не мирисате на пцовисано, а?

-Ама, Веро, имаш погана уста. Тој, тој ни е како Ристос, мори? Си слушнала за Ристос, нели?

-Пушти го ти Ристос. Да си седел тој мадро, немаше да виси на кол. Тој не бил револуционер како нас, туку сакаше со добро, со

добар збор. Ете, затоа му ја ебале мајката Евреите и го ставиле на крст со помош на Италијанците. И немој повеќе да ми зборуваш за муви и… Ние и против нив се бориме. Против сите се бориме кои ни застануваат на патот кон светлата победа. Толку денови те учам и ми изгледаш сосема ненаучена. Види ја ти неа и Ристос ми го замеша! – налутено подвикна Вера и фрли камен во водата. – Виде? – таа покажа на местото каде во водата падна каменот. – Така ќе напрајме со сите наши непријатели… Виде? Глук и го немаа…

Евгенија се поднамести, ги прибра водените чорапи и кога се обиде да стане, Вера ја праша:

-А ти, каде?

-Ќе си одам кај жените. Мене таму ми е местото. Да им помогнам да перат, да месат, да зготват, вошките да ги истресат… Земи си некоја друга и подучија како да шири перја… Јас, Веро, во ова што го викаш борба, не влегов слепа. Дадов се што имав, а и сега да имам, пак ќе дадам. Ја имам само душата, а и неа сте готови да ми ја земите… И неа ако ми ја побарате, ќе ви ја дадам…

-Ајде, ајде, седи тука и миј се. Кој е позаслужен од тебе? Никој! Затоа само ти заслужи утре да зборуваш на конгресот и тоа пред Захаријадис. Ти зборувај како што те учев и сите само тебе ќе те фалат. Ајде, крепи шега. Борбата и тоа го бара. Ме разбра?

-За разбирање јас многу разбрав, ама што и колку разбраа некои други, не знам…

* * *

Попладнето, вториот ден конгресот, следеа поздравните говори. Вера застана зад говорницата, причека додека стивнаа ракоплескањата и најави:

-А сега конгресот ќе го поздрави другарката Евгенија, која е примерна во носење ранети, копање ровови… Ајде, другарке, Евгенијо, повели, да им раскажиш на сите како ти се бориш со крвниот ни непријател… Ајде, повели, дојди…

Евгенија, срамежливо, со скоро наведната глава се исправи и полека појде на кај говорницата. Вера ѝ подаде рака и, наведнувајќи глава до нејзиното уво, прошепоти:

-Чувај, пуста, да не паднеш, та кој ќе ти ги пули греојте…

-Не се плаши… ме држе нозете… не се плаши… оди си на местото…

-И како шо ти реков - настојуваше Вера – кротко, само кротко, многу кротко… и почни така, како што те учев…

Евгенија замижа очи, чиниш на овој начин сакаше да потврди дека се разбра и полека појде кон скаличките што водат кон говорницата. Застана за миг, погледна во салата и ѝ се пристори дека пред неа се седнати небројни луѓе. Зачекори на сцената и некој ѝ покажа да оди кон говорницата. Погледна на сите страни. Чувствува дека нозете во колената ѝ се кршат, омалакса, грлото ѝ се стегна. Пак погледна во салата. Во првите редови ја здогледа Вера која, мрдајќи со глава, ѝ дава знакови на охрабрување. Пријде полека до говорницата и се потпре на неа. Погледна. Во првитот ред - седат Захаријадис, Митровски, Јоанидис, Барѕотас, Гусјас, Којчев, Вера. Освен Захаријадис, сите кои седат во првиот ред, имаат ставено нога врза нога и им болскаат светнатите кожени чизми.  Во вториот ред – командантите на бригади и баталјони. Ги препозна Пандо, Ламбро, Насо, Ахилеа и колку понатаму гледа –гледа предвреме остарени мажи и жени во црно. Црнило и мрак ѝ удрија в очи. И кога забележа дека сите неа ја гледаат, во грлото почувствува грутка. Никогаш толку очи не беа загледани во неа. А најпродорно и најупорно во неа е вгледана Вера. Нејзиниот поглед небаре ја пронижува, ја пробива и само за миг се обиде да открие што ли уште од неа сака таа жена, ама не може да разбере дали во нејзиното лице и насмевка се собрани сите стравови и сомнежи и во тој миг кон неа почувствува неизмерливо сожалување. Се искашла и тивко, со глас на молење, таа изусти на својот костурски говор:

-Другари и другарки, драги и мили куманданти и борци на ДАГ, големци на партијата. Ве поздраввам свите јаска Евгенија, свите шо сте туа и вас шо сте о планинте на позиција, и вас шо лежите о болниците де си ги лекувате тешките рани и све шо ви е раносано… ве поздраввам јаска Евгенија за која веле дека најмногу ранети има носено и гренди и дрва и камења има клавано и ровои има копано… Ми рекое, така ми рекое, јаска од името на такви како јаска да држам тука лаф, на конгесо, де. Му реку јаска: ами јаска се проста сељанка, од де дур де јаска да држа лаф пред големи људје, пред герои на ДАГ…  јаска знам да ора, да жнеа, да меса, к'шча да спастра… Така… Деца јаска изроди и издои. Здрави и големи порастее… Големи, златните, да ми се живи и здрави и вашче, да дај Госпу да се живи и здрави… - Евгенија за миг прекина, погледна на црковниот таван и ѝ се пристори дека оттаму со широко отворени очи ја гледа Христос Седржителот и сакаше да се прекрсти, да се помоли, ама ѝ текна дека Вера вчера ѝ имаше речено: - Немој, ленда, случајно да се прекрстиш зашто ќе ги навредиш сите комунисти… - И место молитва, Евгенија ја голтна грутката што ѝ беше застанала в грло и продолжи: - Здрави и големи порастее на, дур таму горе порастее и о борбата влегое, а

помалите, помалите ми ги… велам се најдве о државите, о тие со… ка се веле… аха, републиките со народна демократија… Истина е… Две години носам ранети, гренди, копам ровои, ама не се сама. Со мене се многу, свите ка и јаска се со окапани рамена и со фултаци на р'ците и на нозите, ненаспиени и недојадени и жедни и раносани и некои останати таму о Бела Вода, на Мали-Мади, на Лунѕер и на Буковик и на другите боишча, а многу и надвур од Лерин и о самио Лерин… Сполај му на Госпу Бог и на Богородица, ме сочувае жива и здрава и ету јаска се туа пред вас и ви држа лаф. Ами за шчо да ви говора? Подобро ми е ушче енаш да ви реча да сте живи и здрави, а не да ви говора. За говори има други. Тие подобре знае да говоре отколку да носе гренди и ранети, да копе под бумби и топојте кога грме и мурталезте кога вие…

Вера потскокна и со рацете и дава знак да помине на главното. Евгенија го забележа тоа и почна:

-Па јаска помногу сакам да ме опитвате или подобро јаска да опитвам. Ама прво тоа да ви кажам. Два дена, Вера, другарката шо седи таму о првио ренд, два дена, мене простата, ме учеше како да држам лаф. Ми рече прво и прво и најсетне да го поздравам најголемио, најумнио и нај… - тука Евгенија заборави што беше тоа трето нај… За миг прекина, размислува, се измачува и не може тоа нај што некако несакана испари ли испари од нејзината глава… Што беше? Вера ѝ даде знак, скоро викна:

-Син, син…

-Така, ету, ми текна… и најголемио син, така де, син, најголем син кој не води од бој до бој за да се биеме… - а Вера од долу избројува на прсти – и од победа до победа и за тоо да ни е здрав и жив и умен за да не води од бој до бој и до…

-Да живее другарот Захаријадис! - силен и продорен глас, некаде од средината на црквата го прекина говорот на Евгенија.

-Захаријадис, Захаријадис, Захаријадис! – грмна црквата, сите застанаа на нозе, долго ракоплескаат и го извикуваат името на нај-нај синот.

Евгенија првпат слуша толку громко викање. Се созеде и кога потстивнаа викањата и ракоплескањата, таа продожи:

-Да ни е жив и здрав и тој и другите да се живи и здрави. Јаска од туа добро го пуља. Си седи тој мирничко о првио ренд… и ми пули право о очите. И јаска од туа го пуља право о очите и право ќе го опитам…и…и сакам да го опитам, другаро Захаријадис. Да го опитам за многу нешча шо ми греде о умо кога на носилка, на черга или на шинел ги носам осакатените момчиња и чупки, некои ми умирве о р'ци, ме моле кога се жедни и гладни, кога не може да оде зашчо му се замрзнати или раносани нозите, тогаш секогаш си

веља: каму ли еден ден да го сретнам и да то видам, па да го опитам тој прочуен, умен, храбар, како шо се вели, мил и сакан Захаријади, и да го опитам не само за мене, ами и за многу мајки, шо не се туа, шо се од'нде синорите и шо се по планињето и шо терат пред себе товарена стока да носи горе високо о планињето – ридјето вода и леб и куршуми и бумби преугоре и преудолу ранети и шо закопве уморени и умбрени и шо плаче и шо моле шо си откорнве косма кога шепнешкум одоколу ги поплатва новинта дека му загина чендото, да го опитам: зошчо, бре Захаријади, зошчо ние и дење и нощја да си имме голема страв за чендата, за дома, за берикето, за добитоко, за блиските и најсаканите. Пред нас и зад нас, бре Захаријади, само црнина пулиме, само страв, само трепет ни го стегва срцето, само лошото врти окол нас. Да не реку нешчо лошо? А ти, Веро, оттаму, од долу, не ми покажвај з'мби и доста мрдај со р'ци. Шо ме учеше јаска забораи… жими кресто златен… Остај ме сега да си кажа јаска од срце… болка да излеја, да ми олесни зашчо така ми рекоа и жените… ми рекоа тие, Евгенијо, да не се будалиш кога ќе зборваш пред сите таму на конгресо, туку прао, напрао да кажиш и да опиташ… Све од нас и за нас… И, ету јаска, туа на конгресо ка шо ми рекоа жените – мајки и вдовици, сакам да кажам све шо се насобра туа о душата и о гр'ндите и о срцето, а не о умо, заш немам ум за да умам ка шо уме големците… од срце и од душа и од болка и од горчина и од чемер истеква мојо лаф… Да не реку нешчо лошо? Ако веља лошо, речите, јаска ќе си зам'лкна и ќе си седна таму долу… реку нешчо лошо?...

Евгенија прекиа. Замолкна црквата. Чемрее во вчудовиденост и страв, чиниш уплав ја фати…

-Шо барам, бре Захаријади? – како со нож се пресече тишината, нејзиниот глас небаре грмна во црквата. – Деците и чупите ги растеме за стопани и стопанки, за зетои и невести, ги учеме нас да не одмене кога ќе си остариме, а вие ни ги собрате, аскери од ними сторите, ги учите да уморве, рофја да ве умори!... Така рече Господ севишен? Така ли? Чупите наши осакатени лежат по болници… некои се без нога, без рака… како ли ќе поведат невестинско оро. А ние за невести ги готвеме… За невести, бре Захаријади, за невести… А сега чупите и деците прерано ни пораснае по планинте и ти, бре Захаријади и вие, бре, кумадантите шо сте туа, се гордеете со тоо шо тие се аскери, како шо велите – борци, а ние умирваме од страв… лоши новини секој ден не поплатве… Борци, велите, ги направите, нели, шо знае да уморве… Така вели Господ? Така ли? Чупите наши осакатени, бре, Захаријади, како дете – прваче ќе држе, како вода на стар татко и свекор ќе му даде, како по вода на чезма ќе оде? Како

стомна ќе држе, како ќе месе, како ќе ткае… На патерици се потпирве, такви виду о Елбасан и таму по другите болници…

Долу, во првиот ред, Вера лудува. Искривува образи, шири очи, покажува со дланки, крши прсти… - Доста – шепоти таа – доста, кучко, замолкни, пукни, пукни да дај Господ, да онемеш… леле, шо ми стори, леле шо требаше тебе да те изберам, онеми, кучко…  - Се заканува таа. А Евгенија само за миг прекина. Одврза црна шамија, се растури врз рамената долгата веќе посивена плетенка. Избриша чело и образи, тешко голтна плунка и со ист глас продолжи да прашува:

-Ами, бре, Захаријади, за тоо ли ги собрате дечките наши за да ги врните па? Па тие дури ниту тонѕина не пораснае, а ги собрате… лошото да ве собери! – Вера потскокна, та придушено викна:

-Доста! Слези долу!...

-Не, не Веро, не се тоа душмански лафои… Некни Доновица си го виде сино, одвај наполнети петнаесет годинки… А вие ги собрате дечките и ги врнате туа о Преспа за аскери да и прајте… А што ни велете? Зошчо, бре, Захаријади? Та нели ти ни рече све за победата да дајме, така ни рече. Пошчукаме и дадоме све. Рече свите на оружје и свите сне на нога. Така сториме како шо рече. И празни и пусти ни се селата, о к‘шчите наши пајаци пајажини плете… Зошчо, бре, Захаријади? Нели ти рече: дајте за борбата све шо имате. И ние све дадоме. Нели ти рече: на Вичо непријателот да не помини. И ние прајме све за да не помини. Цели ридје и планини изораме, од туа до таму ги прекопаме, гл’мбоко о ними се пикнаме. Ровои и бункери со татуи р’ци ископаме и подигнаме Нели ти така рече, бре Захаријади, и така направиме. Бункер до бункер, ров до ров, на, до таму, дупки и мбоки глас да не се слушне. Кој нашите ќе ги извади оттаму? Не душман – непријател, ами врапче не можи да прелета. Нели ги рече така, та ние така сториме. И чрнина не покри. Види да видиш, бре, Захаријади, дали ќе видиш жена насмеена, жена радосна, жена о бело… О чрно облечени сне свите. Нощја, ка в’лчици, по месечина си ги доиме малечките скриени о шумата и по трапишчата. А потоа чекор по чекор со гренди камења на рамо – преугоре на Лунѕер, на Бела Вода, на Чука, на Лисец и друзите ридои… На мајките од мака му секна млекото, ама не и чекоро… И си имме, другар Захаријади, голем страв. Страв – дали денес или утре нема да не поплати и нова чрна новина. Само чрни новини слушаме и чрнина катаден падинва над нас. Реку нешчо лошо? Речите дали реку лошо? Ми рекое говор да држам. Ама јаска не знам говор да држам. Јаска си прикажвам од душа, бре, Захаријади… И ни велите сега дека победата е блиску? Блиску, ама за кого? Кој ќе ја тргни чрнината

од нас? Велите победата е блиску, ама додека таа ќе дојди, ќе остани ли некој утре за да родва, за да подигне к'шча од пепел, за да распали огнишче? Огнишчата ни угаснае, бре, Захаријади… Шо беме не сне и шо сакаме да сне нема да сне…

Евгенија прекрсти дланки, преплете прсти, ги стави на говорницата, навали чело врз нив и се расплака гласно. Молк во црквата. Се чини дека и ангелите и светците од векови замолкнати, вчудовидени и понижени, поглед заковаа пред себе…

-Шо повеќе да реча, бре, Захаријади… Све сториме и сакаме да знаеме зошчо толку лошо не најде? Чрнината, бре Захаријади ни претежна и ја чекаме победата шо секој ден ни ја ветувате и ни ја носите, а таа пустата победа шо толку е блиска шо се помноту ченда ни зева и о се потешка чрнина не облеква, шо селата до под темел доизгореe… Блиска е, велиш, победата… Ама за кого е блиска? За нас? Дури и темелите од к'шчите ни ги нема, толку се израмнети од тие клети душмани… Блиску е велиш победата, ама кога ќе стигне ќе има ли некој да се радва, да гради, да ора, да сее, да родва, да пее, а? Опитвам: А???! Опитвам… И ми греди да плача… да заплача не само за мене, ами за свите мајки, за свите вдовици, за свите раносани и осакатени… Да заплача, заш туа, туа – таа ги допре градите – туа ме боли… ме стега… ме гуши… Шо ушче да реча? Па да му реча на кумандантите да ни ги чуве чендата и од туа да му реча на чендата кои се горе на позиција: инате многу поклонатие од вашче мајки кои ве проколнве и ве моле: чувајте се деца… да се чувате мили… Госпу Бог и Богородица златна нека ве чува… Толку од мене…

Тишина и во неа надвисна нејзината длабока, тажна, згушена, тивка и побожна воздишка. И во тој миг некој одново извика парола во чест на водачот и црквата грмна и заори.

Евгенија покри лице со дланки, налакти раце на говорницата и се чини дека се моли. А таа липти и липти и во липтеж и треперат рамениците нејзини и говорницата тивко крцка под големата болка… Кроце слегува таа по скалите кои одвај видливо се подвиткуваат под нејзините снеможени стапки.

Захаријадис стана. Се сврте кон собраните. Подигна раце и даде знак да престанат. Потоа се упати кон говорницата. Неговите чекори по лошо делканите скали од дабово дрво не се слушаат. Заглушени се од извиците и ликувањето. Сите стојат, ракоплескаат, некој извикува нови и нови пароли. Само Евгенија, како некој кабаетлија, тивко, одвај забележливо седна на клупата подалеку од Вера, собра и стутка раменици. На нејзините долги црни трепки како бисери надвиснаа солзи. Ја забради црната шамија и лицето го покри со рапавите дланки.

Водачот застана зад говорницата. Гледа пред себе и далеку пушти поглед. Високо над сите и далеку зад грбовите на сите. На неговото лице – одвај видлива насмевка, чиниш таа се цеди низ неговите подзамижани очи. Вера одеднаш се качи на клупата и, свртувајќи се кон собраните, на сет глас викна:

-Да живее големио, мудрио, храбрио, достојнио и многу саканио син на грцкио и славјаномакедонцкио народ!

Крајот никој не го слушна. Се изгуби во громкото е-е-е-е и долго го следеа нови и нови пароли и фалби и се во чест на другарот Захаријадис. Тој сега беше највожен и најголем и само за него беше врзано се што се случи досега и што треба да се случи денес и утре.

Водачот гледа на големото платно со кое е покриен олтарот и врз кое е испишана главната парола и со неука рака нацртаните симболи: на преден план партизан и партизанка со устремен поглед и борбен чекор во напад, а зад нив планини и ридје над кои изгрева сонцето на победата и непоколебливата вера во водачот. Пред нив експлозии на бомби и гранати, а тие неустрашиво чекорат победоносно напред. Не престануваат фалбите. Црквата Света Богородица во Нивици никогаш не виде толку развикани и радосни луѓе. Захаријадис пак подигна рака. Одвај видлива насмевка во неговите очи и, не чекајќи да се смири толпата, рече:

-Другари и другарки! Ете, денес, една обична, благородна, проста и добродушна Македонка, крв и месо од крвта и месото на својот многу напатен и многу настрадан славомакедонски народ, кој рамо до рамо, рака до рака, чекор до чекор се бори заедно со братскиот грчки народ за социјална правда и за ослободување од англо-американскиот империјализам и нивните домашни слуги…

-Долу англоамерикаскиот империјализам! – извика дежурниот паролаш.

… кој се бори против империјализмот, оттука од оваа света борбена говорница ни ја кажа вистината, горката вистина, која не оти не ја знае нашата партија. Ја знае. Туку е важно да ја знае и народот. И таа другарка, излезена од народот, ни ја кажа, да речам горката и големата вистина, која ние сите, а посебно нашата партија ја знае, ја чувствува болката и затоа сите нас тоа не боли. Туку, другарки и другари, таква е борбата што ја водиме. Јас сум, целосно на твоја страна и ти, другарке, ти си во право и јас ниско се поклонувам, ниско наведнувам глава пред твојата болка и ги бакнувам твоите испукани дланки. Но, борбата е сурова и сурови се нашите страдања и сурова ќе биде нашата одмазда за претпрените неправди и страдања. Ние денес водиме борба на два фронта - против англоамериканскиот империјализам и нивните грчки слуги ш против, но за тоа подоцна… И јас оттука, од оваа

говорница ветувам, им ветувам на сите мајки Славомакедонски, кои ги изгубија своите најсакани чеда, најсвечено им ветувам дека борбата ќе ја добиеме зашто со такви борци и боркинки какви што роди овој славомакедонски народ е невозможно да не се добие таа борба, а сигурно ќе се добие, јас тоа ви го ветувам. Ветувам, ама моите ветувања нема ништо да значат ако вие и натаму така самопожртвувано нема да продолжите да се борите и да бидете пример на борбеност, храброст, самопожртвување и преданост. Токму заради ова, пред месец и половина нашата партија на својот петти пленум донесе одлука според која вие Славомакедонците како резултат на победата на ДАГ и народната револуција ќе се здобиете со право на самоопределување што значи да имате своја држава во која ќе се обединат сите Македонци. Со таков народ каков што сте вие, народ кој роди такви храбри и вестрашни борци, не може да не се добие победата. Ете другарот Владас, вчера, поздравувајќи го конгресот, рече дека Славомакедонците се најдобрите борци на Демократската армија на Грција. И тој е во право. И јас велам отворено и најискрено: Славомакедонците се најдобрите борци на ДАГ. Зарем ова не е големо признание за вас? И затоа ќе победиме. Ќе победиме. Напред кон победата. Сите на оружје, се за победата!

- Захаријадис! Захаријадис! Захаријадис!

Се чини дека покривот на црквата ќе полета нагоре од громките извици. Пароли и одново пароли! Покривот на црквата се тресе. Владас навали дебел образ до образот на Јоанидис и му шепоти на уво:

-Китаксе посо поли и Славомакедонес агапан тон архиго мас. Апо сингиниси му ерхете на клапцо. (Види колку многу Славомакедонците го сакаат нашиот водач. Од возбуда ми доаѓа да плачам).

Јоанидис климна со глава, брзо го извади шамивчето и си го избриша увото.

Захаријадис со подзамижани очи, со одвај видлива насмевка, подигна рака за да ги смири учесниците на конгресот. А тие викаат, ракоплескаат, одново некој од средината, друг од крајот извикува пароли. Нови извци и изблици на радост и на одушевеност, чиниш во својот занес го заборавија сето тоа низ што поминаа, што претпреа и за се што остана зад нив. Во неговите очи зрачи задоволство. Тој успеа да ја распали масата, да направи од неа еден глас, моќен како гром, една силна и како железо тврда тупаница, која ќе удира таму и така, како што ќе посака неговата волја.

Попладнето заврши конгресот.

Тој ден и претходните два дена, над Бела Вода, Бигла, Лунѕер, Јоргова Глава, Голината, Чука и Лисец, немаше бучава на авиони…

Вечерта, кога Евгенија заедно со жените се враќаше во Желево, на Превалот, патот им го заградија тројца мажи. Прашаа:

-Која од вас се вика Евгенија?

-Јас…

-Појди со нас!

-Каде? - праша Евгенија.

-На нова задача…

* * *

Еден ден по завршувањето на конгресот на НОФ, на 27 март во Нивици, од 700 делегати беа избрани 163 македонски комунисти кои под диктат и под будното око на Захаријадис ја формираа Комунистичката организација на Егејска Македонија и кратко ја нарекоа КОЕМ.

Во големата одаја во куќата на Трендафиловци, новоизбраниот Централен совет на НОФ и членовите на новоформираната КОЕМ приредија закуска во чест на водачот, за успешно завршениот конгрес и за формирањето на новата авангарда. На масата покриена со црвено платно (некој во шега рече дека е истото што беше послано на конгресната маса) во две сапетки големи парчиња погача – наликуваа на мали нафори. Во чинии, полни до горе, пржени белвици и скобус. Во средината - два големи печени крапови. За оние триесетина луѓе, колку што ги имаше во одајата од цело Нивици беа собрани чашите во кои две жени облечени во воени униформи, налеваа црвено вино. Четирите газиени ламби, обесени во ќошевите на одајата, фрлаа бледа светлина на масата и луѓето кои стоеја во мали групи. Чекаат и скришум фрлаат поглед на масата, лакомо вдишувајќи го мирисот на топлата погача и пржените риби. Чекаат, го чекаат водачот. Одеднаш тишина, штама. Во одајата влезе тој, Захаријадис. Сите се свртија кон него и прават пат за да дојде до масата. Вера се подигна на прсти и извика на сет глас:

-Да живее другарот Захаријадис!

Се развика одајата, се разлеаја гласовите отаде горното маало придружени од песната која небаре беше партиска химна:

Захаријадис архигос…(Захаријадис водач…)

Се чини дека некои во пеењето немаа трпение да доврши строфата и веднаш преминуваат на другата:

То будруми ден тон лига

Ќе и скепци трехи горга
Стус синдрофус пу полемун
Апта катерга ја на вгун…

(Него затвор не го крши
И брзо мислата му лета
Кај другарите кои се борат
Од робија да излезат)

И уште недовршен последниот збор, врз него се нафрлува друг и напластува уште посвечено, погромовитоо и поборбено, повдахновено и погромогласно пеење:

Орко перни о вулевтис
Сто онома ту о махитис
Ќе хтипај тин маври склавја
Ја на ври о лаос лефтерија.

(Клетва дава работникот
Во негово име се колни борецот
И го бие црното ропство
Слобода за да има народот.)

Ракоплескањата ги прекина Захаријадис.

-Другари, дозволете ми со оваа чаша првата здравица да ја им ја упатам…

Захаријадис кога наздравуваше, сакаше да му биде сличен на Сталин. Неговата здравица мораше да има вовед во кој е содржана основната мисла – а во неа одлучност во извршувањето на задачата и име на тој на кој му се наздравува. Редоследот е ваков – најпрвин со општи зборови пофали го народот, значи масата – потоа големи пофалби за средните кадри – политичките и воените, кои обично и по некое непишано правило и ред се неписмени или полуписмени подлизурници, опашкари и подопашници, кои постојано се меѓу масите и работат со нив само по директива, значи го дигаат нивниот борбен дух и го популаризираат и вознесуваат името на водачот. Тие први се колнат во него, први го величаат, први го слават со нај, нај зборови, први го устоличуваат – за нив на здравје! И задолжително – некој порано наговорен – ќе повтори и ќе додаде – за средните кадри и за оној кој ги инспирира, а тоа, се разбира, е тој, Захаријадис – на здравје! И задолжително Захаријадис на тоа свое величење вака се противеше:

-Јас, другари, многу го ценам тој и тој, ние сме стари пријатели, ама не се согласувам со него.

Со ова тој ја покажуваше својата надмоќност, да го органичи неговото значење, заслуги и важност. На крај, пак некој однапред наговорен, ќе дофрли:

-Каква среќа што имаме мудар водач и одлични средни кадри.

И сите во еден глас:

-За здравје на водачот и средните кадри!

Се преправаше дека пофалбите не му доликуваат, бидејќи тој е само еден од нив. Зборовите, секогаш збогатени со ветувања, за него немаа никакво значење. Најважно беше да воспостави врска со масата, додека за поединците имаше друг речник. Масата, која понекогаш ја нарекуваше – булук, беше способен да ја дигне на нозе, во неа да го посее духот на вербата и надежта и до лудост да поверува, дека токму тој е нејзиниот спасител… И масата му веруваше беспоговорно. А тој знаеше да застане пред неа и да разговара со неа, знаеше да се извиши високо и да се симне ниско, да разговара со селаните иако не знаеше што е нива, рало, лопата и мотика, со работникот да разговара како работник иако никогаш не влегол во фабрика, да седне на разговор или да се фати во оро со борците иако никогаш в раце не зел пушка… Токму со неограничената и подлизурничка помош на средните кадри, тој беше и селанец и работник и војник. Таков го сакаше масата и поединците – едни од почит, а други од страв. И знаеше тој со збор да награди и со збор да укори, со поглед да пофали и со поглед да казни и поради најмал сомнеж – да уништи…

Таква реткост беше тој, Захаријадис, за кого се пееја песни и се раскажуваа чуда и легенди. И во тие чуда и во таа легенда најмногу поверуваа селаните од Костурско, Леринско и Воденско, кои и по заслуга на своите средни, ниски и పониски кадри, своето верување го претворија во сепаленица и во херојско самоубиство…

## ГЛАВА 12

Во бегалскиот логор Прењес, во Албанија, весниците со материјалите од Петтиот пленум на ЦК и од вториот Конгрес на НОФ, стигнаа кон на април. Лазо, кој не препушташе прилика, а да не оди во управата на логорот, тој ден беше снеможен, та затоа по жена си му прати абер на Кузе да оди во управата и да донесе весници.

-Зарем по ваков дожд… - промрмори Кузе и, чешајќи го вратот, погледна низ тесното прозорче. Потоа праша: - А како е тој? Му помина ли бутурот ал уште го држи?

-Ништо не му е, само малку му застуде кога вчера беше на собрание со големците. И од грлото малку се жали и од носот троа му тече…

-Изгледа многу говореше – ја прекина Кузе.

-Ами така ќе да беше. Па ти го знаеш Лазо мој, нели? Кога ќе почне да говори – Лазовица брзаше со фалењето – тогаш само неговиот глас се слуша и ниту даскал ниту поп не му се рамни, а камо ли оној бесрамникот, чолакот де, од управата, кој нема ни срам ни перде.

-Така е, така е и не може да биде поинаку, Лазовице – полугласно рече Кузе.

-Па, Кузе, јас да си одам, а ти трчај таму и донеси му на Лазо весници. Рече да донесе и грчки и македонски. Така рече…

Откако Лазовица си отиде, Кузе пречекори праг и кога виде дека надвор истура, се врати, легна на својата рогозина, и покривајќи се, од себе ја исфрли лутината:

-Туф, парталкото, му се присакало весници да чита! Не си ја гледа крастата, туку…

-Кој, бре? – се слушна гласот на жена му.

-Лазо де, ами кој друг?!

-Ами штом те замоли, тогаш оди – го посоветува таа. – На, за да не накиснеш, стави ја врекјата на глава.

-Што?

-Врекјата, реков, да ја ставиш на глава за да не накиснеш.

-Токму ли си ти денес? Јас со врекја на глава?

-Омбрела немаме.

-Нека накиснам, ама врекја на глава не ставам. Секој што ќе ме види, ќе ми се смее. Разбра ли?

Кузе ја прибра главата во рамената, вратот го покри со јаката и прескокнувајќи ги матните вирчиња, дотрча во управата. Оттаму отиде право кај Лазо, носејќи ги под мишка грчкиот весник “Προς τη Νικη” и македонскиот “НЕПОКОРЕН”.

-Е, бре, Лазо – му се пожали откако се поздрави – зарем сега по дожд најде да ме пратиш по весници? Погледни ме, целиот сум вода.

-Де, де – го смируваше Лазо. – Не оти си од шеќер, та ќе се истопиш. Комшијата ми рече дека во весниците има многу важни равботи за нас Македонците, та си реков зарем можно е тој полуписмен комшија за тие важни равботи да знае порано од нас? Дај, дај ми го грчкиот весник да видам што пишуваат. Греј, бре Кузе, а бре знаеш дека чудо се случи?

-Каде? - праша Кузе.

-Таму, на слободната територија…

- Де, бре Лазо, лажи ама поумно… - го прекина Кузе. – Каква бре слободна територија? Тоа што низ нашето село поминуваа и заминуваа го сметаш за слободна територија? Ако има слободна територија, тогаш зошто сме ние тука во Прењес, а не таму на таа слободна територија, туку тука на албанска земја, а?

-Таму – продолжи Лазо небаре не слушна што рече Кузе – нашиот мил Централен комиет донесе многу важна работа за нас. Најпосле. Ти велев јас, дека еден ден ќе се најди умен човек и ќе ни го најди решението. Слушај да видиш … - Лазо длавоко повлече воздух и со свечен глас му ја прочита на Кузе Резолуцијата на Петтиот пленум на Централниот комиет на Комунистичката партија на Грција во врска со македонското прашање.

Со вчудовиден поглед Кузе се загледа во развеселените очи на Лазо и полека изусти:

-Ништо, ама ништо, жими очи, од ова не разбирам.

-Па, Кузе, ти и не мораш да разбереш. Што има тука, што не може да се разбере? Се е јасно. А така јасно може да напише само другарот Захаријадис. Сигурно од него е. Друг така не знае да пишува - одврати Лазо. – А за нас тоа што го вели и што го пишува Захаријадис е како “Оче наш”. Најсетне од сетнините Господ ни даде умен човек кој ни вели – слушајте, ете по тука оди вашиот пат! Тој ни го покажа патот, а ние треба само да го следиме. Да… Та нели, бре Кузе, и јас ти велев, дека ние еден ден ќе си направиме наша Македонија? Ете, сега ни е отворен патот. Тоа јасно ни го вели Захаријадис – ќе си прајте таква Македонија, каква што ви е по ќефот… Браво, бре Захаријадис, алал ти вера! - подвикна Лазо.

-Не знам, Лазо, дали така треба… Мене до таму не ми оди умот… Од каде можеш да знаеш што лисичини клетви се тие?... Лазо одново го прочита делот од Резолуцијата, и со прстот удирајќи на весникот, восхитено рече:

-Нема што, умно е напишано и поумно и Соломон не би сторил. Реков јас, Кузе, еден ден ќе ни дојде умен човек и ни дојде умен и голем човек и водач… да, водач!

-Нека е така, бре Лазо, ама… Ама мене ми се чини дека некој од нас прави будалштилаци. Па што се фалиш и се радуваш, бре Лазо? Радост и фалење е тоа што се делиме? Та нели сме една крв и една вера со тие таму во вардарското? А бре Лазо, најди ми еден умен човек, пописмен од нас двајцата заедно земено, та нека ни кажи, нека ни го просветли умот…

-Нема што да ни свети – се нафрли Лазо. Партијата рече така и така ќе биде!..

-Ами ќе биде така штом ние си немаме ум, туку главите ни ги полнат други и од нас прават будали. Кој, бре Лазо, во оро влегува со будали? Не ти се чини дека некој со нас си игра како што ти во плевната скришум си играше со алатот?

Лазо налутено го фрли весникот под нозе и стана како попарен.

-Сега ако ти ја пернам една! – му викна на Кузе. - Така ли се зборува? Знаеш ли ти денес кој зборува така? Контрашите! Така да знаеш. Контрашите! И немој да ме тераш да ти ја пернам една преку очи за да прогледаш почисто, а ако ти ја пернам една по лапачката, тогаш ќе прозбориш поумно… Ме разбра?!

-Те разбрав, Лазо, како нема да те разберам? Се разбрав… Греј го ти него, не сум го разбрал! – Во гласот на Кузе прозвучи навреда.

-Ајде, немој да се јадосуваш – му се обрати Лазо. – Ние само пријателски си разговараме…

Кузе не прозбори. Си ја зеде капата и со наведната глава си отиде. Се сретнаа дури вечерта. Еден до друг тие стоеја во редицата, чекајќи готвачот да почне да ја дели манџата од заедничкиот казан. Прв прозбори Лазо.

-Што велиш, Кузе, по вечерата да дојдам кај тебе та да свиткаме по еден тутун?

Подавајќи го котленцето кон казанот, Кузе прошепоти:

-Вратата ќе ти биде отворена.

Доцна вечерта, Лазо и Кузе седеа наспроти себе и влечејќи од сертиот тутун, го продолжија прекинатиот разговор.

-Јас велам – зборуваше Лазо – дека ова е напишано од Захаријадис. Гледаш ли како тој го фали нашиот народ? Тој народ, вели, за борбата даде се што имаше и се бори со невидена храброст и пожртвуваност, та затоа ќе си го има правото по победата да си живее како што сака… па дури и да си направи своја македонска држава… Ете, гледај и во “НЕПОКОРЕН” пишува… Чекај да го најдам. Ете што пишува: “На Конгресот треба да се изјасни националното прашање на македонскиот

народ, кој со своето учество во денешната борба, врви кон создавање на независна македонска држава…” И во Резолуцијата на Вториот конгрес на НОФ така пишува. Читаше, нели? Не? Треба да ја прочиташ…

Кузе молчеше.

-Зошто молчиш? - праша Лазо.

-Што да кажам сега? Денес ти кажав и испадна дека сум контраш. Ме прашуваш дали сум читал. Се сум прочитал и пак малку разбрав. На пример, за Костурско вака пишува. Кузе го зеде весникот од Лазо, префрли една страница и почна да чита: “Треба особено окружните одбори во најкусо време да го воспостават единството во селата, коешто углавно е расклатено од лични причини и од липсата на нив внатрешноорганизационска демократски дисциплински живот и функционирање. Во денешните условија е неприемвливо да продолжува това расклатено положение меѓу органите и се поканувaат сите кадрови да ја воспостават нормалноста и внатрешното единство на органите.” Ајде, Лазо, објасни ми, ти што разбра од ова?

-Па како да ти кажам, мислам дека тоа не е напишано за нас, бидејќи нас таму не нема. Нас веќе десет месеци таму во Костурско не нема… Нели?

Кузе не одговори. Вкрсти раце на градите, се загледа во ќошот, мрда со главата и почна да се ниша де напред, де назад.

-Кузе, што мислиш? праша Лазо.

Пламенчето на свеќата се намали. Согорува фитилот. По неколку издишки двајцата потонаа во мракот.

Два месеца по овој разговор, Кузе и Лазо, молчаливи седеа на гредата поставена пред бараката. Остриот чад од дебело дробениот тутун свиткан во парче хартија скинато од весниците што неодамна ги читаа, им истиснува солзи и им ги спржува усните.

-Да, да… Кој би можел да помисли, а? – развлечено рече Лазо.

-А?

-Не акај туку кажи ми кој би можел да помисли дека.

-Што?

Лазо ја исплука горчината и во мигот кога сакаше да му објасни на Кузе што му значат прашањата, пред нив застана едноногиот инвалид Нумо. Им фрли под нозе весник и со потсмев ги праша:

-Е, браќа, дочекавте? Прочитавте ли што им рекол другарот Захаријадис на македонските кадри? Не прочитавте? Е, браќа занесенковци, чујте и запаметете! Захаријадис ја променил песната.

- Што! – зачудено праша Лазо. – Каква песна, бре! Која песна, бре?!

-Таа што, ти другар Лазо заедно со овој подлизурко ја пеете за независна македонска држава…

-Па нели така беше решено на пленумот? Зарем не си слушнал? - одврати Лазо и праша: - А тоа со песната што велиш, што се случи?

- Ами се случи, браќа, тоа што тој, големецот, ги викнал македонските кадри, прво ги испокарал, та им рекол дека одлуката на Петтиот пленум на ЦК за македонското прашање, значи за самоопределување и за, како што ви ги наполнија мозговниците, за независна македонска држава е погрешна, бидејќи беше донесена под притисок на некои расцепувачки и предавнички елементи и во време несоодветно за потребите на револуцијата, па поради тоа веднаш треба да се заборави паролата за самоопределување и да се извикува паролата за рамноправност… И што? Ти Лазо што ќе речеш?

- Ами, ако така рече партијата, така нека биде - одговори Лазо. – Каква и да е паролата, штом ја исфрли партијата, значи е правилна. А ти, Нумо или како ти е името, најдобро е да молчиш и на луѓето да не им го матиш умот… Срамота е еден борец, поранешен борец, така да зборува. Ме разбра? И уште ова да го запаметиш – во рацете на партијата е нашето постоење… Така да знаеш… И да не мислиш дека за ова што ни го рече нема да бидеш обележан…

Нумо без збор се оддалечи и го снема зад аголот на бараката. До ушите на Лазо и Кузе допираше крцкањето на дрвената нога.

# ГЛАВА 13

-Јас жени денес дојдов тука, кај вас, да речам на првата борбена линија, за да ви ги пренесам поздравите од вашите дечки кои се таму по државите. Јас на чело на една делегација, се разбира по барање на другарот Захаријадис, кој многу се грижи, ги посетивме децата. Сите се добри. Како нема да бидат добри кога за нив како мајка и татко се грижи нашата партија и другарот Захаријадис? Весели – превесели. Радосни – прерадосни. Облечени и обуени само во ново. Нахранети – пренахранети. Образчињата црвени како преспанско јаболко и воденска калинка. Секое си спие во своe креветче. Оро, песна и игра по цели денови. И јадење колку што душа им сака. Што да ви кажам…

-Кажувај, кажувај, Веро… - замоли Ставровица. – Кажи, Веро, дали мојот Кирче го виде? Го виде ли? Височко и лепо момче… - не доврши. Очите ѝ се навлажнија, липтеж и го скрши гласот.

Молчи Вера. Жените со жедни и насолзени очи вгледани се во неа и чекаат таа да им раскажува за децата кои се таму во далечните држави.

- Кажи, Веро, го виде ли Кирче мој? Височко, малку русокосо и лепо момче… - пак праша Ставровица.

Не, Вера не го виде височкото, русокосото и лепото момче на Ставровица. Таа не само што не го виде Кирче, не виде и многу други височки, русокоси, калеши, црнооки и синооки, гиздави и лепи момчиња.Нив, височките, на кои годините не им се гледаа, но на лицата и под носевите им беше созреан момчешкиот мов, пред три или некој месец порано, ги собраа, им облекоа воени униформи, им дадоа ранци и цокули, невидливи за непожелни очи ги постоија на испразнети железнички перони, ги товарија во товарни вагони и една ноќ ги растоварија во Битола. Во мракот, набрзина ги товарија во камиони и пред да пукне зора, ги растоварија во врбјакот, скраја од брегот на Преспанското Езеро, отаде Маркова Нога. Тука им дадоа пушки и тие станаа војници. Борбените песни и пароли што им ги научија таму во домовите во далечните земји, ги бодреа во маширањето до вежбалиштата во Штрково и Рудари. Оние повисочките, позбиените, поширокоплеќите и поцврстите во нозете и рамената, по десетина дена вежбање, ги испратија на позиција како пополнување на разретчените единици на Мали-Мади и околните планини. И нив Вера не ги виде. И додека жените молежливо ја гледаа со очи впиени во нејзината уста, неа, како секавица, ја пронижа споменот за тоа што го доживеа во Полска. По враќањето му раскажуваше на Захаријадис и само нему:

-Нашите деца, другар Захаријадис, најдобро се згрижени во Полска. Сместени во еден од најубавите делови на земјата. Наоколу шуми, ливади, а целото гратче тоне во цвеќе и украсни дрвја и е едно големо летувалиште, всушност тоа се бањи со топли води. За нашите деца се грижат голем број Полјаци, а има и доста голем број, околу стотина и нешто наши млади девојки кои беа испратени како раководителки на групи деца, а некои како учителки и учители. А има и околу триста и нешто веќе пораснати деца, на 15-16-годишна возраст. Тие се здрави и способни за борба. Самоиницијативно јас ги повикав на состанок, им раскажав за успесите на нашата борба и за херојските подвизи на нашите борци и боркинки кои храбро се борат под вашето мудро раководство. Со еден збор го подигнав нивниот борбен и революционерен дух, а тие изразија готовност да стапат во редовите на нашата армија. Почнаа подготовките. Меѓутоа, за ова дознаа Полјаците. Ме повикаа. Еден висок, та ќелав Полјак, му го заборавив името, белешки не водев, со смирен, но сигурен глас ми рече:

-Моите претпоставени ме овластија да ве замолам да го известите вашето високо раководство дека Полска нема да дозволи мобилизација на деца на возраст од 15 и 16 години. Ние примивме деца, ги згриживме со сета наша љубов. Правиме се тие да ги заборават ужасите на војната, правиме се да им ја вратиме детската насмевка, од нивните лица да ја избришеме големата тага и болка, ние сакаме тие да се радуваат, да играат, да учат. Пренесете им на нивните родители дека ќе им ги вратиме живи и здрави, но не како војници, туку како лекари, инженери, архитекти, професори, како луѓе кадарни да ја подигнат својата татковина од урнатините на војната. А македонските воспитувачки, кои сега децата ги викаат мајки, македонските учителки и учители исто така нема да дозволиме да ги мобилизирате. Тие ќе останат со децата за да ги воспитуваат во духот на македонската традиција, да им ги пренесат адетите и обичаите, да ги учат да пеат македонски песни и да играат македонски ора, да не го заборават јазикот на своите мајки и татковци… Таква е нашата, полска, желба и таква да им ја пренесете на нивните родители… - Така ми рече оној високиот и ќелав Полјак, поради што бев многу вџашена и луда од лутина. Сакав да му речам дека ние сега водиме лута борба против англоамериканскиот империјализам и нивните грчки лакеи и дека таквото зборување и однесување е реакционерно, но се воздржав…

Вера ова го сметаше за свој личен и голем неуспех. Какви ли пофалби и зборови на признание би добила лично од водачот, а

нејзиното име со денови би се вртело од пештерата на Главниот штаб на ДАГ до пештерата на Политбирото ако би успеала тие воспитувачки, учители и учителки и тие голобради момчиња да ги донесе во Преспа? Цел баталјон! Ноќе, легната на рагозина или душек наполнет со слама или во печалбарски кревет во некоја од куќите на некое преспанско село, доколку би успеала да заспие тврдо, што ретко и се случуваше, неминовно на сон и идеше оној висок и ќелав Полјак и тогаш чувствуваше како ужасна, страшна, зловешта и заглушлива мора и гнетеше гради, ја стегаше за грло, ја измачуваше, ја гушеше и ја преследуваше до првото разбудување. Целата испотена и растресена од лутина, таа до зори со највалкани пцости го валкаше и колнеше оној висок и ќелав, страшен и ужасен Полјак…

-Раскажувај, Веро…

-Што да ви кажам… Само радост. Кога дечките слушнаа дека ние стигнавме, се собраа во еден голем двор и кога не видоа радосно почнаа да викаат: - Ле-ле дојде тетка Вера! – Се радуваа многу. А јас одев од дете до дете, ги галев по главичките, а тие се радуваа и беа многу среќни. Така јаска сите ги погалив, а најмалите, ете, вака, ги фаќав под мишки, ги кревав високо – Вера ја подигна својата офицерска чанта – а некои, пак, ги гушкав, други малку ги држев во скутот и сите беа радосни и среќни… А тие, поголемките само ме прашуваа за борбата. И јас им кажував и беа среќни и ме молеа и ми велеа: - Тетка Вера кога ќе се вратиш да му кажиш на наште мајки и татковци, на наште братја и сестри посмело и похрабро да ги бијат англоамериканцките имберијалисти и нимните грцки слуги и за тоа да не ја жалеат животта свој и крвта и да не го остават непријателот да помине на Вичо. Така ми велеа и тоа што ми рекоа јас вам ви го велам. Аха, да не заборавам. Ми пријде едно дете. Ми семни, Доне го викаа. Вака ми рече: - Другарко Веро, мојот татко лани загина на Грамос… и ету така тој Доне ја крена тупаницата за поздрав. А јаска му реку: - Ти, Донче да си многу стреќен и помногу горд и само да се радуваш затоа што твојот татко загина на Грамос. Да си стреќен и многу треба да се радуваш, мило – му реков и ете така јаска топло го погалив по глава - покажа Вера галејќи си го коленото. – И уште му реков: - Донче, а и сите вие мили деца, да учите, многу да учите. Секоја буква што ќе ја научите е голем куршум во срцата на нашите душмани – врагови и од вашата ука да прајте големи куршуми за главите на нашите непријатели, душмани и врагови… Потоа ги викнав на брание жените одговорни, тие де што ги испративме со децата за да ги чуват. А знаете зошто нив ги викнав и зошто многу ги искарав? Сега ќе ви кажам. Видов дека многу момчиња на левата јака имаа сошиено

црно, а многу девојчиња носеа црни шамии. Многу се налутив, та им се изнавикав на тие жени. Што направите бре, му викнав јаска на тие одговорните жени. Па вие, мори, дечките ги облековте во црно?! Срам да ви е! – му викав јаска со силен глас. А тие мене: - Па другарке Веро не оти ние тоа го сторивме… Од писмата на своите мајки децата дознаваат кој им погина… Децата си ги жалат своите, така е по обичаите… Жени, сега вам ви се лутам - подвикна Вера. – Да не им пишувате на вашите деца за загинатите. Значи вие ги облековте во црно, а? Добро, од сега па натаму нема да им пишувате, нели? Да им пишувате за нашата херојска борба, за јунаштвото на нивните татковци, браќа и сестри, за тоа дека на сите фронтови го биеме клетиот непријател и секаде победуваме. Да им пишувате и за тоа дека треба да учат и дека кога ќе пораснат со гордост за застанат во првите борбени редови. Сега таму децата нека си играат, нека се радуваат, нека учат, а вие тука, заедно со целиот наш народ така да сториме за да не помине непријателот на Вичо. И знаете што уште забележав кај нашите деца? Забележав дека скоро ништо не знаат за другарот Захаријадис. Знаат за Сталин, за Тито, Енвер, Димитров, Ракочи, Деж, Готвалд, за оној Полјакот, како ли му беше Бајрам ли, Биро ли? Не. Како ли му беше? На врв јазик ми е буквата “Б”, ама другите букви? Добро, не е важно. Важно е да знаат за нашиот најголем син и водач, другарот Захаријадис. Затоа ги искарав и учителите и учителките. И кога се вратив од тие земји-држави, отидов во АГИТПРОПОТ каде го најдов оној нашиот поет – Паскалевски се вика. Го викнав настрана и му велам: - Што бре ти, му велам јас, сал за врапци де за тревки та за ѕвезди и месечини ми пишуваш стихотворенија? Во цел свет, бре, му велам јас, поетите пишуваат стихотворенија за Сталин, а во Југославија луѓдјето грла си искинаа од пеење песни за Тито, а нашите дечки таму во државите и нашиот народ тука во планините и ридовите и на слободната територија не знаат ниту едно стихотворение за нашиот мил и најголем сид и водач, другарот Захаријадис? Како, бре, не ти е срам, го карам јас, та го прашувам – зошто бре досега ништо не си напишал за милиот ни Захаријадис. Тој, кутриот од срам наведна глава и молчи. Ајде му реков јас, немој да бериш гајле, сега оди и пишувај. И тој ме послуша. Значи јас му дадов јас револуционерна задача – да напише стихотворение за Захаријадис, ама такво за да се кажува на четири гласови. Првиот да прашува кој е Захаријадис, а другите да одговараат. А тие четири гласови да стојат на четири места, мислам на четири страни. На пример едниот глас на овој рид, вториот на тој, третиот на оној понатаму и четвртиот отаде. И така гласовите ќе одекнуваат на четири ридови и на четири ветрови. И таму во АГИТПРОПОТ им реков кога стихотворението ќе биде

готово, тогаш на шапирограф да го отпечатат и да го пратат по сите држави, по селата на слободната и поробената територија, на единиците на првата борбена линија и вам кои работите тука за да не помини непријателот на Вичо.

Прекина. Се загледа во жените и чекаше ракоплескање. Разочарано рече:

-А сега малку да позборуваме за помошта.

Од кожната офицерска торба Вера го извади тефтерот и, ставајќи го на колена, долго се загледа во жените кои седеа пред неа. Се искашла, го отвори тефтерот и со свечен глас почна да чита:

-Жените од село Желево со готовност и радост дадоа за народната болница 10 веленциња, 45 зглавја, 17 кошули, 17 крпи за лице, 7 рала чорапи, 9 парчиња алишта, 2 бели прегачи, 56 чинии, 85 виљушки, 49 лажици, 17 чаши.

Габрешнарките, значи жените од селото Габреш дадоа 20 бели зглавја, 9 волнени зглавја, 1 кревет, 2 веленциња, 1 килим, 8 чаши, 2 бокали за вода, 11 виљушки, 7 столови.

Поздивишчарките, мислам на жените од село Поздивишта дадоа 1 кревет, 4 чаршафи, 17 крпи за лице, 2 пара чорапи, 29 чинии, 19 чаши, 2 кошули, 11 лажици, 2 бокали за вода, 1 тиган, 3 ламби…

Прекина. Откако неколкупати се искашла, таа плукна на прстот и го преврти листот.

-Во село Ошчима се собрани 62 виљушки, 35 лажици, 39 чинии, 5 прегачи, 8 зглавја, 10 кошули, 3 фанели, 3 гашчи, 10 крпи за лице, 2 метри платно, 1 пиџама, 4 веленциња, 2 вреќи.

Во село Дреновени се собрани 3 крпи за лице, 2 кошули, 5 пуловери, 1 пар папучи, 2 тигани, 4 столови, 1 бокал за вода. А во село Црновишта -  18 чинии, 6 пара чорапи, 4 крпи за лице, 2 фанели, 13 зглавја, 9 чаши, кревети, 1 фустан, 1 стол…

За нашата храбра војска во селото Д’мбени се собраа 12.5 оки кори, 17 оки тарана, 22 оки боб, 38 оки кромид, 72 оки компири, 164 оки леб, 1.5 ока сало и 12 пуловери и 30 пара чорапи. Во селото Лабаница доброволен прилог за ДАГ се дадени 65 оки жито, 45 оки компири, 23 оки боб и 10 лешча. Жените од селото Лаген, 70 на број, го исчистија патот се до селото Бапчор за да можам нашите борци полесно да поминуваат и дадоа 700 оки жито и 6000 оки компири. Селаните од селото Рудари на народната болница и подарија 47 јајца, 1 ока сало, 10 оки брашно, 43 оки сирење, 1 ока тутун, 4 оки кромид и 1 јагне…

Прекина со читањето, велејќи:

-Помошта не е толку голема како ланската година, нели? Тукуречи е половина од лани, нели?

-Ами лани – се огласи Сотирица – повеќе имавме, повеќе дадовме…

-Така е – потврди Вера и одеднаш живна. – А, ете го и фотографот. Адје, ајде, дојди ваму. А ти, ти бре, дај ми го ливорверо и капата – и откако го опаша пиштолот и на криво ја намести капата, рече – а вие жени, одете малку понастрана, таму, малку потаму за да се гледа планината. Јас сега со мојата пријателка Марика да напрајме едно кадро… Вака? - Таа се насмевнаа ѝ сите и го видоа златниот заб што неодамна ѝ го наместија во Битола. Не, не, од оваа страна. Таа сврте образ и намести насмевка, се загледа далеку во планините, ги опфати од долу до горе, потоа сврте поглед на Вичо, па на Мали-Мади. Во широката насмевка болснува златниот заб.

-Внимание - викна фотографот – внимание врапчето ќе летне!

-Ете така, така кадрото да остане за историјата… А вие, жени, трајте, трајте уште малку. Слободата е на пат. Уште малку и таа е тука, пред прагот…

Тишина. Молк.

-Ами што ќе ми е слободата кога се ми е уништето? Син ми загина, ќерка ми саката, куќаута изгорена, не остана ништо од добитокот, сите овци и кози и коњот ги собравте за борбата, нивите не се орани, земјата посна и јалова, се, како што ни велеше ти, Веро, се дадовме де за болните, де за болницата, де за борбата. Јас, ете, останав сама како прстот и рамо не можам да приберам од носење трупци… Што ќе ми е таква слобода – настојуваше жената – кога се е запустено?... Знаеш ли ти…

-Ами со кого – се слушна глас од другата страна – со кого ќе си ја имаме слободата тука каде се е запустено. Се е празно, а во празно каква ќе биде таа слобода?

-Мажот ми е на некој остров… - се пожали друга жена.

-Што па ти толку се секираш? – подвикна Вера. –На остров не е само тој! Полни се островите со наши. И нив ќе ги ослободиме – вели Вера. Ќе ги ослободиме штом победиме тука на Вичо, па непријателите ќе ги подбереме и се до таму, до Атина ќе ги гониме. А јас, тогаш прва ќе ти го ослободам мажот и ете тука на скут ќе ти го седнам… Јас тоа ти го ветувам… Само немој да подзастануваш кога носиш трупци зашто така ја спречуваш брзината… ме разбра?

-Јас – рече Тина – имам две чупи под пушка. А ти, те гледам, дури и пиштолче не носиш…

Ставровица навали лице до увото на Тина и ѝ шепна:

-Не вели така, носи пиштолче, ама за украс, за кабардисување…

-Едната - продолжи Тина – ми има 19, а другата 17 години…

-Како тоа тебе, Веро – се одгласи Ставровица – не те собраа, како што ги собраа нашите чупи?

-Јас сум од високото раководство, а таквите се борат на друг фронт. А и вистината е ваква. Лани кога се изврши мобилизација на кадрите на НОФ и АФЖ, мене лично ми рече Јоанидис дека нема закон – ми рече тој – за мобилизација на жените…

-Велиш немале закон? Така ти рекол?

-Да, токму така.

-И затоа ти не си под пушка?

-Токму затоа.

-А со кој и по кој закон ми ги собравте двете чупи? Едната 19, а другата 17 години. По кој закон? - ѝ се вдаде в лице Тина.

-Реков дека нема закон за жените, а не за девојките… - налутено рече Вера и сврте збор: - Сакам да знаете дека сета помош што ја дава нашиот народ, ја дава за победата. А победата, жени, не е далеку…

Во тој миг се слушна ‘ржење на коњ. Вера се подигна на прсти и извика:

-Станете! Пулите, пулите таму! Пулите коњ? Ми семни дека е црвен, да, црвен е… Трча, трча накај нас! Пулите? Трча… Тој, коњот ја носи победата! Доаѓа, жени победата, доаѓа качена на тој црвен и долгогривнест коњ… Пулите? На кај нас трча коњот за да ни навести дека непријателот на Вичо нема да помине!

Од бункерот, извишен на спротивното ритче, излезе маж и на сет глас почна да вика:

-Еј, вие таму долу! Коњот на командантот трча накај вас! Вратете го, бре, е-е-е-ј! Вратете го зашто трча право во минското поле!

Грмеж, земја и чад излетаа нагоре. Вера пребледе и прибра глава во рамениците.

Командантот на четата нареди да ги соберат остатоците од коњот и да ги однесат во кујната.

* * *

Вера не остана да вечера. Заедно со својот курир таа замина и на спиење се задржа во Желево. Сркајќи разводнета леќа во која имаше надробено ‘ржен леб без сол, пишуваше:

“Јаска се о Желево. Стоп. Преди малку близу фронтовата и борбената линија одржав голем говор на народниот митинг. Стоп. Беа жените кои работат на укрепљењата. Стоп. Со силни борбено-революционерни зборои го подигнав нимнио борбен и революционерен дух. Стоп. Сега малко ќе почина и потоа ќе дојда о седиштето Стоп. Со борбени поздрави ве поздраввам. Стоп.

Смрт на фашизмо – слобода на народо. Стоп. Сите на оружје – е за победата. Стоп. Вера. Стоп.”

Запишаниот лист го свитка на четири и, подавајќи му го на куририот, отсечно рече:

-Утре рано-рано да го однесеш во седиштето.Разбра?!

## ГЛАВА 14

Најавеното писмо од Михаил Керамитчиев и Илија Димаковски –Гоце, со датум од 2 јуни 1949 година, во седиштето на ЦК на КПГ во Мала Преспа на Захаријадис му беше врачено со десетдневно задоцнување.

Захаријадис го очекуваше писмото, но не и содржината. Откако го прочита веднаш ги повика најблиските од неговиот круг. Им го прочита гласно и секоја точка одделно ја коментираше, подвлекувајќи при тоа дека се е лага и клевета, дека целата содржина на писмото директно е вперена против партијата и поради тоа треба најостро да се осуди. Кога заврши со читањето и коментарите, тој праша:

-Другари – им се обрати на присутните – што мислите вие?

-Јас, другари – се одгласи Вландас – целосно го поддржувам другарот Захаријадис. Писмото не е само вперено против нашата партија туку е и голема клевета против демократското движење и борбата што ја водиме.

-Да го собереме Централниот комитет на итна седница – предложи Порфирогенис – и со одлука…

-Веднаш да се одржи седница на ЦК – побара и Парцалидис. – Една толку гнасна клевета не може да остани без најостар одговор.

-Другари нема потреба за ова да расправа Централниот комитет - пресече Захаријадис. – На лагата што ја истурија предавниците-дезертери Керамитчиев-Гоце нема потреба да ѝ се дава таква важност, значење и тежина за која треба да расправа нашиот Централен комитет. Јас предлагам со содржината на писмото да ги запознаеме македонските, славомакедонските кадри од НОФ, АФЖ, некои команданти на единици на ДАГ и оние седум-осум од КОЕМ. Скоро сите се познаваат со Керамитчиев и Гоце. Заедно со нив тие го создаваа НОФ и АФЖ. Да ги повикаме на состанок и да ги запознаеме со содржината на писмото и тие нека ги осудат предавниците-дезертери кои ја напишаа оваа клевета. Ние во тоа ќе им помогнеме, давајќи им морална и интелектуална помош. За да им биде полесно да ги осудат, ние ќе им напишеме и резолуција која ќе ја потпишат, а потоа ќе ја објавиме преку нашата радиостаница и во печатот…

Пештерата што се наоѓа во карпите меѓу селата Орово и Нивици е претесна за да ги собере сите 45 активисти на КОЕМ (Комунистичка организација на Егејска Македонија), политички работници и команданти на единици на ДАГ. Знаат дека ќе имаат средба со Захаријадис. Едни поради тоа се чувствуваат задоволни, благодарни и горди затоа што ја имаат ретката прилика да се сретнат со легендата што сами ја создаваа. Силниот стисок на

дланките при поздравување и веселата насмевка се одраз на таквото расположение. Другите, пак, веста и поканата за средбата ја примија со сомнеж. Скоро сите меѓу себе се познаваат или, пак, слушнаа еден за друг.

Во шумичката забрмчи агрегатот и внатрешноста на пештерата бледо ја осветлија две светилки. Поканетите влегуваат. Двајца од обезбедувањето вршат проверка. Мирис на слаба мувла. На челниот ѕид голем портрет на Сталин. Маса покриена со црвено платно и четири столови. Клупи од грубо делкани штици. Со брз чекор влегуваат и се упатуваат кон масата Захаријадис, Парцалидис, Вландас и Барѕотас. Сите стојат. Тишина. Се гледаат в очи. Брмчење на мува. И одеднаш, од средината на пештерата, глас:

-Да живее другарот Захаријадис! – Тоа е гласот на Вера.

Захаријадис стана и веднаш подигна рака, фрли остар поглед врз сите. Разбраа – не е митинг. Тишина. Молк. Штама. Исчекување. Згасна насмевката на лицата и црвот на сомнежот почна да гребе. Вера, смрзната, стои со ококорени очи и зината уста. Чекањето го прекина гласот на Захаријадис. Најпрвин тивок и со текот – тонот набира сила.

-По иницијатива на Политбирото на ЦК на КПГ е свикан овој актив на КОЕМ. Поводот за ова е писмото што ни го доставија предавниците-дезертери Гоце Димаковски и Керамитчиев. Ние ќе ве запознаеме со неговата содржина, а истовремено ќе треба да им одговориме. ЦК на КПГ ви предлага и резолуција за предавниците Гоце-Ќерамитчиев, за да се изјасните и да ја одобрите.

Меѓу присутните нема некој кој не ги познаваа Гоце и Михали. Така го викаа Ќерамитчиев. Михали од Габреш и Гоце од Статица. И двајцата од Костурско. Сега во Скопје. Захаријадис, оттука, од челното место, со својот поглед ги има совладано сите. Небаре врз нив има фрлено пајакова мрежа и ги дебне. Никој не мрднува, дишење не се слуша и само онаа проклета мува врз нив лета во кругори и брмчи, брмчи, брмчи, проклетата та брмчи… Им се чини дека, тој, исправен пред нив, со погледот ги пронижува и се чудат што во тие мирни, секогаш поднасмеани очи, сега го нема тој таинствено насмеан поглед што им е познат од сите негови слики. И се чудат, се вчудовидени, затоа што не им се обрати со – другари…

-Вашата денешна конференција – одекна гласот на Захаријадис – го дополнува кругот на стремежите на македонскиот народ за борба и за негово ослободување… - прекина само за миг, колку за да објави дека тие кои сакаат, можат да фаќаат белешки. Коле на брзина ја отвора офицерската чанта, од неа извади тетратка, навали глава на кај оној што седеше до него и тивко праша:

-Кој ден сме денес?

-Дваесетти јуни… - исплашено прошепоти тој.

-Создавањето на Комунистичката организација на Егејска Македонија - продолжи Захаријадис – е еден сериозен, решавачки и одреден чекор во неговата борба. КОЕМ се формира во момент полн со надежи, но истовремено и полн со тешкотии. КОЕМ е плод на овие денови и тешкотии. Со предавството на Тито народот на Егејска Македонија доживеа силен потрес, потежок отколку за грчкиот народ. Со ова предавство пропаднаа извесни надежи и соништа, а КОЕМ сега оди по овие урнатини за да утврди и соѕида една нова зграда која ќе даде плодотворни надежи.

Непостоењето на КОЕМ ги зголеми тешкотиите во нашата борба, но и во извесен поглед можеме да кажеме дека овие тешкотии го забрзаа формирањето на КОЕМ. Тука треба да спомнеме дека создавајќи го КОЕМ расчистивме некои поранешни сметки. Македонскиот народ е создаден, се разви и оствари своја национална револуционерна мисија, поминувајќи тежок пат и поставувајќи такви граници како што е Илинден, чија годишнина и денес ја славиме.

Сите овие борби во оваа историска нужност имаат за цел создавање на слободна Македонија во една народна република која ќе мргне по патот на социјализмот и комунизмот.

Во еден историски пресврт на оваа историја македонскиот народ се најде без кормилар. За тоа нешто се виновни до извесна степен и посериозните тешкотии што ги преживеа нашето дбижење уште пред окупацијата. И сега се поставува прашањето зошто ова раководство да нема кормилар?

Во процесот на развитокот на народот на Егејска Македонија и народно-демократското движење ние имаме надворешно опортунистичко-шовинистичко мешање на Титовата клика, а тоа и го објаснува отсуството на кормилар.

Македонскиот народ на патот кон својот револуционерен развиток одеше заедно со грчкиот работен народ, на чело со КПГ и успеа и покај сите грешки и слабости што ги имаше во минатото, со својот развиток да оформи една правилна политика која пушти корен и кај македонскиот народ. Нашиот сојуз со македонскиот народ е нужен и заради успешното изведување на револуцијата и заради победата и создавањето на народна република во нашата земја.

Вака нашето движење ги освојуваше мисиите на патот кон победата. Но, движењето на нашата земја заради економско-политичките, гиографските и воените причини наиде, особено во условите на втората светска војна и по неа, на извесни специфични тешкотии, кои требаше да се оценат и совладаат.

Црвената армија ја ослободи Југоисточна Европа и Балканот, а во нашата земја влегоа Англичаните. Тоа за нас беше основната тешкотија. Разните услови што особено се истакнуваат во односите на силите, кои беа во втората светска војна и по неа, ги зголемија нашите специфични тешкотии за чие совладување се укажа потреба за создавање на друг отпор.

Овие тешкотии ги искористи империјализмот. Покрај ваквите потешкотии се појавија и други за чие совладување на македонскиот сектор КОЕМ ќе одигра голема улога.

Што се случи? Треба јасно да одговориме. Таму каде се бореа два народи се појави. Тито со неговата националистичко-шовинистичка програма која го поткопа и разби нашето единство. Тој ја искористи партиската ќелија на раководството на македонскиот народ, од нив создаде свој орган и дефинитивно го разби народно- демократското движење во Грција. Тоа што го направија Англоамериканците, тоа денес го прави и го извршува Тито. Тој се труди да им осигури база во Југоисточна Европа.

Овој заклучок зборува дека Титовата работа беше јасна од 1943 година. Но тој дури сега јасно се открива како англоамерикански орган и како носител на нивните цели во Југоисточна Европа, а против Советскиот Сојуз. Тито под маската на комунист се претставуваше како пријател. Ова имаше решавачко влијание врз раководството на борбата на македонскиот народ. Тито успеа да ја постави својата шовинистичка политика во НОФ, да го претвори во свој орган и да го доведе до расцеп…

Вистина е дека за отцепувањето во 1944 година не сте само вие виновни туку и КПГ. Навистина беше грешка, но Гоце немаше право заради некои наши грешки да ја земе војската и да побегне во Југославија. И вие требаше да мислите како комунисти и да се борите во редовите на КПМ. Раководството на НОФ во изминатиот период не успеало да одговори на поставените и преземените задачи, не вложило никаков напор да ја организира својата работа и посистематски да се зафати за реализацијата на задачите, за сестрана помош на ДАГ, посебно во регрутирањето мажи и жени за ДАГ, храна и друга помош, пренесување на оружје и ранети. НОФ не само што не забележа никаков напредок во својата масовна политичка и идеолошка работа, туку се зафати пред се со фракционерство, со борба за повисоко места во раководството што најмногу се гледа во ривалството меѓу Керамитчиев и Митровски што доведе до организационо раслојување. Фракционерската борба што изби и се разви меѓу раководните кадри на НОФ – Михаило Керамитчиев и Паскал Митровски доведе до расцеп во раководството на НОФ, до негова поделба на две противнички групи што најмногу се одрази на

борбата што ја води славо-македонскиот народ, на неговиот карактер и свест, како и на авторитетот на КПГ. И наместо НОФ да застане на првата линија, се зафати со внатрешни караници и заемни клевети и со цел да ги среди своите редови побара помош и совети од надвор, со што стана агентурна организација која го попречуваше спроведувањето на линијата на КПГ, а резултат на тоа беше што му се нанесе штета и непријатности на општото демократско движење во земјата. Но и по единството, кога НОФ помина под раководството на КПГ, продолжуваа врските со Комунистичката партија на Југославија. Вие не бевте искрени кон КПГ и не ѝ помогнавте. Во Егејска Македонија работеа, а и уште постојат корени на трите агентури – едната на ОЗНА, втората на известителната служба и третата на Колишевски, која ги контролираше останатите агентури. Денес се откриени империјалистичките и шовинистичките стремежи на КПЈ. За тоа денес ние имаме документи во своите раце. Убиецот на Зевгос беше агент на ОЗНА и помина низ Скопје. Сите агенти даваа писмени обврски. Кога минатата година уапсивме двајца агенти во Преспа и ја прашавме КПЈ дали се тоа нејзини луѓе за да ги ослободиме, КПЈ откажа, а ние потоа ги стрелавме. Тоа е крајот на агентите. КПЈ вас ве искористува и на крајот ве жртвува. Партијата сака да ви помогне и сака да ве спаси. Прекинете секаква врска со КПЈ и расчистете веќе идеолошки со неа. Таа се поврза со империјалистите, а против Советскиот Сојуз и народните републики. Денеска сите комунисти кои се изразија за Резолуцијата на ИБ се фрлени во затвори каде ги мачат и ги уништуваат. Ако некој од затворените потпише изјава против ИБ и се откаже од своите убедувања, а се согласи со линијата на Титовците, веднаш се ослободува. Такви начини употребуваат како фашистите и Метаксас кои ги принудуваат политичките затвореници да потпишуваат декларација против комунизмот. Тие сакаат да го искористат случајот со Маркос, така што Пијаде напиша статија во која го фалеше Маркос, но Маркос добро им одговори со писмото што им го прати.

Националното прашање е резервна сила на борбата. Спрема условите напредува и поставува на дневен ред или пак се остава назад… Нашиот став за самоопределување што го заседовме беше преран, пред создавање на условите. Ние тој став го заседовме под притисок на Титовците, со агитација на агентите меѓу македонските маси во предизвикувањето на тие маси и со дезертирањето на Гоце-Керамитчиев. Тој став ни нанесе големи штети. Реакцијата врз основа на мој став го зацврсти својот идеолошки фронт. По разните логори каде беа интернирани разни борци и патриоти, доаѓаа монархофашистите и им зборуваа дека

ние сме ја продале Македонија, дека се бориме за туѓи интереси и така тие тогаш под притисок почнаа да потпишуваат изјави против КПГ и ДАГ. КПГ секогаш, а и сега се бори за слободата на македонскиот народ. Предавниците на ова писмо кои немаа смелост да го потпишат, не обвинуваат дека божем сме направиле некој писмен договор. Таков договор со НОФ не постои…

Тито направи се против победата на народната република во Грција и затоа сега со бес се бори против КПГ. Негова цел беше да ја реализира агресивната политика на Англоамериканците. Фактот на постоењето на една здрава политичка линија меѓу егејските Македонци му овозможи и му помогна на неговото дело…

Захаријадис прекина. Потпре дланки на масата и сите ги засука со долг, прониклив и недоверлив поглед. И рече:

-Како што истакнав на почетокот од моето излагање, ЦК на КПГ изготви Резолуција која вие треба да ја одобрите и потврдите со ваш потпис. На овој начин вие ќе ја осудите предавничката улога и активност на дезертерите, национал-шовинистите, разбивачите на нашето борбено единство и агентите на Тито. На масата е текстот на Резолуцијата и списокот со вашите презимиња и имиња…

Безмилосно, грабливо, владетелски и заповеднички одѕвони неговиот глас. И на сите им се чини дека гласот на водачот и натаму одекнува и виси над нив и како усвитен остар нож се забива во нивните глави, им го помрачува сознанието, им ја поматува свеста и им ги вкочанува мислите.

Коле низ целото тело почувствува морници. Му се чини дека цел мравјалник го поплати. Ниско наведна глава и со одвај забележливо движење ја избриша потта од челото. Во ноќната омарнина исполнета со мирис на пот и мувла, молчаливо, со спуштен, намуртен, матен поглед и со наведнати глави, стегнати во неподвижните раменици, сите тие, четириесет и петте кадри на НОФ, АФЖ и ДАГ од пред неколку месеци врзани во КОЕМ, сега пред лицето на водачот се чувствуваат како соголени кабаетчии. Беспомошни се нивните движења. Кон масата влечат вкочанети нозе. На лицата залепена горчина, тревога, вознемиреност и бескрајна вчудовиденост… Докрај го ислушаа излагањето на Захаријадис и никој збор не изусти. Слушаа и не можеа да поверуваат во тоа што го слушаа. До нив како грмежи среде бура стигнуваа и паѓаа тешки и гневни, заканувачки и навредливи, сурови и тревожни слова – едните поопасни од другите – и се нижеа како митралески рафали. Им се чини дека тој, водачот, со обете раце им удира неброени шлаканици. Стоејќи во редица, послушно приоѓаат до масата и во списокот го бараат своето презиме и име…

Тој ден, 2 јуни 1949 година, однапред подготвената резолуција, застанати еден зад друг ја потпишуваа сите четириесет и пет поканети раководители и активисти на НОФ, АФЖ и КОЕМ.

Молк. Под цокулите и војничките чизми крцкаат догниените штици. Никој никому не погледнува в очи. Од пештерата излегуваат испотени, молчаливи, исплашени и со наведнати глави. Вдишуваат пресна свежина, исплукуваат загорчена плунка. Висок и строен маж, во воена униформа без офицерски ознаки, доближи уста до увото на оној кој беше најблиску и му рече во шепот;

-Каква срамота. Кога го слушав него, се ми се чинеше дека ми чита смртна пресуда, а кога потпишував си мислев дека ја потпишувам таа смртна пресуда… Каква срамота, какво понижување…

Се разделуваат без збор. При зборување ја нема насмевката и бодриот стисок на дланките. Се чини дека не се истите луѓе, кои беа до вчера. Само неколку од нив, застанати настрана, расправаат, ама до тука, каде се Коле и Крсте, не се слушаат нивните гласови. А овие двајцата не им се придружија. Притегнаа појаси, фрлија ранци на рамо и појдоа. Луѓето од обезбедувањето им ги проверија пропусниците и потоа им го покажаа патот за Винени. Во муграта одат еден зад друг и ниту збор не разменуваат. Прудолу слегуваат по истата тесна и стрмна каменлива патека која вчера, одејќи пругоре, дали од умора од долгото целодневно патување или од возбуда поради средбата со водачот, им се виде многу стрмна. Во бледата светлина на полната месечина одблеснуваат поспаните води на малото Преспанско Езеро. Од кај островот Свети Аихил допре мукање на крава. Во крајбрежните трски заграка пловка. Небото над Бела Вода и отаде, над Лисец, поприма бледо-розова боја. Кога сонцето изгреа над Преспа, тие беа во Пероо. Тука уште една проверка на пропусниците. Пладнето го фатија патот за Превалот. Лево од патот, дабова шума. Се слуша удирање на секири паѓање на стебла. Пругоре, два ѕевгари волови влечат долг дабов трупец. Погоре, на голиот рид се гледа основата на бункер. Од него, лево и десно свежо ископани ровови.

-Секаде се копа… - рече Коле и по долга воздишка дополни: - Ги изоравме планините… Им го променивме ликот. Не им личат на нашите планини ниту ровови, ниту бункери… Многу ги огрдевме…

-За да не помине непријателот на Вичо – се одгласи Крсте и продолжи да оди.

До тука само толку им се слушнаа гласовите. Стигнаа до крстопатот. Тука патот се дели – лево за Желево, десно за Руља. Застана.

-Па? – се одгласи Крсте.

-Да седнеме онаму под крушата.

Го прегазија патот, очекорија во ливадата. Неколку чекори понатаму од сенката на страна круша – поточе. Одрамија ранци, собуја цокули и чизми. Во студената планинска вода ги ладат заморените и запарени нозе. Високо над шумите и ридовите се појави сокол. Лета во кругови. Тие, матејќи ја вистрата вода со кој знае од кога немиените нозе, поспано го следат соколовиот лет.

-Изгледа го обравме лозјето… - развлечено се одгласи Коле.

-Што?

-Па тоа што ни отпеа водачот…

-Да… Не искара… - враќа Крсте.

-Ами чини ли така? Жими мајка го слушав и се уште не ми се верува во тоа што слушав. Мислам дека забележав се што рече. Не знам дали ќе ми веруваш, ама цело време додека тој зборуваше, ми се чинеше дека ни суди и додека потпишував мислев дека си потпишувам смртна пресуда… Зарем не е срамота нас, не нас, туку нашиот народ, кој стана сепаленица и посветеност, така ниско да го обвинува? Виде ли како не гледаше? Виде ли колку презир имаше во неговите очи? Виде ли како мавташе со прстот? НОФ - рече е агентурна организација, значи сите тие кои го распалија и распалуваат огнот, кои го челичеа духот, кои ја фрлија искрата на големиот оган, кои го распалија пламенот и развалија се, сите се агенти? Зарем не бевме ние тие кои од село в село, од куќа в куќа го носеа факелот на големите надежи? Што и кој би бил тој и тие околу него, ако не би биле ние?! Ние, а не некој друг, меѓу нашиот прост народ и признавам и меѓу себе го протуривме неговото име, го величавме и славевме, од него создадовме штит, бог! Зарем не сме ние тие кои кај нашиот човек ја всадивме верата кон него и во негово име го убедувавме… Голема храброст беше седумдесет денонoќија да се бранат Горуша и Круша, Николер и Амуда, Алевица и Чарно, голема храброст беше два месеца од Преспа до Грамос жени и мажи во години ноќе да тераат пред себе стотици коњи и мазги товарени со муниција, голема храброст беше долгиот марш од Корештата и преку леринското поле до Воден и Негуш, голема храброст беше да се влезе во битка за Лерин… Храброст или лудост! А што беше тоа што денес го потпишавме? Зарем со тоа не ја фативме големата удолница? Зарем не позеде таа и каде ли ќе не однесе? Ти не беше на конгесот во Нивици. Храброст ли беше кога една проста селанка од говорницата му распали рафали прашања на Захаријадис? Кој дотогаш, па и досега, најде храброст него да го праша?

-И што рече тој, Захаријадис?

-Што рече тој? Чекај, имам запишао… Ете, најдов. “Јас оттука, од оваа говорница – извика – тој – ветувам, им ветувам на сите мајки славомакедонски, кои ги изгубија своите најсакани чеда, најсвечено им ветувам дека борбата ќе ја добиеме зашто со такви борци и боркинки какви што роди овој славомакедонски народ е невозможно да не се добие таа борба, а сигурно ќе ја добиеме, јас тоа ви го ветубам. Ветувам – продолжи тој – ама моите ветувања нема ништо да значат ако вие и натаму така самопожртвувано нема да продолжите да се борите и да бидете пример на борбеност, храброст, самопожртвување и преданост. Токму заради ова пред месец и половина нашата партија на својот петти пленум донесе одлука според која вие славомакедонците како резултат на победата наДАГ и на народната револуција ќе се здобиете со право на самопределување што значи да имате своја држава во која ќе се обединат сите Македонци…” Ете, така ѝ одговори нејзе и така ни рече нам кои скинавме грла од извикување пароли и ни потекоа дланките од ракоплескање во негова чест и величање… И знаеш, кога вака си размислувам за овие работи, постојано се прашувам како ли тој човек успеа од нас да направи еден глас, една тупаница, која ќе удира само таму и така, како што ќе посака неговата волја? Како ли тој успеа кај нас да посее толку огромна, неограничена, безусловна, безмерна и толку огромна, длабока, непоколеблива, нескршлива и слепа доверба и верба пред се прво во него, што само кога се спомнува неговото име се раѓа надеж и чувство на сигурност и спас? Како? Знаеш ли?

-Не знам, ама сакам да те прашам. Каде бевте и каде сте вие активистите на НОФ и АФЖ? И уште да те прашам донесовте ли некогаш некаква одлука без негово знаење и без неговото одобрување? Јавно дали рековте ли нешто без негово знаење? И на првиот и на вториот конгрес на НОФ не сум бил, ама да те прашам дали вашите реферати, говори, одлуки, ставови, па дури и списоците на присутните делегати, гласачките листи со имињата на луѓето за органите на НОФ не беа проверени и одобрени од него? Дали некогаш ставивте забелешка на нешто што рекол тој? Можеби само паролите во негова чест и негово величање беа ваши… Молчиш? Па молчи… и чувај ја тетратката… Бележи во неа… запишувај… можеби таа некогаш ќе прозбори…

Молк. Во поточето разиграно шумоли бистрата планинска вода. Високо над ридовите лета нешто што не личи ниту на орел ниту на сокол. Коле, плукајќи на прстите, ја прелистува маслосаната тетратка. Прекина и праша:

-Така мислиш? Можеби си во право. Ние работевме по партиска директива. Знаеш ли што значи партиска дисциплина? Тоа ти е нешто повеќе од наредба. Утре не него, туку нас ќе не

колнат за напразно загинатите чеда, за опожарените куќи, искорнат живот… Го раздомивме нашиот народ… Виде ли како едни од нас се одделија и расправаа за тоа дека тој, водачот, дека тој е во право?... Го нападна Керамитчиев, го премолчи Митровски. Го наклевети Керамитчиев, го сочува Митровски. Зошто? Што да им кажам утре на мајките, на жените, на свршениците? Како да им објаснам зошто им загинаа најмилите, зошто им се опожарени куќите, зошто им го нема имотот, стоката… да… Застанавме на раскрсница, се развражавме, разделница меѓу нас… Се фатил човекот за Тито и тој му е крив. Да, денес тој утре ние ќе му бидеме криви. Целата наша саможртва и посветеност веќе е фрлена во калта, погазена и исплукана. Раздор, разлавачка и разљуба тој посеа меѓу нас и голема разделница тој ископа меѓу нас. Разлошени, размеѓени и разнебитени разоспавме во омраза. А и тие таму во Скопје, далеку од пеколот, размислија ли во кое време и кому му пишуваат? Зарем во предвечерието на големите и судбоносни битки потребно беше едно такво писмо? Дали тоа го направија со знаење или без знаење на некои?... Зарем не се најде некој да ги посоветува да се воздржат или се најде некој кој ги посоветува токму сега, а не во некое друго време да го напишат и пратат тоа писмо? На чија страна е штетата и кој настрада и ќе настрада? Дали помислија и дали беа свесни за последиците и за тоа кој ќе биде жртвата на таа голема вистина и обвинувањата што ги изнесоа? Знаеја ли со кој се фатија во игра? Знаат ли тие кој е Захаријадис и кој му беше учител? Знаат ли дека нивното писмо во рацете на Захаријадис е нож вбиен во нашиот и во грбот на нашиот народ? Знаеја ли дека нивното писмо во рацете на Захаријадис е обвинителен акт против народот во чие име го напишаа писмото? Знаеја ли дека и тие се вклучуваат во осудата и пресудата? Знаеја ли дека и најдобронамерната забелешка во рацете на Захаријадис станува доказ за обвинување? Штом Захаријадис за тоа писмо зборуваше со толку голема лутина и бес, со толку големо омаловажување, мора во него да има многу големи вистини. Ни рече дека ќе ни го даде писмото да го прочитаме, да се запознаеме со неговата содржина. Ни го даде? Не! А зошто? Умиш ли зошто не ни го даде? Само таму каде се зборува вистината има големо и жестоко противење. Токму такво писмо му требаше на Захаријадис. Токму со таквото писмо тој ќе ги оправда своите грешки и виновниците ќе ги бара меѓу нас. Токму тоа му треба на Захаријадис и на тие околу него. Сега сме на раздрум. Сега, ете, станавме НИЕ и ТИЕ, скарани браќа. Не извалка со многу валкани зборови и НИЕ оттука и ТИЕ оттаму, сега со уште поголем жар ќе продолжиме заемно да се валкаме со уште повалкани зборови… Зарем дозволено е така

слепо, без разум и разумисла да се верува и таа вера да им се пренесува и всадува на други? Многу, море премногу бевме и сме послушни… Памтиш, на одење, тој, Лазо ни рече – од денес ќе го слушате Захаријадис, значи КПГ. Послушавме и ете до што стигнавме. Други ни пресудија, а ние си ја потпишавме пресудата. Слушна ли што рече Захаријадис, мавтајќи ни со прстот пред нос? “НОФ – рече – беше агентурна организација која го попречуваше спроведувањето на линијата на КПГ… Вие не бевте искрени кон КПГ и не ни помогнавте…” Си го слушнал ли мудрецот? Тој ќе ни создавал Македонија со резолуции и пленумски одлуки од кои уште мастилото на се исуши, тој се откажа… Си го слушнал ли?! – подвикна Коле и се загледа во очите на Крсте. – Еве, јас тука, во оваа стара излитена тетратка точно запишав што рече тој. “Историјата докажува – тврди тој – дека НОФ покажа многу празнини и недостатоци. Во НОФ, бидејќи не се раководи од партијата, се појавија малограѓански и шовинистички тенденции”. И тој, Захаријадис, го најде решението. Целата саможртва на Македонците тој ја смета како заслуга на КПГ. Без срам и перде, отворено ти вели – па, другари, тука нашата партија згреши. Прерани беа условите. Згрешивме, но си ја признаваме грешката, вели, и тука е нашата сила, силата на партијата која ги признава своите грешки. А знаеш ли ти зошто Захаријадис толку многу им е лут на Керамитчиев и Гоце? Не знаеш? Јас ќе ти кажам… Тие двајцата божем му ветиле дека ако им дозволи да одат во Скопје, тогаш тие ќе мобилизираат некаде околу пет илјади пребегнати Македонци од Егејска Македонија и организирано ќе ги пратат тука. Наместо тоа тие почнаа со голема критика на политиката на КПГ спрема Македонците и македонското прашање… Захаријадис се разбира не го заборави нивното ветување и кога ја подготвуваше битката за Лерин, во Скопје ги испрати Манговски, Митровски и Марика на чело со Порфирогенис со цел да ги потсетат на тоа што го ветија и да почнат со мобилизацијата. Се разбира Керамитчиев и Гоце не само што откажаа да ги мобилизираат пребегнатите Македонци, туку ја подложија на остра критика целата политика на Захаријадис…

-А ти, Кољо, од каде ги знаеш сите тие работи? – праша Крсте.

-Од каде? Кажуваат… Марика, која со нив беше во Скопје, таа кажуваше… таа кажа како ги пречекаа и што им рекоа… Захаријадис беше готов се да направи, да ги исполни сите нивни барања само да ги добие тие пет илјади нови борци. Не ги доби… Немаше од каде да ги пополни големите загуби од битките за Воден, С’ботско и Лерин. И што направи? Оној истиот Порфирогенис го испрати да ги мобилизира децата…

-Сум слушнал… Пратија едно десетина и во мојата единица. Јас ги вратив во Преспа…

Кољо замавна со рака и налутено го прекина:

-Ти можеби ги врати, а ама тие ги пратија на Мали-Мади…

-И за тоа сум слушнал…

-А, бре, сите ние за многу работи сме слушнале и слушаме и набравме вода во устите… Зошто? Зошто само слушаме и… и чекаме да не пофалат? Пет дена пред да почне конгресот на НОФ во Нивици еден од неговите сенки, Барsотас, пред политичките комесари на ДАГ од реонот на Вичо ете како не фалеше:

"…Словеномакедонците, борци и офицери, се едни од најдобрите борци на ДАГ. Тие се бореа и се борат јуначки. Но, во последно време имаме доста дезертерства од редовите на Словеномакедонците, а особено Словеномакедонките… - Слушна ли? Не по чело, туку по теме… Со едната рака те гали, а со другата ти врзува шлаканици. И подолу тој вели: - "На што се должат тие дезертерства? На големите тешкотии што ги минува славомакедонскиот народ. Тој херојски народ даде се, ги даде своите деца, својот имот, своите куќи. Секоја куќа има по еден ранет или по еден загинат и сето тоа не можеше, а да нема одраз кај славомакедонскиот народ. Тие тешкотии ги користат некои непријателски и разбивачки елементи и внесуваат раздор во работата…" И знаеш кого најдоа крив? Слушај што рече тој натаму. Точно имам запишано. "За да ги пребродиме тешкотиите и да ги совладаме акциите на разбивачките елементи – човекот сигурно мисли на некои од НОФ – треба да ја развиеме нашата политичка и разјаснувачка работа меѓу словеномакедонските борци и нивните семејства. Последните денови, единаесеттата дивизија презеде една добра иницијатива. Испрати многу свои раководни кадри кои зборуваа на разни конференции по селата – а ти речи си ги плашеа луѓето – при што ја осудија паролата. "Одете си во Југославија за да се спасите" и го повикаа народот да се бори против тешкотиите…" Ете, умиш ли? На тие најдобри и јуначки словеномакедонски борци и офицери и нивните семејства требало да им се каже дека политички не се зрели… И погледни ли какви не имиња ни залепија… Еднаш не викаат Македонци, друг пат Славомакедонци, па Словеномакедонци… Ова не е од незнаење, туку од добро сметање… А тој, Захаријадис де, во очи ни плукна кога рече дека меѓу НОФ и КПГ немало никаков договор… Имало, имало, ама тој сака да не убеди дека немало и ние во име на партиската дисциплина ќе речеме, се разбира другар Захаријадис, немало. А јас имам запишано во оваа тетратка… ете, најдов, имам запишано дека договорот за обединување на НОФ и КПГ е склучен на 14 октомври 1946, а на 21 ноември истата година НОФ

заедно со сите македонски одреди се стави под раководство, значи под контрола на КПГ. А знаеш ли тогаш што бараа нашите? Раководни места за раководителите на НОФ… Секретари ваму, секретари таму и по некој командант на одред. А што направи КПГ откако НОФ го стави под контрола? Се им вети на нашите и потоа ги расформира македонските одреди. А Маркос веднаш почнал да праќа радиотелеграми со молба македонски борци да бидат пратени во Тесалија и Румели за да помогнат таму да се развие партизанството. И така една единица од костурско-леринскиот и една од воденскиот крај, со по над 1000 борци добија наредба да одат таму. Се разбира си зборуваа македонски и пееја наши борбени и револуционерни песни. А знаеш како ги примија? Како туѓа војска! Се растурија гласови дека дојдоа странци… Се распишаа грчките весници дека дошле Бугари и на тие од Тесалија и Румели не требаше повеќе да им се објаснува. И наместо да одат кај партизаните, тие бегаа во градовите. Се направи голема штета. На нашите им забранија да зборуваат македонски и да пеат македонски песни, а на Румелјотите и Тесалијците мораа долго да им објаснуваат дека дојдените партизани се грчки партизани, ама ендопје од Северна Грција… Мораа бргу да ги враќаат нашите кои таму одвај спасија глава… Захаријадис истото ни го направи и со КОЕМ. НОФ вели тој, има народно-ослободителни стремежи, но му недостигаат комунистички идеи и комунистичко раководство кое само под правилното раководството на КПГ допрва ќе го поведе македонскиот народ кон победата… Си го слушнал ли тоа?

-Да, бре, сум го слушнал…

-Си го слушнал, ама дали си го разбрал, дали си го сфатил? А кога е за НОФ да ти го кажам и ова. Парцалидис, оној кој сега е претседател на привремената влада, гостејќи се со печен крап во една куќа во Нивици, зборувајќи за Вториот конгрес на НОФ, им рече на своите другари дека да го сметаш НОФ за рамноправен соборец на демократската армија и на револуционерното движење е прашање кое во најмала рака е во надлежност на психијатрите… Ајде сега ако си умен, кажи ми со кого се фативме, кога за нас така си мисли нашиот претседател? Слушнав еднаш како генералот Кикицас му се истопори на Вландас.

-Што мислиш – му вели Кикицас – на овие македонски простори ќе имаше ли национален отпор против окупаторите? А дали денес, сега, ќе имаше ли движење? Ти најдобро треба да знаеш дека токму тие кадри кои денес се извалкани во тефтерите на Бирото А2, токму тие тука го формираа движењето, тие се тука препознатливи, ним им верува народот, тие имаат влијание и доверба и кај народот и кај борците. Без нив тука немаше да има отпор и на овие простори немаше да постои ДАГ…”

И не можеш, а да не си го поставиш прашањето – дали тие, кои и дома и на училиште, во црква и во војска, нас од новите предели, нели така не викаа пред дваесетина години, ги учеле да не мразат и презираат, ќе умеат ли да не почитуваат? А што ако ова не успее? Дали тогаш нема целата вина да ја фрлат врз нас? Или ќе не сакаат се дотогаш, до кога ќе им бидеме потребни?... Слепило… Така понекогаш си мислам и си велам – дали слепилото не е нашата најголема волест? Или заемното валкање и кодошлакот? Што мислиш?

-Јас сум воено лици и мое е да извршувам наредби, а не да мислам – одврати Крсто и, свртувајќи се, испружи рака и го довлече ранецот. Извади од него половина пешник црн леб, глава кромид и со финскиот нож отвори месна конзерва. Се расече на парчиња и рече: - Повели, масата е поставена, ручекот е готов. Се што велиш можеби е вистина, ама не е и причина да не јадеме…

Коле ја затвори тетратката и, ставајќи ја во ранецот, праша:

-Го гледаш ли врвот?

-Да, го гледам…

-До таму стасавме… А што има зад врвот?

-Сакаш да знаеш што има зад тој рид? Па се разбира дека има удолница…

-Е, токму по неа тргнавме…

Коле се загледа во небото и рече:

-Глеј го, соколот, се уште кружи…

-Кружи – повтори Крсте – ама не е сокол туку авион… Авион е… Од оние кои по цели денови гледаат од горе и им пренесуваат на своите што правиме ние во планините и ридовите… Им велат таму и таму има нови бункери, нови ровови. И тие таму на своите карти нанесуваат, значи ние самите им велиме – еј, вие таму, тука сме… Да… Две и половина години владината војска не можеше да не извади од Вичо… Во офанзиви со многубројна војска и со многу топови не биеше ама да не извади оттука не успеа… А знаеш зошто? Затоа што тогаш не се криевме во бункери и не водевме војна од ровови. Непријателот го биевме таму каде што сакавме ние. Лани на Грамос му објавивме фронтовска војна и не биеше таму каде што сакаше тој. И не извади од Грамос. И сега ќе не бие таму каде што ќе посака тој… Умиш ли?

# ГЛАВА 15

Апаратот за праќање и примање шифрирани телеграми одеднаш се вклучи и брзо почна да отчукува отворен текст. Шифрантот, кој во тој миг прелистуваше весник, погледна на каледарот залепен на ѕидот. 5.07.1949. Испишаната лента ја рашири и со изненадување, во себе почна да чита:

<<Μοναρχοφασιστικ‘α στρατ‘ευματα περν‘οντας απο γιυκοσλαυικ‘ο ‘εδαφος, καβ’αλησαν τις θ’εσεις μας και κατ’ελαβαν την εκλης’ια.>> (Монархофашистички единици поминувајќи низ југословенска територија ги нападнаа нашите позиции и ја заседоа црквата.”

На лентата што ја исфрлуваше апаратот, со отворен код се редеа зборовите:

“Монархофашистички единици во договор со југословенската погранична единица, влегоа на територијата на Југослвија и од зад грб жестоко ги нападнаа единиците на XXIV бригада на ДАГ на кои им се нанесени големи загуби во убиени и ранети.”

Апаратот по краток прекин продолжи да ги отчукува истите зборови. Дежурниот офицер скина подолго парче од запишаната лента и без задржување трчаница отиде во Главниот штаб. Властас по телефон му ја пренесе веста на Захаријадис кој без одложување свика седница на Воениот совет. Како прва противмерка беше донесена одлука Радио Слободна Грција истиот ден да ја објави содржината на радиотелеграмата. Во попладневните часови веста за настанот ја пренесуваа радиостаниците во Европа. Шок во Белград и во Скопје. Радост во Атина. Воздржаност во Москва…

Во седиштото на Главниот штаб на ДАГ со нетрпение се чекаше реагирањето на Белград.

Три денови по објавувањето на оваа вест, шифрантот на Главниот штаб во претпладневните часови му пренесе на дежурниот офицер дека денес, 10 јули 1949 година, радио Белград во 10,00 часот вршеше директен пренос од собирот во Пула на кој говореше маршалот Тито и дека радио Скопје најави негово емитување во 14,00 часот.

-Тито – рече шифрантот - многу остро го нападна нашето движење и нареди да се затвори границата.

Во Централниот комитет и во Главниот штаб на ДАГ во првите мигови – изненадување, молк и исчекување. Единствено Захаријадис информацијата ја прими ладнокрвно што видливо смирено влијаеше на другите. Генералниот нареди во големата земјанка да се пренеси радиото и во тринаесет часот и педесет и

пет минути сите да се на куп за да го слушнат преносот со говорот на Тито.

Техничарите ги сменија батериите и радиото од пештерата го пренесоа во големата земјанка. Тука неколку минути пред 14,00 часот се собраа членовите на Врховниот воен совет и на Главниот штаб. Захаријадис седнат во првиот ред, листа некои хартии, не одговара на прашањата на Владас и на Барѕотас. Тишина. Во ќошот масичка. Средовечна жена со џебно ноженце – наострува моливи. До неа – маж со слушалки на ушите. Операторот го вклучи радиото. Радио Скопје емитуваше македонски народни песни. Одеднаш прекин и гласот на спикерот:

-Тука радио Скопје. Тука радио Скопје. Драги слушатели ви го пренесуваме говорот на маршалот на Југославија, другарот Тито, што денес го одржа на големиот народен собир во Пула.

Тишината што завладеа ја прекина гласот на Тито и веднаш потоа – во земјанката прозвучи гласот на преведувачот кој преведува од српски на грчки јазик.

Владас навали глава на кај Захаријадис и со тон на потсмев рече:

-Па тој зборува за внатрешните работи…

-Седи и слушај - врати Захаријадис.

Преведувачот е смирен, владее со јазикот, точно го пренесува говорот. Мала пауза. Се слушна тивко тропање.

- Тито пие вода – дофрли Барѕотас.

-Другари и другарки – сега посилно загрме кутијата – јас сега би сакал да се осврнам со неколку зборови на прашањето за нашите односи со Грција. Вие речиси секојдневно читате во весниците дека често доаѓа до судири на грчката граница на тој начин што монархофашистите таму го нарушуваат редот или преминуваат преку границата. Вие си спомнувате дека неодамна настрадаа 18 наши војници кои случајно беа залутале и преминале на грчка територија каде беа ранети или истепани. Вие исто така си спомнувате дека неодамна беше извршен напад на нашето село Скочвир, при што исто така загинаа неколку наши луѓе. За овие случаи ние протестиравме, но уште не знаеме како ќе одекне тој наш протест во Обединетите нации и дали ќе дојде некој позитивен одговор или не. Пред извесно време се случи и преминување на грчки војници на нашата територија, при што загина еден грчки војник. Секојдневно се случуваат пукања од кои на нашата територија паѓаат стотици и стотици гранати и куршуми како да се води некоја мала војна.

Ние презедовме чекори и баравме Обединетите нации да му стават крај на тоа. Никаков апел до грчката влада не може да има успех. Ние не можеме да апелираме на Цалдарис, зашто мошне

добро знаеме што се монархофашистите. Нашите протести таму не користеа воопшто. Тие се однесуваат мошне дрско, а тоа, се разбира, може да има мошне лоши натамошни последици за што ние не би можеле да ја носиме одговорноста.

А пред неколку дена, сега да ви го покажам другото лице на таа работа и опачината на тоа, радиостаницата Слободна Грција јави дека ние на нашата територија сме се договориле со грчките монархофашисти да ја пуштиме нивната војска преку нашата територија да ги напаѓа демократските сили. Поголема подлост, поголема инфамија – што сигурно не е измислена кај овие грчки другари, туку некаде на друго место, а тие само ја пренесоа – јас сум уверен дека никој до денеска нема видено. Во исто време кога тече крвта на нашите луѓе, пролеана од монархофашистите, се најдоа луѓе кои не обвинуваат дека пактираме со грчките монархофашисти. Значи, луѓето во демократска Грција дале да се наведат на една работа што може да има и веројатно ќе има фатални последици за грчкото ослободително движење. Тие си играат со крвта што таму секојдневно ја леат херојските борци против своите потисници, ја валкаат таа крв заради своите нечесни цели, а и нас – за да ја покажат оправданоста на својата резолуција, за да ја префрлат на наш грб вината за поразот на грчката демократска армија ако дојде до него, иако ние не носиме никаква одговорност за тоа. Но, тие нема да успеат тоа да го сторат. До што доведе сето тоа? Провокациите на монархофашистите ги загрозуваат животите на нашите граѓани, а од друга страна не клеветат. Дојде до таму што ние таа граница мораме наполно да ја затвориме и да ги обезбедиме животите на работните луѓе во нашата земја во тој крај. Јас мислам дека тоа е и мислењето на нашите граѓани, зашто секој наш човек го поставува прашањето до кога тоа ќе оди вака и каде води сето тоа. Еден ден мора да се реши. Се разбира, ние тука не смееме да покажуваме никакво колебање, никаква славост, туку цврстина, зашто ние ја браниме својата земја, зашто да страдаат нашите граѓани. Толку за прашањето на Грција. Мораме да ја браниме мирната изградба на социјализмот во нашата земја. И ние ќе ја браниме против секој! Од ова место јас само би апелирал кон западните земји, во прв ред на Америка и Англија, сериозно да ги сфатат овие провокации и да му стават крај на тоа. Ние истовремено велиме дека нема да дозволиме да страдаат нашите луѓе, да страдаат нашите граѓани. Толку за прашањето на Грција.

-Исклучи го! – со рака пресече Захаријадис и, свртувајќи се кон стенографката и нареди: - Пречукај го текстот во повеќе примероци и донеси ми го. – Тој се загледа во своите другари и без збор ги напушти.

На свечерување ги повика Вландас, Гусјас, Барѕотас, Стрингос и Порфирогенис.

-Другари! Ситуацијата е јасна. Тито отворено се откри! Сега ние можеме да го објавиме нашиот став, ставот на Централниот комитет на КП на Грција. Значи целосно го поддржуваме ставот на Информативното биро, значи ставот на Москва однос на Комунистичката партија на Југославија, значи ставот во однос на Тито. Во врска со ова веднаш да се испрати инструкција до нашата јавка во Белград. Радио Слободна Грција да објави делови од говорот на Тито, посебно да го акцентира оној дел од говорот во кој Тито вели дека нам ни ја затвора границата и тој дел да го повторува секој час. Да објави најостар коментар во кој Тито треба да биде претставен како уништувач на нашето движење, како агент и соработник на империјалистите. Во коментарот да најдат место сите негативни зборови со кои тој може да биде окарактеризиран, да се употребат сите најпогрдни зборови што досега ги има објавено Информбирото и комунистичкиот печат. Со еден збор на тој империјалистички агент и лакеј, ние, грчките комунисти во овој миг му објавуваме целосно отворена идеолошка војна. Под контрола да се стави целото старо раководство на НОФ. Секој, кој ќе биде фатен при обид за бегство во Југославија, да се стрела, а осомничените да се изолираат. Разузнавачките служби, политичките комесари и партиските секретари на штрек. Од денес за нашето движење почнува тежок период. Можеби најтежок. Одете, размислете за нашите натамошни чекори и во 21,00 часот ќе видиме кај мене.

Излегоа.

Захаријадис уште еднаш го прочита говорот. За миг размислуваше и, удирајќи на хартијата со отворениот дел на дланката, гласно просаска:

-Те имам, дебелко, те имам… Во случај на неуспех на моето движење, ти ќе ми бидеш најголемото оправдување… Да, го имам виновникот! – рече со гласен шепот и со двете шепи го згмечи листот со говорот наТито. Тој се посилно ги стегаше тупаниците и ги олабави кога почувствува болка во зглобовите.

Истиот ден, вечерта, пругоре, по тесната и кривулеста патека што води кон ливадите под врвот на Кајмакчалан, развлечено се движеше долга колона од ранети борци на ДАГ.

-Стој! – остар и заповеднички глас. Челото на колоната застана. – Кој иде? - се огласи истиот глас.

-Партизани, борци на ДАГ… - одговори предводникот и тргна на кај југословенската погранична патрола. – Носиме ранети, друже.

-Чекајте – во мракот тивко прозвучи гласот на југословенскиот војник.

Колоната легна, се разофкаа ранетите. Болките, истоштеноста и жедта не го трпат чекањето. Предводникот и пријде на патролата и побара да се сретне со командантот на југословенската погранична караула.

-Чекајте…

-Другари, не можам да чекам. Таму – тој покажа со главата – имам педесетина лесно и тешко ранети. Викнете го вашиот командант…

-Речено е да чекате! - остро одговори војникот. Отстапете! Вие сте на југословенска територија. Назад!

-Викнете го вашиот командант, ве молам. Сакам со него да разговорам. Знам дека вие имате наредба така да постапувате… Кажете му дека имам многу ранети. Викнете го командантот.

-Јавено му е. Имајте трпение…

Доцна по полноќ предводникот го одведоа кај командантот на караулата.

-Поручник Михајловски – се претстави офицерот и испружи рака за поздрав.

-Мавридис – врати предводникот и, стегајќи ја подадената рака, рече на лош српски јазик: - Отаде имам триесет лесно и тешко ранети борци. Барам од вас веднаш да дозволите да преминат на ваша територија и да бидат одведени во болница.

Поручникот Михајловски ја стави цигарата во пепелникот и отсечно рече:

-Ранетите ќе ги прифатиме и ќе ги ипратиме на лекување, но не затоа што вие тоа го барате од нас!... – остриот тон на поручникот ја исполни малата просторија. Мавридис сакаше нешто да каже, но беше прекинат. – Вчера прифативме 80 ранети борци и сите се веќе сместени во болница. Моите војници веќе ги пренесуваат ранетите на наша територија. Веројатно ќе мораат да почекаат се додека не стигнат камионите. А дотогаш тие ќе добијат лекарска помош и ќе бидат нахранети…

По кратко молчење, сега со помирлив тон, Михајловски праша:

-Каде научивте српски?

-Во Србија, во Булкес. Таму бев две години.

-Вие сте Грк?

-Да, чистокрвен…

Михајловски се загледа во него и со дланката ја сокри насмевката.

-А зошто прашувате?

-Испупчени очи, орлов нос, црна коса…

-Да, моите родители потекнуваат од кавкаските предели, ама јас сум роден во Грција…

-И затоа сте чистокрвен Грк? Туку ајде да го оставиме тоа… Колку што сфатив, битката за Кајмакчалан ја изгубивте…

-За жал, така е. Но…

-Што?

-Политичкиот комесар на бригадата ни рече дека вие Југословените им дозволивте на владините единици да влезат на ваша територија и тие не удрија од зад грб.

-И вие поверувавте?

-Јас лично не, но тоа што го рече политичкиот на бригадата пушти корен. Ние претрпевме пораз поради грешките или неспособноста на нашата команда и затоа одговорноста е префрлена на други…

Разговорот го прекина чукање на вратата. Дежурниот јави дека стигнаа камионите и праша дали можат да ги товарат ранетите.

-Камионите вратете ги под дрвјата и покријте ги со гранки – нареди поручникот. – Од таа страна не смеат да видат дека пренесуваме луѓе.

Ноќта ранетите заедно со нивниот предводник, Мавридис, беа пренесени во болницата во Есеново која Југословенската народна армија специјално ја имаше изградено за лекување на борците на Демократската армија на Грција. И тука десетина дена по поразот на Кајмакчалан, грчката управа на болницата по наредба на претставник на Централниот комитет на Комунистичката партија на Грција, кој од седиштето во Преспа беше испратен да ги посети болниците во Есеново и Катланово, на ранетите им ја пренесе веста за ударот зад грб и за тоа, дека Југославија ја затвори границата. Немаше собири, но зборот се пренесуваше потајно и потајно ранетите беа подготвувани за отпор. Прво почнаа да им префрлуваат на југословенските лекари и сестри и не ги пуштаа да влезат во болничките соби, потоа одбиваа да им ги менуваат преврските, па не примаа лекови и по некој ден прогласија општ штрајк, барајќи да бидат префрлени на лекување во Чехословачка. Веста за ваквото однесување прво стигна во Скопје и оттука веднаш беше пренесена во Белград. Таму, по долги разговори, одлучија сите ранети, освен тие кои писмено ќе побараат да останат во Југославија, со воз да се испратат во Чехословачка. И така би. Но, некаде северно од Куманово се случи нешто што никој не го очекуваше. На паралелни колосеци застанаа два воза. Во едниот беа ранетите кои патуваа за Чехословачка, а во другиот весели и распеани југословенски младинци и младинки кои патуваа на работна акција. Се слушаа песни за Тито и пароли против Сталин. Тоа ги збуни ранетите, та почнаа и тие да пеат

песни за Сталин и Захаријадис и да извикуваат погрдни пароли за Тито. И токму за време на тоа натпејување, југословенски младинец слезе од вагонот, носејќи канта. Ја отвори и со голема четка по целата должина на вагонот напиша: “Живео друг Тито – смрт Сталину!” Мавридис скокна од товарниот вагон, на младинецот му ја грабна кантата и четката и по целата должина на вагонот во кој беа побунетите ранети, напиша: “Ζ’ητω ο Στ’αλιν – κ’ατω ο Τ’ιτο” (Да живее Сталин - долу Тито). Дебелиот крај го извлече Мавридис. Некој го перна со лопата и наместо да стигне во Чехословачка, со скршена глава и во безсознание беше пренесен во една белградска болница.

## ГЛАВА 16

Во првата половина на мај, во месноста Дрепано, во околината на градот Кожани, од разни заробенички логори, беа донесени неколку стотици мажи. Под засилена стража, во смени, деноноќно тие градеа бункери, по големина, издржливост и моќ исти како оние што лани беа изградени на Грамос и сега се градени на Мали-Мади, Бела Вода, Бигла, Лунѕер, Јамата, Баро, Рото, Лисец, Полената и на други ридови во секторот Вичо. По едномесечна ропска работа, заробениците ги вратија во логорите. Во штотуку изградениот полигон, без одлагање, почна засилена обука и вежби во кои учествуваа единиците на II, IX, XI, и XV дивизија како и офицерите на I, X и VIII владини дивизии. Тука војниците и офицерите, во траење од еден месец, ги совладуваа воените вештини и новите оружја – базуки и топови од 75 мм што пред извесно време од Америка пристигнаа во Грција. Учеа како во активни ноќни и дենски борбени услови да ги совладуваат силно утврдените упоришта на противникот во содејство со тенковите, артилеријата и воздухопловството. Предност му се даваше на военото воздухопловство, кое снабдено со нови бомби и ракети, вежбаше биење и уништување на непријателските утврдени позиции – бункерите, командните и набљудвачките пунктови… Потоа настапуваше артилеријата. Цел – бункерите, рововите и приодите пред нив, минските полиња и пречките од бодликава жица. Пешадијата вежбаше координирани ноќни напади, а дење во содејство со тенковите тргнуваше во јуриш. Обуката и вежбите, исто така, имаа за цел кај војниците и офицерите да го зајакнат агресивниот дух и да го подигнат степенот на борбената подготвеност и вербата во тоа дека со претстојната летна офанзива конечно ќе го уништат противникот.

Сите вежби, поврзани со обуката за совладување на новите оружја, а пред се пилотажата со усовршените воени авиони од типот Дакота, Харвард и Спитфаер, се одвиваа под будното око на американските и британските воени специјалисти и инструктори, со кои директно командуваше американскиот генерал Ван Флит.

* * *

Два дена по завршувањето на обуката и вежбите, во големата сала на градскиот совет, претворена во воен оперативен штаб, на состанок беа повикани командантите на баталјоните, полковите, вригадите и дивизиите, како и високи офицери од военото воздухопловство. Зад долгата маса поставена пред челниот ѕид, покриен со бело платно, седат – главниот командант, маршалот

Александрос Папагос, началникот на Генералниот штаб Козмас, командантите на I, II и III корпус – Цакалотос, Манидакис и Григоропулос. Во првиот ред - генералот Ван Флит со своите соработници. Началникот на генералштабот, Козмас, со моливот лесно удри на кристалниот бокал и стана. Во салата зграснаа тивките разговори и настана тишина.

-Господине маршале, господине генерал Ван Флит – безропотно со низок поклон се сврте и кон едниот и кон другиот и продолжи: - Господа генерали офицери… - прекина за миг, чиниш наслушкуваше како одекнува неговиот глас во строго заштитената сала. – Наближува денот кога со здружени сили и масовен оган на Вичо конечно ќе го здробиме непријателот… - Тој пак прекина. Во тој миг полковникот Зафиропулос го повлече белото платно. Така ја откри големата оперативна карта обесена на челниот ѕид. Генералот Козмас назадечки се повлече од масата и застана до картата. Со растреперен глас, почна да најавува: - Господо, чест ми е да му изразам голема благодарност на мошне почитуваниот генерал Ван Флит и неговите соработници кои со своето огромно воено знаење ни помогнаа да го изготвиме оперативниот план што го носи криптонимот <<ΠΥΡΣΟΣ>>).

Изрази на благодарност и на нашиот главен командант, маршалот Александрос Папагос кој не штедеше знаење и сили за да ни помогне во изготвувањето на планот… - Козмас се поклони, од челото со бело шамивче ја избриша потта и продолжи:

-Господо, чувствувам потреба да забележам дека состанокот е строго доверлив и сите материјали, како и излагањата носат ознака на највисока строго доверлива воена тајна. Господо, чест и задоволство ми е во главни црти да ве запознам со основите на оперативниот план. Деталите за борбениот распоред на секоја дивизија, бригада, полк и баталјон, резервите, како и за борбените активности на артилеријата, тенковите, военото воздухопловство, центрите за снабдување и помошните служби ќе ги најдете во запечатените плика што ќе ги добиете по завршувањето на состанокот. Во текот на наредните неколку недели ваша обврска е највнимателно, во детали, да ги проучите плановите и истовремено да ги подготвите единиците за борбени дејствија согласно борбените задачи што се одредени за вашата единица… - Козмас се сврте кон оперативната карта.

-Господо, преминувам на планот. Наша главна цел е реонот Вичо. Меѓутоа со намера да се достигне стратешко изненадување, се определивме за два второстепени чекори. Првиот е, со силите на XI дивизија да се исчисти реонот на Кајмакчалан, каде според наши информации дејствуваат околу 800 комунистички бандити. Со овој чекор на противникот му ја одземаме можноста од Вичо да

се префрли на Кајмакчалан. Борбените дејствија во овој реон, според оперативниот план, ќе почнат на 4 и треба да завршат на 8 јули. Веднаш потоа главните сили на XI дивизија ќе се стават на располагање на Вториот корпус со цел да учествуваат во борбите во реонот на Вичо. Вториот чекор има поголемо значење. Имено треба да го натераме противникот да помисли дека нашиот главен удар е насочен на Грамос.

Оттука, предвидовме силите на Првиот корпус, поточно Првата и Осмата дивизија со 73-та бригада и 8-от, 15-от и 24-от пешадиски полк, во содејство со артилеријата и воздухопловството да извршат силни удари на утврдените упоришта на противникот со цел да го заковаат за неговите позиции и на овој начин да го спречат да префрли единици на Вичо, кога таму ќе почне главната офанзивата. Според информациите северен Грамос противникот го брани со 4.900 мажи и жени и располага со16 топови, два минофрлачи од 120 мм и со поголем број противтенковски и противавионски цевки за кои нема доволно гранати. Оваа операција, господо, според планот, ќе почне ноќта меѓу 2-ри и 3-ти и мора да заврши на 9-ти август… Преминувам на главното. Вичо. Овој предел е ридско-планински и на многу места е покриен со шуми. Во споредба со Грамос, тука ги нема високите камени чуки, длабоките клисури и бројните козји патеки. Главни планини се Бела Вода на север, Вичо на исток, Мали-Мади на југ и Чука и Лисец на запад. Реката Белица која извира под селото Псодери, течејќи на југ, го дели овој предел од планината Врба и натаму од Преспа и Преспанското Езеро. Во близина на селото Брезница свртува на југоисток, правејќи разделница меѓу Мали-Мади и Јамата, Баро, Рото и погоре Полената. За овој предел карактеристично е и тоа што го пресечуваат две многу важни сообраќајници. Едната од Костур преку селото Апоскеп се влече покрај брегот на Белица и северно од селото Брезница се вкрстува со сообраќајницата што води од Костур преку Мањак, Тиквени, Четирок, Света Недела, Косинец, Смрдеш, Брезница, Желево, Псодери од каде се слушта по планината Бигла и завршува во Лерин. Од картата се гледа дека пред Желево се дели и продолжува за Преспа. Оваа сообраќајница во делот меѓу Смрдеш (грчко-албанска граница) Псодери-Бигла и Желево-Преспа за нашиот противник има непроценливо значење. По оваа сообраќајница се врши целокупното снабдување со оружје и храна кое со камиони е пренесувано од Албанија и од Југославија до магацините вкопани лево и десно од патот. Се разбира и за нас овие сообраќајници имаат огромно стратешко значење. Брзиот пробив на нашите тенкови по овие сообраќајници – Козмас прекина, се загледа во присутните и со широк кружен

замав на раката, ја доврши мислата – значи на противникот да му се затвори патот за бегство во Албанија и Југославија, значи затворање на обрачот. Да, господо, токму тоа, затворање на обрачот… А сега да видиме со што и како ќе ни се спротивстави непријателот. Благодарение на извидничките авиони на нашето храбро и херојско воено воздухопловство и нашите бестрашни разузнавачи, имаме точна слика на теренот. Точно знаеме колкав е бројот на бункерите и нивната издржливост. На полигонот Дрепано токму такви бункери беа изградени и на такви бункери нишаневме и со голем и завиден успех ги уништувавме со сите наши оружја. Познати ни се сите точки на неговите упоришта, целата одбранбена линија со се мински полиња и пречките од бодликава жица. Реонот на Вичо непријателот ќе го брани со следниве сили: X дивизија со 14 и 102 бригада и XI дивизија со 18 и 103 бригада. Поконкретно нивните сили се распоредени како што следи. На северниот дел од фронтот Бела Вода - Бигла – Лунѕер – Кулкутрија 4 пешадиски баталјони, 8 ридски, 5 полски и 5 противтенковски топови. Вкупно 1450 борци од кои триесет отсто се жени. Централниот фронт Полената – Плати – Кула и Рото, 3 пешадиски баталјони, 12 ридски, 4 полски и 10 противтенковски топови. Вкупно 1250 борци. Втората линија Баро – Јамата – Лисец – Моро - Чука 3 пешадиски баталјони, 6 ридски, 6 противтенковски топови. Вкупно 1060. Јужниот фронт Мали-Мади 3 пешадиски баталјони, 6 ридски, 3 полски и 6 противтенковски топови. Вкупно 1250. Резерва 105 бригада (1000 борци) во реонот на селото Смрдеш и офицерскаста школа (500 борци) во реонот на селата Брезница – Трнаа. Во помошните сили имаат околу 1500 лица. Од изнесеното се гледа дека непријателската одбранбена линија на север е поставена на Бела Вода и Вичо (во средината со многу силното упориште Бигла – Лунѕер), па оттука во продолжение, на исток – Кула-Плати-Главата-Рото и на југ се потпира на Мали-Мади со посебно утврдени позиции на ридовите над селата Косинец и Лабаница од каде се брани влезот во селото Смрдеш. Во длабочина се организирани две одбранбени линии. Првата влече од Бигла-Лунѕер и со ровови, бункери и мински полиња ги поврзува ридовите Јоргова Глава – Голината - Чука – Лисец - Баро – Јамата. Зад оваа одбранбена линија се наоѓа џадето што ги поврзува Смрдеш - Брезница - Желево –Псодери. Втората одбранебна линија на север се потпира на Бела Вода, се спушта јужно и ги покрива Превалот и Врба и завршува во котлината на Смрдеш. Крајното одбранбено упориште е во Преспа, а тоа се ридовите меѓу селата Штрково и Раби и отаде – полуостровот со селата Нивици, Винени, Орово и Граждено. Нашите истражувања и

анализи потврдија дека моралот на непријателот е висок. Ова е постигнато со неговите лански борбени успеси на Грамос и Вичо (битката за Мали-Мади), некои успешни битки за помали градови и пролетното заземање на Грамос. Во текот на зимата и пролетта непријателот изврши реорганизација на своите единици, го подобри снабдувањето со облека и храна. Ваквата состојба му даде за право на повисокото раководство да мисли дека 1949 година ќе биде година на нивната победата, па оттука моралот кај нашите противници е на доста високо ниво.

Која е нивната цел? Нивна цел е да го сочуваат тој последен "слободен простор", цврсто бранејќи ги планините Бела Вода - Вичо - Мали-Мади. За време на офанзивата со активна одбрана да го заковаат непријателот на одбранбените позиции и кога ќе се создадат соодветни услови за промена на состојбата, да тргнат во противофанзива со цел да ги уништат нашите национални сили.

Прекина. Се загледа во полната сала, која во штама го слушаше неговото излагање. Од кристалниот бокал ја наполни чашата со сок од портокал. Пие полека. При секое голтање, силно му потскокнува Адамовото јаболко. Ја стави чашата настрана и отвори нов плик.

-Со кои сили ќе непаднеме ние? Во борбена состојба се ставени II, IX, X и XI пешадиска дивизија со вкупно единаесет бригади; III дивизија за гонење со две пешадиски бригади, еден лесен пешадиски полк, шест баталјони на националната гарда. Артилерија: 4 полкови полски топови, 3 одделенија средни топови, 5 одделенија ридски топови, скоро половината од расположивите тенкови и борни коли со кои располагаме и 90 авиони. Како резерва на врховниот командант останува XV дивизија во Рупишта и 32-та бригада во Дервен. Основна и главна борбена задача на Вториот корпус е: совладување на непријателските позиции и уништување на противничките сили. Офанзивата во реонот на Вичо ќе се одвива во четири фази. Прва фаза – 10 август 1949 година. Дента, по авионското бомбардирање и артилериската подготовка, во 10,00 часот во насока Дервен – Кулкутурија – Полената – ридот 1685 тргнува 22-та пешадиска бригада со цел да ги совлада позициите на Полената – кота 1685 што се наоѓаат зад првата одбранбена линија и да содадат благонаклонети услови и бази за напад и да навлезе во одбранбената линија над селото Статица, да го изненади непријателот и да ги совлада ридовите Чука-Лисец. Втора фаза: ноќта меѓу 10-11 август синхронизирани напади. Од Буковик тргнува X дивизија со цел да ги совлада непријателските позиции на линијата Јамата – Баро – кота 1709. Од Дервен - Кулкутурија XI дивизија продолжува со нападот на линијатаЧука – Лисец.

Истовремено третата бригада за гонење врши напад на Кота 1695 – Бигла - Лунѕер - Гогова Глава, а на југ, во напад на Мали-Мади, тргнува 36-та бригада. На крајниот север, од селото Долно Клештени преку Буф во насока на Герман тргнува 21-та бригада со цел да го затвори евентуалното бегство кон Југославија и по заземањето на преспанското село Раби да го затвори патот кон преминот наречен Кула што се наоѓа меѓу двете преспански езера. Време на започнување на нападот 20,00 часот на 10 август. Трета фаза (12-13 август 1949): префрлување на нашите сили на линијата Врба – Превал – Корбеч, навлегување во котлината на Преспа и спречување бегство на непријателот кон Албанија и Југославија. Четврта фаза (14-16 август 1949): чистење на полуостровот отаде езерата и на целиот реон на Вичо. За поддршка на пешадијата предвидени се две моќни артилериски групи. Северната група – Лерин и јужната – Костур со сите видови топови. Од истите насоки поддршка ќе даваат и механизираните единици, пред се тенковите. Почетокот на офанзивата ќе му припадне на нашето славно воено воздухопловство чија цел е во утринските часови да ги нападне и уништи утврдените точки на непријателот, во продолжение да ги уништува неговите артилериски и минофрлачки гнезда, да врши извидувачки летови со цел од воздух да информира за движењата на противникот и да ја фотографија актуелната состојба на фронтот. Вкупно ќе учествуваат деведесет борбени авиони.

За миг прекина, се загледа во салата и, покажувајќи со прст на картата, рече:

-По секоја цена, на почетокот од офанзивата да се сочува содејството на воздухопловството, артилеријата, пешадијата и механизираните единици. Ова пред се важи при нападот на Полената и ридот 1685 каде првенствено ќе напаѓа III дивизија за ридско гонење, додека задача на X, XI и IX дивизии е да го спречат бегството на непријателските сили кон Албанија.

Деталите за секоја фаза ќе ги најдете во пликовите што ќе ги добиете по завршувањето на состанокот. Во штабовите на дивизиите, бригадите, полковите и баталјоните па до чета и вод добро да се проучат борбените дејствија, да се запаметат до ситница и спроведат на војното поле.

Господо! Грчката армија никогаш досега не располагала со олкава борбена сила во луѓе и борбени средства и техника. Благодарение на нашите пријатели и сојузници, Соединетите Американски Држави, со чиј офицерски и стручен тим командува драгиот и почитуван генерал, господинот Ван Флит, ние сме сестрано подготвени да го сотреме непријателот. Нас не

интересира едно: победа! Нема да има никакви преговори. Ќе говори само оружјето. Нема капитулација. Ќе има само пораз од кој тие никогаш нема да се подигнат! Господо чест ми е да објавам дека офанзивата ќе почне на10 август во 5 часот наутро.

Во салата грмнаа ракоплескањата.

Генералот Ван Флит не чекаше Козмас да седне на своето место. Стана и со чекор на победник кој парадира пред построените војски, застана пред картата и откако сите ги измери со долг и пронижувачки поглед, со двете шепи го покри реонот на Вичо. Рече:

-Ете, господо генерали, само толкав простор треба да совладате. Две шепи. Две шепи простор и ништо повеќе. Војската ви ја облековме и добро ви ја нахранивме и ви ја снабдивме со најдоброто оружје што го имаме. Сега имате се! Авиони – од најновите. Топови и минофрлачи – нови. Базуки и напалм бомби! – тој подвикна и долго се загледа во присутните. – Имајќи такво оружје треба да приберете храброст и за само пет денови, господо, за само пет денови морате да ставите крај на војната. Тука – тој на картата удираше со левата шепа – тука ќе бијат 90 авиони и покрај бомбите ќе фрлаат и напалм, ќе грмат стотина артилериски цевки и уште толкав број минофрлачи, ќе јуришаат скоро 80 илјади војници потпомогнати со над двесте блиндирани коли и тенкови! Не повеќе, туку само пет денови! Комунистите да не ги извадите од рововите и од бункерите. Тие да останат таму, ама мртви… Реков пет денови и во овие пет денови ако не го уништите непријателот, adios amigo, ние си одиме… Американскиот даночник за вас и за оваа војна потроши голема пара.

## ГЛАВА 17

Седиште на Главниот штаб на Демокрасаката армија на Грција. Пред влезот во пештерата и во целата безбедносна зона, па се до приодите до неа – засилена стража. Време – два часот по полноќ. Воено советување со присуство на члeновите на Воениот совет, Главниот штаб и командантите на големите воени единици распоредени на Вичо. На челниот ѕид – голема оперативна воена карта. Претседава Захаријадис. Со глас на сигурен победник тој го почна воведното излагање.

-На Вичо се приближуваат големите битки. Штом монархофашизмот не сака да го признае својот пораз, тогаш е принуден да изврши голема офанзива на Вичо зашто инаку ги губи и “јајцата и кошниците” – ова е омилена изрека на Захаријадис и ја искажува секогаш кога сака некого да потцени и да го претстави како неспособен. Прекина за миг, погледна на присутните на чии лица забележа сенки на потсмев и со засилен тон, продолжи: - Ја губи војната, го губи и мирот. Таму каде сакаше да се покаже семоќен и победник, мораше да признае дека не е способен да се пресмета со Демократската армија. Токму поради тоа тој е принуден да дојде на Вичо. Кон тоа го притиска и потребата, политичка и воена, како и моралот. И затоа сакајќи или не, ќе ја проба горчливата чаша што се вика Вичо. Ние од таква позиција треба да тргнеме и до крај да бидеме убедени за следното: уништувањето на монархофашизмот на Вичо може да биде почетокот на неговиот крај. Годинава монархофашизмот не е способен да направи толкав напрегнат и продолжителен воен напор како лани – четири месеци непрекинато на Грамос и Вичо. Ова дотолку повеќе што годинава, зимата и пролетта, не го оставивме да здивне. Сите овие факти укажуваат дека моралот кај монархофашистите е разлабавен до крајна граница… Повеќе од кога и да било, сега е загрижувачка состојбата на моралот кај војската… Тука лежи и една од најважните причини поради кои годинава тој и не се осудува да ја води битката на Грамос каде го принудивме пак значително да крвави, бидејќи војникот кога ќе слушне за Грамос, тогаш го фаќа уплав и му се кинат силите. Тргнувајќи од горенаведените констатации, доаѓам до следните заклучоци: и покрај лошата состојба на моралот, монархофашизмот е принуден да води голема битка на Вичо. Ако не преземе таква воена операција, тогаш ќе испадне дека го признава поразот. За нас задачата е една – да го уништиме на Вичо. И ќе го уништиме. За да го постигнеме тоа, потребно е со постојани и непрекинливи мали битки уште повеќе да го уништуваме неговиот морал. Во таа насока Грамос секојдневно ни

дава фантастични примери, но треба да кажеме дека сепак поголеми се успесите на Вичо. Натаму. Со силна одбрана, кога ќе затреба, да го натераме да искрвави до исцрпување. Цврстата одбрана да го содржи и елементот на тактичен противнапад за пресврт. Со засилена просветна, организациона и политичка работа меѓу монархофашистичката војска, таму каде ќе се одвиваат настаните, да се придобиваат војниците зашто токму таму се наоѓа една од најрешителните наши резерви. Секој кој, главно, денес не го разбира ова, прави голема, извонредно голема грешка. Може ли некој да си претстави што ќе биде кога во еден критичен момент би се разбунтувал макар и еден непријателски баталјон? А бунтувањата во баталјоните денес не се апстрактен стремеж, туку секојдневна можност. Имаме многу примери. Одбивањето војниците да одат во напад е секојдневна појава од проста причина што војникот веќе е заситен од крвопролевања. Тој не сака друга војна. Својот поглед не го насочува кон ковчегот, туку кон куќата. Знаеме ли што помислиле војниците кога ставиле темпирана бомба во багажот на Коцалу и тој беше ликвидиран заедно со авионот во кој патуваше? Тие сметале вака: додека пратат негов заменик ќе имаме барем 15-20 дена спокојство. И тоа е добивка. Така мислеле тие, војниците. А зошто, пак, да не се најдат стотици и илјадници војници на Вичо, кои би се обиделе на некаков соодветен начин да спечалат не 15-20 дена, туку да го спечалат мирот, животот, да се вратат во својот дом? Ќе се најдат. Доволно е ние решително да им помогнете. Со стратешки противнапад од сите страни, а имаме такви можности, доволно е да помислиме на фактот дека цврсто го држиме Грамос и во погоден момент да извршиме порешителен пресврт кај монархофашизмот. Непријателот ќе дојде на Вичо, главно со единици за гонење – ЛОК и со голема сила од авијација и артилерија. За разлика од лани, сега прашање е дали и ќе може да издржи повеќе од еден месец. Значи големата битка ќе ја решат оние 20-30 дена. Затоа ние треба да бидеме сестрано подготвени, воено, борбено, технички, политички, морално и материјално. И впрочем, главно сме готови. И го чекаме непријателот. Потребна е напрегната усилба од сите нас. Треба да земеме сите учество во големата битка. Сите треба да се активираме. Сите треба да се одзваат на оваа голема чест, да го заштитат Вичо. Соодветно сите, без никаква разлика. На Вичо непријателот ќе го скршиме и нема да помине…

Последните зборови на генералниот присутните ги потврдија со бурно ракоплескање. Гусјас застана покрај воената карта, со стапчето неколкупати удри на ратката од картата и веднаш настана тишина.

-Другари, Главниот штаб во тесна соработка со Воениот совет, изготвувајќи го планот за одбрана на Вичо, ги постави следниве цели што треба да ги постигнете во две фази. Прво: да обезбеди одбрана на слободната територија во духот на паролата – непријателот на Вичо нема да помине. Во оваа смисла Главниот штаб на ДАГ уште во март оваа година издаде наредба да се изградат силни утврдувања на Мали-Мади, поточно на линијата Буци-Орлово-Свети Атанас (кота 1186) и во продолжение ридовите меѓу селата Косинец и Лабаница се до границата со Албанија. Западно од Орлово продолжува утврдувањето на Рабатина и Буци се до карпите над селото Смрдеш. Овој дел од фронтот има за цел по секоја цена да го спречи пробивот на непријателот кон селото Смрдеш од каде – ова може да биде само неумна претпоставка – со борни коли и тенкови би се обидел да го заземе џадето Смрдеш – Желево – Псодери. Тоа би значело пресечување на слободната територија на два дела со катастрофални последици за нас. Северно од Мали-Мади силно ги утврдивме ридовите Полената-Кула-Плати и во продолжение, западно од нив Рото-Баро и Јамата. Ова е нашиот централен фронт зад кој исто така се изградени силни утврдувања на Лисец и неговите јужни приоди и на Моро, Чука и Јоргова Глава, северно од Лисец. Ова е втората одбранбена линија која треба да го обезбеди слободното одвивање на комуникациите и снабдувањето на фронтот долж патот Смрдеш – Желево – Псодери. На крајниот север, од границата со Југославија, како што ви е познато таа е веќе затворена, е венецот ридови наречен Бела Вода. И тука се завршени утврдувањата кои се поврзуваат со Бигла и Лунѕер, па се до Кулкутурија кота 1694 северозападно од селото Нерет. Тоа е нашиот северен фронт чија цел е да го одбие противникот кој ќе напаѓа од кај Лерин. Не е без значење и реонот западно од патот Смрдеш – Желево – Псодери. Тоа е нашата трета одбранбена линија чија цел е да ги штити приодите кон котлината на Преспа. Но, другари, изнесените факти не се нашата главна сила. Нашата главна сила е одлично утврдениот терен, а што е многу важно, а можеби и поважно е нашиот борбен дух и силната верба во победата. Зад нас е големото борбено искуство што го имаме од ланските борби на Грамос и неговото повторно заземање во април годинава, успешните борби за Мали-Мади во септември минатата година и уништувањето на 22-та непријателска бригада, длабокото навлегување во задницата на противникот и заземањето на силно бранетите градови Кардица-Карпениси-Негуш, реорганизацијата на нашите единици и нивното добро снабдување со облека, храна и оружје, сето тоа се фактори кои ни ја гарантираат победата. Во случајот на битката за Вичо нам ни требаат дваесетина дена за да

го издржиме ударот на непријателот. Да го заковиме за неговите појдовни позиции и да го натераме да води позициона војна во која со нашата одбранбено-офанзивна тактика треба да му нанесеме огромни загуби во жива и материјално-техничка сила, да го скршиме неговиот морал и во моментот што нам најмногу ќе ни одговара, да тргнеме во напад.

Ги посетив сите позиции. Бев и разговарав со сите команди на поголемите единици, па дури и на помалите. Утврдив дека целиот сектор одлично е утврден. Сакам со признание да подвлечам дека нема точка која не е под нишанот а нашите цевки. Се што се гледа од пушкарницата на бункерот е во центарот на нашиот нишан. Кога гледав на теренот и на се што се наоѓа таму, сериозно си мислев – зарем е можно да помине некој жив? Зарем е можно да се пробие таква одбрана, каква што е нашата? Зарем е можно да дури и птица да прелета? Искуството од Грамос не поучи и не научи како да се утврдуваме, како секое ритче, секој камен и карпа, секој свиок, ама буквално се, да го направиме непристапна точка… Секторот Вичо, другари, е една голема тврдина. На командите на сите единици, од најголемата до најмалата, останува оваа тврдина да ја направат несовладлива. Ги имаме сите можности тука да го скршиме непријателот и во соодветиот момент да тргнеме во противофанзива – самоуверено заврши Гусјас и откако испи чаша вода, им се обрати на присутните: - Има ли прашања?

-Другари –тоа е гласот на Барѕотас, политичкиот комесар на Главниот штаб – излагањето на другарот Захаријадис е доволна гаранција за нашата победа. Секое поставено прашање само би одземало време …

За збор се јави Гусјас, кој се уште стоеше покрај оперативната карта.

-Јас пред малку ја изнесов актуелната состојба на нашата одбрана. Но имам впечаток, другари, дека доволно не сме ја анализирале можноста од каде ќе не нападне непријателот. Според мои согледувања и оценка најверојатно противникот ќе нападне прво на Бела Вода, кота 2156, од насоката на Лерин со цел, се разбира доколку успее да ја скрши нашата одбрана, да се спушти во Преспа. Ова е најкраткиот пат за Преспа. Ете – тој удри со тупаницата на картата – спуштајќи се оттука, противникот би ни го затворил патот за наше евентуално отстапување…

-Зарем е предвидено отстапување? – праша командантот на XIV-та бригада под чија команда е одбранбената линија Лунѕер – Бигла - Бела Вода.

-Се разбира не, но… - сите забележаа дека му трепери брадата.

-Продолжи - дофрли Захаријадис.

-Да. Другари, противникот ќе размисли дали да нападне тука или главниот напад да го насочи на друг сектор. Размислувајќи, дојдов до заклучок дека поради тоа што секторот Мали-Мади е многу тврд орев за противникот, а од Бела Вода направивме непробоен одбранбен ѕид, што не се сомневам дека на противникот тоа му е понато, се поставува прашањето – каде ќе удри? Погледнете – со дланката покри дел од картата – тука е Бигла и Лунѕер. Не е тешко да се забележи тоа ова е средишниот дел. Средината меѓу Мали-Мади и Бела Вода. Тука – подвикна, со дланката удирајќи на картата – токму тука ќе удри! Зошто баш тука?! Затоа што ако ја пробие одбраната на Бигла, каде имаме поставено еден позиционен баталјон, мислам на баталјонот составен од наши искусни и прекалени борци, за жал сите се инвалиди, тогаш во дејство ќе воведе тенкови и со нив ќе дејствува по патот Лерин – Псодери – Желево… Кога изговори Лерин, присутните забележаа дека му се засркна гласот. Лерин за него беше ноќен кошмар и доволно беше некој да му го спомени тоа име, за да му се олади крвта во жилите. Беше еден од тие кои ја замислија и спроведоа битката во која ДАГ го доживеа ужасниот самоубиствен колеж на приодите на градот. Бигла – Лунѕер, кота 1922, потребно е да стане нова, силна тврдина. Тука противникот да искрвави. Повторувам, ако противникот се пробие на Бигла и Лунѕер, тогаш ќе се скрши целата наша одбрана. Затоа тука треба да посветиме најмногу внимание…

-А Лисец? Што со ридот Лисец? – праша командантот на X-та дивизија.

-Лисец? Па погледнете на картата – рече Гусјас. –Гледате ли колку е далеку од првата одбранбена линија? Пред Лисец се одлично утврдените ридови Плати – Кулата – Рото – Полената – Баро – Јамата и на југ целиот Мали-Мади…

Објаснувањето на Гусјас го прекина Захаријадис. Тој полека стана, се сврти кон картата и, удирајќи со прстот, почна да избројува:

-Тука, тука, тука и тука треба да го скршиме непријателот. А ти што си запнал Лисец, па Лисец?

-Јас другари – се исправи комадантот на X-та дивизија. Сите ридови што пред малку ни ги покажа другарот Захаријадис, не ги знам од картата, туку секој рид и трап, камен и карпа ги имам поминато пеш. За нашата одбрана е многу битно, би рекол најважно, да знаеме каде ќе удри противникот и зошто токму таму…

-Тука и тука и тука – Захаријадис пак отчука со прстот.

-Не се сомневам дека таму, но зошто? Моето размислување е вакво - ќе удри во центарот, но главната цел ќе му биде Лисец. Се

ќе направи за да го заземе Лисец. Ако успее да го заземе, тогаш не има во шепа. Од врвот на Лисец се гледа целата околина. Тој кој го држи Лисец, под контрола држи се што е наоколу…

-Твоето размислување – се јави Гусјас - не држи дотолку повеќе што во него си го вметнал малечкото зборче – ако – со што си го условил своето размислување. Па, другари, токму затоа е многу цврста нашата одбрана за да не може противникот да го заземе тој проклет Лисец. Така ли е?

-Можеби е така, но Лисец е клучот. Падна Лисец, падна целата наша цврста одбрана, другари и…

Не се доискажа. Захаријадис дофрли:

-Другари, во овие судбоносни денови најмалку ни е потребна малодушноста. Има ли други размислувања и прашања?

Повеќе прашања немаше. Никој не се јави за збор.

## ГЛАВА 18

Во подножјето на ридот Лисец, наспроти селото Кономлади, во густежот од стари дабје, ланската година, цела есен, ноќе и скришум, стотина доверливи селани од околните села, во смени и под водство на Ристо, ископаа голема земјанка со мрежа разгранети тунели. И пак ноќе, со месеци, карвани коњи и мазги, терани од жени и мажи во одминати години, од магацините во Руља, Трнаа и Ошчима, ги полнеа тунелите со оружје, муниција, облека и храна. Приодите строго чувани од сакати борци донесени од болиците во Албанија и Југославија. Сакат е и командантот.

Отаде патот, меѓу Долна Статица и Кономлади, под сенката на разгранет орев – чешма. Маж, клекнат на едното колено, дланката ја полни со вода и разладува лице. Ристо се доближи и пред да одрами ранец, се поздрави.

-Добар ден – рече.

Мажот подигна глава и се загледа во Ристо.

-Дал Бог добро – одговори и не откинува поглед. Во неговите очи се повеќе одраз на изненадување. - Ми се писторува дека се познаваме или грешам? – изусти полека без да откови очи од лицето на Ристо. – Ти како да си ми познат… Чекај, па да… Мустаќот… Познавав еден со мустаќ како раката… како твојот… А, бре, ти, ти да не си Ристо?!

-Тој…

Се прегрнаа. Во долгата и силна прегратка се разлистија спомените…

-А паметиш ли, Ристо, како ме извлече кога ме ранија на Иван Планина. Должник сум ти. Си ме спасил.

Во иста чета, 1940 година, се бореа против Италијанците.

-А ти, Стојане, паметиш ли како ме негуваше таму во логорот кога ме претепаа џандарите?

Една година по завршувањето на војната, благодарната татковина хероите од албанскиот фронт ги прати во логорот на островот Аи Стратис. Доаѓањето на свет на грчкиот кралски престолонаследник, Констандинос, ги амнестира болните и малолетните затвореници и логораши. Меѓу нив беа и Ристо и Стојан.

Седнаа. Ристо забележа дека левиот ракав на Стојан е празен. Покажувајќи со очи, праша:

-А тоа?

-Тоа ми е спомен од лани.

-Каде?

-На Грамос… поточно на Горуша… Да… - Стојан испушти долга воздишка. – Кога не пуштија од логорот, јас пријател, не се

вратив дома. Откако во полицијата во Костур ме испрашаа и ми наредија задолжително да се пријавувам секој трет ден, ноќе го напуштив градот и го фатив патот за в планина. Во партизани. И таму долго ме испрашуваа, ме држеа под око. Не ми веруваа, а мислев дека ќе ме примат со широко отворени раце. Нејсе, најпосле видоа дека не сум тој за кого ме мислеа и мене, нишанџијата на тежок митралез, ме унапредија во коњоводец. Го водев коњот натоварен де со муниција, де со храна, де со казаните и тенџерињата, а понекогаш силно го држев за узда за да може да го јавне командантот на четата. Една ноќ вториот вод се врати од борба и донесе запленет тежок митралез. И така четата си имаше тежок митралез, ама без митралезец. Командантот го гледаше, го галеше со двете раце и воздивнувајќи се жалеше:

-Ех, мајката, сега да имав еден митралезец!

Му се доближив и го замолив:

-Другар командант, ќе ми дозволите? – Тој ме погледна строго и со укор ми рече:

-Ми го расипа ли, веднаш ќе те стрелам! – ми подвикна и го извлече пиштолот.

-Без грижа… - му вратив тивко, клекнав, го послав шинелот и тоа чудо со брзи движења го расклопив на делови. Ја соблеков кошулата и со неа ги исчистив деловите и со истата брзина ги вратив на своето место. И од тој ден командирот ми го зеде огламникот, ме унапреди во митралезец и побрза да и јави на повисоката команда дека има тежок митралез и умен митралезец. Оттаму стигна наредба за моја прекоманда. На Грамос. Митралезот го товаривме на коњ и цела десетина вечерта појдовме. Не пратија на борбена позиција на Копанче. А таму лево и десно секаде бункери со по пет-шест и повеќе редици дебели трупци. Добро маскирани. Добро наместена одбранбена линија на Свети Илија, на Горуша и Круша и натаму на сите ридје се до албанската граница. На шеснаесетти јуни, лани, уште зората не пукната, не нападнаа авионите. Не толчеа едно дваесет минути и пред да им секне бучавата, не грабнаа топовите. Ми се чинеше дека пукаа со брзина на тежок митралез. Триесет и пет минути траеше артилериската подготовка и со последниот грмеж, тргна во напад пешадијата. Во текот на денот одбивме четири напади. Пред зајдисонце – тишина. Падна команда – да се поправат бункерите и рововите. Ноќта – со прекини не биеја топовите. Утредента, токму во пет утрото, долетаа авиони и истото како и вчера. Попладнето моравме да се повлечеме на втората одбранбена линија - на Свети Илија и Круша. Се до 22 јуни оттука не можеа да не извадат. Тој ден авионите долетаа пред пладне. Не фрлаа бомби, ниту митралираа. Прво летаа ниско, потоа повисоко и видовме како од

нив се одлепија буриња и не многу високо над нашите позиции, можеби сто или педесет метри, пукнаа. Врз нас паѓаше оган, пламен. Се почна да гори. Се запали се, гореше земјата, дрвјата, каменот, планината, горевме и ние… Некои од нашите кои ги зафати таа досега невидена распалена течност, гореа и изгореа како ламбади. Врисоци и гласови на ужас се наднесуваа над рововите и до самоти небо се воздигнуваа молења за помош. Гледаш – пламен трча пред тебе и вика и вришти и моли тој, пламенот, а ти со голи раце ќе изгасиш пламен?! И така цел ден се боревме со пламенот, а ноќта, под полна месечина во заедничка гробница ги закопавме пеплосаните. Уште неколку пати не биеја со тој проклет оган, ама ние брзо откривме дека од пламенот што паѓаше од небото можеме да се спасиме само ако се покриеме со земја или да се скриеме в земја. Странично, во бункерите и рововите, ископавме тунели и пред да пукнат бурињата над нашите позиции, како кртови се криевме в земја. Едно е да видиш како паѓа потсеченото стебло, друго е да видиш како гори. А како паѓа погодениот човек и како гори? Тоа ти е да не помислиш, а никогаш да не видиш… И додека ние горевме, противникот чекор в чекор многу ни се доближи. Двесте или сто метри. Се окопа. Можеби тоа беше причината што авионите повеќе не фрлаа буриња, а топовите ѓулињата ги местеа зад нашите позиции. И одеднаш – тишина. Ниту ѓуле, ниту крушум да просвири. И никакво движење. Ниту од наша, ниту од нивна страна. Траеме со окото на нишанот. Чекаме. Чекањето го прекина бучава на авиони. Беа шест и летаа во тројки. Првата тројка над нас направи круг, но не фрли ниту оган ниту пламен, не истрела ниту еден куршум. Истото го направија и останатите. Кружеа над нашите позиции, а ние не отворавме оган за да не се откриеме. Не знам по кој круг небото се покри со разнобојни хартии. Немаше ветер. Облаци од хартии паѓаа над нашите позиции. Сонцето се засени и земјата се покри со хартии. Зедов неколку и што!? Читам:

"Комунисти-бандити предајте се! Тито помина на наша страна! Славомакедонци за вас нема спас! Предајте се! Тито ве предаде! Сталин и Тито се скараа! Тито помина на страната на Американците и Англичаните! Тито ја затвори границата! Тито е наш сојузник! Останавте сами! Готово е со Грамос! Од Тито не чекајте веќе помош! Ќе умрете од глад!"

Целиот фронт, сите борбени позиции беа послани со тие хартии – летоци… Беше 29 јуни. Фрлаа и наредниот ден и деновите потоа… Тие хартии – летоци тоа беа големи и страшни бомби… Тие биеја по духот, по верата и по надежта… Неа ја правеа весплодна и празна, ја одземаа, ја растураа и убиваа… Така мене ми се чинеше и така им се чинеше на многу Македонци… А

нив најмногу ги имаше на северо-источниот фронт… Политичките комесари ни велеа дека хартиите-летоци се само дел од непријателската пропаганда. Три денови мируваше фронтот и три денови оние од спротивната страна ни се гавреа и најпогрдно не пцуеја. Еден ден ги викнаа политичките комесари во повисоката команда. Се вратија доцна ноќе и ни објаснија дека некое информативно биро на комунистичките партии кои се на власт на чело со Советскиот Сојуз нашле дека Тито не прави така како што прават тие и затоа му пратија абер-писмо со кое бараат тој, Тито де, да си го прибере умот и да не бега од работите што најдобро ги знае другарот Сталин и да не се прави поумен од него. На ова, ни велеше комесарот, Тито им одговорил дека ќе прави само така, како што тој сака. Значи тој, Тито де, стана непослушен и поради тоа напредните и прогресивните комунистички и работнички партии, велеа комесарите, го исклучија Тито и ја повикаа Комунистичката партија на Југославија да се бори против него и неговите соработници. Натаму комесарот ни рече дека Комунистичката партија на Грција поради тоа што денес води беспоштедна борба против англоамериканскиот империјализам, премолчано се согласува со Сталин, а отворено ќе го изнесе својот став кога за тоа ќе има подобри услови. Затоа, рече тој, пратијата ги повикува сите борци и боркинки похрабро да се борат за да го скршат непријателот на Грамос. Тогаш дознавме дека XV непријателска дивизија која ја сметаа за елитна, по шест денови и ноќи непрекинати жестоки борби, и покрај големата авионска и артилериска поддршка, не успеа да го скрши северниот дел од фронтот со цел да ја затвори границата со Албанија. Се врати на појдовните позиции и дури на 2 август, по четириесет и еден ден лежење во ровови во одбранбена позиција, стапи во дејство откако падна ридот Клефтис во јужниот дела на фронтот. Нашиот дел, источниот, четириесет и пет денови и ноќи жилаво се држеше на Свети Илија, Горуша, Круша, Бел Камен и на Кулата над селото Котелце.

Во текот на тешките борби за секоја педа земја, ретко кој од борците мислеше за тоа зошто се скараа Тито и Сталин. Но црвецот на сомнежот јадеше, грицкаше, длабеше. А авионите заедно со бомбите, фрлаа и купишта хартии-летоци со кои не повикуваа да се предадеме и постојано не потсетуваа на тоа што не чека поради тоа што го направи Тито. Едно утро, на самоти врв на ридот, нашите отворија бело платно на кое со големи црвени букви беше напишано:

“Вашите летоци се печатени на дебела и тврда хартија. Печатете ги на тенка и мека за да ни е полесно да си го бришеме газот!”

Стојан прекина. Се вовлече во себе небаре му секна гласот. Молкот што се распосла го прекина Ристо.

-И што понатаму?

-Долетаа авионите и со бомби и ракети ни ги распрашија бункерите и рововите и… - Стојан размрда рамо и затресе празен ракав. – И парче од бомбата како со нож… - со очи тој покажа на празниот ракав. Во молкот што настана се вкрстија нивните погледи – неподвижни и замаглени – прашалнички го врзаа нивниот горчлив од и развлечено се отвора далнината во која и тие двајцата имаат оставено дел од себе. Стојан повлече од цигарата и од остриот и сертиот дебело дробен тутун свиткан во весникарска хартија, зајде во долга и растегната кашлица.

-Не ти вреди тутунот – удирајќи го по плеќи, жалосливо го смируваше Ристо.

Стојан ја исплука кашлицата и дофрли:

-Таму во тунелите – тој со глава покажа на подножјето од планината – во вреќи од хартија имам јас цели товари, ама мене ми се слаби. Тоа не оти е тутун! Свиткан во убава тенка хартија и без никакви ознаки. Пушиш и ништо. Само дим. Заедно со другата стока и цигарите ноќе ги праќам горе, на позициите.

-Во вреќи од хартија, велиш? – вчудовидено праша Ристо. – А празни вреќи ти останувaат?

-Цели купишта…

-Што ги правиш?

-Ги горам – рамнодушно одговори Стојан. – Секогаш ги горам. По наредба. Така ми е наредено. Имам писмена наредба во која јасно ми е напишано – вреќите од шеќер, од ориз и секаква друга хартија задолжително да се горат така за да не остане никаква трага од нив… Пред некој ден дојде еден од воената разузнавачка служба, демек да врши контрола, и кога виде цел куп празни вреќи од хартија, ми се закани со воен суд. Знаеш ли ти, ми вели, магарешки опаш, ти селски опинок и стоко - ми се дери тој, дека ако непријателот дојде до овие вреќе, знаеш ли дека ќе открие воени тајни? Потоа тој отвори голем тефтер и на колено ми напиша наредба и јас според неа им наредувам на моите да ги горат…

-А горе на позиција како го праќаш оризот, шеќерот, брашното, цигарите?

- Во вреќи… товарени на коњи и магариња, а најчесто на плеќи ги носат селаните и селанките од околните села… - Тивка, тешка и долго развлечена воздишка се откина од градите на Стојан. – Чини ли мажи и жени во поодминати години да ги товариш како стока и да ги натераш да носат на плеќи пругоре , ете до онаму – со здравата рака Стојан покажа на околните ридови. – Молчаливи и

прибрани во себе одат и го носат ли само товарот што им е товарен на плеќи или заедно со него и својата здробена душа? Ми се плаче кога ги гледам. Носат, кутрите, на своите плеќи носат сандаци со муниција, со храна, а на враќање – ранети. Така и мене ме носеа до главната болница во Грамос каде ми ја доисекоја раката, а потоа ми ја досекоа во болницата во Елбасан, остатокот за да ми биде поздрав… Кога ми се затвори раната, ме однесоа во Сук. А таму, што да ти кажам! Во бараки нашите оздравеници, нашите сакати, нашите ослепени, онемени, оглувени, имаше и падавичари и луди и по некој итроман, кодош и поткажувач.

Стојан прекина за миг, погледна наоколу и, скоро шепотејќи рече:

-Меѓу нив имаше и еден од Второто биро…

-Не те дослушнав. – Ристо навали уво. Што рече?

-Велат, бре Ристо, дека и ѕидовите имаат уши… А тука и планините имаат уши, та затоа ти шепотам, разбра?

-Да бре, се разбира дека разбрав – Ристо подигна веѓи и затвори уста.

-Е, така, да знаеш… - Стојан плукна настрана и продолжи: - Таму во Сук, еднаш неделно од болниците со камиони донесуваа оздравеници за малку одмор и на враќање заздравените ги однесуваа на боиштата. Ние кои бевме со по една нога или со по една рака, со по едно око, неми и полуглуви, постојано баравме да не вратат и нас во стројот, ама командантот на логорот, некој Тесалиец и тој со една нога, ни велеше дека за нас се уште нема наредба. И чекавме. А чекањето ни го исполнуваа со предавања за тоа што рекол некој Маркс, во Русија што направил Ленин и најмногу за Сталин. Даскал ни беше некој поранешен долгогодишен затвореник. Од Румели. Носеше очила со дебели стакла и слухот не му беше најдобар. Велеа дека заедно со Захаријадис учел во Москва, дека бил затвореник на диктаторот Метаксас, дека бил во Булкес и дека таму под негова ука многу стасале до политички комесари. Ама тој не ни беше само даскал. Со време дознавме дека човекот си сплете цела мрежа од доушници, поткажувачи, кодоши и друга помија со чија помош сите не стави во тефтерот во кој едни беа националисти, други шовинисти, опортунисти, автономисти, титоисти… Е, овие двете последни така обележани ги сметаше за најопасни. Значи нас, Македонците. И не беше тоа доволно. Меѓу нас пушти кодош и еден провокатор. Пак наши. Кодошот брзо го откривме и добро го притегнавме. Тој ни кажа за тефтерот. И пули да видиш. Тој тефтер ни ги зафати умовите. Тоа, како да дојдеме до него, ноќе и дење си умувавме ние кои бевме обележани како автономисти и титоисти…

-А кодошот?

-Кутриот тој, се слизна на лушпа од лубеница и си го скрши вратот. Сите го жалевме… И така, ти велам јас тебе, почнавме да умуваме како да дојдеме до тефтерот. Умувавме ама од нашето умување – ништо умно. Еден од така обележаните еден ден вака рече: - Море, братија, ве пуља дека глави имате, ама не знам шо имате во нив, аљ слама или сено, се опитвам јаска… А бре, дајте да го насамариме чоеко… Еве вака да напрајме. Јаска ќе влезам во амбулантата и ќе го земам шишето со чпирто. Нели чоекот има мерак да си пивне? Сум го видел како меша половина чаша чпирто со половина чаша вода. Ноќта, откако завршува да пишува, тој си пие. Без да сети, јас на масичката ќе му го ставам шишето. Да пукнам ако тој не се ангелоса. Е, тогаш, јаска полецка ќе влезам и ќе ја завршам работата. Умно, нели?

Стојан повлече од цигарата, ја исплука кашлицата и продолжи:

-Не бевме сигурни дали е умно, ама одобривме зашто нашинецот честопати незабележано влегуваше во магациот и оттаму се враќаше со џебовите полни со тоа што го јадеше само началството.

Утредента, по будењето, одеднаш онемеа звучниците, секнаа борбените песни. По кусо време, истече од нив гласот на командантот:

-Προσοχη! Προσοχη! Αμεσος ολοι στην πλατεια! (Внимание! Внимание! Веднаш сите на плоштадот!)

Се построивме. На колички ги донесоа и тие кои немаа нозе. Стоиме, чекаме. По едно петнаесетина минути ете ги командантот и даскалот кој ни кажуваше за Маркс, Ленин и Сталин и не оцрнуваше во тефтерот. Намуртени, лошотилак и злоба во очите. Се качија на бината.

-Другари борци… - почна командантот, ама во истиот миг веднаш пред него се истопори даскалот, целиот црвен од лутина и злоба, замавна со десната, потоа од под мишката го извлече весникот и со растреперени раце брзо го одвитка. Пред него падна… тефтерот! Тој со прстот покажа на подот и силно тупајќи, од неговото грло се истури глас сличен на гаврановo грачење.

-Веднаш да дојде тука тој што ми го посра тефтерот!

И во тој миг целиот плоштад грмна во силна и долготрајна смеа. Смеата не ни излезе на добро. Во седиштето на началството со денови не викнаа еден по еден. Не испрашуваа, ни се закануваа со воен суд, сонот ни го одзедоа. Нејсе, и тоа го истрајавме. По битките за Негуш, Воден и Лерин дојде и наредбата, демек доброволно де, тие кои сакаат можат да се запишат и да се вратат за да работат во разни заднински служби. Крајот на мај стигнаа камиони. Останаа тие кои беа без двете нозе, слепите и

полудените. Сите други, кој без два-три прсти, без дланка, без рака, без стапало, без нога, со едно око, глув или полуглув, бевме способни. Еден ден, крајот на мај, стигнаа камионите и ноќе стигнавме во Брезница. Добивме воен распоред. Мене ме пратија тука, значи командант на магацините…

-А провокаторот? – праша Ристо.

-И тој тргна со нас. Во камионот седеше на крајот. На една кривина камионот влезе со голема брзина и тој, кутриот, изгледа лошо се држеше, излета. А таму бездна. Го снема во мракот. Почнавме да викаме, дека некој излета од камионот, ама возачот не слушна и продолжи натаму да вози со голема брзина. Кога подоцна го прашавме зошто не застана, тој рече дека ништо не слушнал, бидејќи моторот на стариот американски воен камион многу бучи. Да… Тоа ти е тоа, брат. Доволно е едно мало невнимание и да те голтне мракот. Несреќа… Нашинец беше, никаквецот… А во итро сошиениот џеб од неговиот ранец најдовме список со име и презиме на триесетина наши момчиња. Сите обележани дека сакаат да бегаат во Југославија. А таквите, знаеш, под ѕид за дезертерство…

Ристо цело време го слуша раскажувањето на Стојан, но умот постојано му е врзан за вреќите од хартија. Праша:

-А вреќите од хартија што ги прават таму горе?

-Што ги прават таму не знам, ама јас знам што треба да им правам тука кога се празни… ги горам… Таква е наредбата. А тебе, зошто ти е толку гајле за тие вреќи од хартија?

-Па… како да ти кажам.

-Така, направо, отворено.

-Слушај, Стојане… Јас раководам со работите околу копање ровови и градење бункери.

-Аман, бре! Значи ти таму им командуваш на жените?

-Не. Јас не им командувам. Командуваат други.

-Така де, ти не им командуваш, туку им кажуваш како да копаат и како да носат трупци од шумата.

-Така нешто…

-И…

-И на тие кои не знаат да пишуваат, им ги пишувам писмата до нивните кои се во единиците, а најмногу до детулињата таму во државите. Ама…

-Што?

-Нема хартија…

-Хартија за писма во магацините немам.

-Не ти барам од магацините…

-Значи ти ја сакаш хартијата од вреќите?

-Така. Можам ли?

-Да ги земеш? Како сакаш, ама јас ниту сум слушнал, ниту сум видел!

-И јас Стојане…

Се погледнаа в очи. На нивните лица се појави одвај видлива насмевка.

## ГЛАВА 19

И од тогаш Ристо, и по некоја од жените, скришум редовно ги посетуваше магацините-земјанки и кујните. Празните вреќи од хартија пред да ги изгорат, ноќе, по мрачнина скришум и на брзина ги собираше во една вреќа. Дење, кога одмораа по денонокното носење трупци, една по една ги постелуваше на рамно и ги мазнеше со дланките за да ги израмни. Така испеглани, ги диплеше и со штикот што постојано го носеше закачен за појасот, ги сечеше на рамни фаши, широки колку неговата дланка, ја издувуваше прашината и ставени една врз друга, ги притегнуваше со камена плоча за да бидат порамни. А тие, жените, при секоја починка, по секој ручек или вечера се собираат околу него, му ги кажуваат своите маки и болки и го молат што поголема фаша од вреќите хартиени да оддели, што повеќе и поголемо да е писмото и да има во него многу зборови. Жените кога бараа "книга" за да напишат писма, тој откинуваше од појасите или фашите им ги даваше, знаејќи дека никоја нема да напише. Беа неписмени. Хартијата долго ја држеа в раце, ја мазнеа на колено врз излитените малини, небаре ги галеа своите рожби кои им ги испратија по државите, чиниш во нив, во појасите од хартија, сакаат да ја внесат целата своја љубов и топлина и надеж дека наскоро писмото ќе стигне до нив, а со него и нивната љубов, молитвите и желби. Го молеа Ристо секој ден да им пишува писма и секој ден, благословувајќи го, го прашуваа кога ќе им стигне одговорот.

-Ај, Ристо, жити здравје, да му напишеме на Паскалче мој – и почнуваше да кажува:

-Паскалче, синко мој мил, чедо мое мило, светлино моја и росно мајско цвеќе мое… - шепоти и реди Ангелина зборови топли, галежливи и молежливи и надежни и ги повторува и преповторува… Со насолзени очи долго гледа во ридовите, во шумата, во небото, во облаците, во птиците и галејќи ја тревата покрај нејзините нозе и цвеќенцата, подигна глава, се загледува во лицето на Ристо, приседнува поблиску и гледа колку место уште остана во хартијата. Се смрачува нејзиното лице, се згуствуваат брчките и навираат со солзи кога слуша:

-Нема повеќе место…

-Како бре Ристо нема – зачудено прашува таа. – Па вчера повеќе кажав, а хартијата беше помала. Ајде уште трошичка напиши, ете тука, крајчето да не остане празно, и тука од страна напиши, напиши едно крстче да е како молба до Бога за да ми го чува Паскалче мој, моето злато, мојата радост, моето најмило… соколот, орелот, бабачкото мој… Тука, Ристо – таа го допре

крајчето од хартијата и со насолзени очи и засркнат глас замоли: - Допиши нешто од тебе, да е добар и добро да учи… напиши… И кога ќе завршиш, дај да го бакнам писмото…

Жената ја одврза црната шамија и во неа го сокри расплаканото лице. Од липтежот ѝ треперат рамениците. Молкома стана и оддалечувајќи се, рече:

-Господ да те варди и со добро здравје да те дари, мил Ристо… Сполајти, да си жив и здрав…

-Која е на ред? - праша Ристо без да подигне глава.

-Јас…

-Прости, ама не ти го знам името…

-Стојна. Стојна по мојот дедо Стојан. Најстариот син ми се вика Трајко, по дедо од татко му. Ќерка ми Трајанка, по мајка ми. Вториот син ми го викаат Трпо, по стрико му, а маж ми се вика Живко… Се од дедо и баба, од татко и мајка. И така ние си се редевме Стојановци, Трајковци, Трповци, Живковци… А по последната војна – некои нови имиња – Слободанка, Победа, Слободан, Мирка… А по оваа војна? Белки ќе остане некој Трајко и Трајанка, некој Стојан и Стојанка за да раѓаат, за да не се прекине коренот… Какви имиња ќе има, само Господ знае… Од нашето село веќе нема многу Стојановци, Трајковци, Живковци, Трповци… Кој на Грамос, кој на Мали-Мади, кој во Воден, кој во Лерин остави коски. Досега четириесет и осум на број, а бројот на ранетите и осакатените не го знам. Се што беше младо отиде… Пусти и лоши времиња… така ли ни било пишано? Трепери раката на Ристо. Потскокнува мускулот на неговиот десен образ. Се збрчкува челото. Грч во грлото. Некаде далеку, многу далеку му е вперен погледот. Молк.

- Ристо, ме слушаш ли? праша Стојанка.

-Да, јас…

-Ај не денес… Утре ќе го напишеме моето - рече Стојанка и се помести.

-Кој е на ред?

Лина седна до него и од пазувите извади ливче хартија свиткано на четири. Трепери пожолтената хартија во нејзината рака. Му го подава ливчето и вели:

-Само толку ми дојде од рака да скинам. Другите беа побрзи од мене… Жените кинеа од вреќите, а комесарот, кој си ја заборави торбата пред земјанката, се истопори пред нив, та почна да вика по жените и да ги кара… А јас кога видов на кожната торба многу наредени моливи, си зедов еден. Еве го… - Таа посегна во пазувата. Ристо налутено намурти веѓи, размрда мустаќ и со укор во гласот ѝ рече:

-Значи, ти на комесарот си му го украла моливот?

-Тфу, тфу, далеку од лошото, не зборувај така бре Ристо, сум зела само еден… Зошто нему му се потребни толку моливи? Не оти од тебе тој е пописмен, та на кожната торба нанишал многу моливи небаре се митралески реденик… На, земи го де, тебе повеќе ќе ти затреба отколку нему. Тој само се топори со тие моливи и кој знае што им пишува за нас на тие кои се погоре од него. – Таа прекина за миг, му се загледа в очи и со молежлив поглед, прошепоти: - Не ме гледај криво… Ете, го зедов и поради тоа зарем се растури светот? Не оти го украдов… Го зедов. Ако би го украла, не оти би ти кажала… Жените одамна фрлиле око на таа комесарска торба, мислам на моливите. Тие велат што ќе му се толку моливи? Ете, велат, Ристо наш има само еден молив и доста му е за да ни ги пишува писмата. Нели е така, бре Ристо? Јас не оти за мене го зедов моливот, туку за жените, за тебе, за да ни пишуваш писма. Нему му личи да има таков молив. Така си помислив и си реков – моливот ќе му го дадам на Ристо. На, земи го и немој да ми се срдиш…

Ристо строго ја погледна, ѝ се закани со прст и по подолго молчење ја праша:

-А ти што би сакала да им напишеме на твоите?

-Па прво и прво – таа рашири прсти и кршејќи еден по еден почна да реди – дека им посакувам многу здравје и исполнета сум со надеж дека се живи и здрави, дека многу ги сакам, дека мојата љубов кон нив е голема-преголема, топло им бакнувам уста, образи и очи и сакам и натаму да ми се убави и чисти во телото, душата и мислите, да ми се радосни и весели како што на пролет се е радосно и весело, да ги краси питомина и добрина, да се праведни и милосрдни, да имаат разбирање за сите и да се благословени… Сонце јасно да ги огрева, Господ да ги чува, власт над другите да не сакаат, за сите да имаат љубов, да не се завидливи и љубоморни, пред лошото да се будни… такви секогаш да ги гледам… Тие се мои очи, да се чуваат, пред очи да им е нашето сино небо зелените ливади и шуми, нашата куќа, лозјата и нивните, со широки очи да гледаат пред себе, никого да не заборават, ниту мајка, ниту татко, ниту баба, ниту дедо, ниту бројните роднини, верата наша православна да ја чуваат, во Господ Бог да веруваат и да го молат да живот и здравје за сите, да не заборават да се крстат и да се умни, храбри, горди и на сите без страв да им гледаат в очи… И песните наши и ора да не ги заборават и дека тие без престан се во моите мисли кои секогаш летаат кон нив и не ги спречуваат ниту силни ветришта, ниту облаци, ниту ровји, ниту громови, дека душата ме боли кога помислувам на нив и дека голема е мојата грижа… Сакам што побрзо да ми се вратат… -прекина. Пред себе пушти долг поглед,

чиниш, со него ги бара таму во далечното. –Ех, да сум врапче и да летнам да ги видам… А тука во градите имам голема тежина, тука ме пече мака, тага ме гризе, болка ме разјадува, чемер ме труе… со солзи во очите ја молам Богородица да ми ги чува и да ми врати, да ми се наполнат прегратките со нив… сал тие ми се сон, сал нив ги сонувам и сал тие во сонот и на јаве во мислите ме дружат… Ами за така разделени, за така одени во непознато та туѓо, може ли срцето да молчи… може ли умот да е помрачен и мислата замрзната… Што се може? Нека ми се живи и здрави и со телото и душата и мислите да ми се чисти како солза… само да ми се живи и здрави… мајка ќе истрае… ќе истрае мајка како што истрајува каменот, карпата и планината… така, секој со својата тежина… со својата болка…

Се крши зборот и раздробен занемува врз усните. Гласот ѝ е се потивок и заличува на растревожено шумолење на растреперен лист. Прекина и на Ристо му се пристори дека гласот ѝ згасна и воздишката ѝ секна. Испитувачки се загледа во нејзиното лице и сфати дека во неа се се превртува и се покрива со сенка на неизмерна тага и потиштеност. А таа потпре брада врз стврднатите и жилести дланки прерано ишарени со брчки и занемено се вгледа пред себе. Нејзиниот поглед молежливо полета во далнината и во неа бара и пребарува, се преместува и провира, ненаситно се втиснува во процепите на времето и разочарано се враќа. Испушти длабока и долга издишка, замавна со рака санким истерува лоша мисла, одречно мрдна со глава и во нејзините очи легнува питомина. Блага насмевка и одвај видлив жив зрак во очите го разведри нејзиното лице. Рашири раце небаре некого зема во прегратка, а на Ристо му се пристори дека таа чедата си ги гушнува и ги прибира во скутот. Така остана сал толку, колку што траеше тажната и сподавена издишка и само миг потоа, таа вкрсти дланки, молежливо подигна очи кон небото, се предаде и вдлабочи во тивка, покорна, надежна и топла молитва.

Ристо мрдна со глава, погледна на ливчето, неколкупати го сврте и праша:

-И ти мислиш дека се што ми рече може да се смести на ова ливче?

-Може, бре Ристо, зошто да не може?

-Ами како можат тука да се сместат толкуте многу зборови што ми ги кажа? Ти знаеш колку хартија е потребна за толку многу зборови?

-Па, бре Ристо, не пиши зборови…

-Да не пишувам зборови? Ами што да напишам? Во писмото зборови се пишуваат, зашто зборовите зборуваат… Какво е тоа

писмо во кое нема зборови? Зборовите, бре жено, зборовите зборуваат…

-Така е… зборовите зборуваат, ама ти не пиши зборови…

-Ами што да напишам?

-Напиши цвеќе, око, солза, птица, срце…

Редум, како што му кажуваше Лина, Ристо пишуваше.

-Добро. Еве цвеќе, око, солза, птица и срце. Напишав…

-Дај да видам. – Таа го зеде ливчето, се загледа во него и во нејзините очи се појави скриена насмевка. – Не така, не така, туку напиши цвеќе… Цвеќе напиши, ете вакво какво што расте до твоите нозе… Го гледаш ли?

-Мислиш да нацртам цвеќе?

-Така де… Напиша? Добро, ама листеницата нека се малку поголемки… Сега напиши око… Еве, напиши го моето око… Под окото напиши ја и солзата што ми капна и потака напиши едно врапче… напиши врапче со отворено клунче и раширени крилца… Напиша? Сега напиши срце… срце напиши… и под него капка…

Не дорече. Болна воздишка и липтеж ѝ пресекоа глас, солзи маглосаа очи, навираат, се збиваат и бисерно светкаат врз нејзините црни, густи и долги трепки… Наведна глава и се вгледа во вкрстените раце распослани во скутот.

Бучен е трептежот на листот, вревливо е брмчењето на пчелата во чашката на цутот, громовито шумоли поточето… се разлошија, разјадосаа и се разлелекаа ветриштата, се размолка небото, патиштата и друмовите се разредија и по долиштата се разлева врисок, тап удар на ралник се вдлабува в земја, на врв даб гавран развлечено грачи… глув липтеж, далечно викање и молежлив плач…

Лина избриша надвисната солза, чепна во пазувата и оттаму извади доизгрушено ливче и, подавајќи му го, замоли:

-Е, сега клај го и ова…

-А што е тоа?

-Тоа е, како се вели… Тоа е местото каде живее татко им. Таму како што е напишано, живее нивниот татко. Да му напишат писмо, ама со зборови… Клај го внатре и свиткај го како што ги свиткуваш сите писма и фрли го таму во вреќата… Жените рекоа дека денес ќе дојди човекот од големата пошта…

И така секој ден, на пладнување, под бучавата на извидничките авиони, под дебелите сенки на буките, Ристо ги пишува писмата и повеќе додава од себе отколку што му кажуваат тие. Им ги знае желбите, им ја знае големата и неизмерна болка и љубов кон децата, грижата и сомнежите и стотиците прашања што сакаат да ги постават. Тој знае по кој збор тие тажно ќе се насмевнат, кога ќе испуштат долга издишка, кога ќе одбрадат црна шамија и со

крајчето ќе избришат сронета солза; знае кога ќе им се засркне гласот и колку време ќе им затреба за да престанат глас и молежливи и галежни зборови да изустат… Им ги знае тајните што се кријат во нивните срца и мисли, ги теши, им ветува, ги преколнува да не се грижат толку многу, да се смирени и да се надеваат и веруваат… Тој знае која жена како ќе му се обрати на своето дете или деца, кои зборови ќе ги употреби за да ја искаже својата љубов и грижа, кои молитви и желби и како ќе го заврши писмото. Ристо од себе додава дека треба да се мирни и да учат, какви да бидат и колку многу ги чекаат мајките. А кога оттаму каде беа праќани писмата, немаше одговор, жените вознемирени и исплашени прашуваа, Ристо им одговараше:

-Ами што си мислите вие, дека државите каде ви се децата се блиску? Е, бре жени, колку долги патишта, колку многу реки и мостови треба да се поминат за да се стигне до таму. Далеку се тие држави, многу се далеку…

## ГЛАВА 20

Големата пошта, така жените кои беа викнати од селата за да копаат ровови и да градат бункери, ја нарекуваа службата која ги прегледуваше писмата. Таму, во една од трошните куќи во селото Винени, тројца чиновници од службата за цензура, расправаа за писмото во кое најдоа адреса на човек кој живее во Охајо – Детроит, во Америка, ама најмногу нивното внимание го привлекоа цртежите на цвеќето, окото, солзата и птицата.

-Нацтраното ми изгледа многу чудно. Првпат гледам писмо-цртеж. Ајде да беше испишано со зборови и врз нив нацртано цвеќе, па око, солза и птица, што со себе носат и најавуваат многу човекови чувства, ама само цртежи… Навистина ми личи на нешто многу чудно.

-Е, па ти. Зарем еднаш сме имале такви чуда? Затоа сме тука за да ги откриваме и разјаснуваме и таквите чуда.

-По мое разбирање и сфаќање во цртежите има нешто скришно.

-Се согласувам дека цвеќето, окото, солзата и птицата во себе кријат симболика. Но каква? Дали преку нив можат да се изразат само мноштво човекови чувства?

-Можно е да е така, но… На пример да го земеме цвеќето.

-Можеби преку него пишувачот на писмото сака да ја искаже својата надеж, љубов, добрина, радост, среќа и многу други желби…

-Зарем цвеќето не може да симболизира и нешто друго? На пример на тоа и тоа место расте такво цвеќе. А таму сега народот копа ровови и гради бункери. Значи определува одредено место каде нешто се прави, а тоа што таму се прави сега е тајна. Што уште симболизира цвеќето? Покрај неговата основна функција да пренесе нешто, симболизира овенување на злото… Може да значи пренесување на вести дека многу изгинаа, нели се вели изгина цвеќето на младоста , загинаа во цутот на младоста… Другари, внимавајте… Во цртежот на цвеќето се крие тајна! Сега да го земеме окото. Цвеќето го лоцира позицијата, а окото гледа што се случува таму. Случувањата ги гледа и ги бележи, ги запаметува. Логично, нели?

-Значи окото заедно со цвеќето шпионираат!

-Да, другари, шпионираат!

-А солзата?

-Да, солзата, другари, симболизира болка, тага може и радост… Но, во случајот што го разгледуваме, солзата може да значи големи загуби, плачење, патење, несреќи и сето тоа како

одраз на разочараност, немање борбен дух и морал и недоверба во нашата борба… Погледнете на цртежот со врапчето. Што гледате?

-Отворено клунче и раширени крилја.

-Раширените крилја значат брзо да се пренесат податоците, а отвореното клунче да каже се што лоцира цвеќето, што гледа окото и што вели солзата. А каде сето тоа треба биде пренесено? Се разбира – во Америка.

-Тоа го потврдува адресета што е напишана под цртежите…

-Јасно е, другари… Имаме случај на шпионажа…

Две куќе понатаму е седиштето на службата за воена безбедност и разузнавање, позната како Биро А2. Тоа е поранешната Служба за одржување на редот што грчките комунисти ја формираа во Булкес, со цел не само таму да го одржуваат редот, туку пред се бегалците да ги имаат на око. Така им бараше и југословенската УДБ-а. Подоцна со сесрдна помош на југословенските специјални служби таа прерасна во Служба за безбедност. Кога во септември 1947 година високите партиски функционери Јоанидис и Стрингос го напуштија Булкес и се преселија во преспанското село Винени, каде беше седиштето на привремената влада, заедно со себе го довлечкаа и целиот механизам на таа озлогласена служба. По кратко време оваа служба беше реорганизирана и преименувана во Биро А2 во чиј состав влегуваше и Службата за воена безбедност.

Бирото А2 привидно директно беше раководено од Главниот штаб на ДАГ, меѓутоа, тоа претставуваше година високите партиски функционери Јоанидис и Стрингос го напуштија Булкес и се преселија во преспанското село Винени каде беше седиштето на привремената влада, заедно со себе го довлечкаа и целиот механизам на таа озлогласена служба. По кратко време посебна служба со големи овластувања и свои органи имаше во сите единици на ДАГ. Началниците на Бирото А2 беа помошници на политичките комесари, но тие дејствуваа самостојно и во своите активности беа неуморни извршни органи, целосно предани на своите претпоставени; тие беа страв и трепет и најчесто по порачка изготвуваа лажни извештаи против предани борци и проверени старешини…

Шепот на Бирото А2 беше човек од исклучителна доверба. Тие од врвот најмногу нему му веруваа, но и најмногу од него се плашеа. Во разговорите водени во негово присуство водеа сметка за секој изречен збор, за тонот на гласот, движењето на рацете и мускулите на лицето, изразот на очите и начинот на смеење. Пред него никој и никогаш не се смееше гласно. Разговорот најчесто беше службен, одреден и краток. А девизата му беше – никому доверба, сомневање во секого. Имаше одлична, просто зачудвачки

голема способност на запаметување. По име и презиме и по изглед ги паметеше сите доушници и поткажувачи, ги паметеше и сите свои жртви и начините на нивното отстранување. И сакаше сите со кои се сретнуваше да му се плашат. Соговорникот долго го гледаше в очи, небаре го пронижуваше и ако погледнуваше настрана или спушташе очи, тој тогаш знаеше дека го има, дека владее со него.

Активностите на Бирото А2 ја имаа разлабавено дисциплината, довербата и пријателството во единиците и меѓу борците. Сомнежот, следењето, проверката и создавањето досиеја за борците, офицерите и цивилите имаа земено застрашувачки размери. Таму постојано влегуваа луѓе од теренот – така ги викаа информаторите. Кодошите доаѓаа само ноќе. Влегуваа од една и по кратко задржување излегуваа од другата врата. Петмина припадници на службата за безбедност по цели денови слушаат, прашуваат и од потслушнати, прислушнати, кажани и поткажани зборови пишуваат и праќаат извештаи во кои најчесто однапред е скроена судбината. Токму ним по телефон им се јавија овие од одделот за цензура и по разговорот, во кој ги изнесоа своите сомневања во затворен плик им го пратија писмото-цртеж.

-Па се разбира дека е шпионско писмо! – подвикна главниот откако бегло погледна на писмото. –Викнете некој од одделението за цензура! – нареди тој. Никој никогаш не губеше време и ниту се осмелуваше да задоцни кога беше повикуван во Бирото А2. И не беше сигурен дали ќе се врати на истото место. Самото спомнување на таа служба предизвикуваше морни, уплав и потсечување на колената. Затоа службеникот од одделението за цензура стигна трчаница и застана во став мирно со здржан здив и вкочанет поглед. – Кога стигна писмово? – со остар тон во гласот праша главниот. – Пред два дена…

-Од кој сектор?

-Од Вичо…

-Поточно?

-Според шифрата вреќата не припаѓа на воена единица, туку на работните бригади…

-Поточно! - викна главниот.

-Вреќата носи шифра РБ/1-7.

Главниот префрли неколку папки. Закова поглед на папката со наведената шифра. Ја отвори, прелиста неколку хартии и, ставајќи ја настрана, рече:

-Оди си…

-По ваша заповед, другар… - му го знаеше името, но во тој миг стравот му го избриша од паметењето. Нему добро му беше познато која е улогата на А2 и за што е способна таа служба.

Главниот седна на крајот од масата, ја отвори папката и промрмори:

-Точно е. Работни бригади во Бигла, Лунѕер, Голината, Чука, Полената, Баро и Јамата. Триста и шеесет жени на возраст од триесет и пет до педесет и пет години. Со бригадата раководи некој си Христос Пападопулос, а сега се води како Ристо Поповски… Роден 1901 година. Писмен. Недовршена гимназија. Учесник во грчко-италијанската војна и за покажаната храброст во борбите на Иван Планина произведен во чин десетар и одликуван со медал за храброст. Пролетта1946 помогнал во нападот и уништувањето на полициската станица во Макрохори или Кономлади. Накодошен, претепан од полицијата во Костур, а потоа пратен во логор на островот Аи Стратис. Со скршени ребра и левата нога, вратен дома. Активен во народно-ослободителното движење. Поради воена неспособност одреден да раководи со утврдувањето на Мали-Мади каде работи до крајот на 1948 година. Од военот суд на XV-та дивизија на бладината војска со седиште во Кожени, осуден на смрт во отсуство. Татко на четири машки деца. Најстариот син, Трајко, лани во текот на големите борби за Грамос, загина на Горуша, помалиот Трпо, служи во 18-та бригада на ДАГ, а двајцата најмали синови се испратени во државите. Жена му копа ровови и пренесува трупци за бункери на Бела Вода. Карактеристичен белег – долг црн мустаќ. Толку сознанија имаме забележано за него во нашите тефтери. Значи тој е човек од доверба. Барем до сега. Велам до сега зашто од пред некој ден тој ја изгуби контролата врз луѓето кои му се доверени. Според тоа веднаш до началниците на одделенијата на Бирото А2 кои се наоѓаат на борбените позиции Бигла, Лунѕер, Голината, Чука, Полената, Баро и Јамата да им се испрати шифрирана радиотелеграма со наредба веднаш да отворат истражна постапка против Пападопулос Христос или Поповски Ристо… На извршување!

* * *

Началникот на Бирото А2 во состав на командата на XVIII-та бригада на ДАГ откако ја прочита дешифрираната радиотелеграма, го повика својот заменик и му ја пренесе наредбата.

-Значи ли тоа дека тука треба да го приведам оној Ристо?

-За приведување има време. Прво, знаеме дека Ристо е осомничен и тоа ни ја олеснува работата. Второ, не знаеме дали дејствува сам или со него има и други. Затоа со истрагата ќе почнеме од тие кои се под негова команда.

-Сакаш да речеш тие од работните бригади? Тие кои носат трупци и градат бункери?

-Токму така. Најлесно ќе биде да почнеш од жените. Едно по една. Зборувај им за дома, за мажите, за децата, за тешкотиите низ кои поминуваат. Прави така за да сфатат дека водиш најобичен разговор. Со нив зборувај кротко, така ќе ги придобиеш. А ако дојдеш до некои сознанија, немој повеќе да ги распрашуваш. Доволно е да се фатиш за врвцата, а потоа ќе дојдеме до клопчето и полека ќе почнеме да го одмотуваме. Ме разбра?

Заменикот потврди со движење на главата, ама тој не беше од тие кои знаеја да разговараат кротко. Секој негов соговорник за него беше сомнителен. Па со таквите тој зборуваше со висок тон, со заплашување, секогаш водејќи сметка да му наметне таков одговор, каков нему му одговараше и тоа беше основата за донесување заклучок за тоа дали многу или малку е виновен. Штом се доаѓа до средба и до поставување прашања, тврдеше, доволно е лицето да се внесе во тефтерот на осомничените. Во основата на неговото мислење и размислување лежеше оценката дека секој за кого неговата служба, Бирото А2, ќе се заинтересира, доволно е да биде ставен под сенката на сомнежот. Доволно е да му се спомне името. Така го учи неговиот пријател од Булкес, сегашниот шев на Бирото А2. Па и сега, токму и само поради тоа што треба да испрашува некоја од жените кои носат трупци за покривање на бункерите и копаат длабоки ровови, не е ли доволна причина таа да биде осомничена? А кој може да знае дали преку неа или некоја друга, баш токму тој, нема ли да открие некој голем непријатели и неговата дејност да ја расечи со се корен?

Наредниот ден, пресоблечен во селски алишта и, терајќи прудолу ѕевгар волови, стигна до мажите кои со секири и пили сечеа дебели и високи буки. Откако се поздрави праша:

-Кој ви е човекот кој командува со вас?

-Ене, оној високиот.

-Оној со големиот мустаќ?

-А зошто ти е потребен?

-Да му кажам дека по наредба на претседателот на селскиот народен одбор, доведов ѕевгар волови за влечење трупци.

-Ристо, о Ристо! Дојди, некој те бара.

Дојдинецот не чекаше. Веднаш тргна кон Ристо.

-Ти си водителот?

-Јас.

-Прими ги воловите и дај ми потврда дека си ги примил.

Од кожната торба Ристо извади врзоп хартија, откина парче големо колку една шепа и, плукајќи на моливот, напиша:

“Долу потпишаниот Ристо Поповски денес прими ѕевгар волови.”

-На - изусти Ристо, подавајќи му ја хартијата. Дојдинецот, диплејќи ја, полека ја стегаше, ја триеше и под прстите ја чувствуваше нејзината дебелина и тврдост.

-Уште нешто? праша Ристо.

-Не. Само толку. А вода, имате ли вода?

-Причекај. Отидоа да наполнат од изворот.

-Не, немам време. Ме чека друга работа. По пат ќе се напијам од изворот. Е, јас отидов. Останете со добро – и со поздравот “Сите на оружје – се за победата тој се сврти и појде.

Кривулестата патека го одведе до изворот. Таму, наведнати, две жени полека ја полнеа кантата. Тој смири чекор, застана зад дебелото стебло на буката, наслушкува, но ништо не може да долови од тивкиот разговор. Се помрдна и во тој миг од под неговите нозе се помести камен и се истркала прудолу. Се скина конецот на разговорот. Жените подигнаа глави. Кон нив полека, со одмерен чекор слегуваше маж. На два-три чекори далеку од нив тој се поздрави и седна на каменот скраја од изворот. Од џебот извади валкано шамивче и брише пот од чело, лице и врат.

-Топло е - рече – голема жега ја спржи тревата… Може ли да се напијам вода?

-Повели – жената забрадена со црна шамија под која одвај се забележува посивената коса, без да му погледне в очи, му ја подаде црпалката.

Пие жедно, држејќи ја со двете раце. Од двете страни на црпалката во синџир тече водата и му ја наводенува брадата, вратот, градите.

-Полека - забележа жената – студена е, ќе те пресече…

Мажот ја истресе црпалката и подавајќи ѝ ја на жената, изусти:

-Сполај ти за волата. Господ да ти дај здравје и долг живот. И тебе - ѝ се обрати на другата жена. – Ама бев жеден… Изгор е времето, голема жега…

-А ти од каде?

-Бев горе – покажа со рака – доведов ѕевгар волови за да влечат трупци. Видов како жените на плеќи носеа долги трупци. Кутрите тие, гледајќи ги, многу голема жал ме стегна. И вие носите?

-Цел месец носиме – рече постарата, барем нему така му се причини.

-И дома ич не сте биле?

-Одиме, ама не секој ден…

-Не ви бранат, нели?

-Не. Не ни бранат. Ристо не пушта…

-А кој е тој Ристо?

-Тој кој не повелба, тој ни е како командант…

-Мора да е многу добар човек.

-Многу е добар. Кроток. Секогаш со добар збор ни зборува. Не не кара, не вика кога некоја не може на рамо да носи, ја остава да одмори, душа да прибери, самиот подметнува рамо под трупецот… Таков е тој… И не пушта да одиме дома. На старите да им зготвиме, да ги испереме, а тие кои имаат мали деца, доенчиња, по трипати на ден ги пушта да одат да ги надојат, пелени да им сменат...

-А во партизани, мислам во нашата војска, имате некого?

-Маж ми е во 103-та бригада. А имав и двајца браќа… - жената сврте глава, рамениците ѝ се стресоа, тивко залипа, со крајчето од црната шамија собра солзи.

-Едниот, помалиот, на осумнаесет години, лани загина, таму некаде на Грамос, а постариот, дваесетгодишник, во Лерин…

-Жал ми е… - рече непознатиот – многу ми е жал… Тоа е тоа… што да се прави… А ти, твоите каде се? - ѝ се обрати на другата жена.

-И јас останав сама. Дома немам никого. Свекорот и свекрвата си умреа…

-А мажот ти?

-Во Америка е…

-А во партизани имаш некого?

-Имам.

-Кого?

-Син и ќерка.

-Доброволци?

-Ги собраа. Оломнани… Ноќе дојдоа и ги собраа.

-А во државите?

-Најмалиот син…

-Колку е стар?

-Наполни шеснаесет… и него го собраа…

-Од каде знаеш?

-Го видоа жените во Желево. Како него таму имаше и многу други деца. Деца собраа, болест да ги собере…

-И што сторивте?

-Колневме, престанавме да носиме трупци и камења за бункерите. Некои од жените избегаа. А потоа, напишавме писмо до оние горе со кое побаравме да ни ги вратат децата…

-Писмени сте?

-Едни се писмени, ама повеќето не сме писмени и затоа го замоливме Ристо да напише писмо до големците…

-И напиша?

-Аха. И сите кои не знаат да пишуваат под писмото ставивме крст…

-А нему од каде хартија?

-Од вреќите што ги носат горе. Ние скришум ги береме пред да ги изгорат…

-И сами си пишувате писма до децата и роднините?

-Ами тие кои знаат да пишуваат, сами си пишуваат. А ние кои не знаеме, го молиме Ристо да ни пишува така, како што ќе му речиме ние…

-И тој пишува?

-Секогаш пишува кога ние го молиме…

-Значи, тој Ристо, добар човек е, нели?

-Подобар со свеќа да бараш…

-Е, па јас да си одам. Сполај ви за водата и за муабетот. Работа ме чека, а и вас горе ве чекаат да им донесете вода. Побрзајте. Жедни се…

* * *

На полноќ заврши со пишување на извештајот. Во него стоеше:

"Согласно добиената наредба, во текот на изминатиот ден ја почнавме и ја завршивме истражната постапка. Добиени се следниве сознанија. Прво: писмата до децата во државите и писмото до Главниот штаб се пишувани на хартија од вреќи. Пишувач е Ристо Поповски. Второ: Истиот им дозволува на жените да ги напуштаат борбените позиции, значи носењето трупци и копање ровови. Чекаме натамошни наредби."

Во седништото на Бирото А2 врз основа на добиената шифрирана радиотелеграма, состави извештај и го испрати до Главниот штаб на ДАГ:

"Бирото А2 има сознанија дека раководителот на работните бригади, Христос Пападопулос или Ристо Поповски на хартија украдена од вреќите со шеќер, ориз и други прехранбени артикли кои пристигнуваат од нашите сојузници го напиша протестното писмо во врска со мобилизација на одреден број поранешни деца кои беа испратени во државите. Со овој чин тој откри строго доверлива воена тајна. Истиот им дозволува на луѓето, посебно на жените од работните бригади да го напуштаат работното место со што намерно се врши забавување во врска со утврдувањето на теренот, значи градењето бункери и копање ровови, што претставува бидлива саботажа, а повременото отсуство на жените може да претставува можност за бегање кај Тито и на непријателот да му бидат пренесени информации за

местата каде се наоѓаат нашите бункери. Во текот на изминатата недела на границата со Југославија уапсивме поголем број дезертери и бегалци. Дезертерите и возрасните бегалци, согласно важечката наредба, ги стрелавме, а малолетните ги однесовме во логорот во Дреново. Во очекување ваши наредби, остануваме со борбени и другарски поздрави.”

Наредниот ден стигна одговорот од Главниот штаб.

“Сторителот на непријателските дела веднаш да се уапси, да се даде на воен суд и да се стрела.”

Вечерта Ристо го уапсија и врзан го одведоа во затворот во преспанското село Дреново.

## ГЛАВА 21

Развлечената колона камиони натоварени со муниција, храна и со 280 оздравени од болниците во Корча, Елбасан, Тирана и Сук, се влече со потулени светла. Во селото Брезница стигна во мугрите. Тука на оздравените им заврши возењето. По изгревот ги построија на ливадата скраја од џадето. Петмина мажи во офицерски униформи без ознаки на чинот, извршија преглед. Еден од нив, со зарипнат и пискав глас нареди:

-Нишанџии и помошници нишанџии на тешки митралези три чекори напред!

Чекорите не се војнички. Се слушна крцкање и тропање на дрвени протези. Во стројот застанаа мажи едноноги и еднораки, неми, еднооки и глуви. Меѓу нив и едноногиот Нумо. Тој и тие како него, потпрени на патериците, цврсто држат исправено тело. Половината од новоформирираната чета доби распоред во 18 бригада и заповед веднаш, без никакво задржување, да заземе борбени позиции на ридот Баро. Тргнаа попладнето и одеа цела ноќ и ги развидели на ридот и оттаму, во изгревот што ги огреа раседнати во дабовиот честар, тие пред себе видоа рамно распослано поле. Отворен простор. Лево Полената и натаму Голината, Бигла – Лунѕер и на истокот – Вичо. Десно – се до зачетокот на Костурското Поле се протега Мали-Мади и далеку, отаде Костур – замаглена дреме Сињачка.

На заод ги разбудија и по двајца и тројца ги распоредија во бункерите.

Тешко влечејќи ја дрвената нога и, потпирајќи се на дебел стап, четникот командант, му објаснуваше на Нумо.

-Твојот бункер ја држи средината на Баро. Лево има уште три бункери, а десно десетина. Во вториот ред – триесетина. Ти ја имаш најдобрата глетка. Десно под око држиш дел од Јамата, целиот простор пред селото Габреш и самото село. Лево на нишан ги имаш ридовите над Кономлади и западниот дел на Полената и јужно од неа – ридот Рото. Пред тебе лежат селата Поздивишта, и натаму по на десно Дреновени, па оди лево – Црновишта, Жервени. Се како на дланка. Бришан простор. Целото поле е твое. Забележа ли како се поставени бункерите? Не? Слушај и гледај. Сите наши бункери прават триаголник. Ако бункерот лево или десно оттука биде заземен од противникот, ти го имаш на нишан и биеш. Бие и оној од другата страна. Значи секој наш бункер е заштитен од два други наши бункери. На овој начин противникот е спречен брзо да напредува. Разбра?

-Јасно!

-До тука е јасно, нели?

-Јасно!

-Одиме натаму. Твоја задача е да го држиш на нишан просторот што го гледаш пред тебе. Запамети! Ти го држиш централното место. Во нашата одбрана противникот ќе се обиде да влезе како клин. Ќе бие со сите расположиви средства. Сигурно ударот ќе биде жесток. Ако на пешадијата ѝ дозволиш да дојде блиску, да речеме на сто или педесет метри, тогаш нема да има ниту авиони, ниту топови. Тие нема да бијат по своите. Тогаш ти ќе биеш по нив. Биј со долги рафали и не очекувај наредба за отстапување. Од денес и натаму секој ден вежбање. Нишаниш ваму, нишаниш таму и замислуваш како непријателот напаѓа, а ти со долги рафали го биеш, го косиш, го посипуваш со оган. Оружјето да е толку чисто за да можеш во него суратот да си го видиш. Разбра? Најдов ли влакно или нешто поситно, тогаш ќе те натерам да трчаш до онаму, преку трапот и обратно. Разбра?!

-Јасно!

На излегување командантот му се загледа в очи и, галежливо удирајќи го по рамо, доврши:

-За нас, тука на Баро, наредба за отстапување нема да има. Наредбата гласи: да се
брани Баро!

Кога престана да се слуша чукањето на дрвената нога на командантот, Нумо ги притегна ремените од дрвената нога, се исправи и откако направи неколку кругови, му рече на својот помошник:

-Ете, сега си имаме наш дом. Море каков дом, речи – палата. Што имаме таму – тој покажа на левиот ќош каде еден врз друг се наместени сандаци. Што има во нив.

-Четниот рече дека се полни со муниција.

-Во оние тенекии што има?

-Тоа се канистри. Полни се со вода. Има доволно за дваесетина дена.

-А во сандакот до нив?

-Конзерви и леб…

Колку сандаци има со муниција?

-Три, пет, шест. Сите се полни.

-А во оние таму?

-Во тие има рачни гранати. А во оваа кутија има две митралески цевки.

-Одлично. Нема да мораш да ја мочаш митралеската цевка кога ќе се вжешти од пукање. Што друго рече командантот?

-Рече да гледаме само напред…

-Мајката! Се разбира дека само така ќе правиме. Зад нас е само ѕидот.

-И да не отстапиме ниту чекор…

-Се разбира дека така ќе сториме… Не запаметив. Ми рече дека имаш деветнаесет години?

-Само толку. А ти?

-Јас малку повеќе.

-Женет си?

-Женет и лани, ова време, ми се роди ќерка…

-Машала, да е здрава и жива! Си ја видел?

-Не.

-Ниту жената?

-И неа не сум ја видел веќе две години. Се распрашував и ми рекоа дека тука некаде на некој од овие ридови носи греди за градење бункери…

Нездржана и долга, длабока и неизмерливо тажна воздишка се откина од неговите гради. На челото и лицето се оцрта неизвесност и измачувачки немир што со болка опфати душа, се вгнезди во срцето и во главата зароија црни мисли…

Од болната помраченост го одвлече гласот на помошникот.

-Блазе си… прозбори помошникот. – На време си завршил работа. А да те прашам јас тебе. Може ли? И не чекајќи одговор, тој продолжи: - Како бре ние сакатите, кој без рака, кој без нога, без око, глуб, та нем, ќе си најдеме невести?

-Прашај го за тоа политичкиот.

-Го прашав.

-И што ти рече?

-Ми рече да не се грижам и да не берам гајле. Рече дека тоа е и ќе биде грижа на партијата, дека таа, партијата де, по победата ќе ни најде невести и тоа млади, негибнати, одвај расцутени.

-Мајката… А каде ги има? Не ти рече?

-Ми рече. Ти бори се храбро, ми рече тој, немој да го пуштиш непријателот да помине, цврсто држи ја позицијата… немој ниту чекор да отстапиш. Во домовите, рече, таму, во државите, растат и созреваат невестите. Така рече… Тие таму, невестите де, рече, растат, зреат и цутат, расцутуваат таму во домовите по државите и дека партијата сама ќе ни ги намести во скутот… така ми рече политичкиот… А тие, се фалеше политичкиот, невестите де, ќе бидат многу, премногу горди затоа што ќе се мажат за херои од Грамос и Вичо…

-Така ти рече?

-Аха…

-И ти му поверува?

- Аха… Велат затоа е поставен за да му повeруваш. Нели?

-Да, бре. А не го праша на будалите каде им растат рогови? Ајде, оди. Оди, ти реков! – налутено викна Нумо.

-Каде?

-Па кај политичкиот…

-Кај политичкиот ли? Што мајка да барам кај него? Токму ли си? Да не си болен? Ајде, бре, смири се. Види го, ти него, ми се развика… Туку јас тебе да те прашам. Наредбата гласи ниту чекор назад. Ама ако случајно ни наредат да се повлечеме, како ние двајцата, а и другите, без една нога ќе му ја здувнеме оттука?

-Лесно, бре, многу лесно. Ти ја имаш левата, јас десната. Ке си се гушнеме и туп-туп-туп ќе не нема отаде рид. Нели? Стани. Дојди, дојди ваму.

-Зошто?

-Ќе вежбаме. Фати ме за половината. Ете така. А сега напред…

Крцкаат дрвените нозе и бункерот се преполнува со громка, кикотлива и горчлива смеа. Изморени, еден до друг седнаа на сандакот полн со рачни гранати.

Нумо избриша пот од челото. Се наведна на ѕидот од бункерот и рече:

-Кога ми зборуваше за политичкиот нешто ми текна. Ланската година кога противникот успеа да не извади од бункерите и кога ние заседовме нови борбени позиции, за некое време стивнаа борбите. Политичкиот, овој кој ти вети невеста, донесе една голема инка од тенекија и рече: “Со оваа наутро и приквечер, ако нема напад, ќе ги повикувате владините војници да се предадат.”

И девојките добиваа наредба да одат со инката да ги повикуваат владините војници да се предадат. А тие од другата страна најпогрдно ги пцуеја, со спуштени гаќи, пред нивните очи ги истопорија и ги тресеа алатите и викаа – дојдете, дојдете тука оросплии бандитски и комунистички да ве нанижеме. Ми дојде и мене редот.  Политичкиот ми ја даде инката и едно ливче хартија на кое тој имаше напишано што треба им речам на војниците од онаа страна. Се сокрив зад дебелото стебло на дабот и со мирољубив глас, читајќи од ливчето, почнав да викам:

-Браќа војници. Ви зборува еден ваш брат…

Од тамошните ровови стигна гласно смеење, а потоа пцуење.

-Браќа војници ви зборува еден ваш брат кој исто како и вие има мајка…

…да ти ја е… мајката бандитска!

-и сестрата… донеси ја тука таа комунистичка курва!

Јас не издржав, ја фрлив инката, распалив со автоматот, а потоа најгласно викнав – дојдете, страшливци и со вас донесете ја кралицата, та и вам и нејзе да ви го испикам!

Оттаму загрме и минофрлачка граната, ни уби двајца и петмина ни рани, а командантот ми го зеде автоматот и ми го даде огламникот од неговиот коњ. Тоа ми беше казната. Тој ден така ни

заврши војната со зборови. Потоа настапија денови на тешки борби. Не исфрлија од првата одбранбена линија и настапија мигови на некое чудно молчење на оружјето, но затоа почна војната со зборови. Пцуење колку ми сакаш. Ние им нудевме слобода и демократија и им ја пцуевме грчката кралица, Америка заедно со Труман и Англија со нивната кралица, а тие нам ни нудеа леб и вода (знаеја дека немаме ниту леб ниту вода) и многу погрдно ни пцуеја Богородица и Крстот, партијата и Сталин и Маркос (тогаш тој не бил скаран со Захаријадис, а може бил, кој ги знае), не нарекуваа бандити и што ли уште не. А потоа пуштаа песни. Ние исто така низ инката пеевме, а тие низ една голема кутија. Од неа излегуваа песните, ама пред тоа од таа кутија не пцуеја многу лошо и погрдно зборуваа за нас, а уште попогрдно ги пцуеја нашите другарки – боркинките. Ме викна командантот и ми рече:

-Ти си најдобриот нишанџија. Земи пушка и појде по мене. Дрвоно го гледаш?

-Го гледам.

-Што гледаш таму?

-Во двогледот – имам кутија – реков. Во тој миг пуштија песна. Пееше Софија Вембо, онаа позната пеачка од времето на грчко-италијанската војна. Таа убаво пееше, а јас ги запаметив зборовите:

Τωρα που αιμα ελληνικο το χωμα ιδρωνει
Κ'η Ελλαδα σφαζει την Ελλαδα απ' τα βουνα
Ξυπνα απ τον ταφο Θωδορη Κολοκοτρονη
Να δης πως Ελληνας τον Ελληνα σκοτωνει

(Сега кога грчка крв земјата ја полева
И Грција од планините Грција ја коли
Од гробот стани Тодори Колокотрони
За да видиш како Гркот – Грк убива…)

-Нишани – нареди командантот – и пукај!...

-Нанишанив и бам. Молк. Ја убив…

-Пеачката?!

-Не, будало. Песната…

-А јас си помислив пеачката… Види, се испотив. Ќе излезам.

Се врати по половина час. Седна на сандакот со муниција и спушти глава.

-Зошто си така скиснат? Праша Нумо.

-Абе, како да ти кажам. Влегувам јас во бункерот кај Манолис…

-Оној со очилата и без левата нога?

-Да кај него. И што гледам? Тој држи отворена тетратка и пишува. Што пишуваш – го прашав.

-Се што се случува – ми рече.

И мене тогаш пот ме облеа. Исто како пред малку. А знаеш зошто? Затоа што не сум писмен како Манолис.

-Па тој има само гимназија, нели?

-Гимназија, а не како јас само две одделенија основно, девет години овчар и две години во партизани… Писменост ли е тоа? А кој знае колку книги тој има прочитано. И тоа велат е образование, да знаеш да читаш книги и да ги разбираш… Јас да знаев барем половина од тоа што тој го знае, тогаш и јас, жими мајка, ќе си земев тетратка и во неа ќе запишев како тие оттаму не пцујат, како ние им враќаме, ќе запишев како во првите партизански денови ни велеа дека ќе се бориме за да ја ослободиме Македонија, а потоа кога го направија договорот ни велеа дека отсега ќе се бориме против англоамериканскиот империјализам и атинските лакеи. Ќе го запишев и тоа како лани цели 59 денови ја браневме Аљавица и тоа дека од 500 останавме само 90 и тоа повеќето ранети. Ќе го запишев и тоа како есента 47-та собрани под буките на Грамос чистевме стари ‘рѓосани пушки и голи, боси и гладни пеевме борбени песни и мислевме дека сето тоа ни е доволно за да победиме. Би запишал дека тогаш само по неколку дена учење и вежбање одевме во бој и крвавејќи ја учевме вештината на борење. А паметиш ли колку бевме гладни и како пасевме трева таму во Грамос, паметиш, нели? И тоа би го запишал. Би го запишал и тоа како копавме и градевме бункери таму на Пинд. Би пишувал за Копанче, Свети Илија и Гупата, за Горуша, за Бел Камен и Круша, за отстапувањето од Грамос, би ги запишал по име и презиме другарите кои останаа таму… Би го запишал и тоа како на грб сум го носел тој Манолис кога по онаа голема ланска битка на Мали-Мади, тогаш кога ја разбивме 22 –та владина бригада и ги гоневме владините се до Костур. Мојата десетина тогаш стигна до Мањак и токму тогаш стигна наредба – браќање, отстапување. Дваесетина минути трчање ни требаа за да го заземеме Костур од каде и војска, и полиција, и кодоши, и попови сосе владика беа во бегање кон Кожани. Отстапување - гласеше наредбата и отстапивме. Под селото Сливени, облеан во крв го најдов него, Манолис. Аделфе – брате – молеше тој – не ме оставајте. Спасете ме. Се вратив, го легнав на моите плеќи и цел ден се влечкав се до ридиштата над селото Света Недела. Тука стигнаа авионите.Во полето се појавија облаци прашина, тоа тенковите јуришаа на кај нас. Дваесетина минути не толчеа авионите, а потоа топовите не покрија со стотици ѓулиња. Костур не го заседовме, а ни требаа само дваесетина минути за да го претрчаме патот до првите куќи.

Полето од Костур од Света Недела го посеавме со телата на многу наши и со мојата нога. Ете за ова би напишал во тефтерот да бев писмен како Манолис. А Манолис знаеш што ми рече?

-Не знам.

-Ми рече дека само тоа останува што е запишано и што ќе биде запишано, дека тоа што е запишано, тоа останува трајно и дека се друго се заборава, си оди заедно со човекот. И ми рече тој Манолис:

- А знаеш ли ти зошто ние Грците имаме голема историја? Затоа што нашите предци запишувале се што се случувало. Така ми рече. Ме разбираш?

-Зошто да не те разбирам? Сосема те разбирам.

-И пак ќе речам и многупати ќе преречам – штета голема штета што не сум писмен. Ете, тој Манолис, се седи во бункерот и пишува, и пишува, секој ден си пишува тој. Вели – во дневникот запишувам, вели, како ние Грците сега се бориме. Го опитав дали и за нас Македонците пишува? А тој ми вели – па вие не сте Грци! И пак го прашав дали и за мене пишува како јас заедно со него, тој Грк, јас Македонец, заедно се бориме, заедно гниеме во овие влажни бункери, заедно си ги делиме вошките и трошките? А тој ми вели - јас пишувам за Грците. Е, сега јас тебе да те опитам – ама не знам дали ќе ме разбереш. Ете, тој Манолис секој ден пишува, бележи се што се случуба и во тие негови белешки мене Македонецот ме нема. Сигурно и тебе те нема. Ме разбра? Мене таму во тој негов тефтер-дневник ме нема, значи јас ќе останам безимен, зашто никој нема да запише и да одбележи зошто јас Македонец сум тука во овој бункер, лани што ѓавол барав на Грамос и за какви лајна го претрчав Мали-Мади се до Мањак од каде само дваесетина минути ми требаа за да влезам во Костур, на грб како сум го носел тој постан Манолис и зошто ми се случи сакат да останам. И зошто мојот брат се биел во Воден и загина во Лерин? Не ми зуе туку ми тропа во ушите тоа што ми го рече Манолис дека само тоа што е запишано, тоа се памти. И види, Бога ти, едно парче хартија утре ќе биде стопати, море милион пати ќе биде повредно од мене, тоа ќе остане, ќе биде чувано, а јас ќе бидам прав, ќе бидам заборавен зашто ќе ме нема во никој тефтер. Ете, затоа ми е големата мака. Чекај, не си оди. Остани за да слушнеш дека тоа е голема мака, жими мајка. А јас пак ќе ти кажам, ама не знам дали ќе ме разбереш. Така тие тоа, прво не такоа, па не онадија и на крај не онегваа, да речеме што велиш ти, ме разбра? И кој знае уште колку ќе не такоат, колку ќе не онадват и колку ќе не онегват… И слушај да видиш, Бога ти, цело време откако сме по планињето ни велат дека сме исто, а утре од тефтерите ќе излезе дека не сме исто и како ли да не опцуеш и да

не викнеш дека некој лаже? Се смееш? Зошто бре се смееш? Зарем смешно е тоа што ти го реков?

-Не, тоа не е смешно…

-Аме што?

-Нешто ми текна, та се смеам…

-Кажи, што е тоа?

-Ланската година четниот, некој си од Румели, ми нареди да му донесам мед. Го прашувам каде ли да најдам? А тој ми вели – го гледаш цвеќево? Го гледам. – Што има во него? –Мува. – не е мува туку пчела – ми вели. – Истерај ја и трчај по неа, таа ќе слета таму каде има мед. Му велам мува е. – Ако, вели, истерај и трчај по неа. – Ја истерав и потрчав, а таа, мувата што мислиш каде слета?...

-Разбрав… Да речам?

-Не вели, туку од тоа сандакот отвори некоја конзерва… Со полн стомак подобро се мисли…

# ГЛАВА 22

“До Политичкиот биро на ЦК на КП Грција

Во слободен Вичо има жители од разни села кои кога ќе почне витката за Вичо, веројатно ќе сторат многу голема штета во позадината на ДАГ. Од досега собраните информации и проценки тие на нашите служби можат да им нанесуваат големи штети и за таа таква дејност да поттикнуваат други. Во текот на борбите тие веројатно ќе им даваат гостопримство на непријателските агенти (на монархофашистите и на Тито) кои ќе успеат да навлезат во позадината со цел да собираат информации, да вршат саботажа или да даваат сигнали за потребите на авионите и артилеријата на непријателот. Тие меѓу луѓето ќе фрлаат разни непријателски пароли со цел да го разбијат единството и сплотеноста… Ќе бегаат кај непријателот (монархофашистите или кај Тито) и ќе им даваат информации за борбените позиции на ДАГ и градењето бункери, како и за поставените мински полиња. Ќе поттикнуваат борци на ДАГ да дезертираат кај монархофашистите или кај Тито. Некои од селаните од овој регион беа фатени и затворени, но не поминаа пред воен суд поради тоа што по партиска линија добивме наредба нив да ги превоспитуваме со укажување на штетноста правена од нивна страна. Не применивме строги казни. Не можевме секој случај одделно да го решаваме и затоа најчесто применувавме колективна казна – тешка физичка работа при копање тунели за сместување на оружјето. Некои другари од судовите ни бараа изјави и докази што ние бевме во можност да ги доставиме, бидејќи нашите информатори најчесто бегаа кај непријателите, а воените судови без докази не можеа да излезат со судење пред народот. Ние бевме во случајот ограничени да даваме само совети и да ги следиме луѓето и да ја оцениме нивната одговорност. Така повеќе се определувавме да применуваме казни отколку судења од страна на воените судови. Од нашите информации може да се заклучи дека кога ќе почне непријателската офанзива, таквите луѓе ќе нанесат огромна штета на нашето движење и одбраната. Затоа предлагаме и бараме од одобрение сите тие луѓе (дополнително ќе доставиме и нивен список) да се соберат и да се испратат во позадината и за нивна казна да се одобри принудна работа со ограничување на можноста да пребегнат кај нашиот непријател Тито, да се организира соодветна служба за нивно чување. Во случај на бегство да бидат стрелани. Ние веќе имаме список на наши луѓе кои ќе бидат фрлени меѓу нив и кои за секого ќе прибираат информации. На овој начин ќе ја отстраниме опасноста што ни се заканува. Наместо да ги држиме изолирани, со што ќе бидат потполно некорисни, затоа предлагаме да бидат

искористени како работна сила која сега многу и недостасува на ДАГ. Предлогот го поднесуваме поради тоа што сите тие елементи со започнувањето на воените операции на Вичо ќе се активираат. Имаме уште еден предлог. Просторот околу граничниот сектор на одделението на народната милиција во Герман е голем во однос на силите со кои располага одделението (35 лица), предлагаме границата да се обезбеди со употреба и на други средства, како бодликава жица, ѕвонци, празни кутии од конзерви, мини и друго. Со оглед на итноста молеме Ваше одобрение.”

Захаијадис внимателно го прочита писмото на Бирото А2 и напладне во пештерата над Винени одржа состанок на кој учествуваа Барѕотас, Власдас и Гусјас. Политбирото едногласно оцени дека состојбата е сериозна и во врска со тоа се наложува потребата од преземање сериозни мерки. Истиот ден во запечатен плик писмото беше вратено во Винени. На маргината со големи црвени букви напишано:

“Одобрение и согласност имате, но не одобруваме вие да ја извршите целата замислена операција. Продолжете со следење. Веднаш да се повикаат во Главниот штаб на ДАГ членовите на Централниот совет на НОФ.”

По два дена, толку време беше потребно за да се најдат и да дојдат на одреденото место тие од НОФ. Во истата пештера, вечерта, Гусјас ги советуваше:

-Другари, јас по налог на другарот Захаријадис ве повикав за да ви го пренесам решението на нашето Политбиро и на Главниот штаб. Вам добро ви е познато дека наскоро ќе почне големата битка за Вичо. Морам да подвлечам, а тоа вие треба да го прифатите како добронамерна критика, се додека траеја подготовките за одбрана, вие другарке Вера, кога велам вие, јас мислам на целото раководство на НОФ и АФЖ, некако лежерно си ја вршевте должноста, долго и удобно се заседовте по селата во Преспа, барем такви информации ни доаѓаат од теренот, то ест некако како да спласна вашиот револуционерен и борбен елан… Кај мене, мислам во Главниот штаб, стигнаа гласини дека во корештанските села ретко одите, велат дека таму ретко поминувате, па дури некои велат дека таму воопшто ве нема. Сакам да ве известам дека ние тука, во Политбирото и во Главниот штаб сериозно размислуваме како да го заштитиме населението од Корештата и од другите костурски и лерински села. Да не заборавиме дека тоа население кое, како што има речено другарот Захаријадис, се бори со хероизам и самопожртвуваност и има дадено се за борбата што предизвикува восхит и поради тоа за време на офанзивата прво ќе стане жртва на непријателот. Затоа заслужува да биде заштитено. Ние му ја должиме таа заштита.

Токму тоа, другарки и другари – заштита и затоа ние во Политбирото и во Главниот штаб решивме вие од НОФ и од АФЖ заедно со сите ваши активисти да појдете во селата, да влезете во секоја куќа и да поразговарате со секој маж и жена, со секој старец и старица, значи со сите селани кои останаа во селата и да ги убедите да се тргнат од своите села. Да се повлечат зад линијата на фронтот. Ние тука во ЦК и во Главниот штаб долго размислувавме и ја согледавме опасноста што им се заканува на тие селани и оценивме дека таа задача вие можете најдовро да ја извршите, се разбира и со помош на народната милиција, бидејќи вам тоа население најмногу ви верува. Можеме тоа да го направиме и со помош на нашата војска, но нејзината улога е друга. Кога непријателот ќе ја почне офанзивата, тогаш нема да бие само по борбените позиции на ДАГ, туку ќе бие и по селата, по секоја куќа, а најмногу по куќите и по луѓето за тоа што тие целосно застанаа на наша страна. Токму затоа непријателот својата одмазда ќе ја насочи против нив, ќе врши невидени злосторства. Тоа ќе го прави непријателската пешадија, полицијата, а најзлосторнички ќе се однесуваат паравоените групи. Тие нема да остават камен врз камен, секоја куќа ќе пламти и секој кој ќе биде фатен, ќе биде измачуван и убиен. Ние располагаме со точни информации за одмаздничките цели и намери на непријателот. И токму за тоа за да не настрада тоа население, ние мораме да го заштитиме. Прв чекор е да го извлечеме зад линијата на фронтот. И вие тоа треба убаво да им го објасните, значи треба да ги убедите. Имено ќе им речете дека ги чека најлошото доколку останат во своите села во своите куќи. Треба исто така да им објасните дека на непријателот не треба ништо да му остават. Со себе да ја земат целата жива стока, волови, овци, кози, па дури и магарињата, да ги земат сите вредни работи што ги имаат, колку можат повеќе да понесат од покуќнината и храна барем за десетина дена. Толку време ќе ни треба за да го отфрлиме непријателот од Вичо и, се разбира, со себе да го понесат сето тоа што претставува поголема вредност – пари, злато, сребро, чекови… Собирни места ќе бидат селата Смрдеш, В’мбел, Брезница, Руља, Трнаа, Ошчима, Желево. Кога ќе го отфрлиме непријателот од Вичо, тогаш сите ќе си се вратат во своите ослободени села… Активирајте го целиот ваш апарат по селата, значи активистите на селските народни одбори, а таму каде ќе има отпор, во разјаснувачката работа лично да учествувате вие…

* * *

Во доцните вечерни часови по селската калдрма затропаа коњски копита. Ване подотвори прозорче и со едното око виде како двајца коњаници застанаа пред неговата авлија. Тивко, бесшумно се повлече и го потули трепетливото и бледо пламенче на кандилото. Се врати до прозорчето. Коњаниците сега стоеја пред дебелата дабова порта опкована со неколку редови дебели клинца. Начули уво, наслушува, но не успева ништо да долови од тивкиот разговор. И одеднаш го стресе тропањето на дабовата порта и тивкото сподавено довикување:

-Ване! О Ване!

Глас на жена. Познат. Бргу ги облече волнените шалвари и, слегувајќи по скалите, со двете раце го опашува долгиот шарен појас.

-Ване! – пак истиот глас и испомешано поместување на коњските копита.

-Сега, сега… - Ване дроби чекор по дворот. Одлости порта и ширејќи ги двете крила, прошепоти: - Влегувајте…

-Здраво Ване. Жив – здрав? Како ти е домаќинката?

-Дал Бог добро, Веро, на нога сме. А домаќинката моја, добра е, само фатена е во колкот. Одвај да направи чекор. Ни да се исправи, ни да се помести. Ја осакати тоа носење трупци. Ајде, врзете ги онаму коњите и да влеземе в куќи… А вие… да ве опитам, што така ноќе? По некоја работа од вашите работи ве донесе патот или.

- По работа, Стојане, по работа и тоа голема.

-Да не е од онаа – со брадата Ване покажа на планините. – Ако е до мене, јас жими мајка, Бог да ја прости, нема да можам да одам. Нешто половината и вратот ме вртат, а и жената, за несреќа, ми е болникава…

- Не е за таму, Ване…

-Е, ако е така, тогаш повелете, повелете, право, по скалите горе…

На чардакот излезе Менка и, држејќи се за болниот колк, ги пречека дојденците.

-Повелете, повелете, добре дојдовте. Мрачно е, не се гледа. Почекајте да донесам светлина…

-Не треба. Не сме за долго. Ќе позборуваме и ќе си одиме.

-Ако, ако… Влезете…

-Ние, Ване – го почна разговорот Вера – дојдовме по наредба на високото раководство. Знаеме дека ти, Ване, дека ти во селото си најумниот и најмудриот и најпочитуваниот. Ти ако тргнеш, тогаш сите ќе појдат по тебе и така и себе и другите ќе ги спасиш од лошото. Паметиш како беше тогаш, кога требаше да се

изнесуваат ранетите од Лерин? Ти тргна прв и зад тебе целото село. Така е сега ти пак треба да тргнеш прв…

-За каде?

Вера пренесува што и рекле тие од високото раководство, објаснува, уверува, наговара. Ване врти со глава, одраз на сомневање ги сподави неговите очи, во секое треперење на лицето – недоверба.

-Не, не одат така работите… - замислено рече Стојан.

-Не, не се прави така… - дофрли Менка.

-Што, бре вие двајцата, само контра ми одите? Не и не и само не! Како да не знаете ништо друго! Речено е сите да одат, па ќе одите и вие! - подвикна Вера.

Ване се исправи, искриви веѓи и, влечејќи го секој збор, рече:

-Ти мене многупати ми го имаш речено зборот контра, што ние не го разбираме. По твоите очи и по твојата уста се гледа дека тој збор е лош збор. И немој да ми подвикнуваш зашто не јас, туку ти си во мојата куќа! – ја исплука лутината и откако малку помолчи, дофрли: - Па ќе одиме, се разбира дека ќе одиме… Ама да знаеш дека ова ми личи на откорнување… Ако е така, тогаш Господ Бог нека ви суди, а од нас ќе имате само клетви… Зошто да не, се разбира дека ќе одиме… Сношти полн беше друмот од луѓе и стока… Ете, сега и нам ни дојде редот… Се разбира дека и ние ќе појдеме… Што да земеме, а што да оставиме? Цела среќа што лошото не ја зафати нашата куќа… Се собирало од прадедо, од дедо и од нас. Си велевме – полна ни е куќата и полна да им ја оставиме на чедата. Има ли полна куќа без чеда? Без нив празна е куќата… Што да земеш, а што да оставиш? Се е вредно. Во се има пот од нашите стари и во нивната пот е и нашата пот… Што да земеш, а што да оставиш?

-Највредното – дофрли Вера.

-Земјата – рече Ване – земјата е највредното. Се што имаме од земјата го имаме. Таа не храни. Неа како да ја земеме, како да ја понесеме со нас? Ако си здрав и домаќин и во туѓо ќе спечалиш, куќа ќе изградиш, ама земја оставена без домаќин, ќе ја најдеш ли? Се остава ли земја? Така, де… Што можеме. Тоа ти е тоа.. Се разбира, да, се разбира дека ќе одиме…

-Така, де…Пред сите ти прв треба да појдеш - рече Вера и, излегувајќи, дофрли: - Ќе се видиме таму…

Ване не одговори.

Надвор чекаше претседателот на селскиот народен одбор. Навали уста со увото на Вера.

-Има голем отпор. Селаните не сакаат да бегаат.

-Како, бре, не сакаат? Дали добро им објасни?

-Подобро не се може…

-Води ме во куќите на тие кои сакаат да бегаат!

* * *

-Сите, до еден, сите - викаше Вера. Ќе дојдат и ќе пљачкосуваат…

-Ами јас немам зошто да бегам. Никого немам со вас. Сама сум. Куќата празна, се ни собравте. Што ќе ми земат од празна куќа? Камењата од дворот?

-Тебе, тебе ќе те земат и ќе те убијат, жива ќе те одерат, на пците ќе те фрлат… Бомби и оган, пламен и жар ќе фрлат, се ќе изгорат лани одвај ги спасивме луѓето од селата отаде Мали-Мади. Таму со авиони фрлаа оган и пламен. Се гореше. И дрвјата и земјата гореше и каменот пукаше во жарта. Одвај ги спасивме луѓето и со голема мака ги префрливме на слободната територија.

-Потоа тие се вратија ли дома?

-Кој?

-Па тие што ги спасивте.

-А тие ли? Нема каде да се вратат… Им ги изгореа куќите, камен врз камен не оставија…

* * *

-Јас и овие жени кои се тука нема да бегаме.

-Жени! – викна Вера. – Не се работи за бегање, туку за одење…

-Нека е и за одење… Ние нема да си одиме. Ќе си седиме дома зад залостена врата и нема никого да пуштиме… Тука ќе си ги чекаме мажите…

-Од каде?

-Од затворите и од островите.

-Ами, верувате дека ќе ги пуштат?

-Па еден ден ќе ги пуштат.

-Каде е мажот ти?

-На заточение на островот Егина.

-А твојот?

-На островот Јура…

-Твојот?

-Мојот е на островот Аи Страти…

-Кутри вие… Ќе ве фатат и ќе ве мачат затоа што мажите ви се по затвори и на заточение по островите. Најмногу вас ќе ве мачат, ќе ве испоганат војниците, па потоа голи ќе ве шетаат и ќе ве даваат од еден на друг.Тоа ли го сакате? И… и што ќе им сте такви валкани на вашите мажи? Ќе сакаат ли воопшто да ве погледнат кога… кога, ако се вратат дома живи и здрави? Не чекајте, туку

земете што имате највредно и кога ќе се рече тргнуваме, да сте меѓу првите.

* * *

-Вашиот претседател на народниот одбор добро ви објасни што ве чека ако не бегате. Ви објасни или не ви објасни?

-Ами што ако ни објасни? Му рековме нема да бегаме. На кој му е страв, тој нека си бега. Мене што ќе ми земат? Што ќе ми прават? Стара сум и без заби. Кој сака такви? Од се што имав ми остана само иконата. До половина е изгорена. Нозете на Христос се разјадени од огнот, а раката на Богородица – исчадена. Куќата кога гореше, врз иконата падна ѕидот и така остана недогорена. Само таа ми остана… Кој ќе ми ја земе Богородица таква осакатена?...

-Зарем немаш ништо друго? Зошто ја зеде таа црна икона?

-Богородица за да не остане сама… да си биде со нас, со луѓето и да не чува од лоши усти и очи и од…

* * *

-А ѓумот, велам ѓумот – налутено ѝ рече Ване на Менка – зошто го земаш? И котленцето си го ставила!

-А во што ќе полнам вода? Каде и да одиш вода ќе пиеш… А котленцето и тоа ќе ни треба… - дофрли Менка и по кратко молчење, праша: - Добро ли слушна што рече таа?

-Што рече таа, ти да заборавиш! Е, така… Собравме што собравме, а сега да товариме. Доведи го магарето.

Дебелата и дрвена порта, набиена со големи и дебели клинци Ване ја залости од внатре, потоа ја превали авлијата, низ двата железни круга го проништа синџирот и двете крила од портата ги врза со катанецот. Двапати го сврте клучот што по тоа го сокри под големиот камен до портата. Се прекрсти и рече:

-Лошо е кога на врата се става катанец…

-Покривачи, перници, чинии, лажици… се што остана од давање…

-Па ти, бре жено, зарем цела куќа ќе ја товариш?

-Зедов само толку колку што не ни зедоа кога ти доброволно даваше за борбата. Подобро таму да го имаме пред нос и на око, отколку да остане тука. Барем нешто ќе си имаме…

-Да не заборавивме нешто?

-Чекај да помислам… Да заборавивме… чековите.

-А наполеоните? Велам наполеоните, добро ли ги сокри?

Тој ја фати под мишка, ја одведе настрана и на уво ѝ шепна:

-Дел имам тука – се удри по пазувата – а најголемиот дел го закопав во алето. Кој ќе чепне таму? Кутијата со наполеоните е најдолу. Таму никој нема да чепка…

Топла и спарна ноќ. Корештанската котлина под жега. Во летната горештина жолтее класот и во него зрее лебот. Пој на штурци, лаеж на кучиња, облак го засенчува големиот пешник на месечината. ‘Ржење на коњ, мукање на говеда, ѕвонење на клопотарци, довикувања, клетви, плач и очај…

Долга е колоната. Полека се движи, се влече долж друмот од Габреш, па се до свиокот, до пред мостот. Тука се дели – една врвца кон Брезница и оттаму до Смрдеш и В’мбел, а другата направо – главата веќе стигна во Желево. Врвежот се влечеше и наредната ноќ… Таму некаде на излез од свиокот, Стојан скрши лево и, полека удираќи го магарето, ја фати угорнината и се пикна во шумскиот густеж. Густиот мрак не му дозволи да продолжи пругоре, онаму до под карпите. Дури на разденување заедно со жена си појдоа нагоре по тесната шумска патека.

-Тука некаде треба да е – рече, кршејќи ги гранките што му заградуваа пат. Неколку чекори погоре, застана. Се сврте и, покажувајќи со раката, прошепоти: - Тука е…

Ниско надвиснатите гранки ги подбра настрана. Зад нив широк процеп во карпите. Со ластегарката неколкупати удри во внатрешноста. Оттаму излетаа неколку лилјаци. Очекори внатре. Запали кибрит и, држејќи го запаленото шкорче во високо кренатата рака, ја осветли пештерата. Гледаше се додека светлината не згасна. Излезе. Надвор се уште беше мрачно.

-Бргу! – рече и тргна прудолу. – Бргу, додека не се раздени, да ги пренесеме работите.

Откако во пештерата пренесоа се што имаа понесено, Стојан рече:

-Ни остана долу магарето. Ќе одам да го одврзам. Нека паси во шумата. Тука ќе останеме додека не помине лошото.

-Ами, Ване, кога ќе видат дека нас не нема меѓу другите од селата, нема ли да не бараат?

-Господ да чува и да брани! – се прекрсти Ване. – Не вели двапати… Лошото никој не го вика. Тоа само доаѓа. Влези внатре, седни и не мрдај. Јас бргу ќе се вратам…

Тргна прудолу, но одеднаш застана. Се сокри во густежот. На кај него, еден зад друг доаѓаа десетина мажи и жени натоварени со торби, вреќи и покривачи. Тие молкома поминаа покрај него, држејќи се за патчето што води до пештерата. Направи полукруг и вјасаница влезе во пештерата.

-Жено поместувај ги работите… Доаѓаат…

-Кој?

-Луѓе… И тие се кријат. Поместувај работи! Прави место и за нив!

* * *

-Ова не ми изгледа за добро – по долго молчење се одгласи Трајко. – Порано од лошото се криевме по шумите и планините и пак си се враќавме дома. Сега ни велат сите, ама сите отаде… Не ми изгледа за добро. Некнежната и вчерашната ноќ поминаа селаните од Д'мбени, Сетомо, Тиолишта, Кондороби, Загоричани, Черешница, Бапчор, Шештево, Вишени, Апоскеп… Сега и ние. Го превалија Лисец и тие од Нерет, Турје, Кономлади, Горно и Долно Статица. Тераа пред нив говеда, магариња, овци, кози. Како коњи луѓето товарени со вреќи и торби… Кој ли знае каде оди работата…

-Велат дека ќе почне голем бој, та поради тоа народната власт и партијата сакаат да не спасат од лошо. Вера велеше дека ќе фрлаат големи бомби, дека од авионите ќе фрлаат оган и пламен и дека се ќе гори…

-Како и да е колку подалеку се криеш од селото, толку полошо. Нашите стари од Турците се криеле по вакви пештери или во кориите имале ископани јами и во нив останувале се додека не одминувало лошото. Во такви пештери и јами се крieја и нашите во Илинденското востание… Тука се криеја кога оној крвник, да не му миросаат коските, заедно со своите андарти-колачи палеше и колеше по овие села… Па, тука се криевме, бегајќи од Италијанците и Германците…

-А тие кои лани ги спасуваа, како што велеше Вера, што ли се случи со нив?

-Еден возач, ми кажуваше дека ги имаат сместено во едно село, Прењес се вика, во Албанија, близу границата со Југославија. Живеат тие таму во коњски бараки, ми рече возачот, и се хранат од заеднички казан.

-Случајно да не им се присака и нас така да не спасуваат?

-Не знам дали е така, ама знам дека не чини да бегаме од нашите куќи…

- Вера рече дека штом нашите ќе го истераат од Вичо грчкиот аскер, веднаш ќе се вратиме дома…

-Така им велеа и на тие од селата отаде Мали-Мади дека штом ќе го уништат непријателот на Грамос, веднаш ќе ги врателе во нивните куќи… Од тогаш цела година помина, а тие наместо да се вратат дома, се гнездат во коњски бараки и пред казанот чекаат ред за јадење… Тоа ми го кажа оној мој познаник возачот кој оттука во Албанија носи ранети, а оттаму се враќа со оздравени…

Велам јас, ова не ми се гледа дека оди за добро… не оди за добро штом ги празнат селата… штом луѓето ги тераат да си одат од дома… Пак ќе речам ова не ми изгледа дека оди за добро…

## ГЛАВА 23

Реонот на Вичо е последната надеж. За бранителите – надеж за одбрана, за напаѓачите – надеж за победа. И едните и другите ѝ веруваат на својата надеж. И едните и другите тука, во македонските планини, Бела Вода, Лунѕер и Бигла, Кулкутурја, Плати, Кресто, Главата, Полената, Рото, Баро, Јамата, Мали-Мади, Голината, Чука, Моро и Лисец ќе се бијат за слободата, за својата слобода.

Десетти август илјада деветстотини и четириесет и деветто лето. Во 05,00 часот борбени авиони ја напаѓаат Полената и кота 1685. Во 05,30 артилериска подготовка во траење од половина час.

Тоа е центарот на одбраната. Бранови во тројки со бомби и ракети ги бијат бункерите.

Над Бигла и Лунѕер, Полената и Рото, Баро и Мали-Мади се отвори небото и пеколот слезе на земја.

Седумдесет авиони кои полетта од аеродромите во Лерин, Рупишта и Кожени во пет часот наутро ги наподнаа позициите на ДАГ, а половина час подоцна, рововите и бункерите почнаа да ги бијат сто и четириесет топови и уште толку тешки минофрлачи. Се уште густиот чад висеше ниско, кога во напад тргнаа осум дивизии, повеќе независни баталјони, тенкови и борни коли.

Во 6,00 часот, со поддршка на тенкови, 22 дивизија на владината војска ја напаѓа Полената и кота 1685. Без успех. Отпорот силен. Се до 13,00 бомбардираат авионите, па артилеријата. Потоа пешадијата на јуриш во 13,30 часот ја напаѓа кота 1685. Оттаму никој жив не излезе. Во 18,30 згасна отпорот на Полената. Скршен е централниот фронт.

Истовремено во рацете на владината XI-та дивизија паѓа селото Турје и по удолнината и трапот го зазема Горно Статица. Оттука, по голата угорнина тргнува во насока на Лисец и Моро. Во скокови владините трчаат пругоре, газејќи и прескокнувајќи ги мртвите тела на своите соборци. На триста метри од бункерите, згасна јуришот. Легнуваат и со лопатките копаат пред себе за да сокријат глава. Од горе ги бијат долги митралески рафали. Тие кои стигнаа поблиску до бункерите и рововите, жнеени се со долги митралески и автоматски рафали и распарчувани од рачните гранати.

Надмоќните владини сили во текот на ноќта се непрекинато во напад.

* * *

Истиот ден, пред стемнување, во 18,30 часот, III владина дивизија за ридско гонење од насоката на село Дреновени ги нападна силно утврдените позиции на ридот Баро со цел да се пробие кон Лисец. Во 08,00 часот, по претходно бомбардирање, едночасова артилерска подготовка и по тешки борби гради в гради, падна ридот Баро и во12,45 часот ридот Дабче.

* * *

Од здробениот бункер допира болежливо, развлечено и молежливо јачење. Остар крик на болка, очај и ужас расечува воздух.

-Има ли живи?! – небаре од под земјата некој довикува и гласот придушен, молежлив, зарипнат, изгорен и скршен од болештина, се губи во заглушувачкиот свиреж, во грмежот и татнежот, во баботењето и пукотот на топовските ѓулиња.

-Има ли живи?! –пак истиот глас.

Нумо подигна глава и во тој миг го спржи остра болка. Се вкочани. Успеа да го слушни само зборот – живи – и пред очи замаглина, потоа мрак, замавна со рацете, направи круг околу себе, чувствува дека снеможува, а во ушите му удри свиреж, бучење, јачење, тропот, виење, тап шум и цвилење, избувливо завивање и јачење, на ветрот… Направи чекор пред себе и… падна ничкум. Со лицето удри во подгорената земја измешана со пивтосана крв, остар мирис на барут, пеплосани алишта и недогорено тело… Чувствува како му мрзне челото и му отрпнуваат нозете. И одеднаш се виде себеси како дете и му се чини дека некој го вика по име… Се обидува да подигне глава и во тој миг едно по друго како вода на рамна ливада се разлеа се низ што досега поминал, е што доживеал… Се чуди што така брзо се менуваат сликите, како се отплетува долга и дебела плетенка, како се растураат мониста нанижани на златен конец и се тркалаат прудолу по големата и стрмна удолница…

Ридот изоран од авионски бомби, топовски и минофрлачки гранати – молчи. Врвовите на дрвјата потсечени. Гранките раскршени, стеблата разголени. Гори кутнато дрво. Расцепена пенушка тлее во жарта. Црвен и светлив пламен оближува две мртви тела. Поддувнува ветрец – пламенот живнува, разгалено трепери. Заедно горат луѓе и дрвја и воздухот го заситуваат со остра, раздразлива, задушлива и блуткава мртовечка реа.

-Има ли живи? – се потивок и послаб е гласот.

На местото од каде допира претсмртниот здив – чад – црн и густ, остар и лут се врти и превртува, се прелива и превиткува во големи клопчиња кружи и пече, гризи очи и грло. Се распосла

загушлива и огнена жега. Воздухот топол, тежок и спарен. Испомешан мирис на изгорено тело, барут и гнилеж…

* * *

Владините единици кои тргнаа од Кулкутурија, по тешки и крвави борби, ридот Моро го заседоа во18,00 на 11 август и без да се задржат тргнаа кон ридот 1554, подножје на Лисец, кота 1827. Без успех. Наидоа на жестока одбрана.

Истовремено Триесет и петтата бригада од составот на X-та дивизија, ноќта на 10-11 август во 02,00 часот се доближа на 500 метри од позициите на ДАГ на ридот Рото. По артилериската подготовка во траење од половина час, тргна во напад. Жестокиот отпор оваа бригада ја натера да се вкопа на оддалеченост од 150 метри од позициите на ДАГ. Нова полчасовна артилериска подготовка. Во 03,00 – јуриш на владините и 13,30 часот на 11 август падна Рото.

* * *

Тивко, одвај чујно се пренесуваше:

-Опколени сме!

-На пробив!

Во мракот ги напуштаат рововите и бункерите и додека извршија извидување, почна да зазорува. Бледо е небото над ридовите. Пред да ги огрее сонце, над Бигла и Лунѕер, Јоргова Глава, Чука и Моро долетаа авионите. Растваруваат оган и колку што одлетаа згрмеа топовите.

Не тргнаа. Ги фати сонцето и настана денот. Легнати останаа во густежот на дабовата шума. Нечујно, тивко, цел ден, се додека над нив не легна мракот, тие ги остреа ножевите и штиковите. И кога падна густ и тежок мрак – тивко се пренесе наредбата:

-На пробив!...

Подножјето на Баро цела ноќ го газеа единиците на ДАГ кои се повлекуваа од Плати, Крстот, Главата, Рото и Полената. По текот на реката Белица, борејќи се, во од се пробиваат кои Брезница. Итаат да ја претрчаат клисурата што ги дели Мали-Мади и Јамата, да го претрчаат патот до Брезница. Таму им е спасот…

* * *

Уништен е отпорот на Чука. Никој не изброја живи. Ранетите под нож или со крушум в глава. Се брани Моро. Главната команда на ДАГ борбата ја следи од плитките ровови ископани над

Винени. Тука не допираат ниту бучавата на авионите, ниту грмежот на бомбите. Во круговите на двогледите – купишта земја исфрлени нагоре и облаци чад. Нападнат е Лисец. Командата на XI-та дивизија на ДАГ доби писмена наредба од Главниот штаб да го напушти Лисец доколку до утрото на 12 август не го совлада целиот сектор. Набргу следи нова – Лисец да не биде напуштен се до нова наредба. Немаше кој да ја прими. Командата без наредба го напушти Лисец. Во одбрана е неодамна формираната 102 бригада, составена од постари мажи и инвалиди.

Дури сега командата на ДАГ го сфати значењето на Лисец. Сфати дека Лисец е клучот на целиот фронт и затоа и покрај жестоката одбрана, владината војска тука го насочи главниот удар. Командата на ДАГ која со одбраната на Вичо, раководи од седиштето над селото Винени отаде езерото Мала Преспа, дури сега го сфати стратешкото значење на голиот врв на Лисец. Тој, кој го држи Лисец, ја има контролата на околните ридови и што е најважно, го отвора патот кон Превал и оттука долж џадето, се вклинува во Преспа.

* * *

Паѓа команда:

-Офицерската школа на помош!

Тргнаа молчејќи. Се до приодите на Лисец, покриени со букова шума, исправени трчаат.

-Во стрелци, напред! – падна команда.

Се наведнаа. Со долги чекори и скокови се доближуваат до приодите на Лисец. Од сите ридови допираат долги митралески и автоматски рафали. Киро успева да процени дека Јамата, Баро и Рото се уште се бранат, но по глувите рафали добива впечаток дека отпорот слабее. Полената жестоко се брани. Горат околните ридови. Ненадејни рафали и експлозии на рачни гранати. Киро како покосен легна под стеблото на најблиската бука. Оттука до падините на Лисец – само стотина метри гол, бришан простор.

-Киро! – до неговите уши допре тивок и исплашен глас.

-Што е?

-Комадантот…

-Што комадантот?

-Убиен е…

-Лажеш! – просаска тој. – Каде е?

-Ене, под букана лежи.

Влечеќи се, се најде до убиениот командант. Почувствува како му се стега грлото. Погледна на околу. Офицерите, влечејќи се, се доближуваат до позициите на непријателот од каде не

престануваат рафалите. Густа и бесна стрелба во мракот. Киро се исправи зад дебелото буково стебло. Оцени дека непријателот не е окопан. Покрај себе слушна кршење на гранки. Тоа е потпоручникот Костас, младо момче од тесалиските села. Се наведна и рече:

-Истрчај до четвртиот вод и кажи му на командантот со две одделенија да го нападне левото крило.Брзо!

Се влечат. Сто метри. Вперен поглед пред себе, здржано дишење. Бела ракета. Се е осветлено. Пикнаа глави во испржената трева. Згасна ракетата. Од левото крило допреа автоматски рафали. Се раздрдореа два пушкомитралеза. Тоа е нашиот, четвртиот вод - помисли Киро. Педесет метри. Веќе се слушаат довикувања и пцовки. Тоа се гласови на офицерите на противникот. Далеку побелуваат врвовите на планините. Бледо надоаѓа зората. Дваесет метри. Киро се исправи и на сет глас викна:

Јурииииш! На нож!

-На нож!

-На нож!

Од горе се слушна наредба:

-Напред! На нож!

Киро не успеа да го извлече остриот фински нож. Пред него се исправи противнички офицер од составот на ЛОК, специјалните единици за борба во планински услови. Само за миг ја виде вперената цвека на пиштолот. Во последен момент се фрли на земја. Куршумот зацвили над неговата глава. Локаџијата се нафрли врз него. Киро ги почувствува неговите прсти околу вратот. Одвај успеа да се сврти на колк. Ја довлече левата рака до слабината на противникот и го стегна. Почувствува олабавеност. Нагло, со коленото го удри меѓу нозе. Со десната рака го зграпчи неговото лице, а прстите од левата се стегнаа во менгеме. Со глава го удри меѓу очите. Еден, два удари. Покаџијата брзо ги тргна рацете од неговиот врат и посегна по ножот. Со десната нога му го изби од рака, го фати за коса и молневито го повлече настрана. Со левата го удри по уво и поправи уште еднаш. Полуседнат го дофати ножот. И во мигот кога веќе беше готов да му го забоди в гради, слушна продорно – Ааах! Погледна таму, од каде допре жалосно и маченичко довикување. Двајца локаџии со штикови го бодеа Костас. Одеднаш се сврте и со силен замав го фрли финскиот нож. Во офицерската школа е најдобриот фрлач на нож. Локаџијата кој беше наведнат лево одеднаш се исправи. Му се прекршија нозете во колената и полека како да клечеше за молитва, падна врз Костас. Другиот локаџија нагло се сврте. Киро со долги чекори и крвјосани очи се втурна кон него. Силен удар на

тупаница му замагли очи. Втората тупаница го кутна. Во последен момент го одбегна силниот удар со ногата. Се преврте два-трипати. Полунаведнат виде како пред неговите очи, во изгревот на сонцето, болска штикот на противникот. Го одбегна ударот, со десната нога му го изби штикот од рака и во истиот миг неговата тупаница се растовари во лицето на противникот. Уште една и трета и четврта. Удира додека локаџијата не падна. Брзо го подигна штикот и, како што го учеа офицерската школа, му го забоде под клучната коска. И колку што можеше, колку што имаше сила, го повлече надолу. Почувствува како му ги крши ребрата. Се уште има сила да го задржи веќе мртвото тело на противникот. Во мигот кога го спушти на земја, ги виде неговите ококорени очи исполнети со ужас и болка. Забележа дека истрелите се се поретки. Борбата стивнува. Погледна на ридот. Кон него со тежок, изморен чекор, доаѓа командантот на четвртиот вод. Обајцата имаат помодрени лица и окрвавени униформи. Седнаа еден до друг.

-Го презедовме Лисец? – праша Киро и плукна настрана.

-Успеавме. Станувај. Одиме горе. Ќе се прегрупираат и ќе тргнат во напад. Станувај!

До самоти рид, до бункерите и рововите одвај петнаесетина метри. Поминуваат покрај мртви. Мирис на пивтосана крв и барут. Ранетите викаат, довикуваат, стенкаат. Сонцето високо на два-три остени. Киро засенчи очи со раката и погледна надолу на кај Јамата, Рото, Баро и Полената. Лежат под облаци чад. Погледна на југ. Мали-Мади во оган и пламен. Како орли над мрша, кружат авионите. Митралираат, ракетираат, бомбардираат, одлетуваат и веднаш долетуваат други. Застана пред бункерот и го слушна зарипнатиот глас на својот соселанец Павле.

-Не многу силно, ама жилаво беше момчето. Ама, кутрото не знаеше на кого наиде – прекина Павле, покажувајќи им ги на другарите своите шепи слични на лопата. – Со колено ме удри меѓу нозе. Ми се стемни. Е, си велам – продолжи тој фалбаџиски – момче, пониско од појасот не е дозволено. Го треснав наопаку. Се навали настрана и тогаш, кучкиниот син, го извлече штикот. А јас мојата кама. Се наведнавме и се меркаме. Тој направи некакво чудно движење. Јас отскокнав. И тогаш, ѓаволот, бргу се наведна и в очи ми фрли шепа земја. Ослепев. И наеднаш ми се здрве рамото. Оф, оф, оф, а бре ти разбираш што значи боли? Не стегај толку!

-Мирувај, мирувај, завршувам со преврската-рече болничарот. – Ама крвариш како заклан вол. Од каде, бре, кај тебе толку крв? Ама крвари, та крвари раништето…

-Нека, крвари, лошата крв тече. И, ти велам, ми го закова штикот во рамото. Се налутив и го зграпчив. Му го скршив вратот. Сакаш ли да го видиш?

-Ајде.

Излегоа од бункерот и слегоа десетина метри подолу. Во високата истапчена трева лежи млад, дваесетгодишен војник. Под десното око – модрица. Павле се наведна и со здравата рака го откопча џебот од војничката блуза. Оттаму извади неколку фотографии и еден плик. На една од фотографиите, четириесетгодишна жена со црна шамија на глава и тажна насмевка.

-Ова треба да е мајка му – рече Павле. – И мајка е таква. Тажна и загрижена…

Седнаа. Павле го отвори пликот.

-Гледај – писмо. Убаво чкртнато. На, читај. Ти добро знаеш грчки, нели?

-Хм… "Драга моја мајко… Аха, значи на мајка си ѝ пишувал. – Денес по зајдисонце тргнуваме во бој. Командантот на бригадата ни рече дека за три дена ќе завршиме и ќе ѝ дојде крајот на оваа проклета војна и дека тие, кои ќе се покажат храбри, ќе добијат една недела наградно отсуство. Колку би сакал да бидам еден од нив. Чезнеам и многу сакам да те видам. Знам дека и ти ме чекаш и се молиш пред иконата на Богородица. Денес е убав летен ден. Во селото во кое се наоѓа нашата бригада има многу овоштарници со круши и јаболка. Плодот зрел, а гранките свиткани од тежина. Кога ги гледам, ми се чини дека се наоѓам во нашите овоштарници со лимони и портокали. Ми пишуваш дека годинава многу родија. Нека даде Бог ова да е последно писмо што ти го пишувам од пеколот. Стрпи се драга моја мајко, наскоро ќе се најдам во твоите прегратки. Морам да прекинам, бидејќи водникот нареди да тргнеме во напад…"

Киро, кој во меѓувреме застана покрај нив, тивко праша:

-Читај, зошто прекина?

-Нема повеќе… Еве го крајот – рече и со очите покажа на трупот.

Во текот на денот и до полноќ, разретчената офицерска школа на ДАГ одби девет противнапади, но не го издржа десеттиот напад. Наредба: повлекување. Во подножјето на Лисец, од страната на западните удолници, се собираат, носејќи ги со себе ранетите. Раненосачките ги преземаат и ги префрлуваат до џадето. Тука чекаат камиони со вклучени мотори.

Од штабот на бригадата стигна курир. Наредба: противнапад. Се враќаат. Наведнати, чекор по чекор ја намалуваат оддалеченоста од позициите на противникот. Над нив фрчат

куршуми од долги и кратки рафали. Наведнуваат глави. Жедни и гладни, загледани пред себе одат со отечени очи од неспиење, отскокнуваат и напред чекор по чекор. Од уста во уста, тивко ја пренесуваат наредбата:

-Подготви го ножот!

Прилепени до земјата, се влечат пругоре. Излегоа на бришан простор.

-Јуриииш! – громовит глас се растури во воздухот. Трчаница влетуваат во првите ровови. Истрелите папсаа. Пцости, кркор, тешко дишење, глуво удирање со тупаници, писок, топло лизгање на ножот по коската, чад – пламен – светлина – мирис на крв – газење по мртво тело – откината рака – пресечен грклан – издупчени гради – болка – крв – штик на штик – нож на нож – цевка на цевка - оган – нож – пцовки – молба – молскавици – крв - крв – крв -мрак – мрак… Противникот не издржа. Овој пат Лисец единаесетти пат премина од рака в рака.

Белузнава зора. Високо – розови облаци. Од кај Жервени, каде веќе беа сместени шест батерии на противничка артилерија – загрме. На Лисец како град паѓаат топовските гранати. Киро ја пикна главата во ќошот на бункерот и замре во неподвижност. По дваесетминутна артилериска подготовка, противникот, прегрупиран, тргна во напад. Киро подигна глава и погледна низ пушкарницата. Криејќи се зад камењата и грмушките, како на вежба, се приближуваа противничките војници. Го притегна пушкомитралезот.

-До наредба не пукај! – се пренесе команда. Командантот влезе во бункерот и му нареди на Киро да премине во другиот бункер и да го преземе тешкиот митралез.

-Доаѓаат! – се слушна тивок глас.

Ниско наведнати и со скокови, се доближуваа владините војници. Од ридот Чука се огласија тешките минофрлачи Лисец го опсипуваат со гранати… Глуви детонации, пукот, трештење, одгласи на митралеско кашлање и тапи татнежи на топовски и минофрлачки гранати се слушаат од кај Бигла. Со низок лет пикираат авионите над Полената, Баро и Јамата. Кулкутурија и Голината молчат. Таму згасна отпорот. Десет минути траеше минофрлачкиот оган и со последната граната, небаре е дадена наредба за јуриш.

-Пали! – остро допре гласот на командантот и се изгуби во екот на стрелбата. Се испомешаа истрелите. Бесно и непрекинато фрчење на куршуми. Лево и десно од бункерот на Киро, рафално пукање на автомати и пушкомитралези. Низ пушкарницата влегува чад и остар, благуњаст мирис на барут. Малку понатака од бункерот – долг и распарувачки врисок на тешко погоден човек.

Кркори во ровот тешко ранетиот. На Киро му се потсекоа нозете. Пред бункерот експлодираат рачни гранати. Излезе и едноподруго фрли две гранати. Војниците во шлемови занемеа. Го прескокна ранетиот, зеде две рачни гранати од еден убиен и, легнувајќи во ровот, без да гледа, ги фрли. Знае дека само на десетина метри далеку е противникот. Лево од него на сет глас викна командантот:

-Митралезот,  сестра ти! – рика тој. – Митралезот! Митралезот! Дејствувај!

Се врати во бункерот и, вртејќи ја цевката лево и десно, пушти долг рафал. Болничарката довлече ранет во бункерот. Тој за ‘рка, од устата му истече локва крв и надвисна на нејзините раце.

-Со рачни гранати! - извика командантот.

Прудолу бегаат владините војници. Ги гонат рачни гранати, кратки автоматски рафали и врисоците на ранетите. Командантот нареди повлекување на втората одбранбена линија. Трите болничарки ги прибираат ранетите. Мртвите остануваат таму каде ги најде смртта. Муви се собираат врз пивтосаната крв. Противничката артилерија почна да ја бие првата линија на рововите. Кратка пауза. Сега одново префлување на првата линија и пред да стигнат, артилериските гранати почнаа да ја ораат втората одбранбена линија. Противникот со нови сили, во бранови тргна во напад. Киро го остави заклештениот тежок митралез и почна да пука со пушкомитралезот врз кој мртов лежеше нишанџијата. По првиот рафал тој промени позиција. Легна зад високиот камен и чека да се доближат шлемовите. Зад неговите плеќи закракаа автомати. Сврте глава. Гласно опцу. Викна:

-Оставете ги да се доближат!

Од појасот откопча две гранати што пред малку ги беше обесил и ги стави пред себе. Врз каменот удираат крушуми. Силна експлозија на граната. Парчиња од камен му го спржија лицето. Автоматите онемеа. Викна:

-Еј, вие таму! Живи сте?!

Никој не одговори.

На дваесетина метри од него – шлемови. Војниците со подвиткани ракави и куси панталони се доближуваат, викваат, пцујат, се закануваат. Ја фрли едната рачна граната и во мигот кога сакаше да ја фрли втората, пред него избувна црнина, го облеа топол воздух, во ушите заѕвонија стотици ѕвона. Не слуша истрели, само гласови и пцовки. Почувствува дека нешто го пече, се обидува да се подигне, но мракот станува се погуст. Чувствува силни удари на цврсти војнички кондури и кршење на ребрата. Тоа малку го освести. Испружи рака настрана. За миг отвори очи. Во устата нешто топло и солено. Со последните сили посегна по

пиштолот. Нови удирања и краток рафал. Го пржи раката која полека почна да се здрвува е до рамото. Искри пред очите. Нозете и раката веќе не ги чувствува. Само мрак, црневина пред очи. Се замолкна…

Ветеното засилување не пристигна.

Напладне падна Лисец.

Киро, здробен и изрешетан, остана да лежи зад каменот…

* * *

Грмежлив и кобен глас ги поплати селата отаде Лисец и долж друмот, лево и десно, го исполни просторот.

-Фронтот е скршен!

-Фронтот се скрши! – викаа високи гласови и меѓу леѓето растураа и распалуваа страв. Расте ужасот. Голем страв ги совлада, ги склешти и обессилени од ужасот, се вдадоа во бегство.

Гласници јавнати на коњ, трчаат на сите страни и со вик и камшик кажуваат и покажуваат на каде да се бега. Гневливо бодињаат коњи, претрчуваат низ селските сокачиња и викаат:

-Бегајте! Бегајте! Грчката војска доаѓа! Бегајте!

Во топотот на коњските копита, се додека викањето трае, како ехо се повторува и пронижува викот:

-Бегајте! Бегајте!Се скрши фронтот! Доаѓа грчката војска! Ќе колат, ќе бесат и ќе силуваат, ќе пљачкаат, ќе палат, ќе убиваат! Бегајте!

Коњаниците кои по наредба го сееја стравот и ужасот, го претрчаа Превалот. Се разделија на раскрсница – едни се стрчаа кои Буковик, Л’к и Дреново, други долж џадето кон Герман.

И фатија луѓето во Преспа да собираат во торби и во вреќи највредно што им остана.

Довикувања, пискотници, лелеци, плачови, пиштења. Врволика и голема грвалица го наполни џадето. Жена се разбреа на сет глас и растура колнежи да самоти небо. Над луѓето небаре ветроштина со раширени крилја растура страв и ужаснати се вдадоа во бегство. Тие, кои први го преминаа Пероо, тесниот премин меѓу двете езера и кога фатија пат за Винени, тогаш видоа висок чад и јасни пламење.

Со голо око гледаат како истите коњаници ги потпалуваат созреаните жита. Гореа недожнеаните ниви. Пламен го голта созреаните леб…

* * *

Густиот чад од топовските ѓулиња го развеа ветерот и се отвори небото. Топлина зрачи од искршените камења. Наредено – никакво движење. Ридот се чини е мртов. Отаде, гледаат со двогледите. Чешлаат секој камен, секоја грмушка. При најмало движење живнуваат топовите и ридот одново гори. Вивнуваат купишта раздробен камен. Долг е августовскиот ден. Изморени, замелушени, со лице залепени до земјата, клопче клечат во плитките ровови. Пече сонцето и земјата е изгор. Водникот ја повтори наредбата – ниту чекор назад, одбрана до последен.

Секој обид да заземат нови позиции е рамен на смрт. Зад нив нема ниту триста метри до шумата. Таму би биле побезбедни. Меѓупросторот гол како бричена глава. Маченичка тишина и помачно исчекување.

Земјата испечена од сонцето и изгорена од гранати. Со иззабени казми удираат во кременот. Со раце исфрлаат земја и здробен кремен. Кожата од дланките – одрана – крвават отворените рани. Пржат, горат и лутат фултаците наполнети со жолта течност.

-Плиток е ровот! – разврескан глас на командантот.

-Гледаш? Погледни – викна некој од борците. Каква корист од нив? Како ќе држам оружје? Подобро пушти ме на прва линија… Таму ќе бидам покорисен.

-Стрпи се и трај – помирливо рече командантот. – По некој ден и тука ќе биде прва линија. Копај…

-Може ли со вакви раце да се копа? – тој испружи раце пред очите на командирот.

-Копај… Може да се копа и со такви раце. Копај и ќе видиш колку лесно ќе ти биде кога и тука ќе почнат да паѓаат топовски ѓулиња. Копај, копај што подлабоко за да има каде да пикнеш глава. Тогаш ќе заборавиш дека те болат дланките… копај…

Цела ноќ од трапот носат вода и ги полнат тукушто започнатите ровови. Намекнува скрката и се до изгревот трае копањето. Копаат и патем погледнуваат на ридот што се извишува лево од нив. Цела ноќ нема прекин на митралеските и автоматските и рафали. Зазорува. Се слуша бучава на авиони и само по неколку воздивнувања ридот го покри густ чад. Купишта земја и дробен камен се креваат нагоре. По третиот круг ги снема авионите и кратко потоа почна артилериската подготовка. Се чини дека ѝ нема крај. Од свирежот на топовските гранати болка во ушите.

-Еј, ти со чалмата! – тоа е гласот на командантот. – Не прави сеир, туку продолжи да копаш!

Ја подигна казмата и во тој миг секнаа свирежите на топовските гранати. Настана некаква чудна тишина. Си помисли

дека оглуве. Му се пристори дека до него допира нешто што му заличи на викање. Ја спушти казмата и се заврти кон полето. А таму – раздвижени точки кои со секое отчукубање на срцето, растат и се доближуваат кон ридот. А ридот молчи. Чека. Точките растат. Сончеви одблесоци на шлемовите и штиковите, на автоматските и митралеските цевки. Сега веќе со голо око се гледа како трчаат владините. Веќе јасно се гледа првиот ред. Војниците исправени грабаат напред и сега се појасно допира долго – е-е-е… Сфати. Тоа војниците на противникот викаат “напред!” Веќе го гледа и вториот и третиот противнички ред и гледа како војниците од првиот ред полунаведнати го фатија подножјето на ридот. И во тој миг слушна митралески и автоматски рафали и виде како легна првиот ред, подзастана вториот и скрати чекор третиот. Ридот – ечи. Илјадници вжештени куршуми го заградија приодот. Колку ли време помина откако со оган живна ридот? Не знае, ама гледа дека се повлекува противникот и слушна – грмеж… Ридот во чад. Ветерот го одвејува и грми, и грми, и одново грми… Топовите престанаа да бијат. Се подигна противничката пешадија. Наведната тргна кон ридот сподавен во густежот на чадот. Гледа како во скокови војниците ја фатија угорнината и слушна како одеднаш ридот проѕевна со митралески рафали и трештење на рачни бомби.

-Значи – жив е ридот, живи се нашите … промрморе, плукна во дланките, ја подигна казмата и со сета сила удри во кременот.

Ноќта стигна наредба да се напушти ридот.. Пред тоа стигна коњаник и пренесе да се тргнат мините зашто треба да поминат тие кои се повлекуваат. Тие, кои ги поставија мините, ги немаше и немаше кој да каже каде се поставени мините. Никој не им рече која патека да ја фатат. Одеа направо во минското поле… Од 28 на новите позиции се јавија само петмина…

* * *

Командантот на Вториот корпус издаде наредба IX Дивизија ноќта на 11-12 август да ги нападне утврдените позиции на ДАГ на ридиштата над Косинец и Лабаница. Тие ридови го заградуваат патот кон селото Смрдеш од каде се протега автомобилскиот пат Корча – Лерин. Задача на IX владина дивизија е да го уништи отпорот на ридовите меѓу селата Косинец и Лабаница, да се пробие кон селото Смрдеш со цел да го затвори патот за отстапување на единиците на ДАГ од Мали-Мади и во продолжение да го заземе патот Смрдеш – Брезница – Желево и со тоа да го затвори отстапувањето од реонот на Вичо, со што единиците на ДАГ би се нашле опколени.

Со цел да зајакне ударната сила на IX Дивизија, во претпладневните часови на 11 август на нејзино располагање беа ставени 42-та пешадиска бригада и два артилериски полка кои беа стационирани во селото Тиквени. Бавно движејќи се по патот Четирок – Света Недела – Ошени – Долно Папратско, колоната камиони, на која ѝ се придружија два баталјони на 41-та бригада, на одредените позиции во Крчишта, со задоцнување стигнаа во попладвените часови и додека се распоредуваа, ненадејно беа нападнати од артилеријата на ДАГ, која беше поставена во котлинката над Лабаница, близу албанската граница. Ова не остана без несаканите последици. Поради неочекуваното задоцнување, IX владина дивизија не успеа во овој дел на фронтот да го изврши тактичкото изненадување што беше одредено со оперативниот план со кој требаше во текот на првите вечерни часови, со синхронизирани борбени дејствија, 41-та бригада да се пробие меѓу ридовите што го делат Косинец од Лабаница и во од да го заземе Смрдеш, додека 42-та бригада имаше наредба да го штити нејзиното лево крило, пробивајќи се на север долж грчко-албанската граница, а 43-та бригада да ги заземе ридовите над Косинец. Меѓутоа, артилеријата не успеа навреме да заземе позиции и да ја изврши планираната получасовна артилериска подготовка. Поради ова беше наредено бригадите да тргнат во напад во 21,00 часот, но и овојпат задоцни артилериска подготовка, та затоа јуришот почна во 24,00 часот. Борбите водени во блиско растојание траеја до 05,00 часот на 12 август и беа прекинати поради жестокиот отпор на кој наиде 41-та бригада. Имено бригадата доби наредба да влезе на албанска територија со цел западно од ридовите на селото Лабаница да се пробие до Смрдеш и да го затвори патот за повлекување на единиците на ДАГ во Албанија. Во јуриш ги заземе албанските села Трстеник и Капештица. Единици на албанската армија и месното население, на кои им се придружија и единици на ДАГ, ги принудија единиците на владината војска со големи жртви во убиени и ранети да се повлече од албанската територија.

Владините сили беа принудени да се повлечат и се до пладнето вршеа средвање на редовите и пополнување. По извршеното прегрупирање и по силното авионско и артилериско бомбардирање на позициите на ДАГ, трите бригади на IX дивизија, во 21,00 часот на 12 август тргнаа во напад.

Западно од реката Белица, во текот на денот владините сили не забележаа никаков успех.

Напредувањето на IX-та дивизија е спречено. Со оставените на војното поле 350 убини војници и офицери, дивизијата беше онеспособена за натамошни дејства.

На12 август владината војска не забележува големо напредување.

Силите на ДАГ, исто така по цена на големи жртви, успеаја да ги задржат своите позиции со што ја зајакнаа внатрешната одбрана, спречувајќи го противникот да го заземе Смрдеш и да се пробие насока на планината Врба со што го задржаа отворен просторот за повлекување во Албанија.

* * *

Во текот на денот, 13 август, од Чука и Лисец единици на III владина дивизија слегуваат и се префрлуваат на Превал и Врба без поголем отпор на спротивната страна. По заземањето на ридовите лево и десно од Превал без задржување тргна кон селото Оровник, но пред тоа воспостави контрола на џадето Брезница – Желево – Псодери, создавајќи услови за затворање на обрачот.

Истиот ден, во попладневните часови единиците на ДАГ, заседоа борбени позиции на крајните западни ридови на Мали-Мади и издолжениот рид Мази, кота 1676, десно од Превалот, со цел да го обезбедат повлекувањето на големите единици на ДАГ.

* * *

Утрото на 14 август почна општото повлекување на единиците на ДАГ. Насока - селото Смрдеш планината Врба, Превалот, Езерото Мала Преспа. Сите единици кои се ноаѓаа северно од Превалот, па се до Бела Вода се повлекуваа во насока на селата П'пли – Рудари – Штрково – Герман – Р'би. Цел – со трчање да го прегазат рамниот и гол простор меѓу двете препански езера за да преминат на Полуостровот. Единиците јужно од Превалот се повлекуваа во насока на селата В'мбел - Смрдеш – Албанија. Обессилени, обезумени, озлобени и огорчени тие се под оганот на противничкото воено воздухопловство, артилеријата и тенковите.

Вечерта на 14 август, освен Полуостровот, целата преспанска котлина беше под контрола на владината војска.

## ГЛАВА 24

Покрај неа зачекори непознат маж. Тој го помести шмајзерот обесен преку рамо, ја погледна косо и се обиде да се израмни со нејзиниот чекор. По патот – нерамница, покриен со искривени и испреплетени корење длабоко вжилени во сувата и правлива земја. Две чекорења – едното тивко, нежно, ситно, битисано, тапливо, старечки несигурно и одвај чујно, со затрусан чекор го тера својот од. Другото – со десната нога разлабавено, колебливо, нерамно, развлечено, а со левата – достојно, рамно и тешко, обележано од големиот потпкован војнички чевел. Крцка дрвената нога. Под коленицата до крв се врежани дебелите кожени ремени. Жената подзастана, се исправи, одврза црна шамија, подзамижа очи и со дланка избриша пот. Застана и тој. Поднамести шмајзер, со левата рака го измазни небриченото лице, со насолзени очи погледна на сонцето и рече:

-Само кураж… само кураж… - тој откинато го влече секој збор, небаре го џвака. Се сврте кон неа, а таа веќе беше тргнала пред себе. Ја измери со погледот и продолжи: - И ти ќе стигнеш кајшто ти е пишано… - прекина со зината уста, чиниш нешто заборави. Го откопча пагурчето од појасот, голтна две-три голтки, се исправи, пак погледна на старата, пушти долг чекор и кога се израмни со неа, врза збор: - Само кураж и макарштото патот е правлив, ти сестро, оди пред себе и не гледај зад грб… Само кураж… Ете, и сонцето уште еден остен и ќе го снема зад планината… А денес ноќта ќе биде мирна… цеди тој неврзано. – Само во нашите уши ќе одѕвонуваат вчерашните и завчерашните и претвчерашните рафали, грмежот на бомбите и тресокот на пукањето што доаѓа од сите ридишта и планински врвови… Кураж и само полека – мрмори човекот под нос – и макарштото ти тежи веленцето, ти продолжи си по правливиот пат се додека не згасне горештината и не падне првата роса. А ако ти се случи во ноќта тивко што ќе падне, да паднеш и ти, сама, меѓу несвои, тогаш сигурно туѓите ќе ти оддадат последна почит и ќе ти го украдат веленцето. Врз тебе ќе фрлат шепи испечена и испогазена земја или ќе те покријат со малку суварки и малку гранки зелени, скршени на брзина или камење ќе фрлат брз тебе… Ете, не си војник, ама ако паднеш на овој правлив пат што го испогазија војници, ќе имаш погреб војнички, погреб наш, партизански… Студено намерниците ќе погледнуваат на тебе и ќе продолжат натаму кон непознатото по овој или по оној правлив пат што не враќа…

Тој подзастана, ама не го прекина одот. Го откопча пагурчето и ѝ даде на старата да голтне. Таа ги навлажни само усните и го

накисна едниот раб од црната шамија. Одејќи, одвреме навреме со влажната шамија си ги омекнува испечените усни за да го тргне од нив оганот и да ја подгасни жедта; колку за да омекне сушато што ја пече. Човекот го префрли шмајзерот на другото рамо и небаре зборовите му тежат повеќе, длабоко воздивна и невоздржливо ја куражи сопатничката:

-Од овие планини и од овие ридишта нема да има пукотници. Ех, мајче, стегни душа додржи… Кураж, уште малку и ќе го снема сонцето што така не пече, ќе се смрачи, а тогаш ноќта ќе биде мирна… Ајде, оди по мене. Горештината опаѓа и наскоро ќе зароси роса, а дотогаш не се свртувај и не ги слушај истрелите. Тие таму носат само смрт. Гледаш, тука еднаква е земјата – каменеста и тврда и патот правлив, истапчен и чиниш никаде не му се гледа крајот… Само, ете и јас, будалиот, што така без престанувачка си дрдорам, не знам и јас, кутриот, дали некој и таму каде што си тргнала, ќе дознае зошто си го понела ова излитено веленце? – Прекина. Тишина и во неа само одвај чујното шиштење на нивните чекори. Пред нив како црн облак полека се движи бегалскиот бран. Оттаму допираат довикувања, плач на доенчиња, рикање на добиток.

-Ами, да те прашам, мајче. Како ли те викаат?

-Крстовица… - рече таа тивко и продолжи пред себе без да го прифати разговорот.

Едно време одеа еден до друг, така полека, што се чини дека само сенки се движат. И колку повеќе се издолжува патот, толку повеќе таа заостанува зад него, а нему му се присторува дека од некоја express далнина допираат нејзините засркнато испрекинати зборови. Тој слуша и молчешкум, газејќи пред себе, ретко свртува поглед. Застана. Седна. Се навали на подгниената пенушка. Го одрами шмајзерот и го потпре на коленото. Таа довтаса, застана до него. Стои. Молчат.

-Така… - го прекина тој молкот. – Изодивме што изодивме и стигнавме дотука. Дотука, велам, зашто дотука е наше. Натаму само чекор или два, толку остана од тоа наше. И толку од големите и окрилени надежи… Гледај и нагледај се; радувај се и изнарадувај се, се додека сме во наше, во наше, се уште во наше и само не плачи. Ако го пречекориш овој појас, нема да имаш причина за радост, а ќе имаш време за плачење и тагување и колнење, та, затоа, сега, мајче, сега радувај се, радувај се додека сме во наше, се уште во наше. Отаде е туѓо. Сал со еден чекор го превали ли овој обраснат појас и влегуваш, мајче, во туѓо… Седни, здивни… Седни, мајче, седни, да здивнеме заедно. Патот од под нозе не бега… И тој е судбина и клопче некое или како што е пишано… Седни, седнати да си поприкажеме… Збор да

сновиме… Седни, де, здивни, патот под нозе не ти бега и судбина ти е да го доодиш… Така, велат, е пишано. Судбина, се вели… Дојди, седни и дај го тоа клопче што го имаш втиснато во пазувите, заедно да го одмотаме; не го криј, дај ми го. Тој црвено-црн конец зад нас да го пуштиме, на овој камен-карпа или на тоа дрво-даб да го врзиме и по него, како што слепиот, удирајќи со стап наоѓа пат, така и ние, држејќи се за конецот да си се вратиме по патот што ќе не доведе до изворот од кој се откорнуваме… Дојди, рамо ослободи од ортомата што те сече, спушти го тоа црно котле, одрами ја торбата и веленцето постели го ширум. Дојди, седни, збор да прозбориме. Каде сме? На крај пат, ама се уште во наше и, изгледа, на пат во туѓо, што не води туку оддалечува од дома. На, фати и држи го конецот на споменот, се додека некој од мртви раце не ти го земе, небаре ќе ти откине усвитена желба. Ах, мајче, гледам клопчето привршува и конецот – врвца е при крај. Оддиплувај ги листовите на споменот и стегај душа, стегај срце, секогаш така велеа нашите стари, велеа, кутрите, и болката ја преточуваа во песна. Седни. Ти трепери брадичето и солза под око ти стежна. Ти трепераат брчките на чело, ти потреперуваат усните и што ли сака устата да изусти и зошто ли опулот ти е немирен и лут? Сака ли некој место молитви и блазосувања – проколнувања да фрли? Нека гракаат гавраните и над нас нека летаат и кружат орлите-мршојадци и оттаму од височините нека одбираат мрша. Од родот наш ние не сме први и дај Боже, да сме последни. Каде сме? На пат? На чиј пат? До дома не води или не оддалечува? Дај, ајде, дај го клопчето да пуштиме конец… Можеби утре по конецот ќе се вратиме во нашата дома? На, држи го конецот, држи го се дотогаш до кога некој од мртвите раце не ти го откине… Ти го одзеде ли, тогаш ни пат за дома нема да најдеш. Ќе ти остане само пустата желба и гајлето големо. Ах, мајче, клопчето е малечко и конецот-врвца златно-сребрено врз бело и црно се ниже како судбата наша вчера и денес. Отпуштај конец, оддиплувај ги пожолтените листови на споменот и место молитви и блазосувања – проколнувај, зашто и во колнежот се чува вистината и споменот. А што е споменот ако не е желба за опстанок, ако не е сенка што се влече од минатото…? Нека гракаат гаврани и со остар поглед орлите од височина нека одбираат мрша… - последните зборови ги изусти небаре се остаток од издишка. Секна неговиот глас, главата ја зафрли назад. Крстовица исплашено го погледна, му го допре челото. Од неговиот појас го откопчи пагурчето и врз неговото лице истури цел грст.

-Гори… има оган… - рече таа колку за себе. – Гори… треска го фати… - таа ја одврза и ја симна од глава црната шамија, ја навлажни со остатокот вода од пагурчето и ја посла врз неговото

чело и лице. Под дланката чувствува топлина. - Гори, има оган – повтори и немоќно погледна наоколу. Освен правта што остана од луѓето кои скоро трчаница поминаа крај нив, не виде никого. Пак го допре неговото чело. Шамијата речиси сува.

Непознатиот се помрдна и како да не беше ништо, подигна глава, отфрли шамија од лице и со изморен, истоштен и поспан глас, праша:

-Јас, мајче, изгледа сум дремнал, нели? – Не чека одговор. Погледна на синото небо, потоа наоколу, со поглед ја прибра вжарената земја и прашината над неа и, обидувајќи се да ја врзи прекината мисла, рече: - Конецот-врвца од клопчето го отпуштивме и со него обедежавме пат до тука. Малечко беше клопчето и конецот го довлековме до тука, а пред нас кој знае колку долг пат се влече, по какви долови и ридови, по какви шуми и трапишта… Отпарај, мајче, отпарај, конец од веленцето и со него да го бележиме патот за дома, трагите прашина ќе ги покрие; патот воѓе ќе го излокаат, парај конец од веленцето за да знаеме по кој пат да се вратиме дома… - Грч му стегна грло и тој замолкна. Изгубено гледа во небото. Длабоко вдишува и вели: - Отпарај, мајче, отпарај конец од веленцето за да го обележиме – не доврши мисла. Старичката го прекина со остар глас:

-Тргни ја таа валкана рака и не смеј да погледнеш на веленцето! Се најде кој да бележи пат… го обележавте вие и тие… - Не кажа кој. Во грлото ѝ застана клетвата. Стана. Го нарами веленцето и без збор појде и не виде дека очекори отаде меѓата што пред неа ја беа испогазиле толпи искорнатици. Не гледа назад. Оди по правливиот пат, а тој без збор се довлече и члапа покрај неа.

Чекорат полека. Еден до друг. Повремено старичката застанува да избрише пот и подлабоко да здивне и на грб да го донамести веленцето. Одат. Тој ненавикнат на бавен чекор, се обидува да ѝ додржи од, ја додржува кога се сопнува, а таа со засркнат глас, со испрекинати зборови почна дараскажува… Раскажува, оддиплува дипли од тоа што беше нејзино вчера. Тој слуша и молчешкум, газејќи пред себе, ретко погледнува на старичката. Сонцето скоро се симна за еден остен. Горештината попушта.. Тој застана и седна. Го одрами шмајзерот и го потпре на колено. Старичката, наведнувајќи се, го спушти на земја веленцето, избриша пот од лице и стои. Гледа на толпата луѓе собрани во шумата.. Тој извади тутунќесе, од весник скина парче хартија, свитка цигара и запали. Вдишува длабоко и полека испушта смрдлив чад. Плука настрана. И пак влече и пак плука. Задржа поглед на синото небо и со подзамижани очи тој праша:

-Велиш веленцето ти е даровно и на него си ги израснала и чедата и внуците? И дека и куќата си ја оставила отворена и жарот што тлееше во огништето си го покрила со пепел? Ќе тлеат жарчињата во спузата. Ќе тлеат и ќе чекаат. Пули, шумата се празни. Стануваат луѓето и фаќаат пат. Ајде, ајде да станеме и да го фатиме патот што не чека. Ете, така, де, префрли си го веленцето на другото рамо за да не ти отрпне раката со која го носиш тој црн ѓум. А кога ќе ти речам да застанеш, подзастани колку здив да прибереш. А сега, ајде, да појдеме и ние и не свртувај се, не гледај зад тебе. Таму, зад нас, се е во чад и пламен. Оди и не гледај зад тебе. И пак, велам, ако паднеш, своите или туѓите ќе те предадат на земјата и ќе ти го украдат веленцето. И велиш ќе се вратиме дома, во старата куќа, ќе ги откриеме жарчињата и ќе го распалиме огништето? Велиш дека тогаш ќе го постелиш веленцето на кое ти израснале чедата и внуците… И велиш, мајче, дека најстариот лежи под некоја карпа на Иван Планина? А знаеш ли која е таа планина? Погледни десно. Ете, таа што високо се извишува е Иван Планината… Таму го распарчила италијанската граната? А за двата внуци ти рекле дека лани останале на Бел Камен и дека внуката ја виделе на Чарно легната врз автоматот? И велиш дека имала руса коса, големи сини очи, бело лице и блага насмевка? Ех, мајче, таму на Чарно многу црносаа и гламносаа во жив оган и вивнаа пламење… И на Трескавец и на Аљавица и каде не по ридиштата на Грамос…

Човекот како да сака да ѝ олесни на сопствената болка и на маката што ја влече со себе, ги повторува и ги преповторува зборовите на старичката и, тврдо газејќи напред, не свртува опул зад себе. Тој добро знае што станува таму. И ако пред него застане некој командир, кој како него сега талка по беспаќата на пограничната земја, ако застане пред него и му рече: - Назад, кучкин сине, назад! Назад на позиција! – тогаш нему нема да му затрепери око – на лево круг и пак ќе продолжи по правливиот пат назад се до местото каде ќе му биде наредено да загине. Осум години не одрами пушка и веќе навика му е да слуша и да извршува. На помлади години дури и не сакаше да размислува. Кој војник е војник ако размислува? Во која војска војниците ги учат да размислуваат? Војник – се знае: - Разбирам и смеам ли да прашам? Така, да слуша и да извршува, но не и да размислува, тоа му беше во крвта. Ама подоцна, кога созреа, најпрвин во партизанските одреди на ЕЛАС, потоа во Егејската бригада, па служејќи во Југословенската народна армија, а потоа и во народната милиција, размислуваше, а размислувањето понекогаш беше рамно и на неизвршување на наредба. Офицерски еполети на рамо немаше никогаш. Осум години обичен прост војник, никогаш

ненајаден и секогаш хранител на вошки. Илјада деветстотини триесет и седмата му ја облекоа грчката војничка униформа; го вежбаа, значи го учеа да убива, како во сите војски, велејќи му дека тоа е чесно и го убедуваа, како во сите војски, дека неговиот живот е највредното што го има и треба да го даде за патридата. Наредната година, триесет и осмата, нешто ѝ згрешил на патридата, та затоа му ја соблекоа војничката униформа, му облекоа затвореничка. А зошто? Затоа што во единицата во која служеше имаше неколку ендопји со кои си прикажуваше на мајчиниот јазик, на македонски, де. Водникот кој потекнуваше од неговите места, двапати му прости и го потсети дека тоа е забрането. Знаеше дека е забрането, ама кога налутен од нешто опцу на тој свој мајчин јазик и малку поднапиен запеа в кафеана “Слушам кај шумат буките”, додуша тивко, ама доволно гласно за да го слушнат некои, на шест месеци го пратија во казнена единица во еден од логорите на сувите острови во Егејското Море. Тие шест месеци му значеа многу. Запозна многу постари мажи од себе, неписмени и учени. И секој од нив на свој начин му ги објаснуваше кривовштините што ги прави државата (некои тоа го нарекуваа ненародниот режим) и му објаснуваа зошто народот е сиромашен, ненајаден и лошо облечен и дека сите треба да бидат еднакви, сите да имаат работа и плата, а не така како што е сега – ти работи, а некој друг да се богати и богато да живее. Зборовите општество и пролетерска револуција тешко ги разбираше, ама се чини дека токму во тоа неразбирање и несфаќање се криеше некаква таинствена моќ од која извираше убедувањето. Во простата и се уште неизвалкана душа на овој обичен македонски селанец, токму тие непознати зборови влеваа сигурност и вера. Најмногу му се бендисуваше тоа дека во тоа ново општество на секој денот и ноќта праведно ќе му бидат распоредени: осум часови работа, осум часови спиење и осум часови учење и забава. А бидејќи не беше и толку мераклија за учење, последното го прифаќаше со мешани чувства. Освен ова се беше разбирливо, ама крајно и беспоговорно ја прифати вистината дека во тоа општество сите ќе бидат еднакви. – Што сакаш подобро од еднаквост? – си мислеше. Има ли подобро од тоа да си еднаков на пример со еден генерал? Алал му вера на тој што измислил такво општество. Баш убаво, мајката. По шест месеци, тие кои го казнија, убедени дека е превоспитан, го вратија во единицата во која се најдоа и други како него – со вперен поглед во иднината и со главите полни со правди што одвај ги разбираа, ама воодушевено и во доверба и проповедаа. Пролетта, илјада деветстотини и триесет и деветтата му одрамија пушка, му ја пресоблекоа униформата и во своите селски излитени алишта стаса в село, дома. Беше Велигден. По

богослужбата, на средсело, на вигната, засвирија тапанџиите. Тој од паричникот извади илјадарка, плукна токму таму кајшто беше ликот на кралот, му ја залепи на чело на Дуро, стариот кларинетист и му рече:

-Бајрачето, свири го бајрачето!

Се фати прв на оро. Го поведе лесно, потскокливо, живо и колку што се разви ороводниот гердан, одеднаш пресекоа свирките. Астиномот застанат до тапанџиите, полека и одмерено удираше со камшикот на отворената лева дланка. А тој спушти нога подигната за следниот чекор во орото, се исправи, му затрепери десниот образ, веѓите му се смуртија. Развеаното шамивче го собра в дланка и со одмерен и сигурен чекор појде на кај тапанџиите. Со налутен ама тивок тон рече:

-Продолжете да свирите!

Стариот кларинетист, ѓуптинот Дуро, прашалнички покажа со глава на астиномот.

-Јас го платив орото, а не тој!

-Ако е до парите - тивко рече Дуро – ги враќам. – Довлижа уста до неговото уво и му шепна: - Оној пезевенк, астиномот, ќе ми ја земе дозволата да свирам. Зборувај со него.

Се сврте. Астиномот и натаму ритмички удираше со камшикот на левата дланка. Во неговите очи – одблесок на предизвик. Појде кон него, застана, го праша на грчки:

-Ти ли, господине, си наредил да престане орото?

Молк. Вигната замолкна. Исчекување. Издив на страв…

-Господине – сега веќе со посмирен глас - господине астиноме денес е Велигден. Ако сакате и ако можете, славете го заедно со нас Христовото воскреснување и делете ја заедно со нас таа радост.

-А ако не? Тогаш што? - потсмешливо праша астиномот и посилно удри со камшикот по дланката.

- Тогаш да си ги соберете пандурите и да ве нема од нашето село!

-Така ли? - праша астиномот. А знаеш ли ти дека ние е знаеме за тебе? Знаеме, на пример, дека си комунист и дека секој ден зборуваш на тој забранет јазик, а тоа значи непочитување на законите и понижување на ликот на великиот и единствено умен и мудар Јоанис Метаксас. А освен тоа пред малку го исплука ликот на кралот!

Тој сакаше уште нешто да рече, ама не успеа. Небаре како молскавица прелета пред неговите очи полицискиот камшик и на лицето почувствува пржење. Избезумен, со глава го удри в лице и во истиот миг му го откина од рака камшикот и му врза два нишана од уво до уво.

Селаните долго го колнеа затоа што тој ден на Велигден сите беа претепани. А него го однесоа во Костур и по кратка постапка му пресудија: за зборување на забранетиот јазик дома и на јавно место, за пцуење и напад на власта – заточеништво. Бродот наполнет со слични нему, исплови од Солун и по два дена пловење, под стап и камшик заточениците зачекорија на сувиот егејски остров Егина. Една година, заедно со стотици други како него, тука кршеше камен и градеше нови зандани. И сега, како и порано имаше такви кои постојано му ја полнеа главата со идеите на комунизмот. Слушаше и се воодушевуваше од таа светла иднина. Еден ден партискиот инструктор праша:

-На кој јазик зборуваш со некои другари?

-На македонски…

-Зарем има таков јазик?

-За нас има, за некои нема…

Па нели вие сте грчки државјани?

-Во нашето место другар, ние си имаме мајчин и државен јазик. Си имаме свое живеење и свое траење и си имаме две имиња и две презимиња. Едни за дома и за комшиите, за целото село, за другите села и за на пазар, а другото име и презиме ни е државно. До нашиот корен државата додаде – ос, - ис, па – у… И така Поповски стана Пападопулос, Ристовски – Христидис, Петровски – Петру… Петре – Петрос, Јане – Јанис… Со тоа име не вика даскалот, полицаецот, судијата, тука на островот затворскиот чувар и другарите грчки комунисти… кои ни дале уште едно име – Славомакедонци… Државното ни е во книгите државни и црковни, во воените, во полициските и во затворските тефтери, а нашето за дома, за на нива, за на пазар, за кај роднини и пријатели… Таму во нашето место, значи дома, ние сме си Поповци, Наковци, Петровци… Така си бевме и во турско. Со векови словото ни беше прадедовско. На тој јазик се разбиравме, се каравме, и се миревме, се радувавме и ги оплакувавме нашите мртовци… Така, другар. А грчкиот јазик го учиме под принуда, со ќотек и ренка и рицинус…

-Зарем таму кај вас нема грчки училишта?

-Има. Има и училишта, и градинки, и забавишта. Сите деца таму ги собираат за да можат родителите без грижа да си работат… А навечер сите возрасни одат во нихтерина схолија – (вечерни училишта) и со зорт учат грчки јазик, а други пак јазикот го учат во затворите и на сувите острови…

-Во комунизмот ова нема да го има…

-Ќе видиме… Да ти го кажам и ова - таму кај нас сите села и реките, и планините имаат две имиња, како и луѓето…

Беше октомври илјада деветстотини четириесеттата. Италија ѝ овјаси војна на Грција и партијата повика: сите комунисти на фронт. Се јави меѓу првите. Го ослободија.

-Ја тука да гние и државата да троши – рече командантот на логорот – ја таму да загине, од една страна е исто, а од друга нека докаже колку ја сака татковината.

А тој ја сакаше татковината, ама не можеше да се разбере со командантот на логорот чија и која татковина. Отиде да ја брани татковината. Распоред доби во 28 полк на петнаесеттата дивизија. Се момчиња од костурските и леринските села. Лесно ранет на Иван Планина, стигна до Подградец. Ете и оттогаш тој не одрами пушка. Дотогаш на раменици никогаш не му натежнаа еполети. Му тежеше само студеното железо, ременот и редениците му ги пресечуваа рамената и го подгрбавија. Во планина излезе со првите одреди и ги биеше Италијанците. И кога се појави првиот костурски партизански батаљон "Лазо Трповски" во кој борците и командантите беа Македонци и се командуваше на македонски, тој го напушти ЕЛАС и му се придружи на македонскиот партизански одред. И се лутеше, пцуеше, жолчно се праваше со другарите кога слушаше дека таму – "горе" – како што се велеше, големците се караа меѓу себе, се обвинуваа и се клеветеа, се распоредуваа на оваа или онаа страна. Тој остана и се држеше за онаа страна која одлучи да се бори за слободна и обединета Македонија. Со солзи в очи ги прегрнуваше партизаните од Вардарска Македонија денот кога тие стигнаа во Костурско. Неколку дена заедно сновеа, заедно пееја, заедно мечтаеја и борбени песни пееја за Македонија, ама остана лут и многу разочаран кога виде дека командата на македонската војска од Вардарско одби да ги прими младите Костурчани кои масовно сакаа да ѝ се приклучат и се чудеше, и се прашуваше себеси и другите зошто некој не сака да се направи една македонска војска? Некој од командата им рекол дека партиите се разбрале и така како што се разбрале, така ќе биде. Сфати дека партиите сакаат ослободителната војна да се води само до таму до каде зафаќа предвоената гранична линија и ако нема да се така придржуваат на ова, тогаш ќе бидат осудени како автономисти и така би. А младинците се враќаа дома засрамени и исмеани. Прегрми војната, Егејската бригада по борбите со балистите ја расформираа надвор од Гостивар, борците ги растурија по разни служби и тој почна во себе да мисли дека дојде време по македонската земја веќе да не се копаат нови гробови. И секој ден од Егејот доаѓаа бегалци, стигнуваа лоши вести, се појавуваше оружен отпор. Размислуваше да оди или не. Беше без работа, се хранеше од општинскиот казан. Се пријави во народната милиција. И тука најде работа. Му рекоа

дека негова задача е да ја продолжи борбата против народниот непријател.

Чекори тој пред старичката, нешто мрмори и инаетливо ја гмечи под себе правливата патека спржена од летната жега. Меѓу гранките на старите попатни дабје мигнува сонцето и само за краток миг в очи им паѓа опаленото небо. В лице им удри тешка, неподвижна и задушлива жега и во од им суши издив. Излегоа на височинка. Лево од патот – шума. Под дебелите и високи дабје и по целата долга и ширна ливада – споулавено раздвижена црневина луѓе и добиток. Над нив викотници и облак сива прашина. Надојдува и надотекува, се згустува, бучи, баботи, протура и рои толпата, ја исполнува ливадата и шумата и по други беспаќа дотекуваат нови бранови жени и мажи натоварени само со тоа што во последен миг успеаја да дигнат од дома и тераат пред себе стока. Безредна, непрегледна и гневна е толпата, се турка, се превалува, расте, се збира и гмечи, се дроби, бранува, се згрчува и згуствува, се згушува и здавува, и вика, та колни… Се згрвалија и луѓе, и добиток кои лошото ги подбра и ги влече, ги турка се подлабоко во туѓо… Некој на сет глас викна и со викот ја затера толпата, која уште повеќе се затрча по удолницата развреskана, расплакана, развикана и разулавена. Навалицата гази и толчи, се затркалува, затупотува, затуркува и никој не може да ја заузди. Врисок и плач на жени и дечиња кои грчевито се држат за мајкините поли. Зацвиска коњ и откинат од узда – разглавен и разуздан високо затрептува и зафрлува нозе, удира и гази.

И до каде што може во времињата да допре со паметењето, тој не си спомнува за ваква страшна и болна, кобна и тажна, ужасна и потресна глетка што сега се распостелува пред неговите очи.

Стои исправен и онемен; со крвјосани очи замаглен поглед спушта врз огромната црневина и чувствува дека го фаќа замрачување. Закатанета му е устата и сал му се присторува ли дека во него се клокоти, дека дури сега од него се откорнуваат долго закоренетите пароли кои ја гласеа и утврдуваа вербата во некое подобро утре со кое растеше, зрееше и созреваше. Му велеа дека нему и на сите околу него и подалеку, животот ќе му биде замеден, а тој замелушен сал слушаше и замласкуваше со празна уста. Та можеби затоа безизлезно влета во виорот без да размислува за последиците. Послушноста, вербата и довербата во водачот и партијата – му беа патоказ. Од горе па надолу го учеа – само еден е умен и само тој еден е за да мисли, а тој само да извршува. Се досега пред себе ја гледаше само онаа замислена прекрасна иднина која длабоко му ја беа вкорениле недоучените партиски секретари и ете, сега, со очај во очите, го гледа безизлезот. Збунет е и се чини дека допрва прогледа и согледа. И

каде ли сега отиде таа беспрекорна и безусловна, непоколеблива, слепа, тврда, огромна и нескршлива верба? Замаглено гледа на развиканата и расплакана бегалска толпа што како огромно црно платно налегна и ја покри целата ширина. И пак и одново му се присторува дека некој таинствен глас на разумот, совеста и осудата допира до него некаде од срцевината на дебелите и многувековни дабје што растат на оброчиштето од спротива и го прашува: ЗОШТО! ЧИЈ ГЛАС СИ СЛУШАЛ И ПОСЛУШАЛ?

Разгоден, разголен, распартален и разјадосен е. Се чувствува испразнет, загубен и измамен. Во што да верува и во што да има надеж? Се изони таа и чувствува пустош. Погреши ли? Ја погреши страната? Го погреши патот? Сега од неговата свест не се одлепуваат овие прашања; ги чувствува како отворена рана, како удар зад удар, а болката, маката и чемерот се пласти и напластува. Боли изгубената надеж. Зачмаен е, збогоросан, збобрен, се му згорчи, се му се зборави. Сега веќе не се плаши од докарок, туку само од закорок. Стои на ритчето обезличен, разголен и обескуражен. И разбра дека веќе нема избав.

Пред него запустеници, а зад него запустување! Се е изгорено, пепел сторено. Занемен стои пред видикот што раздвижен и разовкан црнее во сончевата заодба.

Во коријата што е скраја од кривулестото џаде, под широко разгранетите дабје ги легнуваат ранетите. Од другата страна на ридот се уште слегуваат прудолу борци на ДАГ. Едни со забрзан чекор, други трчаница. Во нивните очи умор и пцости. Млад албански поручник, на лош грчки јазик, им наредува да скршнат десно. Вели дека таму е збирното место и секој да си ја најде својата единица. На полјанката до патот стојат десетина товарни камиони. Друг албански офицер им наредува во нив да го товарат оружјето. Тој вика и пцуе на албански кога некој не ги извршува неговите наредби. Едни во камионите, други во купови го фрлаат оружјето и се тргнуват настрана. Со раце исчадени од барут, ги бришат солзите, сомнително се гледаат, шепотат. Тешко, со срам се поднесува поразот. Беа готови на се, до послден да не ги напуштат бункерите што со месеци беа градени на сите височини на Вичо. Тие беа, ама други погрешија во есапењето. Смислено ли? Наеднаш се слушна брмчење на моторцикли и маж без офицерски ознаки нареди:

-Другари! Секој во својата единица. Постројте се и тргнете по оној човек! Марш! Тој покажа со рака и заедно со брмчењето на моторот го снема.

## ГЛАВА 25

На небото што пред квечерина гори во пурпур, стрвниците не престануваат да кружат. Отаде планината го снема црвениот диск на сонцето. На лединката, отаде границата, под ведрото и ѕвездено небо, врволиката тивко потплачува, колне, пцуе, лелека, мачно изречува збор за помен. Од зад ридот огреа полна месечина. Крстовица виде парче, незафатено место и се упати таму. Го одрами веленцето. Со плеќите се потпре на каменот од кој се уште зрачи топлина. Облак засени месечина и настана мрак. Покрај неа, во темницата, во која таа е небаре ништо и како да не постои, поминуваат непознати, натоварени, папсани, молчеливи, неми. Врват луѓето, врват, пред себе тераат добиток, се довикуваат, доенчиња заплачуваат, залипуваат старци. Жена се разбреа на сет глас, растура колнежи во црната темница и се дави во грчот на липањето…

Крстовица пред себе испружи раце, ги допре стапалата, а потоа земјата. Сега и е полесно да дише. Зема здив, ја брише потта од челото, потоа од лицето и одново се забрадува со црната шамија. Се загледува горе. Високо, таму во недостижното, мижуркаат ѕвезди. Повремено настанува кратка тишина и тогаш се слушаат глуви татнежи и одвај забележиви треперења на воздухот. Таа се навали на веленцето што го стави како возглавница и ѝ се пристори дека е дома во глуво доба, крај своето огниште во кое сигурно се уште тлеат жарчињата што ги покри со спуза; ѝ се пристори дека е во шарената гостинска одаја во која го распосла излитеното веленце и мисли на своито рожби и на челадта од рожбите свои кои израснаа на ова веленце. А сега, каде ли се сега? За најстариот знае дека лежи под една карпа на Иван Планина. За вториот син знае дека работи во некој рудник во Канада, за Коца, дека е испратена на заточение на островот Егина во Егејското Море, затоа што момчето ѝ заминало со Егејската бригада. За двата внука знае дека лани парчосани останаа на Грамос, а за внука си слушна дека нешто жешко ја каснало за плеќи кога се повлекувала од Негуш и останала да лежи во окрвавениот снег. Така ѝ рекоа и таа се уште верува, дека внуката успеа да се исправи и дека се уште го држи патот што води кон Вичо. И со мислата пак се враќа на почетокот, се пронижува низ се што помина, а најмногу ја болат болките непреболени, болките недолечливи од кои срцето и е раскинато кога научи за Павле кој останал на Иван Планина. Тогаш ѝ пратиле писмо со печат и царски знак дека синот јуначки загинал на албанските планини, јуначки бранејќи ја грчката патрида против Италијанците. Ама Крстовица не се осмели да го праша човекот кој ѝ го читал

писмото што носело царски знак зошто триесет и шестата година него, сега јунакот од Иван Планина, заради едно "добро утро" изречено на македонски, шест месеци прележа на еден од камените и суви острови во Егејско Море? И зошто ли тогаш му дале рицинус и го посрамотиле? И кога пак на грчки ѝ го читале писмото за двајцата внуци кои лани останале меѓу карпите на Клефтис во Грамос, дека и тие јуначки отстоиле за славата на Грција, тогаш нејзиното срце не дознало гордост, не почувствувало достоиство, туку се згрчило во непреболот и во навредата затоа што тие, имајќи своја земја, свои корени натопени со крвта на толку други јунаци, во писмата ѝ пишувале оти загинале како Грци за Грција, а неа затоа што не го знае грчкиот јазик и в црква не го разбира попот на грчки и не знае на грчки да му се моли на Бога, ја презираа. И кога Крсто не ѝ се вратил од војната во Мала Азија, и тогаш ѝ читале дека тој, Ставрос, славно паднал во Али Веран за величието, за славата и честа на големата мајка Грција. А кога пред тоа му ја облекле униформата, го нарекле незнамитис, затоа што на секое прашање поставено на грчки, не знаејќи го грчкиот, одговарал – не знам. Загинал "незнамитисот" во туѓа земја, а нејзе ѝ испратиле писмо со печат и царски знак. И така мајкините и бабините најсакани гинеле за славата на Грција и вределе за Грција само тогаш кога знаеле да пукаат, да убиваат други, да отстојуваат, со својата крв да ја величаат Грција. Секогаш така со нив, со незнамитите кои биле сакани и величени само тогаш кога гласно свирела воената труба и најгромко удирале воените барабани. И тогаш им го земале зборот. А тоа било време кога им било забрането на својот јазик да ја искажуваат болката и жалта кон умрените и на умрените на крст да им го пишуваат нивното родовско презиме. И Господ, по силата на законот, не признавал други молитви освен оние изречени на грчки. А Господ единствен семоќен преку устата на сегрчкиот патријарх на едни им велел да се радуваат, а на други да страдаат во молчење и да се хранат не со добрината и љубовта Божја, ами со горчината на пониженоста. Така во тие времиња се славел еден христијански Бог, но на сите не им било дозволено на свој јазик да испраќаат молитви кон Него и да го величаат името Негово. А таму каде секоја недела и секој празник гласно биеле црковните камбани – молитвите биле неми, зборувале само очите, се молеле челата, образите, метаниите ниски, ниски до самоти земја допирана со чело, одвај забележливите движења на усните. Знаеле гласно да речат – Амин, а тивко, нечујно "Христос воскресе" и за "многу години". И кога од боиштата добивале писменца со лоши вести, тогаш престанувале да се плашат од рицинусот, од камшикот, од сувиот остров на Егејот; пуштале писоци и лелеци

на свој јазик зашто само така најдлабоко, најболно, најпотресно, за олеснување на болката и за долг спомен на покојниот, ја искажувале својата болка. Така трипати Крстовица одјареми страв и многупати, и на празник, и во делник, и на веселба, и на закоп, и на разбуд редеше гласно. Пред бојот со Италијанците во оние вечерни училишта, со мака успеале да ѝ ги научат на грчки првите редови на "Оче наш" ама набрзо потоа стигнала лошата вест и ете и таа молитва не ѝ помогнала иако попот и учителот ја убедувале оти Господ Бог сака само молитви шепотени на грчки. Во нејзиното паметење нема место за заборав, ниту за доброто, ниту за лошото.

Седи Крстовица потпрена врз студениот камен и низ солзи се мачи да продре во далечината во која низ замаглината на солзите се појавува нејзината куќа. Во неа веќе ги снема вечната топлина и светлината, добрината и тажниот поглед на Богородица пред која секој ден и ноќ без престан гореше маслениче. Сега угасна и тоа. Умре вечната и тивка убавина што се гледаше од високиот чардак. Вплетена во него се исуши лозата. Висат од жегата исушените гроздови. Во дворот изгоре старата јаболкница. Од под нејзините стреа засекогаш одлетаа ластовиците и ветерот, презаситен со чад, далеку го однесе мирисот на џунџулето и босилокот што толку многу ги имаше во дворот. Пусто… Запустено… Подига таа раце и со дланките си ги допира образите. И брише, та брише солзи… Во еден миг почувствува дека заслабнува и дека во неа нешто почна да се крши. Заплака… тивко, без треперење, без гласно липање, ама од сесрце. Откако се изнаплака, почувствува дека во неа влегува некакво олеснување, небаре долго очекувано смирување. Се обидува да стане ама и покрај целиот напор останува да клечи. Гледа наоколу и се обидува да ги долови ноќните шумови. И се чини дека до неа, покрај неа, нема никого. На чекор или два, во тревата се одгласи штурче, најпрвин тивко, испрекинато, срамежливо. Престана, небаре наслушнува; засвири одново, кратко и изгледа исплашено од светулката што неколкупати болсна со мешето крај патот – прекина. Се ѕвва чекор подалеку – продорно, довикливо, го наполни мракот со себе. Таа сврте глава и тогаш почувствува како трепери ноќниот воздух од далечните подмолни татнежи. Наслушнува. Шумат дрвјата во огромната пустелија што се шири околу неа. Во жешката августовска ноќ тивко поддувнува ветер. Колку нежно ѝ ги допира образите. Во неа нешто како да живнува и се пробудува, нешто што затрупано со урнатините на животот. - Господе, зарем умирам или полудувам? – смирено и без уплав се прашува и дури сега почувствува дека ја болат колената од клечење. – Клечам? Пред кого? Зошто? – се прашува и полека стана.

Под превезот на мрачнотијата луѓето заедно со стоката се редат во колони. И кога и шумата, и ридовите се слеаја во едно, громовит глас ги поведе зад себе и сите тргнаа во мракот. Над нив, на огромното небо, во непроникнатата ноќна длабочина, небаре се размрдаа ѕвездите и полека, чекор по чекор тргнаа над колоните…

Се разденува. Намуртена, бледорозова развиделина се спушта од кај Бела Вода и мрзеливо се постелува отаде Преспанското Езеро. Крстовица го поправи веленцето, го префрли преку рамо, се наведна како да оди наспроти силни ветришта и појде по пустото правливо џаде. Оди право пред себе газејќи по трагите на тие кои појдоа пред неа. Сега не свртува опул зад себе. Во ноќта што ја помина на лединката скраја од правливото џаде, смртта, чиниш, помина покрај неа, се загледа во нејзините солзи и се врати таму, зад ридовите, кај езерото, во трските, во ширното поле на Мала Преспа.

* * *

Двете колони тенкови, едната од Лерин преку Псодери, а другата од Костур преку Габреш, се сретнаа на крстосницата подолу од селото Желево и се упатија кон Превалот каде владината пешадија веќе два часа води борба. Не се задржуваат. Брзаат да излезат на рамнината во Раби и оттаму да го фатат Пероо, теснецот меѓу двете езера и на овој начин на единиците кои се повлекуваат од Бела Вода и Бигла да им го затворат патот кон Албанија. Пред да влезат во Оровник се слушнаа три силни експлозии. Полетаа во воздух трите мостови пред селото. Потоа се стресе земјата и воздухот се наполни со чад. Минерите ги уништуваат магацините со оружје и храна вкопани во подножјата на ридовите меѓу Оровник и Попли. Противникот ги премести артилериските батерии на нови позиции поблизу до Преспа и отвори оган. Ги бие патеките по кои врват отстапниците и бегаат во Албанија. Во утринските часови од југ долетаа првите авиони и, летајќи еден зад друг, најпрвин ја напаѓаат Врба, а потоа во низок лет ги митралираат и ракетираат ридовите над Медово и Раби. Камиони префрлуваат пешадија до Штрково и таа веднаш влегува во борба. Два баталјона на ДАГ жестоко се бранат. Тенковите свртија лево и се втурнаа во полето во насока на Пероо. Противтенковските мини избувнуваат под тенковските гасеници. Запрен е напредокот. Единиците на ДАГ кои се повлекуваат од Бела Вода им се придружуваат на бранителите во Раби, но на пладнето добиваат бочен удар од владината војска која се проби од насоката Клештина – Раково – Герман. Повлекување. Оставајќи

ги убиените и ранетите се повлекуваат кон Пероо по бришаниот простор. Противникот од сите оружја ги има на нишан и ги бие.

На 14 август, кај месноста Кула, каде се соединуваат големото и малото Преспанско Езеро, во воздух е дигнат мостот. Водите од големото се прелеваат во малото езеро. Единици на ДАГод состовот на 14-та бригада останаа отсечени. Од селото Раби до мостот, во рамницата, долж брегот и во трските се движат голем број припадници на ДАГ и цивили. (Од Раби до мостот има 5 километри). На овој простор се одигра најголемата драма на ДАГ, покрај таа во Лерин. Беспомошните луѓе се борат гради в гради. Десетици авиони во низок лет ракетираат, бомбардираат, митралираат, сеат страв и ужас. По авионите бијат тенковите, топовите и минофрлачите, а потоа во јуриш тргнуваат единиците на ЛОК – чети за ридско гонење, кои најжестоко се расправаат со борците на ДАГ. Ранетите ги колат, ги стрелаат.

Во утринските часови на 15 август минерите на ДАГ го дигнаат во воздух мостот меѓу двете езера. Надеж за живите и ранетите борци на ДАГ веќе нема. Некои се обидуваат да го препливаат езерото, нив ги убиваат авионите, други, до последен крушм се борат и се бранат скриени во песокот и трските. Колежот продолжува целиот ден на 14 август. Ден од единиците на14-та бригада која ги држеше позициите на Бела Вода, користејќи го густежот на врбите покрај езерскиот брег, не се предаваат, ставаат силен отпор и на стемнување се повлекуваат кон границата со Југославија. Предлогот на југословенските офицери да влезат на југословенска територија, но под услов да го предадат оружјето, не го прифаќаат. По долги и бесплодни преговори, откако добија храна и вода, поделени во три одреди, ноќе се повлекуваат кон Бела Вода.

Се што уште може да трча, да оди и да се влече, се упатува кон високите и густи трски. Борците на ДАГ и многу од цивилното население, кои не успеаја да го преминат Пероо, тука, во трските и песокот, бараат спас. Повеќето кои паѓаат, крушум добиваат во темето, плеќите, нозете. Полето послано со мртви и ранети. Нив ги сотруваат тенковските гасеници. Два тенка се пробија до теснецот. Силна експлозија и полета во воздух насипот што ги дели двете преспански езера. Водите налудничаво поплавуваат дел од плажите и Преспанското Поле. Ова го смири бесниот напад. Тенковите застануваат и по кратко време се повлекуваат се до патот што врви под селата. Авиони во фомации по три наизмечно долетуваат од Рупишта и Кожени и во низок бришан лет го бијат полето, трските езерото. Се навалуваат на левото крило, свртуваат во полукруг, ја бијат Сува Гора и се губат зад планината Врба. Така на секои пет-десет минути, а потоа долетуваат авиони од

Лерин. Над Преспа се спуштаат од кај Бела Вода. Летаат во хоризонтална линија, така го опфаќаат целото мало Преспанско Езеро и бијат. Високо се издигнуваат водите, езерото клокоти, горат трските. Некои се обидуваат да препливаат, но не стигнуваат до брегот.

* * *

Во командниот пункт на Третата дивизија што пред малку е поставен на ритчето над селото Попли, остро засвони телефонот. Командантот ја подигна слушалката и веднаш застана во став мирно.

-Да, да, господине генерале. Напредуваме. Веќе владееме со целиот простор од источната страна на езерото. Не, да, има само спорадичен, скоро поединечен отпор. Каде? Скриени се во трските и таму се бранат. Да, се разбира, до паѓањето на мракот ќе ги совладаме, а во текот на ноќта нашите единици ќе ја заземат таканаречената Африка, западно од езерото. Молам? Прашувате како се држи нашето храбро воздухоплоство? Во полето и езерото го сее стравот, ужасот… Пеколот од небо на земја го симна, господине генерал… Да, се е под наша контрола… Да, да, господине генерале. Денес е четиринаесетти август. Утре без борба ќе го прославиме празникот Голема Богородица. Да, благодарам. Господине генерале, ако ми дозволите, сакам да речам дека ова што тука сега се случува, веќе не е борба, ами чисто убиство, колеж, да не речам злосторство. Наредете да престане овој пекол… Езерото е црвено од крв… Да, се разбира, господине генерале. Јас како војник и старешина ќе си ја вршам мојата војничка должност, но како човек…

Зуе слушалката. Од другата страна на жицата занеме гласот.

* * *

Петнаесетти август. Во цела Грција се слави празникот Голема Богородица. Веста за големата победа во Атина стигна по радиоврска, но неа најмногу цела ноќ ја вестеа истрели со светлоносни куршуми и ракети кои се пренесуваат од рид до рид, од град до град, па се до Атина.

Селаните од околните села, кои не успеаја да избегаат отаде границата ги собираат убиените. Во августовската жега се шири реа. Попладнето од Лерин стигнаа булдожери и почнаа да копаат длабоки ровови во песокливата земја. Во нив еден врз друг ги фрлаат убиените борци на ДАГ, а потоа булдожерите ги

посипуваат и грижливо ја израмнуваат земјата. Се чини дека тука е свежо изорана нива.

Во Раби чека колона војнички камиони. Од целото преспанско боиште и од другата страна на езерото, па се до кајшто држи границата, со џипови и на носилки носат убиени и ранети владини војници. Убиените ги товараат во камионите и ги носат во Лерин. На гробиштата веќе се ископани гробовите. Во присуство на леринскиот владика и официјалните воени и цивилни власти, свечено, со труба и химна ги закопуваат. Војнички фанфари и истрели од плотуни се слушаат по секое покривање на гробот. На крстот – име и презиме. Граѓанството со откриени глави стои собрано до самите гробишта. До нив и меѓу нив стојат и тие кои дезертираа, кои потклекнаа, поткажуваа и предаваа. Стојат неми, со рацете скрстени малку пониско од папокот. Камбаните бијат, а некои од граѓанството на балконите ги изнесоа радиоапаратите и ги развија знамињата. Низ цела Грција радиостанците ја пренесуваат панихидата од атинската митрополија.

А тука во Преспа, е тивко во заодат на сонцето, во чии румени воздишки одблеснува штотуку смирената вода. Тука, на големото преспанско гробје, белобрад поп, чија сенка ја издолжува заодат, стои на земјата ишарена од газениците на теновите и булдожерите и со растреперен и скршен глас, шепоти:

-"Блажени се бедните по дух, зашто нивно е царството небеско. Блажени се оние кои плачат , оти ќе се утешат. Блажени се кротките, зашто тие ќе ја наследат земјата. Блажени се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат. Блажени се милостивите, зашто тие ќе бидат помилувани. Блажени се чистите по срце, оти тие ќе го видат Бога. Блажени се миротворците, зашто тие ќе се наречат синови Божји…"

Попот прекина и тргна пред себе, газејќи по меката земја. Во Лерин бијат камбаните, а владиката, завршувајќи ја панихидата, рече:

-Блажени се оние кои ги исполнуваат заповедите Негови, за да имаат право на живот и да влезат во градот низ портите. А надвор се кучињата, врачевите, блудниците, крвниците, идолопоклониците и секој кој сака да лаже и лаже…"

Граѓанството на војничките гробови положи цвеќе и венци и предводено од ѓупски свирачи, намуртено се растури по своите домови.

А тука над преспанското гробје се слуша само плисокот на езерската вода, нема плачење, нема цвеќе и венци, не бијат камбаните во Орово, Попли, Штрково, Медово, Раби, Герман, Нивици, Граждено, Винени, Лак, Буковик и Дреново. Северецот

носи далечен одзвук. Тоа камбаната отаде граница во Долно Дупени, бие…

Тивко е и во тишината се слуша одвај чујниот и потулен глас на стариот поп:

-"Блажени се гонетите заради правда зашто нивно е царството небеско. Блажени сте вие кога ве срамат и прогонуваат и кога ќе говорат против вас секакви зборови. Вие сте солта на земјата. Вие сте светлината на светот…"

Прекина. Воздивна и од неговото зарипнато грло тешко се откина зборот – Амин.

"Амин" – повтори мракот и ридиштата, Амин, повторија запустените села и од гранатите осакатените дрвја. Така му се пристори на стариот поп, зашто наоколу никој не плаче. Ваму-таму земјата езерска се вдлабнува, налегнува таа меѓу мртвите, ги пригушнува, ги пополнува празнините.

Денот согоре. Кога во квечерината на небото се појавија првите ѕвезди и бледо одблеснаа во езерската вода, на Свети Ахил затреперија пламенчиња на свеќи што ги запали нечија рака. Во долгите и покорни молитви на попот тие треперат како долго очекуван одзвук на живот што се појави над ова мртвило.

Попот продолжи по патот за на кон Раби. Оди полека и без престанување го отпева опелото и кога дојде до "последное целование", тогаш му затрепери гласот, чиниш самиот се преголтна. - Последное целование – отпеа, но никој не се приближи до мртвото преспанско поле. Застана на угорнинката скраја од патот, се сврти кон полето – гробница, подигна раце кон небото и прошепоти:

-Блажени нека се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат…

Трипати се прекрсти, клекна и неколкупати ја допре земјата со чело. Стана полека, божем на неговите рамена се товарени сите тешкотии, маки, страдања и чемери на овој свет. Трипати пак се прекрсти стариот поп и велејќи "Во век-и-веков" тргна кон Герман.

Разбранетото езеро Мала Преспа, чие сино огледало два дена го кршеа авионски бомби, топовски и минофрлачки гранати и го расечуваа илјади вжештени зрна, полека се смирува и на брегот исфрлува трупови.

* * *

Ѓорѓи не успеа да го премине Пероо, теснецот меѓу двете езера и остана во вителот на оганот. Тој успеа да се скрие во густите трски. Со раце ископа дол и се покри со песок. Оттука гледа како

од обете страни на езерото и во самото езеро кипи дива, нагла, страстна, непомирлива, слепа, отворена и смртна, бесна и упорна како неразуздана стихија – борба за живот и како се повеќе се разгорува омразата и пизмата. Едните ликуваа, другите со последниот истрел се бранеа, а кога го снемува и последниот куршум, тогаш и во рацете на девојките-борци, болснува ножот, камата, штикот…

Дури утредента на пладнина се смирија водите. Од своето скривалиште тој гледа како ги собираат убиените и ранетите. Квечерината, не подалеку од себе тој слушна тивко, изморено плачење. Ниско наведнат, тргна по гласот. Во трските, дополу легнато во водата, лежи момченце. На челото голем пивтосан струп, а на левото рамо рој муви. Го подигнаа и полека го изнесе на суво. Му го мие рамото и со парче од кошулата му го преврзува. Момчето липти, преплашено гледа во очите на Ѓорѓи, трепери. Тој клекна на колена и во мигот кога сакаше да стане, малку понастрана, само десетина чекори од него, во трските виде легнато женско тело. Го остави детето и појде. Иако лицето ѝ беше подуено, жената изгледаше млада. На образите остатоци од убавината. Има издупчени гради и големи, широко отворени сини очи. На прстот прстен меновник. Нababрени од крв се одлепуваат пијавиците. Бранот плиска и небаре го гали мртвото тело, удира полека, се враќа и одново ја заплискува неа, непознатата. До неа автомат. Ѓорѓи го откопча шаржерот. Празен. Во нејзината стегната дланка, чудно подвиткана под левата града, му се пристори дека нешто се крие. Ја отвори и во неа најде два патрона. Изгледа, кутрата, помисли Ѓорѓи, не успеа да ги испука. Тој уште малку остана покрај девојката и потоа се врати кај момчето. Тоа легнато меѓу трските, како исплашено врапче гледа во спепеленото небо. Ѓорѓи го подигна и го однесе до врбјакот што расте скраја од езерото. Тука накрши гранки, ги собра под мишка и појде кај девојката. Ја довлече на суво. Со раце копа во песокот. Ја покри и врз купчето една по една ги стави зелените гранки. Од сите страни стави камења. Клечејќи, се прекрсти. Се врати кај момчето. Легна покрај него и чека да падне мракот.

Кога на небото се покажа српот на месечината, тој го подигна момчето и држејќи го во своите прегратки тргна низ огромната гробница и кога само миг, без да го прекине растреперениот чекор, погледна кон небото, тогаш му се пристори дека и ѕвездите патуваат со него.

А зад него тивко, испрекинато бие селската камбана. Трипати и цела ноќ дам – дам – дам… ѕвони за секого по трипати во Имја Отца и Сина и Свјатаго Духа, АМИН…

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Петре Наковски – романсиер и преведувач, е роден на 17 јули 1937 година во с. Крчишта, Костурско, Егејска Македонија.

Педагошки лицеј завршил во Полска, а Филолошки факултет во Скопје. Докторирал на Институтот за политички науки на Вроцлавскиот универзитет во Полска. Бил новинар во весниците "Вечер" и "Нова македонија". Работел во Министерството за надворешни работи. Прв амбасадор на Република Македонија во Република Полска.

Член на ДПМ од 1989 година.

Автор е на повеќе раскази објавени во македонската периодика, како и на книгите: "Постела за чемерните" (роман, 1985), Македонски деца во Полска 1948-1968" (докторски труд), "И каменот е земја" (роман, 1988), "Големата удолница" (роман, 2003), "Големата измама" (роман, 2007).

Од полски на македонски има преведено и објавено 40 литературни дела и поголем број песни и раскази од македонски автори на полски јазик.

Добитник е на наградите "Златно перо", "Кирил Пејчиновиќ" (за преведувачки опус), Нагадата на полските автори, а е одликуван со Златен медал за заслуги за полската кулутра и Златен орден на командоријата.